**Славица Крстиќ**
Slavica Krstić

# ЦРКОВНИ СПОМЕНИЦИ ВО КУМАНОВСКО

## ECCLESIASTICAL MONUMENTS IN KUMANOVO AREA

Куманово, 2012 година
Kumanovo, year 2012

**Издавач:**
Н. У. Музеј - Куманово

**Главен и одговорен уредник:**
Јовица Станковски

**Рецензенти:**
Д-р Сашо Цветковски
Д-р Звонимир Николовски

**Архитектонско-техничка документација:**
Славица Цветановска

**Графичка обработка:**
Александар Симоновиќ - Симо
Ѓоко Крстиќ

**Корица:**
Ѓоко Крстиќ

**Превод на англиски јазик:**
Наташа Максимовска

**Лектура:**
Биљана Станковска

**Фотографии:**
Славица Крстиќ
Слободан Зафировски

**Печати:**
"2 - ри Август" – Штип

**Тираж:**
300 примероци

Книгата "Црковни споменици во Кумановско", на авторот Славица Крстиќ, претставува прв, целосен и сеопфатен преглед на црковните споменици од Кумановско од II до XX век. Во оваа милениумска хронологија се опфатени сакрални градби од старохристијанскиот период, византискиот, османлискиот, до периодот на доцниот среден век, и националната Преродба од XIX и почеток на XX век. Овој обемен материјал, авторот, следејќи го хронолошкиот принцип, го изложува на многу акрибичен и документиран начин, третирајќи ги спомениците како засебни целини со анализа на архитектурата, фреско-живописот и иконописот.

Оваа широка хронолошка рамка од скоро дваесет векови е објаснета низ поглавјето на историските прилики каде што авторот ги опсервира најзначајните настани од политичката и црковната историја на кумановскиот крај, издвојувајќи ги периодите на рано христијанство, византиска власт, времето на експанзија и доминација на српската средновековна држава и црква во XIV век, периодот на туркократијата XV - XIX век, па сé до периодот на првите национални движења и стремежи за самостојна црква и држава од преродбенскиот период. Секако најважно и носечко поглавје на книгата е делот на непосредно презентирање на спомениците. Авторот тоа го изложува методолошки, издржано укажувајќи на историските извори, записи, натписи доколку се сочувани и познати, потоа дава куса анализа на архитектурата и нејзините градежно-стилски и типолошки одлики. Голем простор е даден на презентирање на фреско-сликарството во црквите со опис и детален преглед на сликаната програма. Сето ова е дополнето со наведување на одбрана библиографија на референтни книги, студии и прилози за објектите.

Од средновековните споменици опфатени се, не само најзначајните, како што се *Св. Ѓорѓи* во Старо Нагоричино или манасатирската црква *Св. Богородица* во Матејче, споменици од светско значење влезени во сите позначајни прегледи на византиската уметност, туку авторот ги презентира и помалите велможки цркви од XIV како што е црквата Св. Ѓорѓи во Матејче).

За прв пат целосно е презентирана групацијата на поствизантиските споменици во "Жеглиговскиот крај" во периодот од средината на XVI до средината на XVII век. Овој градителски и уметнички подем, авторот го поврзува со историските прилики кои настануваат во овие предели со обновата на црковната организација во XVI век. Како своевидна карактеристика во доменот на архитектурата авторот не запознава со основните архитектонски и декоративни елементи кои оваа "Жеглиговска група" на споменици (Младо Нагоричино, Стрезовце, манастир Карпино, Жегљане, Добрача, Сув Орах и др.) од XVI и XVII век, ја чини единствена во поствизантиската архитектура.

Посебна вредност на книгата и тоа посебно го нагласувам, е поглавјето за црковните споменици од доцниот Среден век и времето на Преродбата.

Во книгата е даден прв целосен преглед со потполно воспоставена црковна топографија на храмовите од XIX век. Оваа поглавје од книгата се заснова на теренски истражувања, кои откриваат интензивна уметничка дејност во овој период остварувана низ изградба на бројни цркви кои по својата бројност ги надминуваат оние од претходните векови. Авторот, каде тоа е можно се задржува на идентификација на одделни зографи и зографски работилници, кои во текот на XIX век работат во Куманово и Кумановско (Дичо Зограф, Вено, Зафир, Хаџи Косте од Велес и др.). Како средишен објект ја издвојува црквата Св. Никола во Куманово.

Книгата претставува корисен прирачник за професионалците, историчарите на уметноста и музејските кустоси, бидејќи донесува целосен и лесно достапен преглед на црковните споменици во Кумановско. Истовремено текстот во книгата е прилагоден и како лесно четиво за пошироката културна јавност и љубителите на старините, нашата историја, култура и уметност. Во форма во која е срочена и материјалот кој е презентиран, книгата дава доволно елементи за понатамошни посериозни и постудиозни истражувања, кои треба да се насочат кон одделни монографски публикувања на спомениците од времето на Средниот век и Преродбата.

Рецензент,
Доц. д-р Сашо Цветковски

Материјалот, кој го опфаќа монографскиот труд претставува еден обемен корпус во кој се инкорпорирани сакралните градби во Кумановско од ранохристијанскиот период, па сé до XX век. Движејќи се кон првите појави на сакрални објекти, во книгата се презентирани најраните религиозни форми кои ги третираат култните конституции во римскиот период кои ги наоѓаме на епиграфските натписи од стелите и вотивните споменици. Во тој контекст авторот на монографијата навлегол длабоко и студиозно во третирање на овој проблем, со што ни дава комплетна слика на генезата на религиите, култовите и првите форми на сакрални храмови во регионот. Тоа е резултат на важноста на кумановскиот дистрикт како значаен комуникациски и културен простор од најраните периоди на антиката, па сé до денес. Тука се презентирани првите религиозни форми донесени на овој простор од римската војска, како што е почитувањето на култот кон ориенталното божество Митра и Капитолинското Тројство, Тракискиот коњаник, Јупитер Долихен и врховниот тракиски бог Збелтиурд. Митраизмот како силна религиозна појава, оставила траги длабоко во целата империја се до конечната промоција на христијанството во главна државна религија со Константиновиот Милански едикт од 313 година. Тука ќе го споменам митреумот во селото Биљановце кој со своите камени релјефни икони е еден од трите најквалитетни презентери на оваа религија и податокот за постоење на уште еден митреум во селото Лопате, засега познат од епиграфските извори.

Авторот на горенаведеното дело направил еден систематички и успешен обид да го презентира христијанското сакрално градежно творештво во кумановскиот регион и пошироко. Во рамките на тие проучувања авторот оди подлабоко, презентирајќи ги остатоците на материјалната и духовната култура, со цел правилно да ги протолкува протогените појави и идеи од предхристијанската материјална и духовна култура.

Тука пред сé треба да се споменат истражувањата на С. Радојчиќ и К. Петров за Ротондата во селото Коњух како градителски бисер од овој тип на градби на Балканот и досега необјавената еднокорабна црква посветена на Св. Ѓорѓи надвор од ѕидините на доцноантичкиот опидум “Голема Кулица” над селото Карабичане, која главно е изградена со сполии од ранохристијански сакрален објект. Несомнено, како континуитет треба да се споменат, засега сондираните, ранохристијански базилики на платото на *Костоперска Карпа* и онаа на локалитетот *Црквиште* во атарот на селото Клечовце.

Останатите поглавија претставуваат синтеза на сакралните градби, движејќи се хронолошки од византискиот, поствизантискиот и преродбенскиот период, преку студиозна обработка на црквите со користење на исцрпна библиографија. Во вториот дел, кој претставува и континуитет на византиското сакрално наследство, авторот ги опишува градителските и сликарските фази на монументалната црква *Св. Ѓорѓи* во селото Старо Нагоричино, која претставува ремек - дело во сликарството на Михајло Астрапа и Евтихиј од крајот на XIII и почетокот на XIV век. Поствизантискиот, односно турскиот период е доста плоден дел од градителското творештво во градењето на сакралните објекти, можеби не со претходниот квалитет, но со свои карактеристики во архитектурата и сликарството, коишто со ништо не се издвојуваат од останатите храмови од овој период во Македонија. Предродбенскиот период се карактеризира со подигање на раскошни цркви, градени од организирани градителски тајфи, како што е тајфата на прочуениот неимар Андреја Дамјанов. Содржана е и современата црковна архитектура во почетокот на XX век каква што е кумановската црква Св. Троица од 1903 година.

Текстот на авторот е проследен со елементарен научен апарат проследен со забелешки, список на користената, основна и пообемна литература и со богат илустративен дел. Според тоа, пред нас, се наоѓа дело со солиден квалитет и практичност, кое за првпат ќе биде презентирано пред културната јавност на Македонија.

На крајот, ценам дека вакво дело на достоен начин, преку сакралните објекти, ќе ја промовира кумановската област и околината, во македонските цивилизациски и културни вредности.

Рецензент,
Доц. д-р Звонимир Николовски

## СОДРЖИНА:
## CONTENTS:

Предговор ........................................ 7

I. НАЈСТАРИ ТРАГИ ОД САКРАЛНИ ГРАДБИ ВО КУМАНОВСКО
THE OLDEST TRACKS IN KUMANOVO'S SACRED BUILDINGS ........................................ 9

II. ЦРКВИ ОД ВИЗАНТИСКИ ПЕРИОД (XI - XIV ВЕК)
ECCLESIASTICAL MONUMENTS IN BYZANTIUM PERIOD ( XI - XIV CENTURY) ........................................ 13

- Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричино
Church "St. George" in Staro Nagorichino ........................................ 16
- Успение на св. Богородица во Матејче - Манастир Матејче
Church "Ascension of St. Mother of God" in Matejche - Matejche Monastery ........................................ 33
- Св. Ѓорѓи во Матејче
Church "St. George" in Matejche ........................................ 48
- Св. Богородица во Думановце
Church "Holy Mother of God" in Dumanovce ........................................ 51

III. ЦРКВИ ОД ПОСТВИЗАНТИСКИ (ОСМАНЛИСКИ) ПЕРИОД (XV - XVIII ВЕК)
ECCLESIASTICAL MONUMENTS IN POST BYZANTIUM (OTTOMAN) PERIOD (XV - XVIII CENTURY) ... 53

- Св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричино
Church "St. George the Victorious" in Mlado Nagorichino ........................................ 60
- Воведение на Св. Богородица во Сув Орах - Манастир Карпино
Church "Presentation of the Holy Virgin" in Suv Orah - Karpino Monastery ........................................ 66
- Двојна црква во Сув Орах - Св. Ѓорѓи и Св. Никола
Double church "St. George and St. Nicholas" in Suv Orah ........................................ 77
- Св. Никола во Стрезовце
Church "St. Nicholas" in Strezovce ........................................ 86
- Св. Никола (Св. Петка) во Бељаковце
Church "St. Nicholas" ("St. Petka") in Beljakovce ........................................ 91
- Св. Параскева во Мургаш
Church "St. Paraskeve" in Murgash ........................................ 97
- Св. Спас во Довезенце
Church "St. Saviour" in Dovezence ........................................ 102
- Св. Петка во Младо Нагоричино
Church "St. Petka" in Mlado Nagorichino ........................................ 105
- Св. Петка во Пезово
Church "St. Petka" in Pezovo ........................................ 109
- Св. Ѓорѓи во Жегљане
Church "St. George" in Žegljane ........................................ 116
- Св. Дух во Добрача
Church "Holy Spirit" in Dobracha ........................................ 122
- Св. Ѓорѓи во Степанце
Church "St. George" in Stepance ........................................ 125
- Св. Ѓорѓи во Кокино
Church "St. George" in Kokino ........................................ 127
- Св. Троица во Челопек
Church "The Holy Trinity" in Chelopek ........................................ 129
- Св. Троица во Карабичане
Church "The Holy Trinity" in Karabichane ........................................ 130
- Св. Петка во Дејловце
Church "St. Petka" in Dejlovce ........................................ 132
- Св. Богородица Милостива во Студена Бара

Church "Holy Mother of God Eleussa" in Studena Bara ........................................................................ 133
- Св. Богородица во Пчиња
Church "Holy Mother of God" in Pchinja ........................................................................ 136

IV. ЦРКВИ ОД ПРЕРОДБАТА (XIX И ПОЧЕТОК НА XX ВЕК)
ECCLESIASTICAL MONUMENTS IN LATE PERIOD (XIX AND THE BEGINNING OF XX CENTURY).................. 140

- Св. Никола во Куманово
Church "St. Nicholas" in Kumanovo ........................................................................ 147
- Св. Атанасиј во Кокошиње
Church "St.. Athanasius" in Kokoshinje ….......................................................................,.............. 155
- Св. Никола во К'шање
Church "St. Nicholas" in K'shanje ........................................................................ 162
- Св. Богородица во Никуљане - Манастир Забел
Zabel Monastery - Church "St. Mother of God" in Nikuljane …........................................................................ 166
- Св. Ѓорѓи во Градиште - Градишки манастир
Gradishte Monastery - Church "St. George" in Gradishte ........................................................................ 168
- Св. Илија во Живење
Church "St. Elijah" in Živenje ........................................................................ 171
- Св. Никола во Орашац
Church "St. Nicholas" in Orashec ........................................................................ 175
- Св. Никола во Колицко
Church "St. Nicholas" in Kolicko ........................................................................ 178
- Св. Никола во Винце
Church "St. Nicholas" in Vince ........................................................................ 180
- Св. Илија во Никуљане .
Church "St. Elijah" in Nikuljane ........................................................................ 183
- Св. Ѓорѓи - Бељаковски манастир
Beljakovce Monastery - Church "St. George" in Beljakovce ……………………………………..….. 186
- Св. Петка во Руѓинце
Church "St. Petka" in Rugjince ........................................................................ 190
- Св. Никола во Дрен'к
Church "St. Nicholas" in Dren'k ........................................................................ 193
- Св. Илија во Орашац - Манастир Св. Илија
"St. Elijah" Monastery in Orashac........................................................................ 195
- Св. Никола во Рамно
Church "St. Nicholas" in Ramno ........................................................................ 197
- Св. Троица во Куманово
Church "The Holy Trinity" in Kumanovo ........................................................................ 199

V. SUMMARY / ECCLESIASTICAL MONUMENTS IN KUMANOVO AREA / ………………..……..……... 206

VI. ИНДЕКС / INDEX ……………………………………………………………………………………. 219

Антропоними и топоними (anthroponyms and toponyms) …………………………………………… 220
Теоними (theonyms) ……………………………………........................................................ 230

VII. ЦРТЕЖИ /DRAWINGS ……………………………………………………………………..…… 240

VIII. ФОТОГРАФИИ / PHOTOGRAPHIES ……………………………………………………..…………… 263

IX. БИБЛИОГРАФИЈА / BIBLIOGRAPHY ………………………………………………..…………….305

X. ТОЛКОВЕН РЕЧНИК/ DICTIONARY…………………………………………………………………. 311

## ПРЕДГОВОР

Инспирирана од изложбата: *Христијански сакрални градби во кумановскиот регион* (26.XI.2007), а по иницијатива на колегата, историчарот на уметноста, д-р Сашо Цветковски, кој ја отвори изложбата, се одлучив за издавање на една опширна монографија, во која ќе бидат опфатени кумановските споменици на културата во хронолошки континуитет од речиси два милениуми. Монографијата под името *ЦРКОВНИ СПОМЕНИЦИ ВО КУМАНОВСКО,* ја напишав со цел за запознавање на пошироката јавност со црковното градителство во Кумановско, почнувајќи од најстарите траги на сакралните градби, односно од II век, преку доцноантичкиот или рановизантиски период (IV - VI век); средновековниот, византиски (XI - XIX век) и поствизантиски или османлиски период (XV - XVIII век); па, сé до Преродбата, односно, Новиот век (XIX и првите почетоци на XX век).

Црковното градителство во кумановскиот крај претставува одраз на сопствената културна традиција, збир од вредности создавани низ вековите на своето постоење. Христијанството и црквата одиграле голема улога во зачувувањето и зацврстувањето на националниот идентитет на македонскиот народ. Црковните споменици, кои со векови биле изложени на туѓи напади, пропаганди и влијанија, сé уште со својата архитектонска и уметничка вредност смело му пркосат на новото време. Со текот на времето се калеле познати и непознати, образувани и необразувани, врвни мајстори - градители, живописци, иконописци и копаничари, вметнувале свои, но, и туѓи идеи, а најголемите достигања се случиле во Средниот век од вештите мајстори - ученици на византиската школа од Цариград и Солун, кои на црквите им дале душа во уметничка и теолошка смисла на зборот (Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричино и манастирската црква Успение на св. Богородица во Матејче). Новина, претставуваат досега необјавените споменици на културата од поствизантискиот период и од Преродбата.

Со оглед на тоа, дека до денес, не е издадена една ваква сеопфатна публикација од областа на историјата на уметноста, таа ќе биде од значителна полза за многу научни институции и личности кои се занимаваат со оваа проблематика. За изготвување на овој труд е вложена петгодишна теренска и научно - истражувачка дејност, забележана од фотографскиот апарат на Слободан Зафировски, документирана од дипл. инж. архитект Славица Цветановска и снимена од камерата на Марина Крстиќ, кои ми овозможија комплетна и побрза студиозна обработка на секој сакрален објект, за што впрочем говорат, овде презентираните четириесеттина црковни споменици. Монографијата содржи текстуален дел, збогатен со колор - фотографии од фреско - сликарство, иконопис и архитектура, како и со архитектонско - техничка документација, поодлено за секој споменик на културата, поткрепена со библиографски единици, толковен речник, и индекс на теоними, антропоминими и топоними.

Голема Благодарност им изјавувам на рецензентите, д-р Сашо Цветковски и д-р Звонимир Николовски, на директорот на Музејот, Јовица Станковски, кои ми овозможија да се отпечати ова капитално дело, на главниот *виновник* кој ме насочи во истражувањето на оваа проблематика, поранешниот директор и мој колега, Богдан Таневски, советник конзерватор, на Неговото Високо Преосвештенство, г-дин Кирил, митрополит на Полошко - кумановската епархија при Македонската православна црква, кој непречено ми дозволи да ги истражам сите цркви во Кумановско, како и на сите личности, кои директно се вклучени во оформувањето на оваа ретка и несекојдневна монографија, прва од ваков вид во кумановскиот крај, а особено за трпеливоста на моето семејство, кое цело време ми пружаше поддршка и имаше разбирање за отстапеното внимание, кое беше свртено кон креирањето на оваа научна публикација.

Книгата ја посветувам на моите најмили,
*ќерката Марина, синот Ѓоко*
*и сопругот Милорад*

*Од* ***АВТОРОТ***

## I. НАЈСТАРИ ТРАГИ ОД САКРАЛНИ ГРАДБИ ВО КУМАНОВСКО

Кумановскиот регион како ретко кој во Македонија поседува богатство на сакрални градби што датираат од ранохристијанскиот, средновековниот и преродбенскиот период, па сé до денес. Црковното градителство во Македонија претставувало одраз на сопствената културна традиција, која опстојува веќе два милениуми.

Од римскиот период (II - IV век), во кумановскиот регион се откриени темели на една базилика со тристрана апсида, која според релјефните икони што стоеле на ѕидот во олтарот, била посветена на персискиот бог на сонцето Митра, во селото Биљановце, југоисточно од Куманово.[1] Митраистички храм има и кај селото Лопате, западно од Куманово. Култот на Митра имал особено широк замав кај римската војска, на што укажува распространетоста на храмовите и широката мрежа на занаетчиските работилници за изработка на Митрини релјефни икони во камен. Според вотивните споменици пронајдени во Доброшане, Довезенце и Пчиња, од другите божества, пред сé, треба да се споменат: Тракискиот коњаник, врховниот тракиски бог Збелтиурд (Збелсурд) и култот кон Капитолинското Тројство - Јупитер, Јунона и Минерва.[2]



Локалитет *Костоперска Карпа* или *Жеглиговски Камен* во Младо Нагоричино
Locality “Kostoperska Karpa” or “Žegligovski Kamen” in Mlado Nagorichino

Со официјалното признавање на христијанството во IV век, било потиснато паганството. Во тој период, центар во областа Дарданија во чии рамки влегувала и кумановската област, било древното Скупи (Скопје). Црковниот живот во овој регион бил солидно организиран.[3] Од епи-

[1] Кокић М., 1933, 1 - 20; Јосифовска Б, 1961, 64 - 66; Николовски З, 1994, 27 - 40; Масевски Д. - Арсовски М., 1996, 38; Масевски Д., 2006, 21;

[2] Јосифовска Б, 1961, 67; Митраистичкиот храм во Лопате, кој е експлициран кај Кокиќ, е поврзан со царинскиот службеник Аполонидес кој бил на служба во двете царински станици, Визиана кај Клечовце и Ламуд кај Лопате, а кој се споменува во епиграфските споменици; Dragojević - Josifovska B., 1982, 209; Николовски З., 1994, 39;

[3] Димевски С.,1989, 13; Острогорски Г., 1969, 66 - 68; Лакалиска С., 2000, 9 - 11; Филипова С, 1996, 12; Петрушевска Д, 1969, 49 - 55;

графските споменици дознаваме дека кумановскиот крај и во тоа време бил значајна крстосница која го поврзувала Балканот со земјите на југ и север, исток и запад. Поголемите патни артерии се одвивале по течението на Пчиња и Крива Река. За тоа говорат античките царински станици Ламуд кај селото Лопате и царинската станица Визианум кај селото Клечовце. Се претпоставува дека Lamud го контролирал патот Scupi - Naisus (Ниш) - Singidunum (Белград), а Vizianum, Дијагоналниот пат, кој водел од Lihnid (Охрид) - Heraclea (Битола) - Stobi, за Pautalia (Ќустендил) - Serdica (Софија).[4]

Во античкиот и доцноантички период, со археолошките ископувања на нашите простори, се откриени темели од базилики што христијаните ги граделе за верски потреби. На локалитетот *Црквиште* во Клечовце се откриени темели на сакрална градба со полукружна апсида на исток.[5] Во нејзина близина, во селото Младо Нагоричино, на локалитетот *Костоперска Карпа* или *Жеглиговски Камен* се наоѓаат повеќе сакрални градби од доцноантички период, базилики со правоаголна основа и полукружна апсида на исток.[6] Освен темели на базилики, пронајдени се



Јонски капител, лок. *Рибник*, Матејче, II век
Jonic capital, locality "Ribnik" in Matejche, II century



Коринтски капител, лок. *Дрезга*, Лопате, II век
Corinthian capital from locality "Drezga" in Lopate, II century

делови од архитектонска декоративна пластика, столбови, капители, импост - капители, меноа, сполии, бази, архитрави и жртвеници на локалитетите: *Дрезга* во Лопате, *Кисела Вода* во Липково, *Рибник* во Матејче, *Високо* во Бајловце, *Голема Кулица* во Карабичане, *Челопечка Кула* во Челопек и други, датирани од I до VI век[7].

Најраните остатоци од сакралната и цивилната архитектурата во Кумановско, потекнуваат од II век. За тоа сведочат малкуте откриени капители во кумановскиот крај. Капителот како еден од најбитните функционални елементи во архитравната и лачната конструкција, многу често



Архитрав, лок. *Костоперска Карпа* , Младо Нагоричино, IV век
Architrav, locality "Kostoperska Karpa", Mlado Nagorichino, VI century

е носител на стилот во архитектурата, важна индикација за датирање на спомениците на кој припаѓа. Тој зазема значајно место во украсувањето на сакралните и јавните градби. Таков е јонскиот капител од сив, плочест мермер од локалитетот *Рибник* во Матејче, со спирални волути на краевите и јајчеста кима на ехинусот, во длабока резба, изложен во лапидариумот на Музејот во

[4] Георгиевски Б., 1991, 211 - 218; Микулчиќ И., 1982, 55; Мирковиќ М., 1960, 250 - 252; Dragojević – Josifovska B., 1982, 44; Станковска М, 2004, 159 - 172;
[5] Николовски З., 2008а, 326, Т – II;
[6] Ѓеорѓиевски Б., 1987, 56 – 58; Лилчиќ В., 2001, 129 – 133; Idem, 2002, 607;
[7] Вулић Н., 1941 - 48, 131, бр. 2; 99, бр. 218; Николовски З., 2002, 69 - 84;

Куманово. Од II век датира и еден помал коринтски капител украсен со акантусови лисја по целата површина во плитка резба, од локалитетот *Дрезга* во Лопате.[8] На локалитетот *Костоперска Карпа* е пронајден архитрав од крајот на IV век, изработен од сива вулканска карпа украсен со хоризонтална низа од јајчеста кима, аналогна со рановизантиските корнизи од Епископската базилика во Баргала.[9] Секако највпечатлив е раскошниот коринтски капител од бел меремер, од локалитетот *Дрезга* во Лопате од V век, украсен со акантусови лисја, чии врвови, роговите на аглите и двојно профилираниот абакус се оштетени, а идентичен капител е пронајден во цивилната базилика во Скупи, од исто време.[10] Денеска овој капител се наоѓа во лапидариумот на постојаната археолошка поставка на Музејот на Македонија, во Куршумли - ан во Скопје.



Коринтски капител, лок. *Дрезга*, Лопате, V век
Corinthian capital from loc. "Drezga", Lopate, V century



Импост - капител, лок. *Кулица*, Карабичане, VI век
Impost - capital, loc. "Kulica", Karabichane, VI century



Антички остатоци , лок. *Кулица* во Карабичане, VI век
The classical tracks, locality "Kulica" in Karabichane,VI century



Импост за мено, лок. *Кулица*
Impost for pillar, loc. "Kulica"

Нешто помалку раскошен, спој на дегенериран четирилистен коринтски капител од акантусови лисја со импост - капител, од зеленкаст дацит е пронајден во една средновековна урната црква (Св. Ѓорѓи), на локалитетот *Кулица* во Крабичане, датиран од втората половина на VI век. Високиот абакус на овој импост - капител е аналоген со капителот од Асклепион во Атина.[11] На истиот локалитет и од ист период се сретнуваат импости за меноа - прозорски стебла кај двојните и тројните прозорци. Едниот импост - капител е украсен со канелури, какви што се сретнуваат на

[8] Лилчиќ В., 2001, 132; Николовски З., 1997, 24 - 25, сл. 10; Капителот лежел во Лопате кај Саздо Спасиќ, а сега е во дворот на една приватна куќа во Куманово, сопственост на Милован (Ане) Спасовски;
[9] Николовски З., 1997, 28 - 29, сл. 12; Лиличиќ В., 2002, 607; Крстиќ С., 2010, 2, сл. 1, цртеж 1;
[10] Лилчиќ В, 2001, 130, бр. 2; Филипова С., 2006, 136 , бр. 33; Крстиќ С., 2010, сл. 2; Јованова Л., 2008, 13;
[11] Филипова С., 2006, 135, бр. 29; Крстиќ С., 2010, сл. 3;

локалитетот Баргала.[12] Особено внимание привлекуваат темелите од доцноантичката кружна црква, ротондата од VI век во Коњух, Кратовско (Tranupara ?), во јужната некропола, во близина на Бељаковце, во чија правоаголна основа е впишан круг во централниот простор, обиколен со ходник во форма на потковица. На источната страна има апсида која од надвор е правоаголна, а однатре, полукружна. Има остатоци од богата архитектонска пластична декорација на столбовите, капителите и меноата, со влијанија од Равена. Како таква, ротондата е единствена во Македонија.[13]

Во рановизантискиот период од VII до XI век, со доаѓањето на Словените на нашите простори, досега не се откриени никакви траги од сакрални градби, а тоа е резултат на дрвото како градежен материјал, кој не опстојува долго време. Традицијата на активен црковен живот продолжила и кога средновековна Македонија, повторно влегла во границите на Византија и византиската културна сфера, особено по пропаѓањето на Самоиловото царство во 1018 година.[14]

Во наредните поглавја ќе бидат опфатени скоро четириесеттина цркви од кумановскиот крај, кои хронолошки се групирани во три периоди: византиски (од XI до XIV век), поствизантиски или турски период (од XV до почетокот на XIX век), и Преродба (од средината на XIX и првите две и пол децении на XX век). Од нив седум цркви се прогласени за споменици на културата, заштитени со Законот за заштита на спомениците во Р. Македонија. Се работи за двете византиски цркви: Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричино и Успение на св. Богородица во Матејче, позната како манастир Матејче; за четири цркви од поствизантискиот период: Св. Ѓорѓи Победоносец и Св. Петка во Младо Нагоричино, Воведение на св. Богородица (манастир Карпино) и Двојната црква во Сув Орах, како и една од преродбенскиот период, Св. Никола во Куманово.

[12] Филипова С., 2006, 135 - 136, бр. 30; Лилчиќ В., 2002, 1019;
[13] Николовски А., et. all., 1971, 55; Микулчиќ И., 1999, 320, сл. 199 -201; Николовски З., 2007, 118 - 119;
[14] Димевски С., 1989, 64 - 72; Панов Б, 1969, 97 - 102; Лакалиска С., 2000, 20 - 25; Масевски Д. - Арсовски М., 1996, 31 - 40; Коруновски С. - Димитрова Е., 2006, 15 - 26; Филипова С., 1996, 16;

## II. ЦРКВИ ОД ВИЗАНТИСКИ ПЕРИОД (XI - XIV ВЕК)

Во кумановскиот крај, кој во Средниот век бил познат како Жеглигово,[15] најстара сочувана црква од XI век, потекнува од времето на византискиот император Роман IV Диоген (1067 - 1071) посветена на Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричино, од која денес се сочувани само ѕидовите до висина на сводот, градени од тетрахитни камени блокови. Во првата половина од XII век, владетелите од Комненската династија успеале да одржат цврста власт над овој дел од Балканот. Во почетокот на XII век, за време на византискиот цар Алексеј I Комнен (1081 - 1118) се создава една стилско - архитектонска група на комненски стил (Св. Пантелејмон во Нерези, Скопско, 1164). Сепак, византиската власт во Македонија траела до 1204 година, кога Цариград бил освоен од крстоносците, а царството било поделено меѓу латинските освојувачи. Во почетокот на XIII век, на нашите простори започнуваат големи воени судири и политички промени од кои била засегната и Скопската епархија во чии рамки влегувала и кумановската област. Ваквата ситуација на консекутивни промени на различни владетели на македонска територија завршила во 1261 година, кога империјата била реставрирана од Палеологовската династија. Впрочем, XIII век е меѓу најтешките периоди за македонскиот народ, време на значително намалување на уметничка продукција во овој период.[16] Од 1261 година Македонија е повторно под византиска власт. Тоа е време кога Цариград станува повторно водечка метропола во уметничкото творештво, време на синтези, контакти со балканските културни центри, но и сопствена уметничка традиција со естетски квалитети. Од тоа време се изградени повеќе цркви во Македонија, меѓу кои Св. Богородица Перивлепта од 1295 година, како и ексонартексот на западната страна на Св. Софија во Охрид[17].

Од 1281/82 година започнале освојувачките походи на српкиот крал Стефан Урош II Милутин (1282 - 1321) и наскоро биле освоени градовите: Скопје, Куманово, Кратово, Полог и Дебар. Иако ги освоил териториите на Скопската, Дебарската и Брегалничката епархија, не ги приклучил кон Српската црква, туку им ги оставил на Охрид. Тоа траело сé до постигнувањето на мировниот договор со Византија, во 1299 година, кога цела Македонија ја добил како мираз со византиската принцеза Симонида, ќерка на византискиот император Андроник II Палеолог (1282 - 1328). По ова, Скопската епархија потпаднала под српска управна власт и е одземена од Охридската архиепископија. Тогаш е поделена на четири епархии: Скопје, Жеглигово, Овче Поле и Пореч. Византиските црковни старешини биле заменети со српски достоинственици. Црковниот живот бил мошне развиен, се граделе нови монументални трокорабни куполни цркви со вписан крст во основата и керамопластична декорација на фасадите и куполите, а се поправале и стари цркви во т.н. ”палеологовски” византиски стил. Значајно е тоа што во сигнирањето на фреско - живописот во областите на Скопската епархија за прв пат е воведен словенски јазик. Ктитори биле самите владетели, а цариградските и солунските мајстори биле главните изведувачи[18]. Крал Милутин како ктитор се јавува на околу 40 - тина цркви и манастири во Србија, средновековна Македонија и Света Гора во Грција, Ерусалим и Цариград. Од тоа време, во 1313 година е обновена Диогеновата црква Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричино, Кумановско од XI век, една од најзначајните и најубавите византиски градби на Балканот, кога во тоа време игумен бил Андо-

---

[15] Жеглигово е средновековен термин за Кумановската област, кој ги опфаќал денешните области на општината Липково (Карадаг) со планинските огранoци на Скопска Црна Гора, кон српско-косовската граница, општината Старо Нагоричино со Козјачијата до границите на Кратовско и Кривопаланечкиот регион, како и дел од општината Куманово, сé до Овчеполието. Топонимот Жеглигово се користел во византиската и поствизантиската епоха. Денеска, од овој топоним, се уште опстојуваат две имиња, локалитетот *Жеīлиīовски Камен* кај Младо Нагоричино, и селото *Жеīљане* во Козјачкиот крај, двете во општината Старо Нагоричино;

[16] Томовски Т., 1969, 177 - 185; Димитријевски М., 2000, 23; Кораћ В. - Шупут М., 1998, 166;

[17] Томовски Т.,1969, 185 - 186; Бошковић Ђ., 1976, 132 - 151; Коруновски С.-Димитрова Е., 2006, 12, 85-95;

[18] Томовски Т, 1969, 187 - 192; Коруновски С. - Димитрова Е., 2006, 27 - 85; Димитријевски М., 2000, 23 - 24; Димевски С., 1989, 97 - 99; Масевски Д. - Арсовски М., 1996, 41 - 48;

ниј.[19] Кумановскиот крај како област Жеглигово, за прв пат се сретнува во пишани извори на византиските црковни споменици, односно во грамотата на српскиот крал Стефан Дечански (1321 - 1331), син на кралот Милутин, чиј имот Жеглигово го дарил на манастирот Дечани во 1330 година, каде за првпат се споменува името на селото Куманово (Koγmanovoγ).[20] Дури подоцна како селска населба, во состав на нахијата Нагорич, Куманово се споменува во 1519 година во еден турски пописен дефтер кој се наоѓа во Државниот архив во Истанбул.[21] Според српскиот историограф д-р Јован Хаџи -Васиљевиќ и бугарскиот истражувач д-р Јордан Иванов, кои секој за себе имале свои интереси во истражувањето на топонимот Жеглигово, сепак и двајцата се децидни дека се работи за назив на поширока средновековна област, која го опфаќала денешниот



Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричино, XI и XIV век
Church "St. George" in Staro Nagorichino, XI and XIV century

кумановски крај, а не за одредено место. Историската наука не кажува ништо кое било седиштетото на жеглиговската област, иако одделни автори претпоставуваат дека тоа било некаде околу Карпинскиот манастир, кај селото Аљинце, или пак манастирот Матејче, кој бил нарекуван Жеглиговски манастир. Се сретнува и името на Константин Драгаш со прекарот Жеглиговец од Немањичката лоза, син на царица Теодора, сестра на цар Душан, чии имоти ги дарувал на манастирот Хилендар.[22] Во недостаток на автентични извори, а според сочуваниот топоним на локалитетот *Жеḡлиḡовски Камен* може да се каже дека седиштето на Жеглиговската жупа се

[19] Коруновски С. - Димитрова Е., 2006, 85 - 221; Благојевић М. - Петковић С., 1989, 106 - 149;
[20] Хаџи -Васиљвић д-р Ј., 1909, 486; Урошевић А, 1949, 7-10; Урошевиќ тврди дека се работи за грешка, дека тоа е некое село во Косово. Меѓутоа ако се споменува Жеглигово, селата: Куманово, Бељаковце и Јачинце тогаш ова прашање останува отворено. Можеби авторот погрешно разбрал за соседните села Куманово и Бељаковце, можеби се работи за соседните села Бељаковце и Јачинце. Натписот, освен кај Хаџи - Васиљевиќ е објавен и кај Атанасије Урошевиќ;
[21] Масевски Д. - Арсовски М., 1996, 48 - 49; Масевски, Д., 2006, 22; Арсовски М, 1994, 63 - 70 ;
[22] Хаџи - Васиљевиќ Ј., 1909, 459; Масевски Д. - Арсовски М., 1996, 43;

наоѓало во Младо Нагоричино, односно во подоцнежната Нагоричка нахија (Кумановска каза), што се сретнува во турскиот период.[23]

Во XIV век, најголеми освојувачки походи во Македонија во 1342/43 година имал српскиот крал Стефан IV Душан (1331 - 1345), син на Стефан Дечански и внук на крал Милутин, кој се оженил во 1332 година со Елена, сестра на бугарскиот цар Иван Александар Асен. За негово време биле изградени едни од најубавите и грандиозни византиски цркви и манастири на територијата на Македонија, Србија и Грција (Воден, Лерин, Костур и Света Гора, во 1345 година, тогашна Јужна Македонија). Во 1346 година се прогласил за цар на Србите и Грците, во Скопје. Од тоа време била изградена монументалната петкуполна црква посветена на Успение на Св. Богородица, на падините на Скопска Црна Гора, позната како манастир Матејче во 1346/48 година, за време на епископот, подоцна првиот српски патријарх Јоаникиј, Душанов советник и реорганизатор на српската црква. По смртта на Душан, во 1355 година го наследил неговиот син



Успение на св. Богородица во Матејче - манастир Матејче, 1346/48 година
Church “Assumption” in Matejche - Matejche Monastery, year 1346/48

Стефан Урош V (1355-1371 ). Но, тој не бил во состојба да одржува стабилна власт во Царството, така што по неполна деценија, вистински суверен станал кралот Волкашин во 1361 година. По кобната Маричка битка во 1371 година, Волкашин загинал во битката со Турците и него го наследил неговиот најстар син, крал Марко. Кралот Марко загинал во 1395 година борејќи се против влашката војска како турски вазал, но сепак тој успеал да ја одржи христијанската власт во Македонија сé до крајот на XIV век кога целата територија потпаднала под Османската империја.[24]

---

[23] Хаџи - Васиљевић Ј., 1901, 4; Ивановъ Й, 1970, 134 - 140; Масевски Д. - Арсовски М., 1996, 44 - 45; Турски документи .., 1980, 413 - 589;

[24] Коруновски С. - Димитрова Е., 2006, 14; Стојановски А., 1969, 193 - 196;

Во ова поглавје ќе бидат третирани споменици од XI до XIV век. Во кумановскиот крај се регистрирани четири споменици од византискиот период, од кои двете монументални цркви од палеологовската епоха Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричино и манастирската црква Успение на Св. Богородица на Матејачката планина, а од доцновизантискиот период се сочувани само ѕидовите без покривна конструкција на селската црква Св. Ѓорѓи во Матејче и речиси, целосно разурнатата манастирска црква Св. Богородица во Думановце. Од тоа време се споменува и манастирската црква Св. Димитрија во Карабичане, која се наоѓала на локалитетот *Манасширишше*, над селската школа, но со доаѓањето на Турците, црквата била разурната до темел и целосно уништена, а манастирскиот имот разграбан и поголем дел од градежниот материјал бил пренесен на нивната џамија изградена во Табановце. Двете цркви посветени на Св. Богородица во Думановце и Лојане и едната на Св. Илија во Белановце, кои се наоѓаат во темели, според Карловачкиот летопис биле изградени во исто време со манастирот Матејче.[25] Според народното предание, луѓето од Отља и Матејче запомниле од своите дедовци дека манастирската црква Св. Илија во Белановце бил доста голем манастир и до средината на XVIII век во него живееле калуѓери, а до средината на XIX век жителите на карадачките Срби оделе кај овој манастир и таму барале лек. Денеска кај овој манастир сé уште постојат ѕидови и кладенец наречен Кронимир, а доселеното албанско население ова манастириште и не го нарекувало поинаку, туку Кронимир. Во Отља постоела стара црква Св. Никола, но со доаѓањето на Турците, била урната. За манастирската црква Св. Богородица во Лојане и селото Лојане има сознанија дека српскиот крал Стефан Душан, ги дарил на светогорскиот манастир Хилендар.[26]

## СВ. ЃОРЃИ ВО СТАРО НАГОРИЧИНО

Селото Старо Нагоричино се наоѓа во областа Козјачија, на околу 15 км. источно од Куманово, денес седиште на истоимената општина, сместено во југозападниот дел на Општината.[27] Прв по вредност и најстар средновековен споменик во Жеглигово од XI и XIV век е црквата Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричино. Таа е една од најубавите византиски архитектонски градби не само во Македонија, туку и на Балканот. Сместена е во средината на селото, во Поповска маала.[28] Историјата за изградбата на оваа црква од XI век е поврзна со легендата за пустоножителот Прохор Пчињски, еден од првите македонски светители роден во Овче Поле, духовен ученик на св. Јован Рилски,[29] кој живеел во мала пештера - испосница во селото. Византискиот војсководец Роман IV Диоген, кој со својата војска престојувал во овој крај и бил успешен бранител од нападите на Печенезите, ловејќи тешко ранета срна, упаднал во испосницата, при што Прохор Пчињски ја спасил срната, а на војсководецот му претскажал дека во иднина ќе стане цар. И навистина, Роман IV Диоген (1067 - 1071) за кратко време станал византиски цар. Во знак на благодарност кон видовитиот пустоножител, подигнал прекрасна трокорабна базилика во непосредна близина на испосницата, денешната Св. Ѓорѓи.[30] Диогеновата црква имала базиликална форма со убави правилни камени блокови од трахит сврзани со тенок малтер. Од неа, денеска се сочувани сите ѕидови во висина од четири до пет метри и полукружна апсида на источната фасада, тркалезните столбови во нартексот, чиј капител од јужниот столб е со стилизирани волути, и камената олтарска преграда со шестоаголни столбчиња на чии пирамидални капители се видливи флорални и геометриски мотиви во плиток рељеф,[31] а од надворешната страна, лунетата над западниот влез, темелите од ексонартексот на западната страна и пиластрите на северниот и јужниот ѕид, кои ги држеле сводовите и лаковите на аркадите. Првобитниот

---

[25] Хаџи-Васиљевић Ј., 1909, 470 - 471;
[26] Ibid, 222, 471;
[27] Панов М., 1998, 285; Трифуновски Ј., 1974, 67; Хаџи-Васиљевић Ј., 1909, 208 - 210;
[28] Хаџи-Васиљевић, Ј., 1909, 427;
[29] Иваноъ, Й, 1970, 137;
[30] Хаџи-Васиљњевић Ј, 1901, 4; Радовановић В, 1928, 2; Балабанов К., 1979, 1 ;
[31] Петров К., 1963, 233; Крстиќ С., 2010, 3-4, сл. 5 - 9, црт. 3 - 4;

живопис од XI век не е сочуван, освен еден мал фрагмент на фреско - сликарството, дел од зеленкастосив хитон на непознат војник на северниот ѕид во наосот, од кој може да се види дека црквата имала солидно сликарство.[32]

Според два старословенски натписи е утврдено обновувањето и живописот на црквата од XIV век. Од првиот натпис, на западната фасада, над порталот, врежан в камен дознаваме дека црквата е обновена во 1313 година за време на кралот Стефан Урош II Милутин (1282 - 1321), неговата сопруга Симонида, и игуменот Андониј, а се однесува на војувањето на еден српски одред против Турците од Анадолија на чело со славниот војвода Новак Гребострек. Имено, се работи за одред кој броел 2000 коњаници, кои биле пратени како помош на византискиот император Андроник II Палеолог (1282 - 1328). Војската била пренесена преку Мраморното Море, каде што извојувала неколку значајни победи, при тоа ослободувајќи повеќе византиски градови. Настаните се случиле пред октомври 1313 година, кога императорот Андроник II Палеолог издал грамота, во која ги подвлекол големите заслуги на Србите, за спомен на победата над Турците.[33]




Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричино, југозападна (лево) и источна фасада (десно), XI и XIV век
Church “St. George” in Staro Nagorichino, south-west facade and east facade, XI and XIX century

Сегашната црква е изградена врз ѕидовите на првобитната Диогенова црква. Видлива е разликата во материјалот и начинот на ѕидање. Горните слоеви се со доста дебел слој и светлосив малтер, со наизменични редови од делкан камен, и тула помеѓу камењата, поставена вертикално. Црквата претставува монументална петкуполна, трокорабна градба, со правоаголна форма и впишан крст во основата, што била позната традиција во Македонија, со полукружна апсида на исток, која во горните партии е петострана, доградена од времето на Милутин. Сите куполи, една централна и четири странични се октогонални со камени колонети на аглите, имаат брановиден раб, под нив тимпанонски полиња украсени со керамопластична декорација од радијално наредени тули и венци од крстести лончиња, разбиени со монофори. Куполите со тимпанони над прозорците од тамбурот не се чести во византиската архитектура и нивната употреба територијално се ограничува само на Епир и Македонија. Тоа значи дека оваа црква води потекло од епирската архитектура бидејќи првпат се појавуваат на Паригоритиса во Арта. Старонагорич-

[32] Бошковић Ђ, 1976, 171; Тодић Б., 1993, 25 - 41; Миљковиќ П., 1967, 56; Окуњев Л.Н., 1929, 87 - 120; Николовски А. - Ќорнаков Д. - Балабанов К., 1971, 55 - 57;
[19] Тодиќ Б., 1993, 26 - 28; Петковић В., 1950., 203 - 204; Миљковиќ П. - Пепек, 1967, 57; Благојевић М. - Петковић С., 1989, 167; Петковић В. - Поповић П., 1933, 2; Бошковић Ђ., 1976, 171; Cultural Heritage .., 2004, 30 - 31; Окуњев Л.Н., 1929, 87; Трайчевъ Г., 1933, 81 – 83; Ивановъ Й.,1970,132 – 133;

ките куполи се слични со малите куполи на Св. Катерина и големите на Св. Апостоли во Солун, со таа разлика што полињата над прозорците од тамбурот се без никаков украс. Карактеристично е што на малите странични куполи има по две дијагонално поставени слободни и по две затворени монофори, какви што биле изведени порано во св. Богородица Љевишка во Призрен, од 1307/08 година, Св. Никола тис Родијас кај Арта од крај на XIII век и Св. Ѓорѓи во Оморфиклисија (Галиште) од 1300 година. Појавата на двокуполен, троделен нартекс со мали странични куполи на крајните полиња на западната страна, два параклиси со куполи на источната страна ги открива новите текови на петкуполните цркви, со влијанија од епирската архитектура, кои се



Олтарска преграда, XI век
Altar screen, XI century



Цртеж: Камена олтарска преграда, XI век
Drawing: Stone altar screen, XI century



Камен натпис од 1313 година, западен влез
Stone inscription from 1313 year, west entrance



Монограм на крал Стефан Милутин, преснимен цртеж, нартекс
Monogram of the King Stefan Milutin, copy drawing, south-west column, narthex

сретнуваат на поранешните градби на Милутин, како што е католиконот на Хилендар од 1293 година и Богородица Љевишка во Призрен. Корнизите под покривот се богато орнаменттирани со низа од тестерести тули и тимпани исклучиво од тула.[34] Назабените венци од тула (во вид на пила) се појавуваат во XI век на Атос (Света Гора) на манастирските цркви Лавра и Ватопед и кај Солун.[35] Краците на крстот, под забатот се украсени со пиластри поврзани со архиволти. Вакви мотиви водат потекло од цариградската средновековна византиска архитектура (Календер - Хане џамија, Атик Мустафа - паша џамија и Шејх - Мурат Мешчиди), како и од грчките области (Дафни, Хосиос Лукас во Фокида, Атис, Самара, Христијану на Пелопонез и др.), а особено се интерсени две цркви од северозападна Грција, Като Панагија кај Арта од средина на XIII век и Порта Панагија во Тесалија од 1283 година). Бочните фасади се украсени со трифори, какви што

[34] Тодиќ Б., 1993, 43 - 70; Коруновски С. - Димитрова Е., 2006, 111 - 112; Таневски Б.,1988, 43 - 44; Зисовска Ј.,1994, 45 - 46; Кораћ В. - Шупут М., 1998, 333 - 334; Хаџи - Васиљевић Ј., 1909, 424 - 435; Окуњев Л.Н., 1929, 89 - 92; Крстиќ С., 2010, 5 - 7, сл. 10 - 13;
[35] Бошковић Ђ., 1976, 97- 102; Тодић Б, 1993, 62 - 65;

се сретнуваат во Календер - Хане џамија и Шејх - Мурат Мешчиди во Цариград, Сагмата во Беотија, Като Панагија во Арта, додека западната фасада е украсена со бифора потполно различна по материјалот и по изгледот од другите прозорци на црквата, какви што се среќаваат во Амфиса, Петраки и Порта Панагија.[36] Колонетата на бифората со Хераклов јазел укажува на ерменско влијание.[37] Северниот и јужниот забат под централната купола со двостепени архиволти е многу сличен со Богородица Љевишка во Призрен. Петостраната апсида во горните партии на источната страна е градена исклучиво од тула. Со оглед на тоа што апсидалниот прозор се наоѓа во долната зона, а слепите ниши, во горната петострана зона, се наметнува споредбата со постарите византиски цркви: Северна црква на манастирот Константин Липса, манастир Христос Пантепопта, Св. Теодор во Цариград, Св. Софија во Охрид, Св. Софија во Киев и Св. Богородица во Крини на Хиос, но таквото решение е приближно со некои доцновизантиски решенија во Мистра и Месемврија. Нагоричката апсида, сепак е поблиска со решенијата од Паригоритиса во Арта, Богородица Перивлепта во Охрид, Христос Спасител во Верија и со солунските цркви





Бифора со Хераклов јазел (лево) и керамопластична декорација(десно), западната фасада
Double lance window with Hercule's knot (left) and decoration from bricks (right), west facade

Св. Пантелејмон и Таксијархи, на чии апсиди нишите најчесто се спуштени во првата зона. Според техниката на градење, само од тула, е единствена од времето на Милутин и е слична со манастирот Прохор Пчињски, од исто време. Во внатрешноста на црквата, северно од централната апсида се наоѓа проскомидија, а јужно, ѓаконикон, кои имале функција на параклис. Тие се одделени од апсидата со ѕид и комуницираат преку влез. Ваква појава се забележува во поранешните византиски цркви од X и XII век како и во Србија од XIII век (Богородица Памакаристос и Хора во Цариград, Св. Апостоли и Св. Катерина во Солун, Св. Богородица Љевишка во Призрен и др.). Травејот пред апсидата има квадратен облик покриен со полуобличест свод, како во Богородица Љевишка и манастир Грачаница кај Приштина. Внатрешниот крстообразен изглед на храмот е формиран со полукружни сводови врз пандантифен систем, каков што е и манастирот Матејче и повеќето цркви во Македонија и Србија од XIII и XIV век.[38]

Од вториот натпис на западниот ѕид на нартексот, јужно од влезот, се дознава дека црквата е живописана во 1317/18 година за време на игуменот Венијамин.[39] Живописот е работен од двајцата најпознати средновековни солунски зографи во Македонија, Михајло Астрапа и Евтихиј, чии

---

[36] Тодић Б, 1993, 43 - 70; Бошковић Ђ., 1976, Коруновски С. - Димитрова Е., 2006, 111-112;
[37] Kiel M., 1971, 253, сл. 14; Филипова С., 2001, 21 - 26, сл. 6; Крстиќ С., 2010, 4, сл. 8, црт. 4 ;
[38] Тодиќ Б., 1993, 43 - 70; Окуњев Л.Н., 1929, 87 - 120;
[39] Миљковиќ П. - Пепек, 1967, 58; Тодић Б., 1993, 26 - 28; Окуњев Л.Н., 1929, 88;

имиња се испишани врз облеката и штитот на двајца војници во првата зона и годината 1317, едниот на штитот на св. Артемиј на северниот ѕид на наосот, а другиот на хитонот на св. Теодор Тирон на југозападниот столб на наосот. Веројатно, живописот го работеле три години, 1316 - 1318. Сите сигнатури се испишани на старогрчки јазик освен две на старословенски, на ликот на св. Прохор Пчињски и св. Јоаким Осоговски. Во иконографијата на фреските во оваа црква паѓа в очи голем број на циклуси и тоа: во олтарот литургиските сцени; во наосот *сцените од животот на св. Ѓорѓи*, *Големите празници*, *Страдањата*, *Чудата и Параболите Христови*; во ѓакониконот *сцените со св. Никола*; во проскомидијата *сцените со апокрифниот живот на св. Богородица*, а во нартексот, *Календарските сцени* (Менологот), според ерусалимски типик.[40]



Натпис за живописот, нартекс
Fresco-painting inscription, narthex



Св. Богородица на трон, олтарска апсида
Holy Mother of God of the throne, altar apse

Во **олтарската апсида**, најдолу во првата зона е насликана *Процесијата на архиереите*. *Служењето на светата литургија* во најдолната зона на олтарската апсида, во која ја нема претставата на *Агнец Божји* на чесна трпеза, а е најблиска со Богородица Перивлепта во Охрид, Протатон во Света Гора, Манастир Жича во Србија и Св. Апостоли во Солун. Јужно од монофората, од исток кон запад се редат архиереите: св. Јован Златоуст, св. Атанасиј Велики, св. Кирил Александриски, св. Јован Милостив, на јужниот ѕид продолжува со св. Игнатиј Богоносец, потоа допојасието на св. Петар Александриски во лунетата над ѓаконикoнскиот влез, потоа св. Дионисиј Ареопагит и св. Григориј Чудоворец, во цел раст. Северно од монофората се насликани: св. Василиј, св. Григориј Теолог, св. Никола, св. Григориј Нисиски и св. Елевтериј. Над овие архиереи во цел раст е насликана низа од четиринаесет други попрсја на архиереи, по седум од обете страни на апсидата. Северно од монофората од север кон југ се насликани: св. Атик, св. Анатолиј, св. Евсевиј, св. Диадох, св. Јувенал, св. Евстатиј Антиохиски и св. Александар Александриски, а јужно: св. Никифор Цариградски, св. Мелетиј Антиохиски, св. Еротеј, еден архиереј без сигнатура, св. Антипатар, св. Паладиј (?) и св. Модест. Над оваа низа на допојасни архиереи се наоѓа композицијата *Причестување на апостолите* од Христос со леб и вино, каде Христос ја има улогата во потврдувањето и траењето на евхаристијата во црквата преку причестувањето на апостолите и служењето на литургијата на светите архиереи, што се користела во првите децении на XIV век. Над *Причестувањето*, се наоѓа уште една низа на единаесет попрсја на архиереи. Се работи за: св. Мелетиј, св. Никифор, св. Софрониј, св. Аверкиј, св. Силвестер папа Римски, св. Методиј Цариградски, св. Климент Ангирски, св. Иполит, св. Митрофан, св. Методиј Патарски и

[40] Тодић Б, 1993, 26 - 28; Миљковиќ П. - Пепек, 1967, 59; Петковић В. - Поповић П, 1933, 3 - 16; Петковић В., 1950, 204 - 208; Ђурић В., 1974, 51;

св. Генадиј. Сосема горе, е насликана св. Богородица на трон - *Богородица Повисока од Небото*. Прикажана е св. Богородица седната на престол со малиот Христос во скут, на врвот од калотата на апсидата, фланкирана со два архангели. Пратипот води потекло од Богородица Кипарска, многу популарна во 431 година, а имале за цел да ја прикажат Богородица како Царица Небеска.[41] Овој тип на Богородица се сретнува во параклисот на Св. Евтимиј во Солун, во Краљева црква во Студеница, Богородица Перивлептос во Охрид (1295) и подоцна во апсидата на Богородичината црква од Пеќската патријаршија (1330 - 1337).[42] Лево и десно од *Богородица Повисока од Небото* е насликана низа од по шест бисти на свети архиереи во кружни медалјони. Во олтарот, на јужниот ѕид, во третата зона започнуваат сцените со Христовите страдања: *Тајна вечера* и *Миењето на нозете*, а над нив, во четвртата зона, *сцените од поствоскресните јавувања на Христос*: *Христос се јавува на мироносиците*, *Мироносици на Христов гроб* (два ангели ги из-



Тајна вечера, јужен ѕид, олтар
The Last Supper, south wall, altar

вестуваат мироносиците за воскреснувањето на Христос) и *Христос и Магдалена - Noli me tangere* (Не допирај ме). Северниот ѕид во олтарот во долната зона завршува со двете композиции од *Страдањата Христови*: *Симнување од крст* и *Полагање на Христовото тело в гроб*, а над нив се сцените: *Неверувањето на Тома*, *Христос зборува со Петар и останатите апостоли*, како и *Христос се јавува на апостолите во Галилејската гора*, а на сводот било насликано *Вознесение Христово*, од кое се сочувани фрагменти.[43]

**Протезис (проскомидија)** - Во долната зона, на источниот ѕид е насликана литургиска служба со Агнец Божји (Мелисмос) каде на светиот престол се наоѓа малиот Христос во патена фланкиран со два ѓакони како ангели, кои држат рипиди свртени кон него, на јужниот ѕид е насликан св. Спиридон со отворен свиток, а на северниот, двата македонски архиепископи св. Константин Кавасила и св. Климент Охридски, потоа св. Ипатиј и св. Поликарп, сите со свитоци.

[41] Ерминія, 1868, 322;
[42] Тодић Б., 1993, 71 - 73; Миљковиќ, П.-Пепек, 1967, 190- 197 ;
[43] Тодић Б., 1993, 71 - 73; Петковић В. - Поповић П.,1933, 13 - 34; Окуњев Л.Н., 1929, 96 -102;

Ликовите на Константин Кавасила и Климент Охридски ги има насликано во охридските цркви Св. Богородица Перивлепта, Св. Јован Канео, Св. Врачи и во параклисот од Протатон на Света Гора.[44] Над нив се насликани низи од попрсја на фронтално поставени архиереи, на источниот ѕид се распоредени: св. Силван, св. Евлогиј, св. Флавијан, на јужниот: св. Козма, св. Мартин и св. Нирса, а на северниот: св. Исакие, св. Флор, св. Илија Антиохиски, св. Дометиј и св. Теодот. На северниот ѕид во прозорецот се наоѓа расцветан крст со криптограмот на Исус Христос и архиерејот св. Антипа. Во највисоките зони, се распоредени *сцените од животот на св. Богородица*, во третата зона, на источниот ѕид е сцената *Захариј ги одбива даровите на Јоаким и Ана,* на северниот една уништена сцена, потоа *Благовести на Ана и Јоаким* (ангел јавува на Ана во градината дека ќе роди), а на јужниот, *Јоаким и Ана се враќаат од храм со одбиените дарови* и *Раѓање на Богородица*. Во четвртата зона, на источниот ѕид се наоѓа сцената *Захариј ја предава Богородица на Јосиф*, на јужниот *Благовести на бунар*, *Прекорот на Јосиф за бременоста,* и *Јосиф и Богородица пијат вода за прочистување*, а на северниот *Милување на Богородица*, *Благослов на трите ереи* и *Молитвата на Захариј пред стаповите на просјаците*. Најгоре, во североисточната бочна купола во калотата се наоѓа попрсје на евангелистот св. Јован, а во тамбурот, пет фигури на архиереи.[45]

**Ѓаконикон (сакристија)** - Во долните зони цоклето е насликано со драперија. Над него, во првата зона се насликани фигури на светите архиереи во цел раст, на источниот ѕид: св. Герасим и св. Харитон, кои продолжуваат на јужниот ѕид со: св. Атанасиј Атоски, св. Нил, св. Акакиј и св. Јован Каливит, на западниот ѕид: св. Пимен и св. Иларион, а на северниот ѕид св. Павле Небродим и св. Алексеј Божји Човек. Во лунетата над влезот во олтарот се наоѓа расцветан крст со криптограм на Исус Христос, каков што се наоѓа и на внатрешниот западен ѕид. Во втората зона се наоѓа низа од медалјони со попрсја на свети маченици, на источниот ѕид: св. Галактион и св. Епистим, на јужниот од четири светители сочувани се само две сигнатури на св. Агатангел и св. Кесариј, на западниот св. Антигон (?) и св. Теодот и на сверниот се сочувани само две од четири сигнатури: св. Тимотеј и св. Домнин. Во горните зони е илустриран *животот на св. Никола*. На источниот ѕид во третата зона, *Св. Никола сече дрво со демоните во Плакома*; на јужниот ѕид, *Св. Никола се јавува на сон на епархот* и *Св. Никола се јавува во сон на царот Константин*; на западниот ѕид, *Св. Никола спасува тројца праведници од меч*, и на северниот ѕид, *Чудото на св. Никола во морето*. Во четвртата, најгорна зона, на источниот ѕид е насликана сцената *Св. Никола тргнува во училиште*; на јужниот, *Св. Никола станува ѓакон,* и *Св. Никола станува презвитер*; на западниот, *Св. Никола станува епископ,* и на северниот, *Св. Никола му се јавува во сон на Евлалиј* и *Раѓање на св. Никола*. Најгоре, во калотата на југоисточната купола во медалјон е насликано попрсје на евангелистот св. Лука, а во тамбурот фигурите на светите архиереи: Аверкиј, Партениј, Арким, Јосиф, и еден непознат, со оштетена сигнатура.[46]

**Наос** - Ѕидното сликарство во наосот е распоредено во повеќе зони и тоа во најдолната зона се насликани фигури на свети војници и великомаченици во цел раст, во втората, е распореден *циклусот на патронот на храмот св. Ѓорѓи*, во третата, *Маките и страдањата на Исус Христос*, а во четвртата *циклусот со Христовите посмртни јавувања*.[47]

На северниот и јужниот ѕид во наосот, во првата зона се насликани фигури на свети војници и маченици во цел раст. На северниот ѕид, од запад кон исток првите пет свети војници не можат да се идентификуваат зашто се многу оштетени, шестиот е св. Александар, па св. Христофор,[48] св.

---

[44] Заров И., 2007, 59, сл. 2; Грозданов Ц., 2007, *За св. Константин Кавасила и неговите портрети во светлината на новите сознанија*, op.cit., 39 - 59;
[45] Тодић Б., 1993, op.cit. 73 - 74; Петковић В. - Поповић, П., 1933, 14 - 15; Петковић д-р. В., 1950, 208; Миљковиќ П., 1967, 61; Окуњев Л.Н., 1929, 102 - 103;
[46] Тодић Б., 1993, 74 - 75; Петковић В. - Поповић П., 1933, 15 - 16; Петковић В., 1933, 208; Окуњев Л.Н., 1929, 103 - 104;
[47] Миљковиќ П. - Пепек, 1967, 56 - 62, цртеж 1 и 2; Тодић В., 1993, 75 - 78; Петковић В. - Поповић П., 1933, 2; Коруновски С.- Димитрова Е., 2006, 161 - 168; Окуњев Н., 1929, 103 - 104; Окуњев Л.Н., 1929, 100 - 102;
[48] Ѓорѓиевски Д., 2009, 119, сл. 2; Според авторот, претставите на св Христофор како војник се релативно ретки во византиската уметност, иако во неговиот живот секогаш се наведува неговата војничка професија.

Меркуриј, св. Мина, св. Евстатиј Плакида, св. Анемподист, св. Елпидифор, св. Автониј, св. Пигасиј и св. Акиндин. Низата продолжува на јужниот ѕид, од запад кон исток: св. Пантелејмон, св. Дамјан, св. Кузман, св. Нестор, св. Димитрија, св. Теодор Стратилат (над влезот), св. Никита, св. Прокопиј, св. Орест, св. Мардариј, св. Евтимиј, св. Аксентиј и св. Евстратиј. На источната страна на наосот (еден дел од иконостасот) од север кон југ се насликани: на северната лезена Богородица Благодетна (Кехаритомена) во цел раст, на олтарската преграда се наоѓаат единствените фреско - икони на камен од XIV век во средновековна Македонија, северно престолната икона на св. Ѓорѓи Победоносец, патронот на црквата, а јужно, Богородица Пелагонитиса (Умилителна) насликани допојасно во интерколумнии,[49] потоа Исус Христос Милостив на јужната лезена, во цел раст, и сосема јужно на ѕидот долу, фигурите на архангел Михаил и Гаврил како држат медаљон со лик на младиот Христос Емануил. Над Богородица Благодетна е насликано допојасието на пророк Данил, а над Христос Милостив, допојасието на патријарх Јаков. Над нив е дводелната композиција *Благовести*, фигурата на архангел Гаврил, северно, и на св. Богородица седната на трон, јужно од царските двери.



Архангел Гаврил (лево) и св. Богородица (десно) од Благовести, олтарска преграда
Archangel Gabriel (left) and St. Mother of God (right) from Annunciation, altar screen



Архангел Михаил и Гаврил
Archangel Michael and Gabriel

Во втората зона се насликани *сцени од животот и мачењето на св. Ѓорѓи*. Циклусот започнува на источната страна, на ѕидот на ѓакониконот со сцената *Св. Ѓорѓи зборува со цар Диоклецијан*, *Еден војник со копје го боде св. Ѓорѓи во стомак по заповед на цар Диолклецијан*, понатаму на јужниот ѕид циклусот продолжува со: *Св. Ѓорѓи врзан за тркало*, *Ангел го ослободува св. Ѓорѓи од маките*, *Св. Ѓорѓи повторно пред царот на престол*, *Св. Ѓорѓи фрлен во варница*, *Св. Ѓорѓи пие отров од чаша*, *На св. Ѓорѓи му забиваат клинци во стапалата* (во средина), *Св. Ѓорѓи го бијат со воловски жили*, потоа циклусот продолжува на западната страна, на северозападниот столб со *Сомневањето на св. Ѓорѓи дека може да воскресне покојник*, *Св. Ѓорѓи пред царот воскреснува едно умрено дете*, *На св. Ѓорѓи му ставаат на градите една камена плоча*, *Св. Ѓорѓи врзан гол за еден столб го мачат со трозаби гребла*. Циклусот продолжува на северниот ѕид со: *Св. Ѓорѓи оживува вол на еден селанец*, *Св. Ѓорѓи ги урнува паганските идоли*, *Победоносно враќање на св. Ѓорѓи по убивањето на змејот и ослободувањето на царската ќерка*,[50] *Цар Диоклецијан ги осудува на смрт св. Ѓорѓи и царската ќерка Александра*, *Отсе-*

---

Најстари претстави на овој култ се оние од Кападокија во Хермитаг во Соганди од X - XI век, во Киличар Килисе, Гореме бр. 33 (XI век) и Иракла (XI век), во Св. Врачи во Костур од XII век, Богородична црква во Мутула на Кипар од 1282 година каде што Христофор е качен на коњ. Овде, во Старо Нагоричино, како војник, е единствен пример во Р. Македонија од XIV век;

[49] Миљковиќ П.- Пепек, 1967, 61; Тодић Б, 1993, 25 - 41;

[50] Ѓорѓиевски Д., 2011, 102, сл. 7;

*кување на главата на св. Ѓорѓи*, *Погребувањето на св. Ѓорѓи* и *Погубувањето на едномисле-ниците на св. Ѓорѓи*.[51]

Циклусот посветен на патронот на црквата, св. Ѓорѓи, заштитник на владетелите во војните и помошник во победите на православниот свет, главно има триумфален карактер и не отстапува од постарите иконографски примери, од дваесетите години на XI век на прочуениот крст од Местија во Грузија со неколку мали дополненија, кои ќе се чуваат сé до времето на Палеолозите. Се сретнуваат во комненската уметност, во Карагедик Килисе, во Бочорми (*Мачење со тркало*), Накипарија (*Соборување на идолите*) и во 80-тите години на XII век во Стара Ладога (*Св. Ѓорѓи го убива змејот*). Во старонагоричката црква, зографите обработувајќи ги на нов начин ги прифатиле комненските примери класицизирајќи ги во уметноста на раниот XIV век каде што сцените добиваат пролог (*Св. Ѓорѓи го воскреснува мртовецот*) и епилог (*Мачењето на св. Ѓорѓи на тркало*). Некои од претставите на *Св. Ѓорѓи со Диоклецијан во судница со царска свита* се на лик на оние од *Судењето на Христос пред Пилат*.



Св. Ѓорѓи го убива змејот, северен ѕид, наос
St. George killing the Dragon, north wall, nave

Во третата зона се насликани *сцените од Страдањата Христови*. Циклусот започнува од олтарот со *Тајна вечера* и *Миење на нозете* па продолжува на јужниот ѕид на наосот со: *Христовата беседа на апостолите*, *Молитва во Гетсиманската (маслинова) гора*, *Јуда ги прима сребрениците*, *Предавството на Јуда* (Бакнежот на Јуда), *Кајафа го испрашува Христос*, *Ана го суди Христос*, потоа на западната страна, на југозападниот столб продолжува со *Христос пред Пилат*, *Првото и второто одрекување на св. Петар*, па на северозападниот столб, *Третото одрекување на св. Петар*, *Горчливиот плач на св. Петар*, *Христос пред Ирод,* и *Пилат го предава Христос да го распнат*. Циклусот продолжува на северниот ѕид со: *Исмејување на Христос*, *Патот до Голгота* (Симон напред носи крст на кој Христос ќе биде распнат), *Христос се качува на крст*, *Распетие Христово помеѓу двајца разбојници*, *Јосиф од Ариматеја го моли Пилат да го симне телото на Христос и да го сохрани*, понатаму во олтарот е насликано *Симнување од крст* и *Полагање на Христовото тело в гроб*. Аналогии на сцените од *Страдањата Христови* се наоѓаат во нартексот на Ватопед на Света Гора и во манастирот Дечани, а одделни сцени,

[51] Тодић Б., 1993, 113 - 115; Петковић В. - Поповић П., 1933, 10; Миљковиќ П. - Пепек, 1967, 60; Петковић В., 1933, 205; Окуњев Л.Н., 1929, 108 - 111, 116;

како што е *Качување на крст*, во Протатон и Грачаница. Над третата зона, во четвртата, продолжуваат сцените од *Страдањата Христови* и од историјата на *Христос по неговото воскреснување*. На јужниот ѕид од олтарот се насликани сцените: *Христос се јавува на мироносиците*, *Два ангели го покажуваат празниот гроб на мироносиците* и *Не допирај ме* (Христос и Магдалена), *Мироносиците им соопштуваат на апостолите за воскреснувањето на Христос, Св. Петар и св. Јован пред празниот гроб*, кои продолжуваат на јужниот ѕид во наосот со: *Патот во Емаус*, *Вечерата на Христос во Емаус* (зад масата помеѓу Лука и Клеопа), *Лука и Клеопа им кажуваат на апостолите за воскреснувањето Христово во Емаус*, па на северниот ѕид: *Христовото јавување на апостолите*, *Христос се јавува на апостолите пред затворена врата*, *Апостолите одат на риболов со мрежа*, *Христос се јавува на апостолите на брегот на Тиверијадското Море*, *Христос благословува леб и риба*, потоа следуваат трите завршни сцени од овој циклус во олтарот: *Неверуањето на апостол Тома*, *Христос зборува со Петар по третото јавување на апостолите,* и *Христос се јавува на апостолите на Галилејската гора*[52]. Сцените со *Христовите посмртни јавувања* се насликани околу 1300 година во Протатон на Света Гора, Богородица Перивлептос во Охрид, Богородица Љевишка во Призрен и Св. Софија во Трапезунд.



Исмејување на Христос (лево) и Патот до Голгота (десно), северен ѕид, наос
Mocking of Jesus Christ (left), and Road to Golgota, north wall, nave

Во **централната купола** за првпат во византиската уметност е насликан Христос Пантократор во зракест медалјон, кој го носат осум ангели во лет со *Небеската литургија* подолу, која ќе стане составен дел на црковното сликарство во подоцнежниот период. Помеѓу монофорите на тамбурот се насликани пророци со свитоци (биле вкупно осум) доста оштетени, а од нив се распознават: Еремија, Илија, Елисеј, Софониј и Јоил. На четирите пандантифи под куполата се насликани исто така доста оштетените евангелисти, од кои се идентификувани само двајца, Марко на северозападната страна, и Јован на североисточната. Зад нив, и зад неидентификуваните евангелисти биле насликани крилести женски фигури, симболи на мудроста. Помеѓу пандантифите, на источната и западната страна се гледаат фрагменти од *Христовиот Убрус* и *Керамион.* Во просторот на куполата, во сводовите од краците на крстот на челните ѕидови се наоѓаат уште две зони. Во горната зона се насликани сцените од *Големите празници*, над западниот лак кој ја носи куполата во тамбурот, *Лазарево воскресение*, во просторот кој одговара на ѓакониконот, источно над лакот во сводот е *Раѓање Христово*, а западно, во просторот кој одговара на проскомидијата *Крштевање*, во куполата на јужната страна е *Сретение*, а на северната,

[52] Петковић В., 1933, 206; Тодић Б., 1993, 108 - 113; Миљковиќ П., 1967, 59 - 60; Окуњев Л. Н., 1929, 111;

*Влегување во Ерусалим*, на северниот свод помеѓу куполата и олтарот е *Воскресение Христово*, а на јужниот свод, *Симнување на св. Дух. Големите празници*, инспирирани од Стариот и Новиот завет се сретнуваат порано, во спомениците на раната ренесанса на Палеолозите, во нартексот на Хора во Цариград, Богородица Љевишка во Призрен и Жича во Србија, некои сцени се слични со Св. Евтимиј од 1303 година и Св. Никола Орфанос во Солун, кај нас со Богородица Перивлепта во Охрид (1295) и Св. Никита во Бањани (1320/24). Во долните зони на јужната страна се насликани *сцените од Чудата и параболите Христови*: *Христос зборува со Закхеј*, *Христос исцелува човек од водена болест*, *Христос во синагогата*, *Христос ги поучува Јудејците*, а на северната страна: *Христос благословува дете* и *Христос исцелува жена од крвоточна болест*. Во западниот лак под куполата е насликана сцената *Христос ги изгонува трговците од храмот* (под *Лазарево воскресение*). Во просторот кон ѓакониконот, на источната страна над лакот е прикажан *Разговорот на Христос и Самарјанката*. Спротивно од ѓакониконот, на северната страна на просторот кон протезисот, над лакот на источната страна се наоѓа единствената сочувана сцена во тој простор, која ја илустрира *Параболата за десетте мудри и луди девојки*[53]. *Чудата и параболите Христови*, се илустрирани во Св. Евтимие и Св. Катерина во Солун, Св. Софија во Трапезунд, во Митрополија, Афендик во Мистра, Хора во Цариград, манастир Грачаница и Св. Никита во Бањани.

*На североисточниот столб* врз кој се потпира куполата се насликани: сосема долу на западната страна св. Матеј евангелист, во цел раст, над него св. Никола Нови, потоа св. Карп и Папил, над нив, св. Фортунат, и најгоре пророк Соломон. На јужната страна, долу е св. Јован Крстител, над него св. Тифон и св. Максим, па св. Зиновиј и Парам (?), потоа св. Роман и Платон и сосема горе пророк Захариј. На источната страна, долу е св. Јакинт, над него, св. Максимилијан и Прокл, па св. Антим и Партениј, и најгоре св. Никола Нови и св. Гордиј. На северната страна, долу е насликан св. Полиевкт, па св. Кесариј и св. Дариј, потоа св. Теофим и св. Севатиј и најгоре св. Антонин и св. Мелитон[54].

*На југоисточниот столб*, на западната страна се насликани: најдолу сосема оштетен светител, над него се св. Сергеј и Вакх, потоа св. Флор и Лавр, св. Агатопус и Енфониј, и сосема горе пророк Давид. На јужната страна непознат светител со варосана глава, над него се св. Полихарнија и св. Геронтиј, потоа св. Зиновиј, најгоре св. Теодул и св. Теодот. На северната страна, најдолу е непознат архиереј (Никола ?), над него се св. Порфириј и св. Онисифор, потоа св. Бонифациј, еден светител без сигнатура и сосема горе пророк Самуил (?)[55].

*На југозападниот столб*, на источната страна долу е насликан евангелистот св. Марко, над него *Св. Ѓорѓи го воскреснува умрениот*, па *Првото Петрово одрекување* и најпосле, праотец Ное (?). На истата страна, јужно се насликани: долу св. Јаков Персијанец, над него св. Филимон, па *Одлуката на Пилат за Христос*, а северно се насликани: долу св. Петар, над него споменатата сцена со св. Ѓорѓи, па *Второто одрекување на св. Петар,* и најпосле, *Праведниот Јов*. На јужната страна, долу е насликан св. Арета, а горе се сцените од *минеите* (кои се споменати погоре). На западната страна, во средината е насликан Исус Христос Спасител, јужно од него св. Венијамин, а северно, св. Ѓорѓи Скоропостижен, во горните партии се горе споменатите претстави од минеите. На северната страна долу е еден свет војник, а горе *Сретение* (илустрација од календарските сцени).[56]

*На северозападниот столб*, на источната страна во средината е насликан варосан лик, а горе се сцените од минеите, северно, долу е св. Павле, над него сцената со *Св. Ѓорѓи го мачат со камена плоча*, па *Третото одрекување на св. Петар*, јужно, долу е св. Стефан Првомаченик, а горе се сцените од *минеите.* На јужната страна, долу е Богородица Параклисис, а горе се сцените од минеите. На западната страна во средината, долу е насликан св. Мина Каликеладос, горе се

---

[53] Тодић Б., 1993, 107 - 108; Петковић В. - Поповиќ П., 1933, 10; Миљковиќ П.-Пепек, 1967, 58 - 59; Окуњев Л.Н., 1929, 111, 119 - 120;
[54] Ibid, Окуњев Л.Н., 1929, 118 - 119;
[55] Тодић Б., 1993, 107 - 108; Петковиќ В. - Поповиќ П., 1933, 12 - 13; Миљковиќ П. - Пепек, 1967, 56 - 62; Окуњев Л.Н., 1929, 116;
[56] Окуњев Л.Н., 1929, 117;

сцените од минеите, северно долу е св. Хермоген, над него св. Андријан и најгоре сцената *Пилаѿ ѓо ѿредава Хрисѿос да ѓо расѿнаѿ.* На северната страна, долу е евангелистот св. Лука, над него сцената од *Мачењеѿо на св. Ѓорѓи со ѓребла*, па *Ирод ѓо исѿрашува Хрисѿос.*[57]

**Нартексот** (припрата) во долните зони, на западниот ѕид, од југ кон север е насликан со фигури на светители во цел раст: св. Прохор Пчињски, св. Јоаким Осоговски, св. Ефрем Сириски, св. Стефан Нови, св. Теодор Студит, сите јужно од влезот, па следат северно од влезот: св. Пахо-



Фрески на западен ѕид, нартекс
Frescoes on the west wall, narthex



Св. Ѓорѓи - Горг, југозападен столб
St. George, south-west column, narthex





Ктиторска композиција (лево): кралица Симонида, крал Милутин (во средина) и Св. Ѓорѓи, северен ѕид, наос
The Ktitors composition (left): King Milutin (center), Simonida (left) and St. George (right), north wall, narthex
Ктиторска композиција, преснимен цртеж (десно) / The Ktitors composition, copy drawing (right)

мие и пред него Ангел облечен како монах, св. Јосиф Поет, св. Козма Поет и св. Јован од Дамаск. На северниот ѕид во правец запад - исток се насликани: св. Константин и Елена, а до нив *Кѿиѿорскаѿа комѿозиција.*[58] Ктиторската композиција на српскиот крал Милутин со модел на црквата и повелба в раце, неговата сопруга, кралицата Симонида, ќерка на византискиот цар Андро-

[57] Ibid, 118 - 119;
[58] Радојчић С., 1996, 120; Расолкоска-Николовска З., 1995, 209 - 226; Окуњев Л.Н., 1929, 119;

ник II Палеолог, заедно со св. Ѓорѓи, кој во левата рака држи меч, како подарок наменет за кралот, во цел раст, е насликана на северниот ѕид на нартексот, денес мошне оштетена. Овде, недостасува Христос како кај другите ктиторски композиции, на кој кралот му ја дарува црквата. Христос се наоѓа на источниот ѕид на нартексот наспроти Богородица Параклисис со развиен свиток и испишан текст, свртена со главата кон Христос[59]. Тука всушност продолжува ктиторската композиција со кралските свети заштитници, св. Стефан Првомаченик и св. Ѓорѓи - Горг (брзопомошник).[60] Иако Христос е во југоисточниот агол на нартексот со отворено евангелие во едната рака и карактеристичен гест со другата рака, упатува благослов на кралот. Овој *Деисис*, од левата страна на Христос е придружен со Венијамин, како игумен на манастирот, современик на живописувањето на црквата[61].

На *јужниот ѕид*, во правец запад - исток се насликани седум испосници, од кој првиот е со уништено име: св. Павле Тивски, св. Арсениј, св. Евтимиј, св. Антониј Велики, потоа еден непознат схимник, и најпосле св. Теодосиј Киновијарх. Во *југозападнатa купола*, во калотата е насликано попрсје на евангелистот Матеј, а во тамбурот се насликани претстави со старозаветни цареви: Соломон, Ровоам, а другите се оштетени. *Во северозападната купола* во калотата е насликано попрсје на евангелистот Марко. Во тамбурот се насликани фигури на старозаветни праведници од кои се сочувани двајца, Рувим и Аврам. На пандантифите се насликани херувими. *На сводот* во нартексот и на сите други површини на ѕидовите, лаковите и столбовите во хронолошки ред се илустрирани деновите преку цела година, односно црковните *Календарски сцени (Менолог)*.[62]

Циклусот на календарските сцени започнува со *месец март* насликан во највисоката зона на средниот кораб на северната, источната и јужната страна, а тука се насликани и месеците април, мај и јуни. Од *месеците март и април* се сочувани мал број на претстави поради паѓањето на малтерот. Од зачуваните претстави се распознаваат: св. Александар (13 март) и св. Венедикт и Евсхимон (14 март). Под март, е насликан *месец април*. Но, од претставите се распознава само св. Симеон, сродник Господов, распнат на крст (27 април) и отсекување на главите на св. Максим, св. Дад и св. Кинтилијан (28 април). Под април е насликан *месец мај.* Се познава Смртта на св. Атанасиј Велики (2 мај), Мачеништвото на св. Силван и уште 40 маченици (4 мај), св. Теодор свештеник (5 мај), пророк Исаија (9 мај), Распетие на апостол Симон Зилат (10 мај), св. Мокие во пламен (11 мај), Отсекување на главата на св. Епифаниј, св. Диоскорид и св. Алфиј (12 мај), Отсекување на главата на св. Гликериј како и Мачеништвото на св. Александар (14 мај), св. Ахилиј епископ од Лариса (15 мај), Отсекување на главата на св. Телалеј (20 мај), Константин и Елена (21 мај), св. Василиск (22 мај) св. Мелетиј Стратилат (24 мај), Откровение на главата на св. Јован (25 мај), Мачеништвото на св. Хеликондиа (28 мај), св. Теодосија, девица фрлена во морска бездна (29 мај) и непрепознатлива сцена (31 мај). Под месец мај е насликан *месец јуни*: св. Јустин (1 јуни), Отсекување на главата на св. Лукијан (3 јуни), св. Митрофан, цариградски патријарх (4 јуни), св. Андреја Критски (5 јуни), св. Доротеј, епископ Тирски (6 јуни), св. Недела (7 јуни), св. Теодор Стратилат распнат на крст и стрелан со стрели (8 јуни), Отсекување на рацете и нозете на светите маченици Александар и Антонин (9 јуни), св. Антонин (10 јуни), св. апостол Вартоломеј во морето (11 јуни), св. Онуфриј (12 јуни), Отсекување на главата на св. Антонин (13 јуни), на самиот лак во медаљон, св. пророк Елисеј (14 јуни), а под него се св. Методиј, патријарх Цариградски и св. Кирил, епископ Гортински, св. пророк Амос (15 јуни), св. Тихон, епископ Аматуитски, Отсекување на главата на светите маченици Мануил, Савел и Исмаил (17 јуни), св. Хипај, епископ и Убивањето со чекан на св. Леонтиј и неговите двајца другари (18 јуни), св. апостол Јуда распнат на крст (19 јуни), Отсекување на главата на св. Методиј, епископ Патраски и св. Ари-

[59] Расолкоска - Николовска З., 1995, 214; Миљковиќ П., 1967,62; Радојчић С., 1996, 120; Окуњев Л.Н., 1929, 118 - 119;
[60] Ѓорѓиевски Д., 2011, 99, сл. 2;
[61] Тодић Б.,1993, 115; Петковић В. -Поповић П.,1933, 10; Миљковиќ П.,1967, 60 - 61; Ђурић В,1974, 51;
[62] Тодић Б., 1993, 115 - 117; Петковић В. - Поповић П., 1933, 4 - 9; Миљковиќ П.П, 1967, 62; Окуњев Л.Н., 1929, 92 - 96;

стоклија (20 јуни), Отсекување на главата на св. Јулијан, (21 јуни), Мачеништвото на св. Евсевиј, епископ Самосатски (22 јуни), св. Агрипина (23 јуни), Раѓање на св. Јован Претеча (24 јуни), св. Февронија (25 јуни), св. Давид Солунски (?) (26 јуни), св. Сампсон "Странопримец", св. Павле и останатите негови другари (27 јуни), св. апостоли Руф и Терапон со по еден ученик (28 јуни), Распетие на св. Петар и Отсекување на главата на св. Павле (29 јуни), и Собор на дванаесетте апостоли (30 јуни). *Месецот јули* започнува на северната страна од југозападниот столб на кој се потпира куполата, под која се насликани "неумитните врачи" Кузман и Дамјан (1 јули), под нив св. Петар Патрициј и св. Јувенал, епископ Ерусалимски (2 јули), св. Хијакинт, св. Анатолиј (патријарх цариградски), св. Марко и св. Мокиј (3 јули), Мачеништвото на св. Теодот и маченицата св. Теодотија (4 јули), над лакот на таа страна св. Теодор, св. Лампадиј, св. Марта, св. Кирилија, св. Фока и св. Астиј, епископ (5 јули), св. Сисое и св. Андреја Стратилат (6 јули), св. Исавр со другарите и преподобен Тома (7 јули), св. Прокопиј (8 јули), св. Панкратиј, св. Кирил, св. Пермутиј и св. Коприј (9 јули), Четириесет и пет маченици кои настрадале во Никопол ерменски (10 јули), св. Аполониј, св. Еуфимија и св. Акиндин (11 јули), св. Маркијан, св. Марија, св. Прокл и Иларион (12 јули), св. Пров, Андреја, Акила (епископ) и Серапион (13 јули), св. Ираклиј и преподобен Јосиф (14 јули), св. Јуст, св. Епифаниј, св. Јулита и св. Кирик (15 јули), Мачеништвото на св. Онисифор и Порфириј (16 јули), св. Антиох, св. Антиноген и св. Марина (17 јули), св. Емилијан и св. Хијакинт (18 јули), св. Стефан (епископ), св. Јован (епископ) и св. Маркина (19 јули), Вознесение на св. Илија на небо (20 јули) и пророк Езекил (21 јули). Останатите претстави на деновите од месец јули не се пронајдени. *Месецот август* започнува на испадот од северозападниот столб, на кој се потпира куполата. Тоа се: Седумте св. Макавеи со мајка им Соломонија и учителот Елеазар, кои се празнуваат на 1 август, како и св. Леонтиј и св. Атик. Црковните празници продолжуваат со: св. првомаченик Стефан (2 август), св. Фауст, св. Далмат и св. Теодора Солунска (3 август) и Седум заспани момчиња од Ефес (4 август). Понатаму претставите на месец август преминуваат во долната зона на северниот ѕид во правец исток - запад: Преображение (6 август), св. Дометиј (7 август), св. Емилијан (8 август), над него св. Матеј (9 август), св. Лаврентиј (10 август), Отсекување на главата на св. Евпло (11 август), св. Фотие и Аникита во пламен (12 август), На св. Максим исповедник му сечат раце и јазик (13 август), пророк Михеј (14 август), на западниот ѕид, *Успение на Богородица* (15 август), Неракотворниот образ на Христос (16 август),



Преображение Христово, северен ѕид, нартекс
Transfiguration of the Christ, north wall, narthex

Отсекување на главата на св. Павле и св. Јулијан (17 август), Фрлање во бунар на св. Флор и св. Лавр (18 август), св. Андреја Стратилат (19 август), пророк Самуил (20 август), св. Васа со другарките (21 август), повеќе непознати светители (22 и 23 август) и св. Тимотеј со другарите (24 август). Останатите претстави на деновите од месец август не се пронајдени. *Месецот септември* е насликан во горната зона на северниот кораб во нартексот. Сé до 14 септември, претставите со поединечни денови се исчезнати. Под 14 септември е насликно Подигање на чесниот крст, под 15-ти св. Никита, св. Филотеј и св. Максим, понатаму следат: св. Титон Римски и св. Еуфимиј (16 септември), *Св. Премудрост* со ќерките Љубов, Вера и Нада (17 септември), св. Евмениј, епископ (18 септември), Отсекување на главата на св. Трофим и неговите двајца другари (19 септември), Усмртување на св. Евстатиј со жената и детето во зажарен вол од бакар (20 септември), св. Кодрат во пламен (21 септември), св. Фока (22 септември), Ангел му јавува на Захариј пред олтарот за зачнувањето на Јован (23 септември), св. Пафунтиј обесен за дрво (25 септември), Отсекување на главата на св. Епихариј (27 септември), св. Харитон, исповедник и Маченииштвото на св. Алфиј со другарите (28 септември) и завршува со Усекување на главите на св. Дад и св. Говдел (29 септември). *Месецот октомври* започнува во аголот каде од западниот ѕид се допира со лак кој го поврзува со столбот во северниот кораб на нартексот. Тука се: св. апостол Ананиј, св. Роман, св. игумен Михаил и неговите другари (1 октомври), св. Домнин, св. Кипријан и св. Теодул, епи-





Календарски сцени, горни зони, нартекс
The Calendar scenes, upper zones, narthex

скоп ? (2 октомври), св. Дионисиј Ареопагит (3 октомври), св. Дионисиј Александриски и св. Доротеј (4 октомври), св. Кесариј, Каменување на св. Дометиј и Отсекување на главата на св. Петар Капитолиски (5 октомври, во синаксарот е забележан под 4 октомври), св. апостол Тома и св. Харитиниј (6 октомври), св. Никита (7 октомври), Две св. Пелагии (8 октомври), Усмртување на св. Јаков Алфеев со воловски жили (9 октомври), Отсекување на главите на св. Евлампиј и св. Евлампија (10 октомври), св. Васијан, св. Јаков и св. апостол Филип (11 октомври), Отсекување на главата на св. Пров, Тарах и Андроник (12 октомври), св. Карп со другарите во пламен, св. Папил и св. Агатадор (13 октомври), св. Назарие со другарите (14 октомври), св. Лукијан фрлен во вода и св. Савин, епископ (15 октомври), Отсекување на главата на св. Лонгин (16 октомври), пророк Јосиј (17 октомври), св. Лука и св. Марин (18 октомври), пророк Јоил (19 октомври), Отсекување на главата на св. Артемиј, св. Теренциј, св. Силван и св. Јуст (20 октомври), св. Иларион и св. Дасиј (?) со другарите (21 октомври), св. Александар и Отсекување на главата на св. Јаков, брат Божји (23 октомври), св. Арета со другарите и св. Прокл (24 октомври), Отсекување на главите на св. Маркијан и св. Мартириј (25 октомври), Маченииштвото на св. Димитрија (26 октомври), Отсекување на главата на св. Нестор (27 октомври), св. Аврамиј и св. Киријак (28 октомври), св. Клаудиј со другарите (29 октомври), св. Епимах (30 октомври), покрај него св. Зиновиј и сестра му Зиновија (31 октомври). Во синаксарот 30 е ставен на 31 октомври, а 31 на 30 октомври. *Месецот*

*ноември* започнува над капителот на северниот столб. Тука се: св. бесребреници Кузман и Дамјан (1 ноември), св. Атик и св. Евдокија (2 ноември), св. Аитал, Јосиф и Акепсим, епископ (3 ноември), св. чудотворец Јоаникиј (4 ноември), св. Кесариј и св. Никандор (5 ноември), св. Галактион и св. Епитимиј (6 ноември), св. Хиерон (7 ноември), св. Мартин (8 ноември), св. Антониј (9 ноември) и св. Иродион (10 ноември). Останатите претстави на деновите од месецот ноември не се пронајдени. *Месецот декември* е илустриран во јужниот кораб на нартексот, на јужниот и на западниот ѕид. Сé до 19 декември претставите со поединечните денови или исчезнале или не можат да се идентификуваат. Сочувани се: Маченииштвото на св. Бонифациј (19 декември), св. Игнатиј (20 декември), св. Јулијана (21 декември), св. Атанасиј и Отсекување на главата на св. Хрисогон (22 декември), Маченииштво на десетте маченици настрадани на Крит (23 декември), св. Никола, монах (24 декември), Раѓање Христово (25 декември), св. Евтимиј (?) епископ на Сердика (26 декември), Каменување на св. Стефан (27 декември), на источната страна од јужниот кораб на нартексот, над Крштение Христово, по сé изгледа е насликан Колежот на децата во Витлеем (29 декември). *Месецот јануари* започнува на јужниот ѕид на нартексот: се распознава некое Распетие со по еден архиепископ од двете страни, схимник и запис во кој се споменува св. Петар (1 и 2 јануари), Отсекување на главите на св. Гордиј и пророкот св. Малахиј (3 јануари), св. Зосим и пустоножителот св. Атанасиј (4 јануари), покрај нив се: св. Аполинарија, св. Григориј и св. Синклитика, кои се слават на 5 јануари, Крштение Христово (6 јануари), Каменување на св. Теофил (8 јануари), св. Григориј Нисиски и св. Дометиј (10 јануари), св. Теодосиј и св. Теодосија (11 јануари), св. Петар во огин (12 јануари), св. Јермил и Стратоник (13 јануари), св. игумени на Синајската гора (14 јануари), св. Павле Тивски, св. Јован Куќник и св. Пансофиј (15 јануари), св. апостол Петар во темница (16 јануари), св. Антониј Велики (18 јануари), св. Полиевкт во оган (19 јануари), св. Васоис, Евсевиј, Евтихиј, Василидис и св Евтимиј (20 јануари), св. Максим Исповедник, св. Зосим и св. Викентиј (21 јануари), св. Мануил и Исогиј со другарите (22 јануари), св. Агатангел со другарите (23 јануари), св. Ксенија и св. Вавила со другарите (24 јануари), Пренесување на моштите на св. Григориј Богослов (25 јануари). Останатите денови од јануари не можат да се идентификуваат. *Месецот февруари* започнува на северната страна на југозападниот столб кој ја носи куполата со претставите на св. Трифун и св. Вендемијан (1 февруари). Под нив следуваат: Сретение Господово (2 февруари), св. Симеон Богопримец (Теодох) и св. Никандар ? (3 февруари), св. Исидор, долу Усекование на св. Папиј и св. Диодор (4 февруари, а во синаксарот се забележани под 3 февруари), св. Агата и преподобен Полиевкт (5 февруари), св. Јулијан во оган и св. Аврамие, под нив се: св. Фаустина, Евплисија и Максимијана фрлени во зажарена крава од бакар (6 февруари), 600 маченици во Никомидија (7 февруари), пророк Захарие и св. Теодор Стратилат (8 февруари), св. Теодосиј и маченииштвото на св. Никифор и другарите (9 февруари), св. Харалампиј со другарите фрлени во вода (10 февруари), св. Власиј, епископ Севастиски (11 февруари), св. Мелетиј, патријарх Антиохиски и св. Евлог, патријарх Александриски (12 февруари), св. Мартиријан (13 февруари), св. Авксентиј (14 февруари), св. апостол Онисим кого го убиваат два џелати со чекани (15 февруари), св. Памфил со другарите (16 февруари), св. Теодор Тирон во пламен и св. Козма архиереј (17 февруари), св. Леон, папа Римски или св. Агапит, епископ Синајски (18 февруари), сé до 25 февруари претставите не можат да се најдат, св. Тарасиј, патријарх Цариградски (25 февруари), два схимника (26 февруари), св. исповедници Василиј и Прокопиј (27 февруари) и св. Талалеј со другарите (28 февруари). Може да се забележи дека сцените од *Календарските црковни празници*, започнуваат со месецот септември на источниот ѕид на нартексот, и не се распоредени една по друга во иста зона, туку се групираат во еден простор и се наоѓаат недалеку една од друга. Вакви циклуси биле сликани во нартексот на црквата Четириесет маченици во Трново, Бугарија (1232), Св. Никола Орфанос во Солун, манастир Дечани, и во Пеќска патријаршија (1330 - 1337) пресликани во 1565 година, а поретко во други простори на црквите, како што се Грачаница и Трескавец (1334 - 1343)[63].

Над главниот влез од западниот ѕид, во нартексот е композицијата *Успение на св. Богородица*, која не е вообичаена како во другите цркви, таа е уникатна поради спојување на повеќе епизоди на *Успенскиот циклус* во еден, и поради претставите на пророците на небото со свитоци

[63] Тодић Б., 1993, 117; Миљковиќ П., 1967, 201 - 217 ; Коруновски С. - Димитрова Е., 2006, 161 - 168 ;

(ротулуси) и апостолите над нив. Имено, пророците ја слават Богородица како Теотокос, нејзиното безгрешно зачнување и Христовото овоплотување. На тој начин темата со Христовата инкарнација е многу присутна во декорацијата на оваа црква и заедно со *Успението на Богородица* имаат големо значење. За покажување на ваквите идеи, старозаветни објави на Христовото доаѓање на свет, двајцата зографи се послужиле со ист образец и на источниот ѕид на наосот, под *Благовести*, со илустрација на песната *Пророците те најавија*, со двајцата пророци со ротулуси, св. Данил и св. Јаков. Порано, ваква сцена била насликана во Богородица Љевишка во Призрен и Богородица Перивлепта во Мистра. Покрај секој пророк ставиле предмет со кој се сликаат во споменатата претстава, според ерминијата. Ова е единствен случај на мешање на две теми: *Успение на Богородица* и *Пророците те најавија*, секако дека Успението со одредени текстови го диктирала тој спој, а од втората тема е позајмен само иконографскиот облик[64].

Зографите Михајло и Евтихиј живописувале во повеќе цркви на Балканот (Македонија, Србија, Грција), во Св. Богородица Перивлептос во Охрид (1295), Св. Никита во Бањани, Скопско (1324), во католиконот на манастирот Св. Прохор Пчињски, Св. Јоаким и Ана (Краљева црква) во Студеница (1315), потоа Св. Богородица Љевишка во Призрен (1307/08), црквата Благовештение во Грачаница кај Приштина, во нартексот на Св. Апостоли во Пеќ, во капелата на Св. Евтимиј во Солун, во католиконите на Хилендар и Ватопед и Св. Богородица во Протатон на Света Гора.[65] Во целина гледано, сликарството на Михајло и Евтихиј се одликува со прецизен цртеж во обликување на формите, богата колористичка палета со полутонови и наративно прикажување на фигурите и елементите во просторот. Ликовите ги сликаат со еден нијансиран израз на чувствата, со живо движење и динамика, со стремеж за диференцирање, а на места е задржан принципот на симетричност и монументализирање на ликовите, како што е *Причестување на апостолите* во олтарската апсида, особено *сцените од животот и страдањата на Исус Христос*, нешто порано изведени во Краљева црква во Студеница. Со своето творештво докажале дека се работи за високо образувани уметници на цариградски стил во оформување на еден нов стил т.н. *стил на ренесанса на Палеолозите*, кои токму овде во старонагоричкиот храм го постигнале својот врв во уметничка и теолошка смисла на зборот. Оттаму, познавачите на средновековната уметност со право укажуваат дека храмот претставува вистинска богата и неповторлива галерија на фрески, ремек - дело на византискиот класицизам од XIV век, и воопшто во историјата на средновековната уметност во Македонија, на Балканот и пошироко.[66]

Денес, црквата има нови царски двери во плитка резба од ореово дрво со цели фигури од *Благовести*, св. Богородица и архангел Гаврил, порабени со флорална и геометриска плетерна орнаментика по примерот на дверите од Марков манастир од XVII век, изработени од дебарските браќа резбари Нестор и Лазар Алексиеви од Осој, Дебарско, во 1932 година, потомци на Петре Филиповски - Гарката, еден од најплодните копаничари во Македонија од XIX век.[67]

Црквата Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричино по својата архитектура и живопис, спаѓа во најзначајните средновековни византиски споменици на културата во Републикава, на Балканот и пошироко.

---

[64] Тодић Б., 1993, 105 ;

[65] Миљковиќ П., 1967, 60 - 61; Марковић М., 2004, 95 - 112; Според Миодраг Марковиќ останува отворено прашањето за истражувачите историчари на уметноста, што се однесува до потписите на двајцата споменати зографи Михајло Астрапа и Евтихиј (дали Евтихиј е татко на Михајло), или пак се работи за еден зограф, Михајло Астрапа Евтихиев; Ђорђиевски Д., 2012, 9 - 16;

[66] Миљковиќ П. - Пепек, 1967, 217 - 222; Тодић Б., 1993, 127 - 136; Окуњев Л.Н., 1929, 89 - 92;

[67] Несторовски Б. - Несторовска Р., 2002, 145 - 146;

# УСПЕНИЕ НА СВ. БОГОРОДИЦА ВО МАТЕЈЧЕ
# - МАНАСТИР МАТЕЈЧЕ -

Манастирот Матејче со црквата *Усӣение на св. Боīородица,* сместена на падините на Скопска Црна Гора е оддалечен 32 км. северозападно од Куманово, во општината Липково. Покрај старонагоричкиот храм, и тој е еден од најзначајните средновековни византиски споменици во Македонија и на Балканот од XIV век.[68] Според оскудните историски податоци, црквата е изградена врз темели на постара сакрална градба, посветена на Богородица Црногорска. Во отсуство на пишани податоци и ктиторски запис, подолго време во науката постоело мислење дека црквата ја изградил Стефан Урош V (1355 - 1371), син на цар Душан, во периодот од 1356 до 1360 година. Српскиот патријарх Пајсие, во биографијата на цар Урош V, споменува дека манастирот започнал да го гради српскиот цар Стефан Урош IV Душан (1345 - 1355) со неговата жена, царица Елена, ќерка на деспот Страцимир и сестра на бугарскиот цар Иван Александар Асен (1331 - 1371), а го довршил син му Урош. Долго време тоа мислење го делеле и повеќе истражувачи врз основа на владетелските портрети насликани на јужниот ѕид на наосот, блиску до олтарот. Првите поопширни записи за манастирот Матејче ги сретнуваме во 1892 година кај Јован Хаџи Васиљевиќ, кој го посетил манастирот во 1889 година.[69] Руската експедиција во почетокот на XX век, водена од Н. П. Кондаков, оставила исто така куси белешки за постоење на историски





"Успение на св. Богородица" - манастир Матејче, западна (лево), и јужна фасада (десно), 1346/48 година
Church "Assumption"- Matejche Monastery, west (left) and south facade (right), year 1346/48

личности во живописот на оваа црква.[70] Во 1930 година Н. Окуњев е првиот автор кој напишал поопширен монографски приказ за живописот на манастирот Матејче, каде посебно се задржал на ктиторските портрети и нивните иконографски необичности, имено за белиот превез на царица Елена, која го носи на главата мислел дека е знак на жалост за смртта на цар Душан. Таквото негово мислење имало силно влијание врз старата иконографија, но и врз поновите проучувања.[71] Истата година, В. Петковиќ во својот прв голем преглед на старата српска уметност, за ктитори на манастирот Матејче ги сметал царот Душан и син му Урош, а ваквите опсервации ги повторил по две децении, во своето капитално дело од 1950 година. С. Радојчиќ, пак, како голем проучувач на српските средновековни портерти, во целост ја прифатил хронологијата на Окуњев. Со најновите истражувања, ктиторската композиција претставува посложена идејна целина во која освен владетелските личности учествуваат и свештените лица, високи достоинственици од

---

[68] Панов М., 1989, 193; Хаџи - Васиљевиќ Ј., 1909, 215 - 218; Кораћ В. - Шупут М., 1974, 343 - 344;
[69] Хаџи Васиљевић, Ј., 1892, 182 - 189;
[70] Кондаков П, Н., 1909, 199 - 200, сл. 138 - 141; Трайчевъ Г., 1933, 84 – 86; Ивановъ Й., 1970,135 – 137;
[71] Окуњев Л.Н., 1930, 89 - 113; Ќорнаков Д., 2009, 94 - 95;

времето на цар Душан, со што попрецизно ја одредуваат годината на изградбата и живописот на манастирската црква.

На источниот ѕид на наосот, лево од влезот на протезисот е насликан игуменот Макариј, а како негов пандан, северно од влезот на ѓакониконот е насликан еден непознат архиерej без сигнатура, со св. Јован Претеча до него, со молитвен став кон патронот на храмот, Богородица Одигитрија (Црногорска), насликана во лунетата над влезот во ѓакониконот. За високиот црковен достоинственик - непознатиот архиереј, постојат поделени мислења. Една група истражувачи на средновековното византиско сликарство е на мислење дека се работи за првиот српски патријарх Јоаникиј, а друга, дека се работи за скопскиот митрополит Јован, прв митрополит и архиепископ на Скопската митрополија во 1346 година, кој уживал голем углед кај цар Душан.[72] Од друга страна, ако владетелските портрети се споредат со другите цркви, особено возраста на младиот Урош, најмногу одговараат со претставите во ексонартексот на Сопоќани (1342/45), Св. Никола во Љуботен (1344/45), во нартексот на Дечани (1346/47) и во манастирот Лесново (1349). Со помала возраст, младиот Урош е претставен во јужниот параклис на Дечани (1340), во Полошки манастир (1343), и во Љуботен (1344). Истражувачите забележале дека додека бил мал Урош, редовно е сликан во средината помеѓу своите родители, царица Елена и цар Душан, како на пример, во Бела Црква Каранска (1340/42) и Добрун (1343), во ѓакониконот на Дечани, Сопоќани и Полошкиот манастир. Подоцна, цар Душан е сликан во средината, помеѓу сопругата и синот, како на пример во Љуботен (1344/45), во нартексот на Дечани (1346/47) и Лесново (1349). Според откритијата на ктиторските композициии во Св. Никола Болнички (1345) и во Св. Димитрија од Пеќската патријаршија (1345) покажуваат дека иконографијата на владетелското семејство во голема мера зависела од историскиот миг и дека често била одраз на историските прилики. Со распоредот на сложената ктиторска композиција во Матејче, личностите на владетелското семејство на јужниот ѕид на наосот, кои архиѓакон Стефан ги приведува кон Богородица блиску до олтарот и претставите на ликовите од црковната власт, игуменот Макариј (до влезот на протезисот), и спротивно од него, како пандан на св. Јован Претеча и црковниот достоинственик Јован, или Јоаникиј (?) до влезот во ѓакониконот, во Деисисната композиција со Богородица Одигитрија - патрон на црквата во лунетата над влезот во ѓакониконот, и јужно од неа, Христос Пантократор насликан во лунетата над јужниот влез на наосот, како единство на световната и црковната власт, може да се заклучи дека живописот на црквата бил извршен по 1346 година, односно во временски рамки од 1348 до 1352 година, што значи изградбата на овој манастир била завршена во 1346/48 година за време на цар Душан (1345 - 1355). Тоа го потврдува и генеалошкото стебло на византиските цареви, како во Дечани, насликано на северната страна на западниот ѕид во нартексот, каде на врвот се наоѓа цар Душан.[73]

Црквата претставува монументална *пеШкуПолна Градба, Шрокорабна базилика* со впишан крст во правоаголната основа и поиздолжен крак кон исток.[74] Вакви градби се граделе и порано во XI век, во Св. Теодори во Атина, цркви бр. 3 и 4 во Преслав, Бугарија, Св. Герман на Преспа, околу 1006 година, а во почеток на XIV век во Св. Апостоли и Св. Катерина во Солун, Св. Никита, Скопско од 1307 година, Св. Богородица Љевишка кај Призрен, 1307/08 година и Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричино, обновена во 1313 година. Матејачкиот манастир на источната страна има троделна олтарска апсида од надвор, централна и две бочни мали капели (ѓаконикон и протезис), што е новина во цариградските струења. Појавата на две мали капели на источната страна се сретнува и кај Св. Богородица Љевишка во Призрен. Централната апсида од надвор е петострана, оживеана со декоративни длабоки ниши од тула, а бочните се полукружни. Петострани апсиди имале репрезентативните кралски задолжбини изградени во првата половина на XIV век во Со-

[72] Цветковски С., 1996, 525 - 533, сл. 1 и 2; цртеж 1; Димитрова Е., 2002, 262;

[73] Димитрова Е., 2002, 262 - 267; Цветковски С., 1996, 533 - 536; Радојчић С., 1996, 47 - 49, 59; Петковић В., 1950, 185; Цветковски С., 2008, 153 - 167; Окуњев Л.Н., 1930, 89 -113;

[74] Бошковић Ђ.,1976, 141; Зисовска Ј., 1994, 47; Петковић В., 1950, 185 -186; сл. 538 - 541; Хаџи -Васиљевић Ј., 1909, 448 - 459; Кораћ В. - Шупут М., 1998, 343 - 344; Масевски Д. Ђ Арсовски М., 1996, 133 - 136; Благојевић М. - Петковић С., 1989, 202; Масевски Д, 2006, 78 - 79; Николовски А. - Ќорнаков Д. - Балабанов К., 1971, 59 - 60; Окуњев Л.Н., 1930, 93 - 94;

лун, Бугарија и Мистра, како и на територијата на Србија и Македонија, како што е обновената апсида во Старо Нагоричино, Св. Никита (1307/08), Св. Архангели во Призрен (1348/52) и помалите цркви: Св. Богородица во Кучевиште (1330), Св. Никола во Љуботен (1336 /37) и Св. Димитрија од Марковиот манастир (1346). Централната апсида е декорирана со бифора во која се наоѓа камена колонета со керамопластична декорација во тимпанонот над неа и е мошне слична со Богородица Перивлепта во Охрид (1295), Св. Никола во Прилеп (1298), Св. Богородица во Кучевиште, Св. Андреја на Треска (1388 /89), Паригоритиса во Арта (1289/96), Панагија Олимпиатиса во Еласон (околу 1300) и др.[75] Црквата има пет куполи, една централна и четири помали странични куполи. Појавата на пет куполи е исто така една новина за XIV век во византиската архитектура. Освен во Старо Нагоричино и Матејче се сретнуваат на Грачаница и Богородица Љевишка. Централната купола е дванаесетстрана и се потпира на четири столба. Многу е ретка појавата на дванаесетстрана купола на овие наши простори, а ја има само на црквата Св. Архангели во Призрен и на манастирот Хилендар во Света Гора. Четирите бочни куполи се осмострани и не се поставени дијагонално кон централната купола, туку се поместени дури на аглите на основата, а помеѓу нив и краците на крстот се наоѓа по еден мал крстест свод. Карактеристично е што прозорците на бочните куполи, не се пробиени. Такви затворени монофори се сретнуваат и на старонагоричката црква и на Св. Богородица Љевишка. Западниот крак на крстот е прекршен



Бифора на апсидата, источна фасада, детаљ
Double lance window on the apse, east facade, detail



Керамопластична декорација, бочна купола
Ceramic - plastic decoration, side dome

на два ката, па така на западната страна е формиран низок нартекс, понизок од наосот, засведен со крстести сводови. Површината на фасадите е разиграна со керамопластична декорација од наизменично редење на камен и тула, разиграна со пиластри, окулуси, монофори, бифори, трифори, слепи архиволти и лезени. И овде, како во Старо Нагоричино, на куполите има појава на тимпанони од радијално наредени тули над монофорите кои се сретнуваат кај повеќето византиски цркви: Св. Апостоли во Солун (1310/14), Св. Архангели во Штип (1332), манастирот Лесново (1340/41), Св. Димитрија од Марков манастир (1346) и Св. Андреја на Треска (1388/89). Мотивите на пиластри поврзани со архиволти ги сретнуваме на цариградските средновековни византиски градби Календар - Хане џамија, Шејк Мурат - Мешчиди, Атик Мустафа - паша џамија и градбите надвор од престолнината, Дафни, Амфиса, Св. Лука во Фокида, Богородица Ликодиму и Петраки во Атина. Фасадите се разбиени со плитки лезени кои во доцновизантискиот период се појавуваат во Месемврија, Арта, Солун и Мистра, со исклучок на Цариград. Кај нас, во средновековна Србија и на територијата на Македонија се сретнуваат на Св. Спас во Призрен, Воведение Богородичино во Липљан кај Грачаница, Св. Архангели кај Призрен (1348/52), Марков манастир (1346), малите цркви во Девич и Модриште на реката Треска и нешто порано на Св. Никита

[75] Крстиќ С., 2010, 5 - 7, сл. 13 - 18;

во Бањани.[76] Ентериерот на црквата е разбиен со по два масивни четвртести столбови, кои го делат наосот на три кораби. При влезот во нартексот од западната страна, на средината по ширина на црквата се забележува трибилон со два ниски кружни стобла со мермерни капители украсени со скулптурална декорација од машка глава, орел, стилизирани акантусови лисја и глава на овен, во горниот дел поврзани со лак. Аналогии на вакви капители наоѓаме во Св. Никола во Љуботен (1336/37) и Св. Атанасие во Лешок (1348/55).[77]

*Петнаесеттина циклуси* и мноштво фигури ги красат ѕидовите на овој храм, втор по големина во средновековна Србија, после Дечанскиот манастир. Иако малку, во куполата се сочувани фрагменти од *Големите празници. Страдањата и сцените по воскреснувањето на Христос* се малку подобро сочувани, а сцените со *Чудата и параболите Христови* се распоредени по ѕидовите на наосот, во горните зони. Литургиските и евхаристичните сцени во олтарот се во подобра состојба. Истакнато место добил циклусот со патронот на храмот, св. Богородица,



Ентериер со трибилон за влез во наос
Interior with three arch entrance in nave

во проскомидијата каде е раскажан нејзиниот живот. По должина на целиот јужен ѕид на црквата, во втората зона е прикажан циклусот со *Акатистот на св. Богородица*, додека црковниот празник, *Успението на св. Богородица* е претставено на западниот ѕид на наосот, каде речиси половината недостасува. На северниот ѕид на наосот се распоредени сцените со *Делата Апостолски.* Низ посебни циклуси се прославуваат и поединечниии светители: Јован Претеча, Антониј Велики, Димитрија, пророк Илија, архангел Михаил, сирискиот цар Авгар, како и циклусот на *Седумте Вселенски собори.*[78]

---

[76] Димитрова Е., 2002, 39 - 74; Коруновски С.,- Димитрова Е., 2006, 126 - 130;
[77] Петров К., 1963, 34 - 42; Крстиќ С., 2010а, 8, сл.19 ;
[78] Димитрова Е., 2002, 75 - 226; Петковић В.,1950, 185 - 188; Ђурић В., 1974, 70; Петковић В., 1950, 185-188; Хаџи-Васиљевић Ј., 1892, 182 – 189 ;

Во *олтарската апсида* во конхата е насликана Богородица Оранта фланкирана со два архангели, денес фрагментарно сочувана во долниот дел. Под неа, во третата зона е сцената со *Причестувањето на апостолите*. Во втората зона се насликани сцени од циклусот на *Акатистот на Богородица,* кои продолжуваат на јужниот ѕид во наосот. Под нив, во првата зона е насликана *Литургиската служба на архиереите,* кои се поклонуваат на *Агнец Божји* (Христос - жртва), кој лежи на патена. Северно од *Агнец* се насликани светите архиереи во цел раст: св. Василиј Велики, св. Кирил Александриски, св. Игнатиј Богоносец (?), св. Григориј Акрагантски, св. Григориј Чудотворец, св. Григориј Нисиски, а јужно: св. Јован Златоуст, св. Григориј Богослов, св. Атанасиј Александриски, св. Епифаниј, св. Никола и св. Јован Милостив. Над бифората во апсидата е насликана биста на архангел Михаил. На ѕидовите во олтарот, во третата зона започнуваат сцените од *Страдањата Христови* и продолжуваат на сводовите во наосот, а во четвртата зона завршуваат сцените од *Параболите и чудата Христови* насликани во горните зони на наосот. На источниот ѕид над олтарот започнуваат сцените со *Посмртните јавувања на Христос* и завршуваат на североисточниот столб во наосот.[79]

Во ***протезисот*** е насликан циклусот од *Апокрифниот живот на св. Богородица*. Во конхата на апсидата е насликана *Божиќната химна* "Што ќе ти принесеме Христосе", денес речиси сосема уништена, во која учествуваат еден цар и еден патријарх, една од најубавите црковни песни во византиската литература, според стихирата на Јован Дамаскин (ја има во Спасовата црква во Жича). На северниот пиластер се насликани група луѓе и велможи со нечитливи сигнатури, а како пандан на нив, на јужниот пиластер е насликана сцената *Јавувањето на ангелот на пастирите*. Под неа е низа од бисти на архиереи од кои се сочувани само двајца, но кои не се распознаваат и продолжува на јужниот ѕид со св. Ананиј, св. Партениј, св. Модест, епископ Ерусалимски, еден непознат лик на пиластерот, св. Вавила и св. Георги Хозевит, на западниот ѕид со четири бисти на непознати архиереи, додека на северниот ѕид од две бисти се распознава св. Петар, патријарх Цариградски, а на пиластерот св. Силвестер. Во најдолната, прва зона е насликана сцената: *Молитва на проскомидијата*, каде малиот Христос лежи на олтар во диск како жртва, а први жртвата ја принесуваат св. Василиј, лево и св. Јован Златоуст, десно од него. Северно од *Христос Агнец*, зад св. Василиј Велики, се редат: св. Мартин папа, св. Симеон, св. Јуда епископ, и св. Јаков, брат Божји. Јужно од Агнец, зад св. Јован Златоуст се редат, св. Макариј Ерусалимски, еден непознат архиереј и на западниот ѕид св. Павле Исповедник до влезот, пандан на Игнатиј Богоносец, северно од влезот. Во третата и четвртата зона на ѕидовите на протезисот се насликани *Апокрифните сцени од житието на св. Богородица*: *Одбивање на даровите на Јоаким и Ана*, дводелната композиција *Благовести на Јоаким и Ана* и *Плачот на Јоаким во пустина*, *Молитвата на Ана*, *Раѓање на Марија* (Богородица), *Првите чекори на Богородица*, *Благословот на Богородица од страна на три ерарси*, *Јоаким и Ана ја милуваат малата Богородица*, *Воведение на малата Богородица во храм*, *Молитвата на Захарие пред жезлата на просјаците*, *Свршувачката (предавањето) на Марија со Јосиф*, *Благовести крај бунарот*, *Сомневањето на Јосиф во девственоста на Марија,* и *Марија пие вода за прочистување*. Богородичното житие обично се слика во проскомидијата или во капелите и припратите на црквите, а со оглед на тоа што е доста раширен култ, се сретнува во повеќе споменици: во проскомидијата на Сопоќани (1263 - 1268), во припратата  на манастирската црква Св. Богородица во Градац (1278), во наосот на Богородичината црква во Сушица, Скопско (крај на XIII век), во јужната капела во Жича (1309 - 1316), во Краљева црква во Студеница (1314 ?), во протезисот на Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричино (1316/18), Успение на св. Богородица во Грачаница (1321), во протезисот, олтарот и наосот на Св. Богородица во Кучевиште (до 1331) и Христос Пантократор во Дечани (до крај на 1345).[80]

Во ***ѓакониконот*** на источниот ѕид, во апсидата во првата зона е насликана композицијата *Визија на св. Петар Александриски*, а над неа, во втората зона е насликана низа од бисти на светите архиереи, северно од монофората: св. Антипа и св. Патапиј, која продолжува на северниот ѕид со тројца архиереи: св. Вавила епископ Антиохиски, св. Климент Анкириски, св. Кли-

---

[79] Димитрова Е., 2002, 85 - 92; Окуњев Л.Н., 1930, 94 - 96;

[80] Димитрова Е., 2002,  92 - 110; Окуњев Л.Н., 1930, 99;

мент Охридски и св. Ипатиј, во нишата, а јужно св. Харалампие и св. Тимон, која продолжува на јужниот ѕид со св. Силваниј и западно од него св. Самсон Странопримец. Над монофората во кружен медалјон е насликан крст со криптограм. Во горните, третата и четвртата зона е илустриран циклусот од *Чудата на светите арханѓели* поврзани со библиски сцени од старозаветниот праведен Аврам и трите ангели: *Аврам повикува три анѓели во својот дом*, на северниот пиластер, *Гостољубието на Аврам* и *Аврамова жртва*, јужно од апсидата. На јужниот ѕид во ѓакониконот се насликани архангел Михаил и Гаврил како држат медалјон со лик на млад Христос, а во лунетата најгоре е *Исцелување во ерусалимската бања Витезда,* едно од чудата на архангелите, под него е сцената *Чудото на арханѓел Михаил во Хона* и *Гедеонова жртва*. На западниот ѕид, во третата зона се три сцени: *Чудото во Витезда* (*Паѓањето на Сотоната*), *Валаам сопрен од анѓелот,* и *Три еврејски момчиња во зажарена печка*. Над апсидалната конха на источниот ѕид е насликан *Соборот на анѓелите*, кои го прославуваат *Паѓањето на Сотоната*. Како дел од архангелскиот циклус е *Св. Тројство*, прикажано во лунетата на северниот ѕид на ѓакониконот во четвртата зона, ретка и единствена претстава на *Св. Троица*, Бог - татко како Старец на деновите, Бог - син како Емануил (млад) и Бог - дух (свет) како гулаб, еден покрај друг



Фрески во апсида на ѓаконикон
Frescoes in the apse on the sacristy

на престоли. Дури подоцна оваа иконографска формула се повторува на Запад. Под оваа претстава се насликани во два реда по три огнени престоли, симбол на ангелските сили, во кои се сместени прикази на шестокрилните серафими. Овде се наоѓа уште една алегориска претстава на *Св. Тројство*, прикажана во сцената *Гостољубието на Аврам*, на источниот ѕид, со три ангели седнати на маса од кои средниот е со крст во нимбот. Матејче е единствениот споменик во кој, во рамките на *Арханѓелскиот циклус* е претставено *Св. Тројство*. Во калотата и тамбурот на куполата исчезнале претставите, а на пандантифите се насликани серафими.[81]

[81] Eadem, 110 - 124; Ibid, 104 - 105;

Најмногу циклуси се насликани во *наосот,* распоредени на ѕидовите, на сводните површини и на столбовите. Меѓутоа, горните зони се мошне оштетени, така што се наѕира по некој лик на пророци во централната купола, попрсја на *Четириесетте севастиски маченици*, во прстенот на тамбурот, како во Лесновскиот манастир (1346/47) и св. Богородица во Кучевиште (1331), иконографски слични со северната капела на Св. Софија во Охрид од XI век, евангелисти на пандантифите, а тука се и *Големите празници*. На ѕидовите и столбовите на наосот се распоредени: *Чудата и параболите Христови*, *Христовите страдања*, *Христовите посмртни јавувања*, *Акатистот на св. Богородица*, *Успението на Богородица*, *Делата Апостолски*, циклусот со *св. Јован Крстител*, претставите на светителите и *Ктиторската композиција*.[82]

*Циклусот на Големите празници* се наоѓа во поткуполниот простор на храмот и речиси е целосно уништен, од кои денес има само фрагменти, на источната страна помеѓу североисточниот и северозападниот столб се насликани *Благовести*, а на јужниот дел *Симнување на св. Дух*. Другите сцени кои некогаш биле насликани, *Раѓање Христово*, *Влегување во Ерусалим* и *Преображение*, денеска се исчезнати. Најсочувана е претставата на *Благовести* чии аналогии се сретнуваат во повеќе споменици: Св. Евтимиј во Солун (1303), Краљева црква во Студеница (1314), Св. Спас во Верија, Св. Никита, Скопско (1320) и во Дечани (1345).

Под овие претстави, во четвртата зона (на сводовите), бил насликан циклусот на *Чудата и параболите Христови* од кои се сочувани неколку сцени: на северниот ѕид во олтарот - *Преполовување на празниците*; на јужниот ѕид во олтарот - *Христос ги поучува Евреите во храмот*; на северната страна од лакот кој го поврзува југоисточниот столб со источниот пиластер на јужниот ѕид од наосот, фрагмент од сцената *Христос ги поучува апостолите како да му се молат на Господ*; на источната страна на истиот лак - *Приказната за митарот и фарисејот*; на источната страна на југоисточниот крстест свод - *Свадбата во Кана Галилејска*; во централниот дел на јужниот ѕид на наосот - *Изгонување на трговците од храмот*; источно од неа две епизоди од сцената *Разговор на Христос и Самарјанката*; во централниот дел на западниот ѕид била прикажана сцената *Христовото повикување на Матеј,* а во северниот дел на западниот ѕид, *Параболата за свадбата на царевиот син*. Следните две сцени се насликани во третата зона на столбовите, едната на северозападниот столб во наосот, на западната страна, *Исцелување на човек кој боледува од водена болест,* и втората, на северната страна од северниот столб во нартексот, *Исцелување на болните од разни болести*. Циклусот продолжува на западната страна, на лакот помеѓу северозападниот и северниот столб во нартексот со сцената *Христос и грешницата* (прељубницата); на сверниот ѕид на наосот, *Исцелување на крвоточна жена*; потоа, *Христос разговара со Закхеј*; *Христовиот проповед во синагогата* (мошне оштетна); *Христовата поука на апостолите да бидат понизни како малите деца*; во лакот помеѓу североисточниот столб и североисточниот ѕид од наосот, на источната страна - *Исцелување на човек со исушена рака*, а на западната, веројатно *Христовото исцелување на месечарот* (во споредба со дечанскиот циклус).

Во третата зона на наосот е илустриран *циклусот на Страдањата Христови,* кои содржеле 26 сцени, но многу од нив денеска се доста уништени, започнуваат на западниот ѕид во олтарот со *Тајна вечера*; потоа на северниот ѕид - *Миење на нозете*; па на јужниот ѕид - *Христос зборува на единаесет апостоли и му предвестува на Петар дека ќе се откаже од него*; *Молитвата на Христос во Гетсиманската гора* (каде Христос е прикажан три пати, како се моли стоејќи и клечејќи и како разговара со св. Петар до заспаните апостоли); продолжува во наосот на југоисточниот столб, на северната страна - *Јуда зборува со Евреите*; на источната страна - *Јуда ги прима сребрениците*; на јужната страна - *Јуда ги враќа сребрениците*; потоа на источниот ѕид на наосот, јужно - *Предавството на Јуда*; па на јужниот ѕид на наосот, веројатно *Судењето на Христос кај Пилат* (на југоисточниот пиластер); продолжува со *Судењето на Христос кај Кајафа*; *Трикратното одрекување на св. Петар*, мошне оштетна, *Пилат ги мие рацете* (Христос пред Пилат); на северниот ѕид во наосот, *Исмејување на Христос*; *Христос им зборува на ерусалимските жени да не плачат за него*; *Патот до Голгота* (*Носење на крстот*), *Подготвување на крстот*, *Христос се качува на крст*, *Тројно Распетие* (Христос во средината опкружен со

---

[82] Eadem, 124 - 199;

двајца разбојници); на североисточниот столб од јужната страна - *Симнување од крстот*; на северниот ѕид од олтарот, во четвртата зона - *Оплакување Христово* и на јужната страна од олтарот, во четвртата зона *Полагање на Христовото тело в гроб.*[83] На источната страна во наосот биле насликани сцени од *Христовите посмртни јавувања*[84]. На источниот свод над олтарот е сочуван фрагмент од сцената *Мироносици на Христовиот гроб*. Во четвртата зона на североисточниот столб, од јужната страна е насликано *Неверувањето на Тома*, а од северната страна, *Христос се јавува на апостолите на Тиверијадското море*. Сцената со *Успение на св. Богородица* е без исклучок составен дел на *Големите празници*. Овде, како патрон на храмот, е илустрирана во третата зона на западниот ѕид на наосот (на трибилонот) и е составена од повеќе случки: *Молитва на св. Богородица на Елеонска гора*, *Ангел и предвестува бликска смрт на св. Богородица*, *Св. Богородица им ја отстапува својата туника на две вдовици*, *Смртта на св. Богородица*, *Погребувањето на св. Богородица* и *Вознесение на св. Богородица*. Овој циклус со помалку епизоди е насликан во Богородица Перивлептос во Охрид (1295) и во Богородичината црква во Заум, Охридско (1361).[85]

*Циклусот на Акатистот на св. Богородица*, е составен од 24 сцени насликани во втората зона, кои започнуваат од северниот ѕид во олтарот и преку апсидата, и јужниот олтарски ѕид продолжуваат на јужниот ѕид на наосот и нартексот, две сцени се сместени во третата зона на јужниот ѕид во нартексот, додека една сцена е распоредена во втората зона на јужниот столб од северната страна во наосот.[86] Всушност химната е испеана во чест и слава на Мајката Божја и Христовото детство во повеќе епизоди, кои започнуваат со *Благовести* и завршуваат со *Христовото претставување во храмот*. Прикажана е глорификација на св. Богородица со респект и восхит, од која се бара помош, како и на Христос, нагласувајќи ја неговата улога на Спасител, по неговата инкарнација. Почнувајќи од исток кон запад, првите пет се илустрирани на северниот ѕид во олтарот: I икос, I строфа, *Ангел претставител беше испратен од небото*; I кондак, II строфа, *Светата, гледајќи се чиста*; II икос, III строфа, *Сакајќи да го разбере недостижното за разумот* (од Благовестите на архангелот); II кондак, IV строфа, *Силата на Севишниот ја осени безбрачната*; III икос, V строфа, *Откако го прими во својата утроба Бога* (прегратката на Марија и Елисавета); во апсидата, III кондак, VI строфа, *Бура сомневања на чистиот Јосиф и прекорот на Марија*; во апсидата, северно од бифората, IV икос, VII строфа, *Откако пастирите ги слушнаа ангелите како го воспеваат Христовото доаѓање во тело...* ; во апсидата, јужно од бифората, IV кондак VIII строфа, *Откако ја видоа богоиспратената ѕвезда, мудреците одеа по нејзините зраци* (доаѓањето на тројцата коњаници во пештерата во Витлеем на штотуку родениот Христос); V икос, IX строфа, *Синовите Халдејски го видоа во рацете на Дева* (*Поклонението на трите мудреци*); на јужниот ѕид во апсидата, V кондак, X строфа, *Мудреците станаа богоносни проповедници, се вратија во Вавилон*; VI икос, XI строфа, *Спасителу, во Египет ја покажа светлината на вистината* ! (*Пристигнувањето на светото семејство во Египет*); на источен ѕид на наосот, на јужната страна, VI кондак, XII строфа, *Кога наближуваше денот Симеон Богопримец да се пресели од овој лажен век*, со која завршува историскиот дел од оваа химна. Следната илустрација започнува на источниот ѕид на наосот и продолжува делумно на јужниот ѕид на наосот, VII икос, VIII строфа, *Кога се јави Создателот, нам на создадените од Него* (стиховите ја прославуваат Богородица како безгрешна утроба во која се зачнал Создателот); јужен ѕид на наос, VII кондак, XIV строфа, *Откако го видовме чудното раѓање, да се оддалечиме од овој свет* (на пиластерот); VII икос, XV строфа, *Неискажливото слово потполно беше на земјата*; VII кондак, XVI строфа, *Сите ангели се зачудија од великото дело на Твоето овоплотување* (фигура на Богородица Млекопитателница, како го дои малиот Христос, во светлосина мандорла на квадратен постамент, окружена со архангели и еден шестокрилен серафим во фронтална стоечка поза, од десна страна); IX икос, XVII строфа, *Красноречивите беседници ги*

---

[83] Димитрова Е., 2002, 125 - 150; Окуњев Л.Н., 1930, 97 - 100;
[84] Ibid., 150 - 152;
[85] Димитрова Е., 2002, 152 - 157; Окуњев Л.Н., 1930, 101 - 102;
[86] Ibid, 157 - 168; Окуњев Н., 1930, 102 - 104; Кондаков Н.П., 1915, 60 – 83;

*гледаме како безгласни риби* (чудењето на паганските беседници за безгрешното зачнување на Богородица); IX кондак, XVIII строфа, *Создателот на Сé, сакајќи да го спаси светот*, од која е сочувана само долната половина од сцената, две сцени во третата зона на јужниот ѕид во нартексот: X икос, XIX строфа, *Богородице Дево, ти си закрила на девиците* (мошне оштетена) и X кондак, XX строфа, *Бессилна е секоја песна што сака да ги опфати сите Твои добрини* (со икона на Богородица Одигитрија, поставена на висок постамент, десно од неа двајца пеачи); на јужниот столб од јужната страна, во втората зона, XI кондак, XXI строфа, *Света Дева ја гледаме како запалена свеќа* (фигура на Богородица Оранта пред пештера и карпести планини, а над неа запалена свеќа); последните две претстави од циклусот на Богородичниот акатист завршуваат на јужниот ѕид на наосот, наспроти јужниот столб, XI кондак, XX строфа, *Оној што ги простува долговите на сите луѓе* и XI кондак, XXIV строфа, *О, многувоспевана Мајко ......* (икона на Богородица Одигитрија на постамент со две тркалца, кои ја држат двајца калуѓери со куполести шапки). Циклусот со *Акатистот на св. Богородица* е илустриран во повеќе споменици, во Богородица Перивлепта во Охрид (1364/ 65), Св. Димитрија од Марков манастир (1376/77), Христос Пантократор во Дечани (1340), Панагија Олимпиотиса во Еласон (1304), Св. Никола Орфанос во Солун (1315), Пантанаса во Мистра и Козија од крај на XIV век. И подоцна, овој циклус се сликал во Грција, Македонија, Србија, Романија, Бугарија и Русија.[87]



Акатист на Богородица, јужен ѕид, наос
The Akathist of Holy Virgin, south wall, nave



Богородица Млекопитателница, детаљ
Holy Virgin Galaktotrophysa, detail

Во втората зона на наосот е распореден циклусот на *Делата Апостолски*, доста опфатен: северозападен столб, источна страна, *Проповедта на св. Павле во Дамаск;* јужна страна, *Св. Петар го покрстува Корнилиј*; северна страна, *Проповедта на св. Вартоломеј*; западна страна, *Маченииштвото на апостол Филип*; на северниот столб во нартексот, северна страна, *Маченииштвото на св. Јаков Постариот*; продолжува на северен ѕид на наосот, непозната сцена, па до неа, *Проповедта на св. Петар и св. Павле*; *Судењето на апостолите Петар и Павле*; *Отсекување на главата на св. Павле*; *Распетие на св. Петар*; *Проповедта на св. Марко во Александрија*; *Делата на апостол Лука* (на пиластерот); во долниот дел под претходната сцена, *Маченииштвото на апостол Марко*; *Маченииштвото на св. Вартоломеј*, со уште две епизоди во долниот дел; на источниот ѕид, северно, се прикажани три сцени, две сцени со *Проповедта на апостол Андреја* и *Распетие на апостол Андреја*; на североисточниот столб во наосот, на источната страна, *Проповедта на апостол Тома*, а на северната страна, *Распетие на апостол Симон.* Овие циклуси се

[87] Грозданов Ц., 2007, *Химна на Акатист на Богородица* од XIV век, op.cit., 255 - 267;
- Николиќ - Новаковиќ Ј., 1993, 84 - 89;

единствени во Македонија од XIV век, тие се типична цариградска редакција со теми од проповедта на апостолите, со епизоди од нивните страдања, како во капелата над ѓакониконот на Св. Софија во Охрид од XI - XII век, каде е претставена *Смртта на дванаесетте апостоли*, во капелата Палатина во Палермо (1154 - 1166) и црквата во Монреале (1180 - 1190) со сцени од *Мачењето на св. Петар и Павле*. Вакво решение, слично со ова сликарство имале сликарите на мозаици во XIII век и тоа во наосот на црквата Св. Марко (1200) во Венеција со сцени од св. Петар и Павле (римска редакција).[88]

*Легендата за сирискиот цар Авгар* од Едеса е насликана во втората зона на југоисточниот столб со трите претстави: *Авгаровиот пратеник кај Христос*, *Христос му го предава Убрусот со својот лик на Авгаровиот пратеник* и *Авгар го прима Убрусот со неракотворниот лик на Христос.* Неракотворниот Христов образ е единствен пример на претставување на оваа тема во рамките на средновековното ѕидно сликарство во византиската уметност. Циклусот настанал од минијатурно сликарство, од ракописот на грузиското четвороевангелие од манастирот Калипост (1050 - 1054), грузискогрчки ракопис од XIII век во Ленинградската библиотека.[89] Сочувани се 14 сцени од *циклусот со св. Јован Претеча* распоредени на југозападниот столб во наосот, јужниот столб во нартексот и во лакот помеѓу западниот и југозападниот столб: *Ангел го води Јован во пустина*, *Св. Јован проповеда на војниците*, *Св. Јован проповеда на митарите*, *Св. Јован проповеда на брегот на Јордан*, *Проповедта на св. Јован во пустина*, *Сцена со секира кај коренот на*





Ктиторска композиција: царица Елена (лево), синот Урош (во средината) и цар Душан (десно), јужен ѕид, наос
The Ktitors composition of the Tsarina Elena (left), her son Urosh (center) and Tsar Dushan (right), south wall, nave
(Цртеж: Оливер Младеновски / Drawing: Oliver Mladenovski)

*дрвото*, *Св. Јован го крштева народот*, *Св. Јован го покажува Христос на своите ученици*, *Сцена со гумно и лопата*, *Христос зборува за св. Јован*, *Отсекување на главата на св. Јован,* и *Играта на Салома држејќи ја главата на св. Јован во чинија*, аналогни со Св. Јован Продром во Сер (1343/64), крстилницата на Св. Марко во Венеција (1354/55), Св. Апостоли во Солун (1315), Св. Богородица во Пеќ (1335) и Дечани (1347 /48) со скратен циклус на *Крштевање*.[90]

*Претставите на поединечни светители* на ѕидовите и столбовите во наосот ги опфаќаат ктиторските, владетелски и свештенички портрети од високата црковна власт, како и ликовите на новозаветните светители и светителки. На источниот ѕид, од север кон југ се редат: игумен Макарие, биста на архангел Михаил над влезот во протезисот, еден непознат архиереј, св. Јован Претеча и митрополит Јован, лево од влезот во ѓакониконот, во лунетата, биста на Богородица Одигитрија, во втората зона, потоа низата продолжува на јужниот ѕид во првата зона, од исток кон запад, фигури на два оштетни архиерери, биста на св. Никола, Теодор Студит (?), св. Стефан

[88] Димитрова Е., 2002, 168 - 177; Окуњев Н., 1930, 106 - 108;
[89] Ibid, 196 - 199; Петковић В., 1950, 187; Окуњев Л.Н., 1930, 105;
[90] Ibid, 179; Окуњев Н., 1930, 105 - 106;

Првомачeник, царица Елена и синот цар Урош со модел на црквата в раце, цар Душан, два лика оштетени, фигура на св. Ана со малата Богородица в раце, во втората зона биста на Христос Пантократор на јужниот влез, во третата и четвртата зона бисти на маченици кои не можат да се распознаат. На северниот ѕид, во првата зона, од исток кон запад: Кузман и Дамјан, Теодор Тирон и Теодор Стратилат,[91] апостол Павле, затворен влез, па најверојатно воинот св. Андроник или св. Александар, а на пиластерот, св. Артемиј,[92] св. Симеон Немања и св. Сава. Во втората зона се *Христовите страдања*, а во третата и четвртата зона, исто како на јужниот ѕид, по четири бисти на маченици со крстови в раце од обете страни на трифората. На *североисточниот столб* во наосот, на источната страна, лик на ѓакон (?) од кој се читаат последните букви АПОС, на северна страна св. Пантелејмон, на јужната страна во втората зона биста на св. Ана, а на западната страна е насликана св. Богородица Застапничка, свртена во профил кон Христос, која разговара за спасување на грешниците, насликана во мермерен лак со флорална декорација, како дел од ктиторската композиција, а во втората зона, *Св. Троица*. Ова е третата варијанта на св. Троица (двете се насликани во ѓакониконот) прикажана во троглаво момче, кое седи на престол, а го чуваат шестокрилни серафими и тркалезни многуоки трони (божји сили), денес мошне избледена[93]. Ваква претстава од порано, единствено е прикажана во црквата Св. Богородица Перивлептос во Охрид, во една сцена во нартексот. На *југоисточниот столб*, на западната страна во првата зона е фигура на Исус Христос, пандан на Богородица Застапничка, како дел од ктиторската композиција, кој во левата рака држи отворено евангелие, а со десната благословува, облечен со хитон, префрлен преку левото раме. На јужната страна од столбот е насликан свет воин, најверојатно св. Прокопиј,[94] како пандан на ктиторската композиција. *На југозападниот столб*, на источната страна во втората зона е прикажана Богородица со Христос, насликана во декоративен лак со столбчиња украсени со волути, на јужната страна во првата зона св. Арсениј, на северната страна, најверојатно св. Георгија,[95] а на западната св. Стефан Нови. На *северозападниот столб*, на западната страна е насликана фигура на Исус Христос, на северната, непознат маченик, можеби св. Луп,[96] на источната страна во првата зона е насликан свет воин, најверојатно св. Нестор, а на јужната, св. Димитрија (според Дејан Ѓорѓиевски).[97] На северниот ѕид на наосот, западно од фигурата на апостол Петар, е насликан голобрад, младолик воин, со бела кошула преку која носи панцир и *pteryges* на ракавите. Со десната рака го извлекува мечот од корицата, покрај себе има копје и штит префрлен од левата страна. Главата му е малку оштетена, со долга костенлива коса, а младешкиот изглед на воинот дозволува да се препознаат неколку свети воини, но најмногу се совпаѓа со св. Андроник и св. Александар.[98] Најраните претстави на св. Андроник се наоѓаат во ѕидната декорација на Успение на Богородица (Манастир Дафни - XI век), во Св. Никола во Манастир (1270/ 1271), Грачаница (до 1320 /21), Хилендар (1321), Кучевиште (до 1331), во нартексот на Лесновскиот манастир (1349), Псача (1365 - 1371), Зрзе (1368 - 1369) итн. Неговите претстави како војник се ретки, и само двапати е насликан во воена униформа. На јужниот ѕид на наосот во Старо Нагоричино, е претставен допојасно, заедно со Сава Стратилат, над јужниот влез во црквата, а како стоечка фигура е насликан на јужната

[91] Ѓорѓиевски Д., 2010, 202 - 203, сл. 4 ;
[92] Ibid, 200 - 208, сл. 3 и 11. Според Ѓорѓиевски, најверојатно се работи за св. Андроник или Александар и за св. Артемие.
[93] Ерминія, 1898, 311 - 312, сл. 10; Ђурић В., 1974, 70; Лакалиска С., 2002, 131-144, сл. 10;
[94] Ѓорѓиевски Д., 2010, 209, сл. 12;
[95] Ibid, 206, сл. 9;
[96] Ibid, 208; Димитрова Е., 2002, 185 - 199; Петковић В., 1950, 185 - 186; Окуњев Л.Н., 1930, 111 - 113;
[97] Ѓорѓиевски Д., 2010, 205 - 207, сл. 8 и 10;
[98] Ibid, 208 - 209, сл. 11; Св. Андроник, спаѓа во групата на ретко сликаните свети воини и е празнуван заедно со Тарах и Пров. Тројцата биле маченици од Киликија, упасени и мачени во Тарс и Мопсуестија и декапитирани во 304 год. во Аназабар. Уште во IV век, епископот на Мопсуестија, Авксентиј подигнал базилика во нивна чест, а веќе во VI во Цариград постоела црква во нивна чест. Од неколкуте студии за св. Александар, се дознава дека постоеле троица светители со вакво име: св. Александар од Пидна, од Солун и од Рим (Тракиски или од Дризипара, поради местото на неговото погубување). Утврдено е и дека оној од Пидна и од Солун веројатно претставуваат една иста личност и дека претставите на св. Александар како воин, всушност, се однесуваат на солунскиот светител и често сведочат за солунското потекло на зографите.

страна на југозападниот столб во Св. Стефан во Конче (1366). И на двете фрески тој е младолик, со кадрави прамени од коса на краевите. Иако се слични со претставата на непознатиот свет воин, овде во Матејче, се разликуваат по должината на косата, кај св. Андроник таа завршува на вратот, додека овде, се чини дека таа паѓа зад рамењата на светителот. Миодраг Марковиќ, кој ги проучувал светите војници во Дечани, зборува за постоење на фигура на св. Александар во Матејче, без да прецизира на кое место е насликана. Оваа фреска можеби би можела да го претставува св. Александар, поради младоликоста и долгата коса. Од друга страна, св. Александар скоро секогаш се слика со долга коса, но таа му паѓа на рамењата, а не е зад нив, како во Матејче. Сепак, оваа иконографска особина и не е толку изразена и би било неправилно само поради тоа да се отфрли можноста дека тука бил претставен овој светител, но во секој случај би требало да се прифати со резерва.

Во *нартексот* се илустрирани неколку циклуси поврзани за *Седумте Вселенски собори*, за светите пустоножители Антониј и Илија, за св. Димитрија, стеблото на старозаветниот пророк Есеј и стеблото на српските владетели од династијата на Немањиќ. Исто така и овде се насликани поединечни фигури на светители и светителки. Илустрирани се и неколку сцени со *легендата за светите пустоножители Антониј и Макариј*, на западниот ѕид на нартексот, но не се разјаснети. Од циклусот на *легендата за св. Димитрија* се сочувани само фрагменти, а од старозаветните претстави се сретнуваат две *сцени со св. Илија*, насликани во лунетата на северниот ѕид на нартексот, *Св. Илија во пустина* и *Вознесението на св. Илија*. Во црквата е насликан циклусот со претставите од *Седумте Вселенски (Екуменски) собори*. Тие, главно, се распоредени на јужниот и северниот столб и на источниот и северниот ѕид во нартексот. На јужниот столб во нартексот на западната страна во втората и третата зона е насликан *Цар Константин помеѓу двајца епископи*; на источниот ѕид од нартексот се насликани три претстави на цареви, во јужниот дел се гледа цар на престол со скиптар; во централниот дел на источниот ѕид на нартексот, во долниот дел се гледаат само контури на царев лик со ореол; на северен дел од источен ѕид на нартексот; на северниот столб на нартексот на западната страна во втората и третата зона; на северниот ѕид на нартексот во третата зона, *Собор на крал Стефан* фланкиран со двајца епископи; под неа, на источниот крај уште еден собор помеѓу северниот ѕид на нартексот и наосот во втората и третата зона.[99] Во нартексот на западниот ѕид, како пандани на северниот и јужниот крај, по вертикала од долу до горе, на ѕидот се насликани *Стеблото Есеево*, јужно, и *Стеблото на владетелската лоза Немањиќ*, северно. *Стеблото на старозаветниот пророк Есеј*, е посочувано, тој се наоѓа легнат на дното, од кого израснува дрво со гранки на генеалошката лоза со попрсја на старозаветни пророци и фигури на Христос и Богородица на врвот. Вакви лози со претстави од Стариот и Новиот завет, биле сликани во Грузија, Костур, Св. Никола во Манастир, Мариово и во Трапезунт. Во средновековна Србија ги има насликано во Сопоќани, Ариље, Богородица Љевишка во Призрен и Дечани и подоцна во XV век во Бугарија (Бобошево), а во XVI век на Света Гора и во Русија во Благовештенскиот собор во Москва, и во влашко - молдавските споменици[100]. *Во стеблото на српските владетели од лозата на Немањиќ*, биле насликани и членовите на бугарската владетелска фамилија Асени и на византиската владетелска лоза Комнени. Генеалогијата на српските владетели, на чие чело се наоѓал цар Душан, кој станал цар на Србите, Грците и Бугарите, а во склад со црковниот живот, била дополнета со слики на нови членови на српските светители Сава и Симеон Немања, и охридскиот св. Климент. Оваа лоза денеска е мошне оштетена, на врвот се гледаат попрсја на цар Душан и син му Урош. Обично најгоре е Христос, кој им подава круна, а најдолу родоначалникот на лозата, Симеон Немања. Вакви владетелски лози се сретнуваат во Грачаница (1318 /21), Дечани (1346/47) и Богородичината црква во Пеќ (1330).[101] *Поединечни светители* се насликани во првата зона на на нартексот. На западниот ѕид, јужно од влезната врата е прикажан млад и голобрад свет воин со малку подолга кадрава коса која се спушта зад ушите, облечен во благородничка облека, од црвена туника и светлозелена хламида украсена со флорални орнаменти на златна подлога, порабена со бисери и скапоцени камења. Во десната рака држи скиптар, а во левата меч. Очевидно, се работи за св. Сергеј. Како негов пандан,

---

[99] Eadem., 2002, 199 - 203; Петковиќ В., 1950, 188; Окуњев Л.Н., 1930, 110 - 111;
[100] Ерминія, 1868, 182; Димитрова Е., 2002, 205 - 214;
[101] Димитрова Е., 2002, 214 - 221; Благојевић М., etc, 1989, 188, сл. 2; Окуњев Л.Н., 1930, 108 - 109;

северно од западниот влез е насликан св. Вакх, со идентична физиономија и атрибути, единствено се разликуваат во комплементарниот избор на боите во облеката, туниката е сина, а наметката (хламидата), црвена. Поради нивниот идентичен изглед, како близнаци (како во старонагоричкиот храм), со сигурност може да се каже дека, веднаш до влезот, како чувари на храмот, се насликани св. Сергеј и Вакх.[102] Скоро никогаш не се сликаат во полна воена опрема, но нивната војничка кариера е потенцирана со прикажување на меч во нивната рака, скиптар или маникион (торквес) на вратот. Најблиски аналогии имаат со фреските од западната страна на југоисточниот столб во наосот на Старо Нагоричино, каде што се насликани без маникион на вратот, а во рацете држат скиптар и меч. Интересно е местото на сликање на двата светители, каде ретко таквата улога им е доделена на светите воини, облечени во патрициска облека. Тие се насликани веднаш покрај западниот влез на црквата и имаат улога на чувари на влезот, каде вообичаено се



Св. Артемиј, северен ѕид, наос
St. Arthemius, north wall, nave



Св. пустоножители, северен ѕид, нартекс
St. Ascetics, north wall, narthex

сликаат архангелите Михаил и Гаврил, или пак, втемелувачите на црквата, св. Петар и Павле. Од епохата на Палеололозите, познати се нивните претстави на источната и јужната страна на северозападниот столб од Богородица Перивлепта во Охрид (1295), Св. Ахил во Ариље (1296), во југозападниот травеј на Протатон (1300), Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричино (1315/17), Св. Јоаким и Ана во Студеница (1318), Мали Св. Врачи во Охрид (1345), Св. Никола Орфанос во Солун (крај на втората деценија на XIV век), Грачаница (1320/21), Св. Никита во Чучер (1324), Св. Богородица

[102] Ѓорѓиевски Д., 2010, 202 - 203, сл. 5 и 6; Според житието на св. Сергеј и Вакх, обајцата биле високорангирани војници со благородничко потекло, кои настрадале во времето на Максимијан. Прифаќајќи го христијанството, тие биле деградирани и им биле одземени чиновите, а нивниот маниакион (торквес) бил заменет со синџир. Во чест на св. Срегеј, во Русафа, пред 431 година, бил изграден мартириум и биле забележани многу постхумни чуда и исцелувања. Што се однесува на нивниот идентичен изглед, поради што се третирани како близнаци, веројатно настанал преку нагласеното духовно, а не семејно сродство меѓу нив. Во секој случај таквиот начин на нивното заедничко претставување во голема мера може да помогне при нивното идентификување во случај на отсуство на сигнатури, како што е овде, во Матејче. Тие биле особено почитувани во Сирија, Месопотамија и Мала Азија, за што сведочат светилиштата изградени во нивна чест, во Саламина (430/31), Едеса (435/37), Еита (536/37?), Босра (512/513), Шеик Мискин (517), Газа (527/50), Константинопол (527/536) итн. Со нивниот ран култ се поврзуваат и предметите со профилактички карактер, кои се произведувале во Русафа, а најраните претстави во уметноста потекнуваат од базиликата Св. Димитрија во Солун (доцен VIII век) и енкаустичната икона од манстирот Св. Катерина на Синај (ран VII век).

во Кучевиште (1331), Св. Архангел Михаил во Лесново (1343), Св. Никола во Псача (1365/71), Марков манастир во Сушица (1376/77) итн. До фигурата на св. Сергеј, јужно од западниот влез, во првата зона се насликани уште две фигури на непознати светители, облечени во благородничка облека. Над нив, во втората зона, е насликан лик на еден свет воин (?) на пиластер, а до него св. Петка. Северно од западниот влез, до св. Вакх со благородничка облека, е насликана уште една непозната фигура во царска облека, за жал уништена. На јужниот ѕид на нартексот, од исток кон запад, се насликани фигурите на св. Марина и св. Константин и Елена. На северниот ѕид на нартексот во првата зона, под *Екуменскиоӣ собор* се насликани четворицата пустоножители: св. Варвара, св. Петар Атонски, св. Макариј Египетски и св. Арсениј, кои се аналогни со фреските од катот во нартексот на Св. Софија во Охрид (1346/50), Лесновскиот нартекс (1349) и Св. Преображение во Зрзе (1368/69). До нив, низата продолжува со монахот св. Јован Лествичник, како во Перивлептос во Охрид, Протатон на Света Гора, Дечани, Грачаница и Лесново. На јужниот столб, во првата зона на јужната страна е насликан св. Петар, монах, на западната страна св. Недела, на северната страна св. Никита,[103] а над него, во втората зона, св. Симеон Столпник. На северниот столб, во првата зона на источната страна е насликан св. Христофор,[104] на јужната страна, најверојатно св. Меркуриј,[105] на западната, св. Варвара, на северната, св. Доротеј, а во втората зона на јужната страна св. Евросим.[106] Св. Христофор е облечен во темноцрвена туника со црвен плашт (хламида) преку неа. Неговото маченишство е потенцирано со крстот што го држи во десната рака, а со левата го придржува својот меч. Идентификацијата е олеснета со неговата физиономија, каде вообичаено се претставува млад, голобрад, со долга коса, која му паѓа на рамењата. Св. Христофор е светител кој не влегол во категоријата на најчесто претставуваните свети воини, но на територијата на денешна Македонија неговите претстави во сите варијанти, се навистина многубројни. Во XIV век, како војник е претставен во наосот на Старо Нагоричино (1315/17); како Христоносец го сретнуваме во Св. Ѓорѓи Полошки (1343 /45), во нартексот на Лесновскиот манастир (1349) и на југозападниот столб во Св. Стефан во Конче, Радовишко (1366), а како мачeник насликан во медалјон, на северниот ѕид во Св. Никола Болнички во Охрид (1335/36), на западниот травеј во Св. Ѓорѓи во Горен Козјак (1340), на југозападниот столб во Св. Никола во Псача (1365/71), во Св. Преображение во Зрзе (1368/1369) и во Мал Св. Климент во Охрид (1378). Нешто подоцна, во поствизантискиот период се сретнува во низата од бисти со уште троица маченици, на западниот ѕид од северниот кораб на Двојната црква во Сув Орах.[107]

Живописот во Матејче зазема едно од најзначајните места во средновековното сликарство во Македонија и претставува еден од најголемите сликани ансамбли на македонска територија во XIV век. Манастирот е еден од најрепрезентативните споменици на византиската ликовна уметност, ремек - дело на класичниот дворски стил на палеологовската епоха. Новата уметност што се јавува во Матејче се одликува со светло сликарство од проѕирни намази во ладни

[103] Ѓорѓиевски Д., 2010, 197 - 198, сл. 1;

[104] Ibid, 198 - 200, сл. 2. Најчести се претставите на Христофор како маченик, но се сретнува насликан и како војник, кинокефалос (војник со кучешка глава) или со детето Христос на рамото (Христоносец). Според неговото житие, потекнувал од северноафриканското племе Мармароти, кои биле кинокефали, па затоа понекогаш е претставуван со кучешка глава (во Македонија како кинокефалос се сретнува на виничките икони). Бил заробен од Римјаните и одведен во Сирија, каде што го примил христијанството и добил човечки лик. Поради христијанските убедувања бил погубен и закопан во Аталија, околу 305 година. Клучна улога во ширењето на неговиот култ во Византија одиграла неговата црква во Халкедон, осветена на 22 септември 452 година;

[105] Ibid, 198 - 200, сл. 7. За светиот воин Меркуриј и неговите атрибути, лакот и стрелата се во непосредна врска со случката опишана од Фауст во Византија, во житието на Василие, од ран V век, во која се зборува за сонот во кој се јавиле 40 - те Севастиски маченици, а едниот од нив во рацете имал стрела наменета за императорот Јулијан Апостат. Мачениkот се викал Кирион (на сириски Маркур), па името веројатно подоцна се хеленизирало во Меркурие. Оттука Меркурие е еден од Севастиските маченици, чии што мошти биле донесени во Кесарија и така започнал неговиот култ. Во XIV век тој најчесто се слика во групата на светите воини, и тоа секогаш во војничка облека;

[106] Димитрова Е, 2002, 221 - 226; Миљковиќ П. - Пепек, 1979, 33 - 34, сл. 7; Машниќ М, 2010, 322, сл. 32;

[107] Машниќ М.М., 2011а, 371;

хармонии на светлозелена и светлосина, бледаокер и светлосива боја, со акценти од варова бела боја или со по некоја топла боја како што е црвената. Фигурите се издолжени, меко моделирани, подвлечени со тенок цртеж. Целината дише со благост и поетичност. Сликарството го работел мајсторот Јован Теоријанос, Грк, кој имал своја сликарска школа во Охрид и работел заедно со своите соработници, а го сретнуваме на фреските од катот во нартексот на Св. Софија во Охрид, 1346/50 година (каде се потпишал), Св. Никола во Љуботен, 1344/45 година, Св. Архангели во Призрен, околу 1350 година и Св. Никола или манастир Драдња, Кавадаречко, од 1346/55 година. Втората новина е воведување на ориентални и западни елементи во сликарството (воведување во светот на далечните земји) што се гледа на композициите: *Бегството во Египет* (луѓе со ориентални чалми) и *Проповедта на апостолите св. Петар и Павле* (со западни архитектонски и скулптурални елементи). Може да се каже дека сликарството во манастирот Матејче објавило нови сфаќања врз кои ќе почива подоцнежниот црковен фреско - живопис.[108]

Манастирот Матејче бил еден од главните книжевни центри од XV до XIX век и го нарекувале Жеглиговски манастир. Во него твореле монахот и дипломат Исаија Доместик од Света Гора, околу 1375 година, потоа монахот Герасим во 1409 година, кој напишал еден римски патерик (Дијалог на Григориј, папа Римски) по нарачка на деспотицата Евдокија, ќерка на зетскиот владетел Ѓурѓе Балшиќ и сопруга на јанинскиот деспот Исаул. Основниот дел од овој значаен македонски ракопис денеска се наоѓа во библиотеката на светогорскиот манастир Св. Павле, а по еден лист од него, во Ленинградската и Санктпетербургшката народна библиотека. Големиот книжевник Владислав Граматик, еден од најзначајните не само македонски, туку и воопшто јужнословенски книжевници од времето на турското владеење поголемиот дел од својот живот го поминал во манастирот Матејче, од 1447 до 1469, 1473, 1479 и 1481 година. Тука напишал три зборници, едниот од 1469 година, кој се наоѓа во ракописната збирка на поранешната Југословенска академија на науките и уметностите во Загреб, посветен на писателот и закрилник на книжевноста Димитар Кантакузин; вториот, *Андрианти* од 1473 година, денес сопственост на Рилскиот манастир; и третиот зборник, наречен *Панагерик* од 1479 година, денес се чува во Црковниот музеј на Богословскиот факултет во Софија. *Шестодневното послесловие,* В. Граматик го напишал при посетата на рилскиот монах Мардариј на манастирот во 1480 година, порачана од игуменот Теофан од Рилскиот манастир, во чија подврска се пронајдени познатите македонски глаголски листови од X век. Не се знае дали *Шестодневието* било работено во Рилскиот манастир или во Ежево, а денес се чува во Румјанцевскиот музеј во Москва.[109] Според некои автори, зборниците на Владислав Граматик се наречени *Енциклопедија на средновековната образовност.* Инаку, тој не е само пишувач, туку и искусен редактор, коментатор на настаните и писател. Манастирот го посетиле и други монаси и книжевници: Димитар Кантакузин, Димитар Кратовски и рилскиот монах Мардариј во втората половина на XV век, митрополитот Никола во 1568 година, српскиот патријарх Гаврил престојувал во средината на XVII век и Кирил Пејчиновиќ, во XIX век. Од XV век датираат зачуваните музички записи од непроценлива вредност.[110] Дека манастирот бил книжевен центар уште во XIV век сведочи Евангелието, кое денеска се наоѓа во скрипториумот на Хлудовата збирка на Народната библиотека во Москва.[111]

До 1690 година во Матејачкиот манастир имало интензивен живот. Во почетокот на XIX век, манастирот опустел. Во 1860 година, стариот иконом Димитрија, поп Ѓорѓи Војниклија и други кумановски граѓани издејствувале ферман од султанот Абдул Азис (1861 - 1876) за возобновување на манастирот. До 1896 година, манастирот бил под српската патријаршија, а подоцна поминал под егзархиска црковна управа, кога била извршена поправка на црквата и на околните помошни згради.[112]

---

[108] Ђурић В., 1974, 70; Димитрова Е., 2002, 243-247; Димитрова Е., 2009, 83 - 94;

[109] Трайчев Г, 1933, 84 - 86; Масевски Д .- Арсовски М., 2003, 197; Ќорнаков Д., 2009, 94 - 95;

[110] Масевски Д .- Арсовски М., 2003, 197;

[111] Хаџи - Васиљевић Ј., 1909, 456; Масевски Д. - Арсовски М., 1996, 133-136; Велев И., 1990, 116; Трайчев Г, 1933, 84; Ивановъ Й, 1970, 135 – 137; Поп Антов Ѓ., et. all., 1997, 189 – 211;

[112] Трайчев Г, 1933, 85 - 86;

Манастирот Матејче е еден од најзначајните средновековни византиски, споменици во Македонија и на Балканот, од XIV век. Последни интервенции на живописот се правени во 2003 година, по настаните во липковскиот регион од 2001 година, од страна на Националниот центар за конзервација од Скопје.

## СВ. ЃОРЃИ ВО МАТЕЈЧЕ

Црквата Св. Ѓорѓи се наоѓа покрај течението на Матејачка Река во непосредна близина на селото Матејче, оддалечена 25 км. од Куманово, во општината Липково.[113] Во недостаток на пишани извори, долго време не била позната ниту споменувана во науката, сé до скоро време кога познавачите и проучувачите на средновековната уметност не ја откриле од анонимност и ја рангирале во групата на цркви од доцновизантискиот период, односно од средината на XIV век. Прв оваа црква ја забележал Јован Хаџи - Васиљевиќ во 1889 година кога минувал во овие краишта, во неговите капитални дела од 1892 и 1909 година,[114] каде напишал, дека според преданието имало седум цркви, а останале само три во урнатини. Една од нив е токму оваа црква



Св. Ѓорѓи во Матејче, југозападна фасада, XIV век,
“St. George” in Matejche, south-west facade, XIV century



Северпоисточна фасада
North - east facade

посветена на св. Ѓорѓи, длабоко во долината на Матејачка Река. Многу подоцна, пред точно две децении (1989), Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата (РЗЗСК) изготвил валоризација на црквата и хронолошки ја сместил во третата и четвртата деценија на XIV век, односно помеѓу 1320 - 1340 година.[115] Меѓутоа, со најновите научни истражувања во 2006 година, а врз основа на анализата на ѕидното сликарство, кое целосно се вклопува во иконографската програма на мали еднокорабни цркви од доцновизантиски период, хронолошката граница на овој споменик се поместува од средината на XIV век, или во самиот почеток на шестата деценија, кога всушност е и подигната оваа црква.[116] Црквата Св. Ѓорѓи е мала *еднокорабна*, безкуполна градба

[113] Панов М., 1998, 193 ;

[114] Хаџи-Васиљевић Ј., 1909, 445; Д-р Јован Хаџи - Васиљевиќ напишал: ”Според преданието имало седум цркви, а до пред триесет години само три. Арнаутите ги нарекувале латински цркви. Србите се разбегале, а Арнаутите го разнеле материјалот и со него ги граделе и украсувале нивните домови. Постои манастир. Над самото село постои црква Св. Спас, а погоре над оваа црква, длабоко во долината на Матејачка Река е црквата Св. Ѓорѓи. Тука Србите се собирале за Ѓурѓовден, оделе по полињата и се молеле за бериќет. Селото имало црквиште во XIV век што се споменува во повелбата на цар Стефан Душан, кој го потврдил имотот (баштината) на севастократорот Дејан.”

[115] Барџиева Д., 1993, 73 - 82;

[116] Цветковски С., 2006, 79 - 101;

со правоаголна основа и тристрана апсида на исток. Градена е од обичен кршен камен, по некој ред тули без симетрија со тенки спојници од варов малтер. Покриена е со двосливен покрив од ќерамиди, денеска мошне оштетени, чиј свод бил полукружно засведен.[117] Недостасува архитектонско профилирање и расчленување на фасадите. Иако редуцирана, сепак е видлива декорација со тули, на фризот од лунетата над западниот влез, во лунетата на јужниот ѕид, на кружниот отвор - окулус, со радијално поставени тули под тимпанонот на западната фасада наспроти источната, чиј отвор над апсидата е во вид на крст. Според техниката на градењето, црквата припаѓа на црквите од доцновизантиски период, кон средината на XIV век, градена по углед на еднокорабните охридски и костурски цркви од XII век. Пред десетина години црквата имала сочуван оригинален под од квадратни тули и една голема правоаголна камена плоча во средишниот дел, а во олтарот оригинална чесна трпеза изработена од бел мермер. Денеска, за жал, подот е од каллива земја, покривот е откриен и подложен на атмосферски влијанија. Овој вреден споменик на културата е препуштен на забот на времето и во блиска иднина, доколку не се заштити, постои опасност од негово целосно уривање и уништување, како на архитектурата, така и на живописот, една од најстарите средновековни, еднокорабни византиски градби во кумановскиот крај. Црква-



Ентериер
Interior



Св. Димитрија, Нестор и Прокопиј, преснимен цртеж
St. Demetrius, Nestor and Procopius, south wall, nave, copy drawing

та неколку пати е уривана и оштетувана, особено по настаните во липковскиот крај во 2001 година, а последни интервенции и увид во состојбата се вршени во 2002 и 2006 година од страна на Националниот конзерваторски центар (НКЦ) од Скопје.

*Живописот* во црквата е мошне оштетен, а на северниот ѕид воопшто го нема. Во олтарскиот простор, на источниот и јужниот ѕид во првата зона се насликани четири свети архиереи од кои двајцата се идентификувани како св. Атанасиј Александриски и св. Кирил Александриски, а другите двајца се непрепознатливи. Во втората зона над архиереите, на јужниот ѕид се забележуваат четири медаљони со ликови на епископи од кои што двајца се сигнирани како св. Харитон и св. Евстатиј. Во третата најгорна зона, на јужниот ѕид во олтарот, циклусот од *Големите празници* започнува со *Раѓање* и *Сретение Христово*, фрагментарно сочувани, потоа продолжува на јужниот ѕид во наосот со *Крштевање Христово*, *Лазарево воскресение* и *Влегување во Ерусалим*, така што на западниот ѕид завршува со *Успение на Богородица*. Под циклусот од *Големите празници*, во втората зона на наосот се насликани попрсја на свети врачи, маченици и свети

[117] Зисовска Ј., 1994, 55, сл. 8; Велев И., 1990, 81;

воини во медалјони, кои продолжуваат во низата од олтарскиот простор идентификувани како: св. Евстатиј Плакида, св. Агапиј, св. Теопист, св. Христофор, св. Трифун, св. Кирик, св. Јулита, св. Никита, св. Артемиј и св. Јаков Персиски. *Деисисната композиција* со св. Богородица, Исус Христос и св. Јован Претеча е распоредена во првата зона на јужниот ѕид на наосот, потоа до нив следува низа од фигури на светите војници: св. Ѓорѓи, св. Димитрија, св. Нестор, св. Прокопиј, св. Теодор Тирон, св. Теодор Стратилат, св. Меркуриј, па на западниот ѕид, до влезот, св. Кузман и св. Дамјан. Претставите на св. Евстатиј Плакида како свет воин или маченик со неговите мали сино-



Св. Артемиј и Јаков Персиски, јужен ѕид, наос
St.Arthemius and Jacob from Persia, south wall, nave



Св. Никита, Артемиј и Јаков Персиски, преснимен цртеж
Sts. Nikita, Arthemius and Jacob from Persia, copy drawing



Успение на Богородица, западен ѕид, наос
Assumption, west wall, nave



Криптограм, јужен довратник
Cryptogram, south door post

ви св. Агапиј и Теопист, во иконографијата на другите цркви се прикажани само во календарските сцени (Старо Нагоричино, Лесново, Грачаница, Дечани и Козија, ја илустрираат нивната маченичка смрт, ги фрлаат во устата на зажарен вол од бакар, како дел од Менологот) се единствени од ваков иконографски тип во една мала црква, каква што е оваа. Според одредени ликови, како што е Јаков Персиски насликан во првата зона како маченик со ориентална одежда и капа на главата, сликарството во матејачката црквичка може да се датира до крајот на седмата деценија на XIV век. Аналогии на ова сликарство наоѓаме со некои српски цркви од моравската школа од XII и XIII век (Студеница, Милешево, Сопоќани и Ариље), со охридските и костурските цркви од средината и втората половина на XIV век: Св. Никола Болнички, Св. Ѓорѓи во Курбиново (1191), пештерната црква Св. Атанасиј кај Калишта, Охридско, Св. Врачи, Панагија Мавриотиса, Св. Атанасиј, Св. Ѓорѓи ту Вуну, сите во Костур, Сретение на Метеори во Грција (1366/67) и Св. Никола во Манастир, Прилепско (1271).[118]

[118] Цветковски С. 2006, 100;

На јужниот довратник на влезот е насликан крст со Христовиот криптограм. Фрагменти од фрески се забележуваат на западната и јужната фасада во слепите лунети. Во лунетата над западната фасада бил насликан портретот на патронот на црквата, светиот воин и великомаченик Георгија, кој денес е речиси целосно исчезнат. Ликовно - стилските особености ги откриваат вистинските вредности на живописот на оваа мала црква каде анонимниот вешт зограф работел со воедначен стилски израз, целосно инспириран од класицизмот на палеолозите и вистински следбеник на сликарите од почетокот на XIV век.

## СВ. БОГОРОДИЦА ВО ДУМАНОВЦЕ

Селото Думановце е сместено на северозападниот дел од општината Липково, од левата страна на Липковска Река, во Карадаг, на локалниот пат Куманово - Лопате - Слупчане - Думановце. Од градот Куманово е оддалечено 22 км. Еден дел од селото е заезерен, поради што жителите, претежно христијани се иселиле оттука, во приградските населби на Куманово. Атарот на селото Думановце се граничи со Косово.[119] Асфалтниот пат води до Слупчане, а од Слупчане до Думановце се стигнува по селски пат, каде наспроти каменоломот источно од селото Думановце се наоѓаат остатоци од средновековна манастирска црква без покривна конструкција, посветена на *Раѓање на св. Богородица*. Во 1909 година, Хаџи - Васиљевиќ споменува остатоци од стар манастир посветен на Св. Богородица и кружна плоча од црвен мермер (трпеза) пред црквата, која најверојатно, некогаш била престол во црквата. Според народното предание оваа црква ја градела српската султанија Мара, ќерка на деспот Ѓурѓе. Во 1381 година, селото ја приложило на манастирот Хилендар, на Константин Драгаш и на неговата мајка, монахињата Евдокија Дејановиќ (царица Теодора), ќерка на кралот Стефан Дечански и сестра на цар Душан.[120] Во науката се споменува како неидентификувана, непозната и неистражена средновековна црква.[121] Се работи за постара доцновизантиска црква, која за жал не е целосно сочувана, поголем дел е во урнатини и долго време е без покривна конструкција, оставена на забот на времето.[122] Сочувани се само делови од ѕидовите на нартексот во висина до покривната конструкција и темелите на наосот и олтарскиот простор во висина до еден метар. Се гледа дека црквата била под нивото на земјата, околу 70 до 80 см. Според остатоците од ѕидовите, столбовите и капителите, може да се заклучи дека најверојатно се работи за *трокорабна градба* со впишан крст во правоаголната основа и полукружна апсида на исток, денес урната до нивото на земјата. Тоа значи дека, црквата најверојатно, имала една централна и четири помали странични куполи, формирани во аглите на крстообразниот дел, кои ги сочинуваат помали ѕидани четвртести простории. Може да се забележи дека има издвоен нартекс од наос, и правоаголен влез на средината за комуникација со наосот. Ваква слична архитектонска диспозиција се сретнува на Св. Пантелејмон во Нерези, Скопско (1161).[123] Градена е од убаво обработени камени блокови во комбинација со тесни тули поставени хоризонтално, со нагласена симетрија. Керамопластичната декорација од тули и камен, карактеристична за византиските градби се забележува на ѕидот во северозападниот агол на впишаниот крст во основата, сочуван фрагментарно.

Во олтарскиот простор, на источниот ѕид на дното, лево и десно од олтарската апсида, се наоѓаат плитки правоаголни ниши вертикално нагласени, северно проскомидијална, и јужно од неа, ѓаконииконска ниша. По кажување на раселеното локално население, до пред две децении била сочувана олтарската апсида со стари фрески. За жал, денеска е урната и нема ништо од тоа. Црквата има остатоци од дводелна камена олтарска преграда, каква што се сретнува на подоцнежните ранотурски цркви од XV век (Св. Троица во Челопек), денес заштитена со ламари-

[119] Панов М., 1998, 117;
[120] Хаџи-Васиљевић Ј., 1909, 471; Петковић В., 1950, 109; Благојевић М. - Петковић С., 1989, 228, 230;
[121] Петров К., 1954, 8, Т - II;
[122] Трайчев Г, 1933, 87;
[123] Бошковић Ђ, 1976, 137, сл. 177;




Св. Богородица во Думановце, остатоци од црквата
Holy Mother of God in Dumanovce, remains of the church

на. Секоја година тука доаѓаат раселените христијански верници и палат свеќи на денот на црковниот празник *Мала Богородица,* односно *Раѓање на Богородица* (21 септември). Оваа е само една од многуте разурнати цркви препуштена на забот на времето и на нејзино целосно пропаѓање.

Според архитектонска диспозиција и техника на градењето, манастирската црква Св. Богородица во Думановце може да се смести во групата урнати цркви од доцновизантиски период, односно од втората половина на XIV век.

## III. ЦРКВИ ОД ПОСТВИЗАНТИСКИ (ОСМАНЛИСКИ) ПЕРИОД (XV - XVIII ВЕК)

По освојувањето на Македонија во 1395 година, Турците биле толерантни кон христијанската религија, не посегнале дури ниту по автокефалноста на Охридската архиепископија и ѝ овозможиле таа духовно да управува со своите диецези и дури да се прошири. Турците ја презеле Скопската митрополија од Пеќската патријаршија и ја ставиле под јурисдикција на Охридската архиепископија од 1410 до 1557 година. Територијата на Скопската митрополија ги опфаќала своите стари области од XI век, Скопје, Жеглигово (Кумановско), Врање, Овче Поле и Пореч.[124]

Кумановската област за време на Османлискиот период, во XVI век била во состав на Ќустендилскиот санџак, во нахијата Нагорич. Името на селото Куманово за прв пат се споменува во еден турски пописен дефтер од 1519 година, кој се чува во државниот архив во Истанбул, а како турска касаба во 1660 година од турскиот патеписец Евлија Челебија. Тогаш Куманово било гратче во состав на Кратовскиот кадилак, односно на Скопскиот санџак. Од XVII до XIX век Куманово го споменуваат повеќе европски патеписци под името Каманова или Комонава, а во XIX век (1839) германскиот патеписец Аугуст Гризенбах го споменува Куманово како град со пространа област и развиена трговија на скопскиот самонаречен господар Хавзи - паша.[125]

За разлика од другите области во Македонија под османлиска власт, во охридскиот регион условите за уметничко творење биле поповолни, а тоа се должи на традицијата на постојниот иконографски репертоар и на домашните работилници, од 80-тите години на XV век. Охридските и костурските ателјеа од XV век биле од особено значење за културниот живот на христијанското општество во првиот период на османлиската власт на Балканот.[126] Дури во третата деценија на XVI век во време на архиепископот Прохор, Охридската архиепископија доживува културен и уметнички подем. Во манастирите се отвораат книжевно - преведувачки и зографско - резбарски центри, како што е манастирот Св. Јован Продром во Слепче, монашко средиште и сликарско - резбарски центар. Голема улога имал кратовскиот кнез Димитар Пепиќ, богат закупец на рудници во Кратово и Железнец, Демирхисарско, иконом на Охридската архиепископија и ктитор на повеќе манастири. [127]

Обновувањето на Пеќската патријаршија во 1557 година, била потпомогната од турскиот великодостојник Мехмед - паша Соколовиќ, везир од херцеговско потекло, а на чело на Пеќската патријаршија застанал неговиот брат Макарие Соколовиќ. Скопската митрополија била вратена под јурисдикција на Пеќската патријаршија. Охридската архиепископија била автономна црква во Османлиската империја, сé до 1767 година кога била укината од страна на Цариградската патријаршија. Токму во овој период турските власти ја промениле својата политика спрема религијата и црквата на покорените христијани што дотогаш не било случај. Голем број цркви биле претворани во џамии, а свештениците прогонувани. Од XVI век наваму, Турците со цел да најдат потпора во нивните освојувачки походи кон Север, му дозволувале на населението да ги обновува старите цркви или да гради нови, но мали, на лик на христијанските куќи, со мошне едноставна декорација или без неа.[128]

Турската власт не се противела за обновување или подигање храмови, доколку се исполнувале одредени услови. Поправка или обнова од темел била дозволена ако црквата постоела "од старо време" и ако за тоа имале дозвола од кадијата, а понекогаш дури и од султанот, кој издавал ферман. Иницијативата за поправка обично потекнувала од игуменот или монасите. Според тоа, муслиманската комисија го одредувала обемот на поправката и големината на црквата, нејзините првобитни димензии не смееле да бидат надминати и дури тогаш се пристапувало кон работа. Не е сосема точен податокот дека за време на турскиот период бил стопиран развојот на архитек-

---

[124] Стојановски д-р А., 1969, 193 - 196; Дероко А., 1935, 298 - 301;
[125] Масевски Д. - Арсовски М., 1996, 40 - 57;
[126] Балабанов К., 1969, 297 - 314; Суботиќ Г., 1980, 298 - 301; Машниќ М., 2007а, 23 - 24;
[127] Балабанов д-р К., 1969, 297 - 314; Машниќ М.М., 2007а, 24 - 26; , Суботиќ Г., 1980, 159 - 186;
[128] Матковски А., 1969, 227 - 268; Шупут М., 1984, 26 - 39; Петковић С., 1965, 24 - 57; Зиројевић О., 1984, 21 - 36;

турата и дека се граделе само скромни селски цркви. На пример, манастирот Св. Наум бил изграден 1631 година врз темели на постара триконхална црква Св. Архангели, или Св. Ѓорѓи во Годивје, Охридско, од доцен XV век. Тие и даваат оригинална црта на архитектурата од турскиот период, а од исто време е и црквата Св. Ѓорѓи од с. Бањани, Скопско, градена од масоните во XVI век. Овие примери јасно укажуваат дека и покрај лошите услови христијанската архитектура продолжила да цвета и да создава оригинални дела какви што се селските цркви во жеглиговската област, североисточно и југоисточно од Куманово, на кои досега не им било посветено внимание, кое што тие го заслужуваат.[129] Тоа се цркви градени исклучиво од камен, ретко во комбинација со тули (Челопек, Карабичане, Пчиња и Студена Бара), со или без архитектонска декорација.

Со обновувањето на Пеќската патријаршија во 1557 година, во XVI-от и првите децении на XVII-от век градбата на големите светогорски католикони имала одек на поголем број споменици во цела Тесалија, Македонија и во Бугарија, а во Србија се граделе по углед на моравската архитектура и влашки влијанија, како што се овчарско - кабларската група споменици.[130] Во регионот на Скопска Црна Гора, кон Куманово, Кратово, Овче Поле и Крива Паланка, се градат многубројни споменици, сакрални објекти со изразито архаични диспозициони карактеристики: Св. Никола во Трново, Кривопаланечко од 1605 година,[131] Св. Никола во Коњух и Св. Ѓорѓи во Шопско Рударе, Кратовско од XVI век; Св. Богородица на манастирот Пирог, Злетовско (1561) за време на игуменот Прохор; скопските цркви: Св. Атанасие во Шишево од 1565 година, Св. Спас во Добри Дол од 1576 година, Успение на Св. Богородица во Дивље од 1603/04 година, Св. Никола во Шишево (1631), Св. Никола во Радишани (околу 1631 год.) и Св. Архангели во Кучевиште (1631); Св. Никола во Ѓузумелци од 1584 година, истоимените цркви Св. Никола во Павлешенце и Бориловци, Светиниколско (XVI – XVII век); Св. Никола во Крупиште, Штипско (1625), и др.[132]

Значајна личност во втората половина на XVI век бил пеќскиот патријарх Јован Кантул (1592 - 1614), кој бил револуционерен поборник за ослободување на христијанските земји од османлиска власт. Во негово време во Кумановско се изградени повеќе цркви, меѓу кои манастирот Карпино во Сув Орах, Св. Никола во Стрезовце и Св. Петка во Бељаковце. После Јован, неговиот наследник Пајсие (1614 - 1647) ќе се обиде да ја поврати довербата на османлиската власт и ќе се сврти кон православна Русија од каде ќе добие материјана подршка за санирање на состојбите во патријаршијата. И покрај лошите услови, црковната архитектура и фреско-сликарството на Балканот, биле во подем (Македонија, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Бугарија, Романија, Грција и Албанија).

Од крајот на XVI и почеток на XVII век во средновековно Жеглигово постоела жива градителска активност на христијански сакрални градби. Многу цркви од овој период се наоѓаат во урнатини, односно од нив се сочувани само темелите, како што е црквата Св. Илија (Св. Ѓорѓи) во Алгуња, Св. Никола и Св. Ѓорѓи во Пелинце, Св. Јован во Драгоманце, Св. Богородица во Дла-

---

[129] Бошковић Ђ., 1976, 114;

[130] Кораћ В. - Шупут М., 1998, 390- 397; Серафимова А., 1999, 51 - 54; На Света Гора се создаваат големи католикони: Дионисијат (1539), Кутлумуш (1540), Ставроникита (1542), Ксенофонт (1544) и Дохијар (1568), а најзначајна реплика на светогорската архитектура претставува црквата Преображение на Метеори и поголем број на споменици во цела Тесалија, а во Бугарија група цркви во селото Арбанаси близу Трново меѓу кои еднокорабната, посветена на Св. Архангели (1630) и Богородичината црква од Бачковски манастир со поголеми размери. Во Србија, со моравски и влашки влијанија се изградени црквите: Троноша, Возуќа, Св. Троица, манастирот Благовештение (1632), Никоље (1637), Јежевица кај Чачак (1637) Св. Никола во Сланкамен, манастирот Сретение во Крушедол (1633), црква во Ново Хопово, Петковица и Ораховица на Фрушка Гора, додека во Херцеговина под влијание на Дубровник;

[131] Машниќ, М.М., 2009а, 136; Мирјана Машниќ во еден свој кус извештај за црквата Св. Богородица во Трново, во зборникот PATRIMONIUM. MK, од 2009 година, посветен во нејзина чест, наведува дека се работи за грешка околу датирањето на оваа црква (1505), имено сликарите направиле грешка во пишување на ктиторскиот запис, дека се работи за годината 1605, зашто стилски живописот одговара на почеток на XVII век.

[132] Николовски А. - Ќорнаков Д.- Балабанов К., 1971, 61 - 69; Лакалиска С., 2000, 77 - 105;

бочица, Успение на св. Богородица во Арбанашко, Св. Ѓорѓи и Св. Спас во Канарево, Св. Петка и Св. Димитрија во Бајловце, Св. Ѓорѓи во Врачовце, Св. Ѓорѓи во Довезенце, Св. Никола во Коинце, Св. Петка во Табановце, Св. Јован и Св. Троица во Четирце, Св. Лазар во Сопот, Св. Ѓорѓи и Св. Троица во Карабичане, Св. Петка во Руѓинце, Св. Спас во Матејче, Св. Архангел (Св. 'Ранѓел) во Лојане, Св. Ѓорѓи во Слупчане, манастирска црква во Ваксинце, Св. Никола во Брешко, Св. Никола во Облавце, Св. Ѓорѓи во Клечовце, Св. Јован во Скачковце, Св. Ѓорѓи во Кутлибег, и петте цркви во Младо Нагоричино: Св. Никола, Св. Врачи (Св. Кузман и Дамјан), Св. Богородица, Св. Спас и Св. Архангели.[133] За црквите и манастирите во Младо Нагоричино, центар на нахијата Нагорич (Жеглиговска жупа) распоредени околу локалитетот *Костоперска Карпа* се вели дека ги имало околу четириесеттина на број и со право населението ги нарекувало Мала Света Гора, или на турски јазик *Khrk Kilise* (40 цркви).[134] На дел од нив, денес на истите темели се изградени нови цркви во XX век, особено во периодот помеѓу двете светски војни, или во деветата деценија на минатиот век (Довезенце и Табановце), како што се црквите: Св. Троица во Четирце (1939), во Коинце (денес Св. Ѓорѓи, 1938), Св. Ѓорѓи во Пелинце (1936), Св. Димитрија во Бајловце (1938), во Арбанашко (денес Св. Ѓорѓи, 1939/40), во Длабочица (денес Св. Јован, 1939/40), Св. Петка во Руѓинце (1921), Св. Ѓорѓи во Довезенце (1987/88), Св. Петка во Табановце (1989), итн.



Св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричино, XVI/ XVII век
St. George the Victorious in Mlado Nagorichino, XVI/XVII century

Оттука, може да се види дека во одделни села повеќето од имињата на црквите го задржале старото име, а некаде се заменети со нови, по желба на локалното население и свештениците.

За изградбата на црквите, ктитори биле самите жители, а имало ограничувања во поглед на монументалноста. Тие биле едноставни, потсетувале на обични селски куќи, со едниот крај вкопани в земја, за да не бидат забележани од турската власт (Св. Петка во Дејловце, Св. Параскева во Мургаш, Св. Никола во Бељаковце, Св. Никола во Стрезовце, Св. Спас во Довезенце, Св. Никола во Орашац и др.), обично до селските гробишта и тоа се главно гробјански цркви. Најчесто, тоа се еднокорабни базилики, поретко трокорабни какви што се: Св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричино, Св. Дух во Добрача и Св. Никола во Стрезовце, сосема ретко дво-

---

[133] Хаџи - Васиљевић Ј., 1909, 203 - 277; 442 - 447; Трифуновски Ј., 1974, 15 - 43; 88 - 112; 145 - 182;
[134] Хаџи - Васиљевић Ј., 1896, 169; Idem, 1909, 437; Кога Хаџи Васиљевиќ го посетил Младо Нагоричино во 1900 година, запишал дека пред два века тука поминал Јеротије Рачанин и споменал околу 40 цркви; Поп Антов Ѓ., et. all., 1997, 229; Снъгаров И., 1932, 156, 312, 469; Машниќ М.М, 2011а, 360 - 361;

корабни како што е Двојната црква посветена на двајца светители Св. Ѓорѓи и Св. Никола во Сув Орах, и единствениот издолжен триконхос на манастирската црква Воведение на св. Богородица, попозната како манастир Карпино, исто така во Сув Орах.

За Жеглигово е карактеристична појавата на двојни цркви какви што се: Св. Ѓорѓи и Св. Никола во Сув Орах, Св. Спас во Довезенце, Св. Параскева во Мургаш, Св. Троица во Челопек (денес само ѕидови без покривна конструкција) и трите истоимени цркви: Св. Петка во Пезово, Дејловце (денес само темели од параклис и нартекс), и Младо Нагоричино. Двојните цркви се еднокорабни (освен двокорабната црква со два олтари во Сув Орах), покриени со еден заеднички двосливен покрив. Типот на двојни цркви какви што се во Сув Орах, Довезенце и Мургаш (како и сега урнатите Св. Ѓорѓи во Алгуња и Св. Троица Челопек) се поделени со ниски и широки аркадни премини помеѓу наосот (машки дел) и параклисот (женски дел), или со подолжен ѕид и тесен лачен влез за комуникација, како во Пезово. Потеклото на двојните цркви е поврзано со ориенталните влијанија од Мала Азија.

На повеќето жеглиговските цркви на западната страна се појавува одвоен нартекс од наос (Св. Петка и Св. Никола во Младо Нагоричино, Св. Ѓорѓи во Кокино, Св. Троица во Челопек, Св. Троица и Св. Ѓорѓи во Карабичане). На источната страна на црквите се граделе полукружни, правоаголни тристрани, петострани и шестострани апсиди. Најзастапени се тристраните апсиди, и тоа на црквите: Св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричино, Двојна црква во Сув Орах, Св. Ѓорѓи во Степанце, Св. Троица во Карабичане, Св. Петка во Пезово, Св. Никола во Колицко, и на урнатите цркви во Св. Никола во Брешко, Св. Петка во Бајловце, Св. Илија (Св. Ѓорѓи) во Алгуња, и Св. Никола во Коинце. Полукружни апсиди се сртенуваат на црквите: Св. Петка (Св. Никола) во Бељаковце, Св. Никола во Стрезовце, Св. Богородица во Студена Бара, Св. Богородица во Пчиња, Св. Никола во Орашац, Св. Никола во Винце, и на некогашната црква Св. Ѓорѓи во Довезенце. Во Републикава, правоаголни апсиди вертикално нагласени, се најзастапени токму на жеглиговските цркви од XVI и XVII век: на манастирот Карпино во Сув Орах, Св. Ѓорѓи во Кокино, Св. Параскева во Мургаш, Св. Спас во Довезенце, и на подоцна изградената црква Св. Никола во Рамно. Нешто порано, од XV век, правоаголна апсида се сретнува на црквата Св. Илија во Долгаец, Прилепско, од 1454/55 година.[135] Ретки се шестостраните апсиди, како што имаат Св. Ѓорѓи во Жегљане и Св. Дух во Добрача, а петострана апсида имала негогашната црква Св. Никола во Младо Нагоричино. Единствена црква која нема апсида од надвор е Св. Петка во Младо Нагоричино.

Пластичната декорација, речиси во целост недостасува, а доколку некаде ја има се сведува на примитивни, плитки површински рељефи, или засеци на површината на каменот, мали слепи ниши со сталактитни завршетоци на врвот, чисто исламски влијанија, како кај турските џамии и минариња (во олтарот на Св. Ѓорѓи во Жегљане, Св. Дух во Добрача и на апсидата од надворешната страна на црквата Св. Атанасиј во Кокошиње), мотиви од симболичен карактер: крст, *сонце* (комбинирани кругови), Давидова (шестокрака) ѕвезда, сосема упростени стилизирани лози, и т.н. Најзастапена камена декорација на архитектурата се сретнува на четирите цркви: Св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричино, Св. Ѓорѓи во Жегљане, Св. Дух во Добрача и Св. Никола во Стрезовце со геометриски и флорални орнаменти во вид на арабески, претстави на крстови, соларни симболи, антропоморфни и зооморфни мотиви на камените бифори под тимпаноните на црквите.[136]

Сите жегилговски поствизантиски цркви се без куполи, покриени со двосливна покривна конструкција од камени плочи (подоцна заменети со ќерамиди), со мошне едноставни фасади од камен или тетрахит, без никаков или сосема мал украс на фасадите, со мали и тесни отвори (прозорци), заштитени со железни и ретко, камени транзени. Камените транзени се сретнуваат во вид на четворолист (Св. Петка во Пезово), шестолист (Св. Спас во Довезенце и Св. Никола во Стрезовце) или во вид на богато испреплетени геометриски розети (Св. Ѓорѓи во Жегљане) во ажурна техника. Појавата на железните транзени (Св. Петка и Св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричино, Св. Ѓорѓи во Жегљане, манастир Карпино и Св. Параскева во Мургаш) е кара-

[135] Суботиќ Г., 1980, 55, сл. 31;
[136] Ibid, 247 - 248;

ктеристична за турските џамии и утилитарни градби од XVI и XVII век. Дебелината на ѕидовите изнесувала од 80 до 100 см. Порталите се ниски и тесни со лачни камени рамки или со полукружен фриз од камења на горниот крај, типични за отоманската архитектура, какви што има на западните влезови на црквата Св. Петка во Младо Нагоричино и на нартексот на Св. Никола во Стрезовце.[137]

Значајна карактеристика за внатрешната архитектура е засведувањето со полукружни, и ретко со четворообличести сводови какви што има во параклисите на Св. Петка во Младо Нагоричино, Св. Параскева во Мургаш, и на страничните кораби на Св. Никола во Стрезовце.[138] Четвртинските сводови некогаш ги имало во параклисот на црквите Св. Троица во Челопек и Св. Ѓорѓи во Алгуња, денес урнати. Втора значајна карактеристика е појавата на слепите архиволти - травеи, поврзани помеѓу себе со истурени пиластри на ѕидовите во нартексот и во наосот какви што се сретнуваат во Двојната црква и во манастирот Карпино во Сув Орах, Св. Ѓорѓи во Жегљане, Св. Петка во Младо Нагоричино, Св. Дух во Добрача и Св. Ѓорѓи во Степанце, а ги имало и на црквите Св. Ѓорѓи во Коинце и Св. Никола во Младо Нагоричино, кои денеска се во темели.[139] Аналогни се со манастирските цркви Св. Богородица во Сливница, Преспанско, од 1607 година, и Успение на св. Богородица во Трескавец, Прилепско, доградувана во XVII век.

Овие архитектонски карактеристики говорат дека постоела една автономна градежна дејност во регионот на Жеглигово, најверојатно *Ерменска колонија,* која била сместена во близина на Младо Нагоричино, кај локалитетот *Костоперска Карпа* или *Жеглиговски Камен*, и била задолжена за изградба на христијански сакрални градби при што вметнувала свои елементи и архитектонски детали за што потврдуваат и многубројните веќе споменати објекти. Ерменците оставиле траги и во византиската архитектура, како што е оригиналната црква Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричино што покажува начинот на ѕидање со огромни блокови, ист како во подоцнежните цркви во османлискиот период во овој регион од XVI и XVII век. Тоа може да се види од некои детали во архитектурата, како што е Херакловиот јазел од бифората на западната фасада, кој е речиси ист како на Св. Ѓорѓи во Младо Нагоричино.[140] Траги и влијание од ерменската уметност се забележуваат на црквата Св. Ѓорѓи во Коњух, Кратовско и Св. Троица во Челопек. Ерменските градители изградиле повеќе манастири во Романија, Србија и Грција со едно невообичаено мешање од турско - исламски и ерменски елементи на црквите, една новина во поствизантискиот период. Вакво мешање на стилови имало кога христијанските и турските мајстори заедно ги граделе големите султанови џамии во Истанбул и кога во главниот град живеела голема ерменска заедница. Бидејќи во првата половина на XVI век во христијанската уметност на Балканот немало доволно единство, така што тој бил отворен за странски влијанија со вметнување на детали од исламско потекло, како што е турскиот систем на засведување и големината на црквите.[141]

Дали Ерменците од Жеглигово останале активни на полето на архитектурата не се знае, но најверојатно тие ги одржувале врските со заедниците во отоманскиот главен град и можеби и со романските заедници. Ако е точно ова, тогаш групата од Жеглигово сигурно повикала некоја од групите мајстори што поминувале и работеле на цркви и џамии, па ги подигнале споменатите цркви во Жеглигово, на кои, најверојатно, им помагало локалното население, особено во недостаток на координација на работата во техниката на градење со големи камени блокови. Паѓа в очи изградбата на Татар Синан - беговата џамија во Куманово од 1520/32 година, за време на Татар Синан паша (1506 - 1596), градена од прецизно делкани камени блокови и геометриска декорација во лаците над прозорците, необичниот тамбур на куполата, кој ретко се сретнува во отоманската архитектура. Долго време по заминувањето на ерменската колонија од карпестиот жег-

[137] Kiel M., 1971, 247;
[138] Бошковић Ђ., 1976, 148 - 149; Машниќ М.М., 2007a, 26 - 27;
[139] Ѓурѓе Бошковиќ го нацртал основниот план и надолжниот пресек на црквата, објавен кај В. Петковић, 1950, 913, сл. 606;
[140] Филипова С, 2001, 21 - 27;
[141] Kiel M., 1971, 252 - 253; Кораћ В. - Шупут М., 1998, 396 - 397;

лиговски крај се чувствувале влијанијата на оваа група градители, сé до појавата на македонските градители во преродбенскиот период, во XIX век.[142]

Во внатрешната декорација на храмовите турската власт не се мешала. Уметничкото творење и понатаму се развивало по угледот на старата византиска традиција, а локалните сликари своето творештво го засновале врз основа на зачуваните *ерминии* (светогорски прирчници), кои ги пренесувале од колено на колено. Иконографската програма, главно се состоела со теми од христијанска религија, од Стариот и Новиот завет.[143] Декорацијата се сведувала само на фрески, сликани од локални сликари или сликари од позначајните сликарски центри: Охрид, Солун и Света Гора. Држејќи се на основната концепција за сликарството на поранешниот византиски период, зографите ги прилагодувале композициите на малиот недоволно осветлен простор на црквите. Се работи за едно суво пресликување на старите обрасци, со нагласена наративност во обликување на сцените и фигурите, а доколку уметникот потекнува од народот, бил инспириран од животот. Колоритот постепено се сведувал на основните тонови без нијансирање и моделирање.[144] За разлика од зографите, кои твореле во византиската епоха, овие не си ги пишувале своите имиња на завршените сликарски дела, останале анонимни. Иконописците биле претежно свештени лица, монаси или мирски свештеници, но имало и лаици. Од средината на XVI век единствено се знае за зографот Онуфриј Аргитис,[145] во втора половина на XVI век за зографот Лонгин, пеќски монах,[146] а кон крајот на XVI и почеток на XVII век, се знае за Јован Поп Теодоров, зограф од Грамоста,[147] кои работеле фрески и икони во Македонија, Србија, Грција, Албанија и Бугарија. Главно, сликарите зографи биле анонимни, најповеќе тоа биле локални селски мајстори, кои потекнувале од сликарските работилници во Охрид, Слепче, Лесново, Штипско, Кратовско, Кумановско и Скопска Црна Гора. Освен двата ктиторски записи за живописот, сочувани во наосот на западниот ѕид на црквите Св. Никола во Стрезовце и Св. Петка (денешна Св. Никола) во Бељаковце, двете од 1606 година, кај другите цркви не се сочувани, за две цркви се знае од пишани извори во стручната литература (Св. Петка во Младо Нагоричино од 1628 година, и Воведение на св. Богородица или манастир Карпино во Сув Орах, од 1592 година), а останатите се датирани според архитектонските и стилско - ликовните обележја.

Зографите кои твореле за време на туркократијата останале верни на стариот начин на сликарството, но во нивните дела се гледа како постепено се намалува креативноста и им отстапува место на имитацијата и копирањето на делата од претходната, византиска епоха. Намалениот простор за сликање и ниската цена што ја плаќале осиромашените ктитори, го оневозможувале дури и поумешното копирање. Поголемите сликарски тајфи со определено ниво на обука постепено се осипувале, се намалувал бројот на калфите и чираците во тајфите и се сведувал на еден мајстор, со еден помошник или без него. Најверојатно, младонагоричкиот храм Св. Ѓорѓи Победоносец претставувал хетерогена сликарска работилница која била задолжена за сликање на цркви во скопско - кумановскиот регион, како што се Св. Архангели во Кучевиште, Двојната црква во Орах, Св. Никола во Стрезовце, манастир Карпино, Св. Петка во Младо Нагоричино, Св. Параскева во Мургаш, Св. Петка во Пезово, Св. Никола во Бељаковце и Св. Спас во Довезенце, со костурско - линотипско потекло.[148] Тоа го потврдуваат и сигнатурите испишани на црковно-словенски и грчки јазик, сликарскиот израз во одделни цркви, каде покрај локалните, како помошници биле ангажирани и зографи од Грција (во Св. Ѓорѓи Победоносец, Стрезовце, Двојната црква и Пезово).

Иконостасите потполно се изработени од дрво, а не од камен како порано, целите покриени со два до три реда на икони, Голем крст на врвот со сликано *Распетие* и царски двери на дното, некои од нив богато украсувани со резба, дело на копаничарските работилници кои работеле со

---

[142] Kiel M., 1971, 254 - 255;
[143] Петковић С., 1965, 65 - 77;
[144] Бошковић Ђ, 1976, 114;
[145] Расолкоска - Николовска З., 2003, 135 – 136;
[146] Петковић С, 1965, 45;
[147] Машниќ М.М., 2006, 131;
[148] Машниќ М.М., 2007, 147 – 149; Крстиќ С., 2011, 28 ;

свои тајфи, како што е *Слепчанската*, *Дебарската* и *Призренско-скопската резбарска стилска група*.[149] Од овој период, делови од иконостас (царски двери, голем крст од врвот со подножје, седум празнични икони, една престолна икона, фризот со дванаесет пророци, и деисисната плоча), владички стол, две нафори и една певница изработени во интарзирана техника, единствено се сочувани од манастирот Карпино (1606), како и резбаните двери од јужниот кораб на Двојната црква (Св. Никола) во Сув Орах (XVI/XVII век).

Некои од средновековните цркви и манастири во средновековно Жеглигово биле значајни скрипторски центри лоцирани во селото Младо Нагоричино, манастирот Карпино во Сув Орах, манастирот Матејче и црквата Св. Никола во Длабочица, во кои твореле познати и непознати книжевници, кои оставиле траги преку свои записи, евангелија и зборници, од кои се добиени драгоцени информации за културно - просветниот и духовен живот во тоа време. Така, во Младо



Манастирски комплекс Карпино во Сув Орах, XVI век
Complex of the Karpino Monastery in Suv Orah, XVI century

Нагоричино се споменува некој си Радин Нагоричанин, чиј запис самиот го оставил врз лист од Евангелие во почеток на XIV век, а фрагмент од ракопис денес се наоѓа во Државната библиотека во Москва во збирката на Григорович под сигнатура 11(III) М.1693. Овој книжевен деец за попот Загоранин од село Сушица, напишал 4 ракописни книги: пракс - апостол, псалтир, триод и евангелие, и за сега не е познато дали овие Радинови ракописи се зачувани и каде се наоѓаат денеска.[150] Познатиот средновековен книжевен деец Владислав Граматик, престојувал во црквата Св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричино, во 1455/56 година и од неговиот Зборник од 1456 година, од првата автобиографска белешка се дознава дека својот престој го поврзува со домот на Никола Спанчевиќ, идентификуван од С. Радојчиќ во лицето на познатиот српски композитор од XV век, Никола Србин кој работел во Жеглиговскиот (Матејачки) манастир. Денеска Зборникот, поделен на два дела се чува во две различни институции, едниот во библиотеката на Рилскиот манастир во Бугарија, а другиот во Државната научна библиотека "Максим Горки" во Одеса, Русија.[151] Еден непознат книжевник напишал Четвороевангелие од кое е пронајден еден лист од

[149] Личеноска З., 1960, 95; Балабанов д-р К., 1969, 299 - 314; Машниќ М.М., 2007 а, 26; Машниќ М.М, 2009, 168;
[150] Поп Антов Ѓ., et all., 1997, 225;
[151] Ibid, 227;

XVI век од црквата Св. Никола во Длабочица, кој во XIX век, отпрвин се чувал во Призренската богословија (Косово), а подоцна бил однесен во Софиската народна библиотека, под бр. 1352 /10.[152] Според Евангелието на еромонахот Јоаникие од 1592 година, Богородичината црква од Карпинскиот манастир била значаен книжевен центар во XVI век, во кој имало активен верски живот со 300 калуѓери.

Во ова поглавје ќе бидат третирани осумнаесет црковни споменици во Кумановско од XV до крај на XVIII век: Св. Ѓорѓи Победоносец и Св. Петка во Младо Нагоричино, манастир Карпино и Двојната црква (Св. Ѓорѓи и Св. Никола) во Сув Орах, Св. Ѓорѓи во Жегљане, Св. Дух во Добрача, Св. Ѓорѓи во Степанце, Св. Ѓорѓи во Кокино, Св. Петка во Дејловце, истоимените цркви Св. Троица во Челопек и Карабичане, истоимените цркви Св. Никола во Стрезовце и Бељаковце, Св. Спас во Довезенце, Св. Параскева во Мургаш, Св. Петка во Пезово, и истоимените цркви Св. Богородица во Студена Бара и Пчиња.

## СВ. ЃОРЃИ ПОБЕДОНОСЕЦ ВО МЛАДО НАГОРИЧИНО

Селото Младо Нагоричино се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на општината Старо Нагоричино, од десната страна на реката Пчиња. Дел од селото лежи непосредно до магистралниот пат Куманово - Крива Паланка, оддалечено 11 км. од градот Куманово.[153] Нахијата Нагорич (Жеглиговска жупа) чие седиште било Младо Нагоричино во XVI век припаѓала на Ќустендилскиот санџак, а во втората половина на XVI век во Скопскиот санџак. Младо Нагоричино било едно од значајните стратешки места и важни сообраќајници во минатото, преку кое минувал патот Скопје - Велбужд (Ќустендил), а за време на османското владеење во него имало активен верски живот за што сведочат многубројните цркви.[154]

Една од најзначајните поствизантиски цркви, лево од стариот пат Куманово - Крива Паланка до селските гробишта е црквата Св. Ѓорѓи Победоносец од чија десна страна од патот, се издига познатиот археолошки локалитет *Костоперска Карпа* или *Жеглиговски Камен*.[155] За овој споменик сé уште не се откриени записи за времето на изградбата и живописот, затоа што долго време живописот бил варосан, ниту пак со последните конзерваторски зафати во 2007/08 година, каде што ктиторскиот запис над западниот влез не е сочуван, се гледаат голи ѕидови. Како еден од најрепрезентативните монументални споменици во Македонија од Османлискиот период, предизвикал огромен интерс кај истражувачите на средновековната уметност. Бил посетен од руските и српските истражувачи: Н. Кондаков, Н. Окуњев, М. Васиќ, Ѓ. Бошковиќ, В. Ѓуриќ, Ј. Хаџи - Васиљевиќ, В. Петковиќ, холанѓанецот М. Кил и др. Засега постојат различни датирања околу изградбата на овој храм. Според одредени мислења, можеби архитектурата потекнува од XIII или XIV век изградена врз постара црква од XI век како што е случајот со Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричино, според други дека е од раниот XV век од времето на Стеван Лазаревиќ (1406/07 година),[156] а според трети дека е од крајот на XVI и почеток на XVII век. Српскиот истражувач Милоје Васиќ претпоставува дека оваа црква била изградена кон крајот на XIV и почеток на XV век за време на деспот Стеван Лазаревиќ, кога црквата Св. Ѓорѓи се наоѓала во непосредно соседство со Угљешовата област и станала составен дел на државата на деспот Стеван, особено по поразот во битката на султанот Муса во 1412 година на Ново Брдо (Косово), помеѓу 1407 и 1427 година.[157] Бугарскиот истражувач Јордан Иванов споменал дека во оваа црква работел средново-

[152] Ibid, 63; Јован Хаџи Васиљевиќ во 1909 година ја споменува црквата во Длабочица како разурната црква Св. Богородица, на која денес, во 1939 година, врз нејзините темели е изградена нова црква посветена на Св. Јован; Ова Четвороевангелие најверојатно потекнува од црквата Св. Никола каде што постои и денес, во истоименото село Длабочица, Кривопаланечко, а кое се наоѓа во близина на кумановското село Длабочица;
[153] Панов М., 1998, 198;
[154] Хаџи-Васиљевић Ј., 1901, 4; Idem, 1909, 487 - 488; Радовановић В.,1928, 2; Иванов Й, 1970, 134;
[155] Ѓорѓиевски Б, 1989, 95 - 99;
[156] Николовски А. - Ќорнаков Д. - Балабанов, К., 1971, 61; Велев И., 1990, 82; Васић М., 1930, 17 - 32;
[157] Поп Антонов Ѓ. - Велев И. - Јакомовска Тошиќ М., 1997, 222;

ковниот книжевник Владислав Граматик,[158] еден од најревносните распространувачи на творештвото на патријархот Евтимиј, кој ја посетил во 1456 година и напишал една книга во ракопис *Предели*, која денес се наоѓа во Универзитетската библиотека во Одеса, под бр. 41, што значи дека некогаш црквата била скрипторски центар.[159] Ова потврдува дека црквата постоела во XV век, но дека претрпела измени и поправки во наредниот период. Најблиска хронолошка граница поставил белградскиот универзитетски професор д-р Војислав Ѓуриќ, датирајќи ја околу 1600 година, или во првите две децении на XVII век, веднаш по обновата на Пеќската патријаршија (1557 година).[160]

За изградбата на црквата Св. Ѓорѓи Победоносец како непосреден модел послужила монументалната црква Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричино од XI и XIV век. Се работи за *трокорабна базиликална црква*, со развиен вписан крст во правоаголната основа. На западната страна се наоѓа широк варосан нартекс, кој никогаш не бил живописан, издвоен од наосот, на средината



Св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричино, југоисточна фасада, XV/ XVII век
St. George the Victorious in Mlado Nagorichino, south-east facade, XV/XVII century

трансепт (попречен кораб) и на источната страна тристрана апсида. Инаку, црквата е градена од обработени камени блокови, од светла до темна окер и жолтеникава боја, долги и до еден метар, редени во хоризонтални редови, а во изработка на прозорците и украсите на горните делови е употребена црвеникава тула.[161] Воочлива е архитектонска скулптурална декорација од камен над бифорите во широки архиволтни тимпани, со зооморфни и геометриски претстави (арабески) на западната, јужната и северната фасада. Над апсидата, во кружен медалјон се наоѓа расцветан крст со еднакви краци и флорални орнаменти. На бифората од западната фасада на камената колонета

[158] Иванов Й, 1970, 134 - 135; Иванов вели дека Владислав Граматик бил Србин од Ново Брдо (Косово). Со потпаѓање на неговиот роден град под Турците во 1455 година, нашол прибежиште во Жеглиговската област, најпрвин во Младо Нагоричино, а подоцна во манастирот Матејче. Тој престојувал и во Рилскиот манастир. Станал општ писател за Србите и Бугарите и писател на Ресавската, српско - бугарска редакција, кој оставил автобиографски податоци на крајот од неговата книга *Предели*, која се чува во Одеската универзитетска библиотека, N$^0$ 41;

[159] Ивановъ Й., 1931, 26 - 28; Idem, 1970, 134 – 135; Велев И., 1990, 105;

[160] Петковић В., 1950, 203; Николовски А.- Ќорнаков Д. - Балабанов К., 1971, 61; Машниќ М.М., 2007, 131; Хаџи-Васиљевић J., 1909, 437 - 439; Машниќ М.М., 2008, 70; Машнић М.М., 2012, 19 – 20;

[161] Зисовска Ј., 1994, 50 51, сл. 5; Масевски Д., 2006, 83, сл. 11; Cultural Heritage ..., 2004, 25 - 26;

е врежан Хераклов јазел, ист како на старонагоричкиот храм, кој симболизира заштита на умрениот.[162] Оваа декорација има влијание од источнохристијанската уметност, поточно од ерменската. На западната, јужната и северната фасада е видлив сараценски лак од црно - жолти квадрати над тимпаноните со бифори, влијание од турските џамии, а видливи се и железни транзени на правоаголните тесни прозорци, монофорите и бифорите, какви што се сретнуваат само на турските градби, што значи дека тие се наместени во исто време кога била изградена црквата. Слепите арки на конзоли, од надвор ја осликуваат сводната структура во внатрешноста. Присутни се елементи карактеристични за исламското градителство, на прво место ниска слепа купола врз пандантифен систем во пресекот на централниот кораб и трансептот, која од надвор не се издига



Бифора, западна фасада
Double lance window, west facade





Камена декорација со бифора, јужна фасада
Decorativ plastic made of stone, with Double lance window, south facade



Камена декорација на северната фасада
Decorativ plastic made of stone, north facade



Подна розета, наос
Rosete on the floor, nave

над покривот. Ваков вид на купола со фиктивен тамбур е изграден и во црквата Св. Архангел Михаил во Борач, централна Србија, од 1533 година.[163] Подот на црквата е поплочен од широки правоаголни, камени плочи. Интерсено е што при влезот во наосот, се наоѓа подна дванаесетлистна розета од камен, обоена со темноцрвена и темнозелена боја, каква што се сретнува и во црквата Св. Спас во Довезенце, што не е исклучива веројатноста дека се работи за иста градителска тајфа, ерменска колонија која се населила во овие простори, карактеристична за повеќе жеглиговски цркви од поствизантискиот период градени во XVI и XVII век. Тоа не наведува црквата да ја датираме кон крајот на XVI и почеток на XVII век.[164] Во периодот на Преродбата, од јужната страна на црквата по должина на наосот бил дограден отворен дрвен трем, снимен при

[162] Филипова С., 2001, 26 - 27, сл. 7; Крстиќ С., 2010, 19, сл. 54; Хаџи-Васиљевић, Ј., 1928, 95;
[163] Kiel M., 1971, 248 - 249; Крстиќ С., 2010а, 19, сл. 50 - 53 и 55, црт. 9 и 10 ;
[164] Машниќ М.М., 2007, 131 - 132; Крстиќ С., 2010а, 19, сл. 56 и 57 ;

посетата на В. Петковиќ во 1950 година. Денеска овој трем не постои, а се гледаат само камените испусти на кои се потпирал тремот.[165]

Од мноштвото врежани графити, на западниот и јужниот ѕид на наосот, се дознава за патниците кои во различни временски периоди престојувале во овој храм: дубровнички патеписци и властела: Junius Nic Restidio, трговец Marino Nikolich Raguseo, 1664, Nicolo Bucchia, 1689 година; белешка за турско-австриската војна од Будим и Штип до Бан и Велес, кога Германците ги зазеле од Турците, во 1690/91 година; иконописецот Бранко од Ерусалим, 1771 година; Коста ереј, 1790 година; Трајко ѓак, 1824 година; монахот св. Михајло Пантелејмон од Нерат, роден од Призрен, 1837 година; Нешо, беглички монах; поп Костадин 1861 година; а на еден од столбовите има два записи: самоковски архиереј Еврем, 4.04.1730; и еромонах Михаил од Св. Архангели - Кучевиште, Скопско, кој во 1823 година бил даскал во Куманово.[166]

*Стариот живопис* во наосот долго време бил покриен, сé до 1998/99 година кога се направени експериментални сонди на варосаните површини и се откриени делови од ликовите на светителите и нивните сигнатури, а веќе во 2007/08 година со конзервација на ѕидните површини на стручните лица од Националниот конзерваторски центар од Скопје и Музејот од Куманово, може да се види речиси целосната иконографска програма. Инаку, ова сликарство никогаш не



Фрески во олтарска апсида
Frescoes in altar apse

било пресликувано, освен во последната четвртина на XIX век во куполата, каде што е насликан Христос Вседржител со *Небеска литургија* во тамбурот, проследена со оштетени фигури на ангели и четирите евангелисти на пандантифите: св. Јован, св. Марко, св. Матеј и св. Лука, кога бил изработен и високиот дрвен иконостас во црквата (1872). Несомнено е дека ѕидното сликарство во отарот и наосот потекнува од исто време со изградбата на црквата.[167]

На источниот ѕид, во *олтарската апсида,* во конхата најгоре била насликана Богородица на престол со малиот Христос во скут, фланкирана со два архангели која е уништена, а иста таква сцена била насликана и во стрезовската црква Св. Никола од 1606 година, од која се сочувани долните делови. Под неа е фриз од единаесет бисти на архиереи, од кои се откриени седум: св.

[165] Петковић В., 1950, 911, сл. 600;

[166] Хаџи-Васиљевић Ј., 1909, 439; Ивановъ Й., 1931, 26 - 28; Idem, 1970, 135; Велев И., 1990, 105; Машниќ М.М., 2007, 149;

[167] Машниќ М.М., 2008, 70 - 73;

Леонтиј, св. Мелетиј, св. Вукол, св. Иполит, св. Климент Анкирски и св. Неофит. Над св. Леонтиј се гледа оштетен медалјон со попрсје. Под низата со бисти е насликано *Причестувањето на апостолите*, каде е прикажан двоен Христос под балдахин, со двајца ангели кои држат рипиди и серафим помеѓу нив, како ги благословува апостолите, со леб од едната, и со вино, од другата страна, исто така аналогна со стрезовската црква и со Богородичината црква од манастирот Трескавец, Прилепско.[168] Најдолу, во првата зона е *Литургиска служба на архиереите* во поклонувањето на *Агнец Божји*, каде што сцената со Агнец е оштетена. Архиереите се прикажани во цел раст свртени кон Агнецот, северно од прозорецот е св. Василиј Велики, по него св. Григориј, св. Никола и св. Петар Александриски (?), на кои одвај им се чита сигнатурата, а јужно, св. Јован Златоуст, св. Атанасиј, св. Кирил Александриски и св. Јован Милостив, продолжуваат на источниот ѕид со св. Сергеј, св. Еротеј, па на јужниот ѕид на ѓакониконот со св. Дионисиј, св. Ипатиј и св. Спиридон. Во *протезисот* се насликани *сцени од св. Никола* од кои се сочувани само три на челниот источен ѕид, во горните зони: *Раѓање на св. Никола*, *Чудото во морето* и *Смртта на св. Никола*, а на северниот ѕид е насликана сцената *Чудото на тројцата праведници спасени од меч*. Во *ѓаконикон*от исто така на челниот, источен ѕид е насликан циклусот од животот на св. Богородица, со неколку сочувани сцени: *Св. Јоаким и Ана носат дарови за првосвештеникот Рувим*, *Благовести на св. Јоаким*, *Благовести на св. Ана*, *Раѓање на Богородица,* додека на јужниот ѕид се наоѓа сцената: *Воведение на малата Богородица во храм*. На јужниот ѕид од ѓаконикoнот, веднаш над архиереите, во втората зона се насликани три сцени од Стариот завет: *Чудото во Хона*, *Три момчиња во зажарана печка* и *Даниел во лавјата пештера*. За овие сцени, локалниот зограф бил инспирирал од фреските од ѓаконикoнот на матејачкиот манастир, од 1348/50 година. Во лакот на ѓаконикoнот, во долната зона е насликан лик на ѓакон Роман (?), со кадилница во десната и дарохранилница во левата рака.[169]

Во *наосот* се видливи фрагменти со *сцените од животот на св. Ѓорѓи*, *Христовите страдања* и *Големите празници*. Во слепата купола е насликано новото слирство од крајот на XIX век, во калотата е допојасието на Христос Вседржител, во тамбурот *Божествена литургија*, а на пандантифите, ликовите на четирите евангелисти: Лука, Јован, Марко и Матеј. Сцените со *Големите празници* биле насликани на сводните површини, но се многу оштетени. Од сочуваните фрагменти се распознаваат само *Сретение*, на јужниот ѕид и *Влегување во Ерусалим*, на северниот ѕид. Под *Големите празници*, во четвртата зона, се насликани сцени од *Чудата и параболите Христови*, на јужниот: *Христос и Закхеј* и *Исцелување на болниот од водена болест,* на западниот: *Христос ја исцелува тештата на св. Петар,* и на северниот ѕид: *Јавувањето на Христос на Тиверијадското море,* со две сцени од *Чудесниот лов: Апостолите тргнуваат на риболов,* и *Христос од брегот им кажува да ја фрлат мрежата од десната страна на чунот.* Во третата зона е циклусот од *Страдањата Христови*, на јужниот ѕид, се откриени шест композиции: *Молитва во Гетсиманската гора*, *Јуда ги прима сребрениците од Ана и Кајафа*, *Христос пред Пилат*, продолжува на западниот ѕид со *Трикратното одрекување на св. Петар*, па на северниот ѕид со: *Патот на Голгота*, *Качување на крст* и *Тројно Распетие* (Христос помеѓу двајца разбојници). Тука завршуваат овие циклуси, завршните сцени се уништени, а површината на ѕидот е оштетена. Во втората зона се насликани *сцените со патронот на храмот, св. Ѓорѓи.* На јужниот ѕид се идентификувани сцените: *Мачењето на св. Ѓорѓи на тркало*, *Убивање на преобратените цареви војводи*, *Мачењето на св. Ѓорѓи во вар*, *Св. Ѓорѓи пред цар Диоклецијан пие отров*, *Забивање на клинци во стапалата на св. Ѓорѓи*, *Камшикување со воловски жили,* на западниот ѕид - *Мачењето на св. Ѓорѓи со железни гребла*, додека на северниот ѕид е отежната идентификацијата поради фрагментарната состојба, веројатно *Св. Ѓорѓи го убива змејот*, под сцената *Качување на крст.* Исто така, во втората зона на западниот ѕид, над влезот е насликана композицијата *Успение на св. Богородица*, која не е вообичаена како во другите цркви. Прикажано е пренесувањето на телото на Богородица кон гробот на Гетсиманија (како во манастирот Матејче). Најдолу, во првата зона се насликани стоечки фигури на светители. На јужниот ѕид од исток кон запад се насликани: св. Евстратиј, св. Авксентиј (?), св. Евгениј, св. Прокопиј, св. Ники-

[168] Митревски Н., 2009, 292;
[169] Машниќ М.М., 2007, 131 - 151; Крстиќ С., 2011, 9; Машнић М. М, 2012, 22 ;

та, над јужниот влез допојасија на св. Андроник и св. Сава Стратилат, низата продолжува со св. Димитрија, св. Нестор, под прозорецот св. Кузман (?), и последните двајца се без сигнатури, најверојатно, св. Дамјан и св. Пантелејмон. На западниот ѕид, низата од стоечки фигури од југ кон север, продолжува со: св. Герасим, св. Теодосиј Општежител, св. Пахомиј и Ангел Господов во монашка облека, северно од влезот се насликани: св. Антониј Велики, св. Евтимиј Велики, и царската двојка, синот и мајката, св. Константин и Елена. Во прозорците на јужниот ѕид, на поширoката бочна страна се насликани допојасија на светители, едниот е св. Флор, а во другиот прозор не се распознава светителот. Прозорците се украсени со сликана декорација од стилизирани палмети и триаголници. На западниот и јужниот влез во наосот, на довратниците се сочувани Голготските крстови (криптограмот на Исус Христос), какви што се сретнуваат на Св. Петка во Младо Нагоричино и на Двојната црква во Сув Орах.



Фрески на јужен ѕид, наос
Frescoes of south wall, nave

На *столбовите* се насликани светите војници во цел раст, сочувани фрагментарно, а во долната зона се речиси сосема уништени. На јужниот столб во олтарот, на источната страна, горе се чита само натписот на св. Никифор, а долу е св. Доротеј, на северната страна се чита само сигнатурата на св. Савин, и на јужната, св. Тирс. На југоисточниот столб во наосот, на западната страна, горе е насликан св. Маркиан, а долу св. Ѓорѓи; на јужната страна, горе, св. Евланбиј, а долу св. Ефрем Сириски; на источната страна, горе св. Онисифор, а долу евангелистот Матеј, и на северната страна, долу св. Никола. На југозападниот столб во наосот, на западната страна, св. Елеазар, на северната страна, св. Себастијан, на источната страна св. Езакуст, и на северната страна св. Луп. Присутно е мешање на старогрчки и црковнословенски сигнатури, а свитоците се испишани исклучиво со црковнословенско писмо.[170]

Во целина гледано, може да се забележи дека не само архитектурата, туку и фреско - сликарсвото ја следи програмата на старонагоричкиот храм. Аналогии на сликарството од оваа црква наоѓаме со сликарството на Св. Никола во Стрезовце (1606), Св. Петка во Младо Наго-

[170] Машниќ М.М., 2007, 141 - 147; Машнић М. М, 2012, 21 - 24 ;

ричино (1628), Двојната црква во Сув Орах (XVI - XVII век) и Св. Архангели во Кучевиште, Скопско (1631). Главниот зограф на младонагоричкиот храм е многу близок со еден од зографите во наосот на Сливничкиот манастир во Преспа (1612), кој е автор на Деисисната плоча од 1606/07 година од манастирот Св. Јован Продром во Слепче, Демирхисарско, и на живописот во нартексот на манастирот Св. Ѓорѓи Полошки, Кавадаречко, од 1608/09 година, каде бил илустриран циклусот на св. Ѓорѓи. [171]

Денес, црквата има нов висок и дрвен иконостас од 1872 година со три реда на икони и Голем крст на врвот. Иконостасот е изработен за време на епитропот Крсто Аџин, чие име и година се напишани над царските двери, а кој најверојатно потекнувал од младонагоричката маала Аџинци.[172] Престолните, празничните икони, и царските двери ги насликале Вено и Зафир Зограф, во 1868 година. Тука работел и зографот Вено Илиев(иќ), кој се потпишал, без датум, на иконата од св. Димитрија, на иконостасот.[173] Без сомнение, црквата Св. Ѓорѓи Победоносец е еден од најзначајните споменици на културата во Р. Македонија од поствизантискиот период, како во поглед на архитектурата, така и во поглед на ѕидното сликарство.

## ВОВЕДЕНИЕ НА СВ. БОГОРОДИЦА ВО СУВ ОРАХ
## - МАНАСТИР КАРПИНО -

Селото Сув Орах е оддалечено 25 км. од Куманово, спаѓа во југозападниот дел на општина Старо Нагоричино и допира до општината Кратово. Манастирот Карпино се наоѓа во близина на селото Сув Орах, оддалечен 4 до 5 км. од селото.[174] Овој храм го празнува денот на *Голема Богородица*, односно *Успение на Богородица* (28 август), ден кога црквата е осветена, инаку е посветена на *Воведението на св. Богородица во храм* (4. декември). Се наоѓа во непосредна близина на Павлинска маала, а локалното население ја нарекувало Богородица Страсна (Жална).[175]

Според народното предание црквата била подигната во XI век, а според записот од XIX век во олтарската апсида, што е несигурен податок кој се сочувал во преданието, од XII век (1100 година). Карпинскиот манастир *Воведение на Пресвета Богородица*, за првпат се споменува во Евангелието напишано во летото 1592 година од времето на проигуменот кир Јоаникие еромонах, кое се наоѓа во црквата Никољац во Бијело Поље, Р. Црна Гора и во ракописниот апостол од XVII век кој се чува во Народната библиотека во Белград, а припаѓал на манастирот Прохор Пчињски. Отпрвин, Богородичината црква била поистоветувана со манастирот Архиљевица (Хаљинце), денешното кумановско село Аљинце кое се наоѓа во близина на манастирот Карпино. Очигледно е дека се работи за грешка бидејќи Богородичина црква имало и во близина на манастириштето во Прешевскиот регион, а кој исто така спаѓал во областа Жеглигово.[176]

Манастирот бил значаен книжевен центар во XVI век, во кој имало активен верски живот со 300 калуѓери. Во требникот од XVI век, по кажување на еромонахот Јосиф Ристиќ, до 1880 година имало преку 60 книги. Подоцна овие ракописни книги се земени од другите манастирски цркви, од каде се гледа дека во овој манастир во XVI, XVII и XVIII век имало живот. Карпинскиот манастир располагал со доста голем имот, ниви, градини, ливади, недвижен имот и добиток. За тоа сведочи Кондиката (инвентарната книга) на Ќустендилската митрополија од 1846 година. Описот на состојбата го направил грчкиот владика Дионисиј Ќустендилски, напишана од игуменот Хрисант. Покрај сребрени предмети и садови, манастирот поседувал богата манастирска библиотека од единаесет ракописи на пергамент, дванаесет минеи, два апостоли, еден октоих, еден триод, еден псалтир, еден ирмологион, еден кирјакодромион, и деветнаесет хартиени рако-

[171] Ibid, 148 - 149;
[172] Ивановъ Й.,1970,135;
[173] Ibid, 135; *Евиднетирани икони ….* , 1987, 110 - 115;
[174] Панов М., 1998, 220 ;
[175] www.kumanovo.ca/kultura/sazda.pdf (Sazdo Vasilev – Česmadžiski: Selo Orah – Suv Ora, стр. 24);
[176] Хаџи Васиљевић Ј., 1909, 459 - 462; Поп Антов Ѓ., et all., 1997, 90 – 91;

писи, однесени во Белград, Софија, Москва и др.[177] Тоа значи дека манастирот Карпино бил знааен културен и книжевен центар, така што во почетокот на XIX век во него творел игуменот Кирил Пејчиновиќ (1806 - 1812).

По народното предание од локалното население, овој манастир многу се задолжил на кратовските спахии, кои ги држеле околните села како свои господари. Не се знае кога манастирот бил откупен од кратовскиот бег Ахмед Чалма и кога потпаднал под турско туторство. За да го откупат манастирот со околните села, христијанското население собирало средства, со народна милостина, дури го продавале и сребрениот накит на жените, за кои најмногу се зазел некој си дедо Караваљ од Дрен'к и макрешките попови.[178] Така, во XIX век за добробит на овој манастир најмногу се истакнал поп Бојко од Сув Орах, кој долго време бил игумен на овој манастир. Во 1878 година кога народот од Кумановската и Паланечката каза се кренал на оружје барајќи соединување со српската држава, овој манастир бил вториот главен востанички центар. Поради тоа игуменот Бојко бил суден пред воен суд во Приштина и осуден на вечно заточеништво, од каде не се ни вратил. После игуменот Бојко, во манастирот како чувар од Турци и Арнаути се вовлекол некој си Хасан Сушовалија од Куманово. Тој вовел егзархиска црковна управа и веќе во 1897 година манастирот бил под егзархиска управа.[179]



"Воведение на св. Богородица" - манастир Карпино во Сув Орах, југозападна фасада, 1592 година
Church "Presentation of the Holy Virgin" in Suv Orah - Karpino Monastery, south - west facade, year 1592

Според натписот на јужниот ѕид во олтарот, црквата е обновувана во 1892 година за време на свештеникот Пахомие, кога е додаден и дрвениот трем на дрвени столбци (греди) од западната страна, едно од главните обележја во преродбенскиот период. Вакви тремови се додадени на повеќе поствизантиски цркви во Кумановско, на св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричино, кој во средината на XX век е отстранет, на истоимените цркви, Св. Богородица во Пчиња и Студена Бара и на истоимените цркви Св. Никола во Стрезовце, Орашац, Колицко и Винце. Насликаната, пак, западна фасада со нови фрески од 1892 година е резултат на туѓите пропаганди и притисоци за остварување на нивните цели во Македонија, на црковното двовластие, за

[177] Хаџи-Васиљевић Ј., 1909, 459 ; Иванов Й., 1970, 138 140; Масевски Д. - Арсовски, М., 2003, 199; Велев И, 2008, 68; Крстиќ С., 2010, 126, Трайчев Г, 1933, 86 - 87;
[178] Трайчев Г., Манастирите в Македония, София 1933, стр. 86; Хаџи- Васиљевић Ј, 1909, 462;
[179] Хаџи-Васиљевић Ј., 1909, 459 - 462; Масевски Д. - Арсовски М., 1996, 136 - 142; Велев И., 1990, 104 - 105; Ќорнаков Д., 2009, 191 - 195; Крстиќ С; 2010, 127 ;

превласт, помеѓу бугарската егзархиска и српската патријаршиска православна црква. Токму од овие причини и биле пресликувани нови фрески врз старите, како што е случај со оваа манастирска црква и другите поствизантиски цркви од XVI и XVII век, во Жегљане, Стрезовце, Бељаковце, Пезово, Пчиња и Студена Бара.

Манастирот бил активен до крајот на Втората светска војна. Во него живееле, работеле и управувале со имотот: игумени, калуѓери, попови и селани со постојана работа во манастирот, а од нив најмногу престојувал поп Борис со бела брада и коса (Бел поп), каде што умрел во 1925 година и бил погребан веднаш до црквата. Забележан е и престојот на игуменот Јулиј, по потекло Русин, роден во Украина во околината на Киев, кој се школувал во Света Гора, и кој после Револуцијата во Русија дошол во Југославија. Од скопскиот владика Јосиф бил испратен на работа во манастирот Карпино околу 1921/22 година, каде останал сé до неговото стрелање од страна на бугарскиот окупатор во октомври 1943 година. За време на престојот, игуменот Јулиј ги адаптирал конаците и ја изградил зградата од камен, од северната страна на црквата, која со подоцнежниот пожар од 1944 година, не изгорела. По Втората светска војна и аграрната реформа во 1946 година, манастирските земјишни поседи и двата чифлика во селата Макреш и Канарево се земени од манастирот и поделени на селаните чивчии и безземјаши.[180]



Северна фасада
North facade

Водејќи се од пишаните документи може да се каже дека манастирот Карпино бил скрипторски центар кој се споменува во 1592 година, што значи дека бил изграден пред 1592 година, врз темели на постара црква од XIV век. Првобитната црква се споменува во Повелбата на цар Стефан Душан, што ја поседувал севастократорот Дејан, која била готова пред 1349 година.[181] Од таа црква не е сочувано ништо. Се работи за споменик од турскиот период, од крајот на XVI век. На северозападната страна на црквата, од исто време со архитектурата е изградена и висока камбанарија од камени блокови, со квадратен пресек. На второто ниво се наоѓаат два тесни вертикални отвори во функција на бифора. На третото ниво има широк кружен отвор - окулус, а најгоре е осмостраниот ѕидан тамбур со лимен покрив и крст на врвот.

Црквата *Воведение на св. Богородица* претставува безкуполна, еднокорабна издолжена градба со правоаголна основа која во источниот дел завршува во разбиен триконхос,[182] и како

[180] www.kumanovo.ca/kultura/sazda.pdf (Sazdo Vasilev – Česmadžiski: Selo Orah – Suv Ora, стр. 25 - 26);
[181] Велев И., 1990, 104 - 105; Крстиќ С; 2010 , 127 ;
[182] Петковиħ В., 1950, 145; Бошковиħ Ђ., 1976, 149; Зисовска Ј., 1994, 48 - 49, сл. 3; Масевски Д., 2006, 82, сл. 7 и 9; Крстиќ С, 2010, 128;

таква е единствен пример во кумановскиот крај и пошироко. Припаѓа на хетерогена група споменици со необични архитектонски решенија. Аналогна е со црквата *Св. Арханѓел Михаил* во Трн, Бугарија од 1580 година, со таа разлика што таа има две куполи.[183] Покриена е со двосливен покрив од ќерамиди. Првобитниот покрив од камени плочи не е сочуван. Црквата е ѕидана од големи камени блокови фугирани во комбинација со помали обработени и необработени камења со сива боја. На западната фасада се наоѓа главниот тесен влез, а на јужната, споредниот. Од западната страна, во преродбенскиот период има доградено дрвен отворен трем потпрен на четири дрвени столбци, со ниска дрвена ограда. На источната страна, црквата однадвор има три правоаголни апсиди, вертикално нагласени, едната на источната, другата на северната и третата на јужната фасада, кои однатре завршуваат во конхи, па така црквата делува како триконхос. Стопувањето на конхите во ѕидната маса има ерменски и грузиски влијанија. Сите три апсиди однадвор се декорирани со широка слепа арка разбиена со правоаголен отвор заштитен со железни транзени што била честа појава кај џамиите и црквите градени во Османлискиот период. Аналогии со правоаголни апсиди вертикално нагласени сретнуваме кај жеглиговските цркви: *Св. Ѓорѓи* во Кокино, *Св. Спас* во Довезенце и *Св. Параскева* во Мургаш.[184] Северниот ѕид на црквата нема отвори, освен на апсидата. На јужниот ѕид се наоѓаат пет правоаголни отвори заштитени со железни транзени и една квадратна плитка ниша. Сосема на крајот, на работ кон источниот ѕид се наоѓа ѕидан потпорен столб - трапезна контрафора, широка околу 1 м.

Манастирот *Карпино* има интересна внатрешна архитектура. По должина е поделен на три дела, нартекс, наос и олтар. По својата архитектонска диспозиција потсетува на *Св. Ѓорѓи* во Жегљане. Нартексот некогаш бил живописан, денес е покриен со малтер, бело варосан, за што сведочи единствената фреска од првобитниот живопис на западниот ѕид. Северниот и јужниот ѕид на нартексот се разбиени со по две слепи широки архиволти (траveи) и истурени пиластри помеѓу нив, аналогни со повеќето жеглиговски цркви: *Св. Петка* во Младо Нагоричино, *Св. Ѓорѓи* во Жегљане, *Св. Дух* во Добрача, *Двојната црква* во Сув Орах и *Св. Ѓорѓи* во Степанце, како и со Сливничкиот манастир Св. Богородица од 1607 година, лоциран високо над Преспанското Езеро и манастирот *Трескавец* (*Успение на св. Богородица*) под Златоврв, 10 км. од Прилеп. Инаку, црквата е покриена со полукружен свод. Сочуван е првобитниот под од широки камени плочи. Наосот на црквата е разигран со по две широки конхи, на северниот и јужниот ѕид, разбиени со правоаголни отвори кои горе завршуваат лачно, а кои заедно со источната олтарска конха го сочинуваат триконхосот. Во олтарската апсида, на источниот ѕид се наоѓа централната широка апсидална конха и северно од неа, помала проскомидијална конха. Во централната конха се наоѓа мал правоаголен отвор кој кон надворешноста трапезно се стеснува во вертикален засек, а на северниот ѕид во олтарот се наоѓа мала правоаголна ниша, чиј горен дел завршува со турски лак. На јужниот ѕид во олтарот, на црковнословенски јазик е испишана годината 1892, кога бил обновен живописот, за време на настојателот Пахомие.

Во црквата Воведение на св. Богородица се забележуваат два слоја на *живопис*. Постариот живопис потекнува од крајот на XVI век, а поновиот од крајот на XIX век. Од првобитниот живопис е сочувана фреската на Богородица Оранта со малиот Христос на градите, во цел раст, насликана во конха на западниот ѕид, јужно од влезот на нартексот, која обично се сликала во олтарската апсида. Овде е направен исклучок со оглед на тоа што таа е тука како патрон на црквата и веројатно е дел од циклусот на *св. Богородица* кој бил насликан во нартексот, но за жал, од тој циклус, не е сочувано ништо друго. Аналогна е со фреските во олтарските апсиди на црквите Св. Петка во Бељаковце од 1606 година, Двојната црква (Св. Ѓорѓи) во Сув Орах и Св. Спас во Довезенце од XVI/XVII век.

Со најновите конзерваторски зафати на стручните лица од НКЦ во Скопје и Музејот од Куманово, од 2009 - 2011 година, се откриени старите фрески од 1592 година, во првата и втората зона на наосот. Покрај споменатата фреска во нартексот, се распознаваат неколку претстави на светители во наосот и олтарот и низа од медаљони со попрсја на маченици.[185]

---

[183] Минчева К., 2007, 20;
[184] Крстиќ С., 2002, 111 - 112, сл. 3, цртеж 1; Eadem, 2006, 71 - 73, цртеж 1, сл. 7;
[185] Машниќ М. М., 2010, 305 - 320;

На источниот ѕид, во олтарската апсида е насликана допојасно св. Богородица Мајка Божја со двете раце полукренати нагоре и со малиот Христос на градите во необичен петократ медалјон,[186] а под неа фриз од четири бисти на екуменските оци, од север кон југ: Амфилокиј, Дометијан, Мелетиј и Тарасиј. Под овој фриз, најдолу е насликана литургиската служба на св. Василиј Велики (северно) и св. Јован Златоуст (јужно) во *Поклонувањето на Агнец Божји*. Јужно од апсидата, во првата зона е насликан ѓаконот св. Роман во цел раст, а над него, во втората зона допојасието на св. Кирил Александриски.[187] Северно од апсидата, во ѓакониконската конха е насликан архиѓакон Стефан, а над него е насликана еднođелната композиција *Благовести*. Сосема горе на врвот во полукружниот тимпанон, над апсидата е насликана троделна претстава на *Христовиот убрус* (лево), *Божја рака*, која ги држи душите на верниците (во средината), и *Христос ќерамида* или *Керамион* (десно). Преку овие ретки иконографски претстави во христијан-



Фрески на источен ѕид, олтар
Frescoes on the east wall, altar

ските цркви е изразена симболиката на сите светители кои ја изразуваат молитвата, обраќајќи и се на *Божјата рака*, во сегмент од светлината. Во *Божјата рака* се насликани неколку глави на праведници кои ѕиркаат од прстите на затворената Христова дланка, а во *Керамион*, исто како и кај *Убрусот*,[188] е насликан неракотворниот образ на Христос, на тула или ќерамида со правоаголна форма. Иконографски, овие три претстави добиваат нова симболика, која се темели на новата сотериолошка и искупителна улога на Христовиот живот и дејствување, како и на неминовноста и неизвесноста на неговото Второ доаѓање. Не е исклучена ниту фунерарната улога на

[186] Крстиќ С., 2011, 11 ;
[187] Николовски А. - Ќорнаков Д. - Балабанов К., 1971, 62; Машниќ М. М., 2010, 305 - 320;
[188] Ерминїя, 1868, 299 - 300; Од времето на Константин Велики, сликите со Христос стануваат побројни во христијанските цркви, особено во втората половина на IV век, кога бил прифатен вистинскиот лик на Христос кој не е изработен од човечка рака, туку отпечатен од самиот Христос, а тоа е т.н. “Неракотворен образ.” Според. Евсевиј, оболениот сирискиот цар Авгар, лично го повикал Христос да дојде кај него и да го излечи, но Спасителот бил спречен, и му го испратил неговиот отпечатен лик на убрус (крпа), така што, штом го допрел Христовиот лик, веднаш оздравел. Сцените со царот Авгар се насликани во манастирот Матејче, во XIV век; Крстиќ С., 2011, 10;

неговите слики како заштита и надеж во спасението на конечниот суд.[189] Овие претстави единствено ги сретнуваме уште и во Двојната црква во Сув Орах, во јужниот кораб посветен на св. Никола. На северниот ѕид во олтарот најдолу е сцената *Визија на Петар Александриски*, а над нив во втората зона медалјони со попрсја на старозаветните пророци, Кузман, Дамјан и Пантелејмон, додека на јужниот ѕид, долу се допојасни фигури на Константинополскиот патријарх, св. Герман и гологлавиот старец со долга шилеста бела брада, пустоножителот св. Онуфриј, а горе медалјони со попрсја на светите маченици: Сергеј, Вакх, и Авксентиј, еден од петозарните маченици, кој настрадал во ерменската Севастија.

На јужниот ѕид во наосот, во првата зона, од исток кон запад се насликани: двајца архиереи, учесници на Вториот Никејски собор, допојасието на св. Атанасиј, источно од прозорецот, и сигнатурата со фрагменти од св. Никола, западно од прозорецот. Во јужната конха, најгоре е насликана единствената сцена од Големите празници, *Преображение Христово*, пресликана одозгора со нов живопис, од кој се наѕираат главите на светите пророци Илија и Мојсеј, и делови од



Св. Трифун (лево) и св. Евросим (десно), северен ѕид, наос
St. Tripho (left) and St. Euvrosim (right), south wall, nave

тројцата апостоли (Петар, Јаков и Јован) од традиционалната иконографија. Во долниот дел на конхата, источно од прозорецот е насликана фронтална фигура на светиот воин Меркуриј, со шилест шлем на главата, копје, лак и штит во левата рака и меч во десната рака исправен нагоре. Идентична претстава со св. Меркуриј се сретнува во Двојната црква во Сув Орах, на јужниот ѕид во јужниот кораб. Западно од прозорецот е насликана св. Богородица седната на трон со малиот Христос во скут.[190] Нејзиниот прототип е откриен во старонагоричкиот храм, постар тип на Богородица Кипарска, која со двете раце го држи Христос, а тој ја благословува со инструментите на страста, без присуство на ангел.[191] Овој тип на Богородица го сретнуваме во апсидата на Св. Никола во Стрезовце и во Богородичината црква на манастирот Трескавец, каде што таму е фланкирана со два архангели.[192] Западно од јужната конха, е насликана фронтална фигура на

[189] Машниќ М, 2010, 311, сл. 8 ;

[190] Типот на Богородица на трон, е распространета ширум црквите на Исток и Запад. Прототипот на оваа Богородица потекнува од иконата на Богородица Кипарска, која особено била популарна после Вселенскиот собор во Ефес, 431 година, и имала за цел да ја прикаже Марија како Богородица и Царица Небеска. Многу често се слика за иконостаси како престолна икона, пандан на иконата Христос Пантократор; Ерминия, 1868, 322 - 323, сл. 22 ;

[191] Машниќ М.М., 2010, 305 - 329;

[192] Митревски Н., 2009, 292;

великомаченикот св. Димитрија, со копје во десната и штит во левата рака. Во прозорските отвори е застапена геометриска и флорална декорација. Во втората зона од исток кон запад се насликани светите петозарни маченици во кружни медалјони разиграни со ластари: Евгениј, Евстратиј, Мардариј и Орест, и на крајот две бисти на светите маченици: Архилај и Никита.

На северниот ѕид во наосот, од запад кон исток, во првата зона е насликана речиси цела фигура на великомаченикот св. Ѓорѓи, оштетена во долните делови, во фонтална поза, со копје во десната и штит во левата рака, пандан на св. Димитрија од јужниот ѕид. Во северната конха се насликани ликовите на светите воини Теодор Тирон (лево) и Теодор Стратилат (десно), во огледална поза, додека помеѓу нив е ликот на Христос во мандорла, носен од огнени крилести тркала, како ги благословува споменатите великомаченици. Ова сликарство било покриено со ново, со сцената *Вознесение Христово*, која сега со конзервацијата е отстранета. Источно од северната конха се насликани две допојасија, едното на св. Трифун, претставен со крст во десната и трнорез во левата рака, негов градинарски атрибут за закројување на лојзето,[193] и мошне ретката иконографска претстава со ликот на светиот маченик, Евросим, млад со монашка облека, кој во десна рака држи разлистена гранка со јаболка, насликан до иконостасот, непосредно до проскомидијата, со евхаристично значење. Според хагиографските податоци се знае дека тој бил по потекло селанец и готвач на својот манастир. Легендата говори дека бил чувар на "Градината Божја", откриен преку визијата на еден свештеник на манастирот. Во сонот на овој свештеник било видливо оздравувањето на многу луѓе од јаболката што им ги давал Евросим, а потоа тој ја избегнал својата слава со напуштање на манастирот, но останал да се слави на 11 септември, и 18 март, денот од неговиот мартириум. Оттука, може да се каже дека Евросим не е само исцелителен симбол туку важна иконографска импликација со подлабоко иконолошко значење, со тесно поетско поврзување на текстот од Соломоновата "Песна над песните", каде е насликан со една голема гранка од рајската градина, како знак за негово распознавање.[194] Ликот на св. Евросим се сретнува во манастирот Матејче од 1350/52 година, а како Евросим Готвач (со евхаристичните симболи, јаболко или леб), се сретнува во Курбиновската црква од XII век (исто така со јаболкова гранка), Св. Никола во Псача од 1365/71 година, во Дечанскиот манастир Христос Пантократор од 1343 година, и во црквата Вознесение Христово или манастирот Раваница кај Ќуприја во Србија, од 1387/89 година.[195] Во втората зона на северниот ѕид се насликани бисти на свети маченици во кружни медалјони, од запад кон исток: Кирик, Јулита, Текла, Ананиј, Назариј и Мисаил (со необични шлемови на главата), и до иконостасот, Јаков Персиски со интересна капа на главата во вид на круна.

Фрагментите со геометриска и флорална орнаментика на прозорските отвори на јужниот ѕид во наосот и во олтарскиот простор, кои потсетуваат на плетерните мотиви од средновековните ракописи, исто така припаѓаат на постарото сликарство од 1592 година. Вакви сликани декорации се сретнуваат во Св. Ѓорѓи Победоносец и Св. Петка во Младо Нагоричино (1628), Св. Никола во Стрезовце (1606), и на јужниот ѕид во олтарскиот простор на Св. Параскева во Мургаш.

Живописот со *Големите празници*, насликан во третата зона, целосно е уништен. Првобитните фрески од XVI век, претставуваат продолжување во духот на византиската традиција,

[193] Габелиќ С., 2004, 119 - 120; За култот на св. Трифун, Смиљка Габелиќ појаснува дека по потекло е малоазиски светител, кој бил патрон на Никеја, привремената византиска престолнина и на династијата Ласкариси, како и патрон на Котор (св. Трипун), град на источнојадранскиот брег со посебен политички статус во Србија и во латиновизантиските уметнички споменици. Во средновековното ѕидно сликарство во Србија и Македонија, св. Трифун се претставува во рамките на поширока група на свети маченици и што е особено интересно до историските портрети (Градац, Св, Никола Болнички, Св. Никола во Љуботен), кој бил почитуван уште од времето на Немањиќите, овој светител бил претста-вуван како династички патрон, слично на св. Стефан Првомаченик. Се сретнува со срп и крст, покрај лозова пенушка или гуска, како држи овчарски стап покрај четириножно животно или мотика со кринов лист в раце. Овчарските и градинарските атрибути се белег на животното занимање на светителот и ги осликува особеностите на неговиот култ, како што е случај во оваа црква;

[194] Миљковиќ П.П., 1979, 33 - 34, сл. 7;

[195] Машниќ М.М., 2010, 326 - 327 ;

едно суво пресликување на византиското сликарство, веројатно работени од домашни мајстори по углед на охридската сликарска школа од XV век.

Врз старите фрески се насликани нови фрески во 1899 година, според црковно - словенскиот натпис над западниот влез во црквата, за време на настојателот Димитрија од селото Орах. Со најновите конзерваторски зафати во 2009/2011 година, се отстранети фреските на новото сликарство од првата и втората зона на наосот. Денеска, на северниот ѕид на наосот, кон сводот, во третата зона, од запад кон исток, се насликани: *Благовести, Средбата на Марија и Елисавета, Раѓање Христово, Поклонување на пастирите* (*Пастирски свирки во Слава на Вишниот*), и двете сцени во олтарот, *Ангел во сонот на Јосиф* и *Заветот на Јосиф кон Богородица*. На јужниот ѕид, во третата зона на наосот, од запад кон исток, сцените започнуваат со: *Патување на тројцата кралеви (мудреци), Ангел ги држи коњите, Поклонување на мудреците*, потоа во олтарот, *Гневот на Ирод,* и *Приготвувањето на Јосиф за пат.* Авторите зографи, браќата Петар и Атанас Николови од Велес, заедно со нивниот учител Стефан од Кочани, се потпишале на позадината од престолната икона на Исус Христос Вседржител. Се работи за едно сликарство со поскромни можности, кое не може да се спореди со старите фрески од XVI век. Новите фрески се аналогни со фреските во жегљанската црква од 1893 година каде работеле истите зографи, и во црквите од Преродбата: Св. Никола во К'шање (1886) и еден дел од сликарството на црквите во Кокошиње и Живење (1886), каде работел само Петар Николов (заедно со Димитар Андонов - Папрадишки), како и на иконостасите од XIX век во поствизантиските цркви, на двата иконостаси на Двојната црква во Орах, особено на дверите од XVI век, сликаните фигури од *Благовести* на архангел Гаврил и св. Богородица, на новиот иконостас на стрезовската црква во 1893 година, и иконостасот во параклисот на пезовската црква Св. Петка, во 1898 година.

На сводот во олтарот, во голем кружен медалјон е насликан отец Сава, до појас, со триаголен нимб, симбол на светото Тројство, старец со долга бела брада, окржуен со четири претстави на херувими, потоа до него, во наосот, во мал овален медалјон е насликан св. Дух, со претстава на гулаб, и западно од него (во средината на наосот), во голем кружен медалјон, допојасието на Исус Христос Вседржител, окружен со четирите Христови евангелисти и нивните атрибути во помали овални медалјони, а помеѓу нив, претстави на четири херувими. Овие три претстави со Бог - татко (отец Сава), Бог - син (Христос Вседржител) и Бог - дух (гулаб), го симболизираат светото Тројство. На крајот, на западната страна од сводот, во голем кружен медалјон, е насликано допојасието на Богородица Ширшаја Небеса со малиот Христос на градите во кружен медалјон, окружена исто така со четири претстави на херувими. Сводните фрески, веројатно, се насликани од другите двајца зографи, Атанас Николов и Стефан, кои се со подобар уметнички квалитет, за разлика од фреските со *Големите празници* и сцените со св. Богородица, во третата зона, насликани од Петар Николов. По речиси три децении, околу 1920 година, кумановскиот зограф Трајко Муфтински (1892 - 1963) насликал една фронтална фигура во цел раст на св. Никола, на јужниот ѕид помеѓу источниот травеј на нартексот и јужната конха на наосот.

Освен сликарството, особена улога во турскиот период имал развојот на *применетата уметност* на значајни предмети од дрво, керамика и метал, исто така под византиско влијание. Од Богородичината црква во Сув Орах се сочувани делови од првобитниот иконостас, кој се состои од седум празнични икони, царски двери и Голем "змиски" крст со риби (наместо дракони), ранохристијански симболи во подножјето на крстот, во дрво со плитка резба. Аналогии на "змиски крст" се сретнуваат во црквата Св. Никола во Трново, Кривопаланечко, од 1605 година, каде наместо риби, во подножјето се наоѓаат полжави. Слични крстни подножја има во Дечани (1593/94) и Пеќ (1594), како и во кучевишкиот манастир Св. Архангели (1592), Марковиот манастир (1592), во Бугарија (Рождество Христово во Арбанаси, Бачковски и Роженски манастир) и др.[196] Царските двери целите се изработени со плетерна орнаментика и кружни розети, како и двоглави орли (српскиот симбол), и припаѓаат на прилепско - слепчанската резбарска школа. Аналогни се со двериите на скопските цркви, Св. Архангели во Кучевиште (1631) и Св. Богородица во Глумово (XVI век), потоа прилепските, Св. Никола во Варош и манастирот Трес-

[196] Машниќ М.М., 2006, 121 - 136, сл. 1 и 12, цртеж 4 и 6; Eadem, 2009a, 133, сл. 10;

кавец, Св. Димитрија во Кратово, Св. Никола во Ранковце и Св. Ѓорѓи во Петралица, Кривопаланечко.[197] Од дванаесетте празнични икони кои биле распоредени во четвртата зона се сочувани седум: *Лазарево Воскресение*, *Преображение*, *Влегување во Ерусалим*, *Распетие Христово*, *Оплакување Христово*, *Слегување во пеколот* и *Вознесение Христово*. Денеска, овие најстари икони и двери со крстот, според натписот под крстот, потекнуваат од 1606 година, од исто време со ктиторскиот натпис за живописот на црквите Св. Никола во Стрезовце и Бељаковце, и се наоѓаат изложени во Галеријата на икони во црквата Св. Никола во Куманово, како најстари сочувани експонати. Високото сликарско ниво на иконите, *Распетието* од крстот и *Благовести* од дверите, треба да се бара во аналогиите на иконостасот од Св. Димитрија во Палатиција кај Верија (Бер) од 1569/70 година, атрибуирани од линотипскиот мајстор Никола. Оттука, може да се заклучи дека мајсторот на карпинскиот иконостас произлегол од атељето на Линотипи со костурска уметничка традиција и искуства од епирски работилници.[198] Од иконостасот се сочувани уште престолната икона со Богородица Одигитрија (91 x 67 см.) мошне оштетена,



Иконостас, 1606 година
Iconostasis, year 1606



Иконостас, XVII и XIX век, преснимена фотографија
Iconostasis, XVII and XIX century, copy photography

втората зона од фризот составен од четири нееднакви планшети со бисти на дванаесет пророци групирани околу св. Богородица и св. Јован Дамаскин во кружни медаљони, кои ја сочинуваат илустрацијата *Пофалба на Богородица* “*Пророците Те најавија*” и третата зона, резбарен епистил со проширена *Деисисна композиција,* Христос на престол, фланкиран со св. Богородица и св. Јован Крстител и со по еден архангел, во стоечки став, како и со по шест апостоли на престоли, од обете страни. Сочуваните фрагменти од престолната икона, фризот со пророци, и епистилот со *Деисисната композиција*, се наоѓаат на постојаната поставка во Музејот на Македонија во Скопје.[199] *Деисисната плоча - Чинот*, во византискиот музеј во Костур (Грција), атрибуира на Јован Поп - Теодоров зограф од Грамоста (кој се потпишал на иконата на Исус Христос од Слепчанскиот манастир од првата половина на XVI век). Воочлива е сличноста со *Деисисната плоча* од Топличкиот манастир (1542/430) и од Бучим, Демирхисарско, како и со најстарата *Деисисна плоча* датирана кај нас, во манастирот Зрзе, Прилепско (1535/36).[200] Во црквата денес сé уште се чуваат интарзирани предмети, две нафори и една певница од седеф, работени во техника на инкрустација, полица за книги, како и владички престол од дрво со богато декориран нас-

[197] Расолкоска - Николовска З, 1980, 283; Балабанов д-р К., 1969, 311; Гергова И., 1993, 35;
[198] Машниќ М.М., 2006, 125 - 130; При конзервација на деловите од првобитниот карпински иконостас, во 2005 година, советник - конзерваторот Мирјана Машниќ од НКЦ од Скопје ја откри годината од записот под крстот (7115 =1606/07);
[199] Машниќ,Ѓ М.М., 2006, 129;
[200] Ibid, 131;

лон, од крајот на XVI и почетокот на XVII век.[201] Вакви нафори и владички престол се наоѓаат и во црквата Св. Архангели во Кучевиште, Скопско, исто така од крајот на XVI век.[202]

Покрај овој црковен мобилијар од XVI и XVII век, црквата поседува нов иконостас од крајот на XIX век, поточно од 1892 година, чија година е испишана на горниот крај, на средината од иконостасот. Поради тесниот простор, страничните крила со по две престолни икони се фиксирани на јужниот и северниот ѕид. Иконостасот нема двери, а има проскомидијален влез за во олтарот. Недостасува и Големиот крст на врвот. Од запад кон исток, на страничните крила од



Богородица Одигитрија
Holy Virgin Hodegetria



Исус Христос Всерджител
Jesus Christ Omnipotent



Собор на апостолите
Council of Apostles



Воведение на Богородица
Presentation of the Holy Virgin



Деисис, наддверие, детаљ
Deesis, above royal doors, detail





Наддверие со Будно око, над проскомидијален влез, XIX век,
Watching Eye (Anapeson), above entrance in the anaphora, XIX century

(Преснимени фотографии/ Copy photographies)

северниот ѕид се наоѓаат двете престолни икони на св. Кирил и Методиј, и Воведение на св. Богородица, со димензии: 50 x 90 см., а на фронталната страна на иконостасот на проскомидијалната врата се наоѓа иконата на архангел Михаил во цел раст, на платно (мошне оштетена), потоа во интерколумниите, св. Богородица Одигитрија, северно, и Христос Вседржител, јужно од централниот влез. Престолните икони продолжуваат на страничното крило, на јужниот ѕид, од исток кон запад со св. Јован Крстител и *Св. Троица*. Патронската икона Воведение на св. Богородица во храм, и иконата со св. Кирил и Методиј, од северното странично крило на иконостасот, се изработени подоцна во 1920 година од споменатиот кумановски зограф Трајко Муфтински, кој се потпишал на нив. Необично е, што, над проскомидијалниот и централниот премин на иконостасот се наоѓаат сликани наддверија. На наддверието над проскомидијалниот влез е насликана ретка, засега единствена прастара иконографска сцена со тип на *Христос Будно око,* кој овде е

201 Расолкоска-Николовска З., 1980, 282 - 289, црт. 1; Машниќ М.М., 2006, 121 - 137;
202 Серафимова А, 2005, 380, сл. 78, 88 и 89 ;

седнат на трон со главата потпрена од десната рака, а левата спуштена на колено, нозете потпрени на подножник, а не легнат на душек, која е почеста варијанта. Тронот го чуваат четири херувими, од лева страна е фигура на Богородица со знаменце (ладало), а од десна страна ангел со крст, копје и сунѓер во рацете, симболи на идното Христово маченииштво, неговата телесна смрт и воскресение. Иконографскиот тип на Христос *Будно (Недремано) око* ја означува вечно будната љубов на Христос, кој *бдее над светот, со отворени очи и кога спие,* и се појавил уште од раниот XIV век на олтарските прегради на црквите под влијание на монашките теолози од Хилендар.[203] Аналогии на овој тип на Христос насликан на наддверија на иконостасите, се сретнува особено во поствизантиските цркви, како што е во параклисот Св. Јован Претеча на црквата Рождество Христово во Арбанаси, и Св. Илија во Бобошево во Бугарија од XVII век;[204] во манастирската црква Св. Никола во Слепче, Прилепско, 1665 година; над централниот премин на иконостасот во Сливничкиот манастир од XVII век; на иконотасот во Св. Петар и Павле во Сирогојно, Србија од 1764 година; во манастирската црква Св. Ѓорѓи Победоносец во Рајчица од XIX век, Св. Димитрија во Софија итн. Второто наддверие над централниот премин е насликано со претстава на *Деисис*, каде Христос Велики Архиереј со отворена круна на главата, седнат на трон, е фланкиран со фигури на св. Богородица (лево) и св. Јован Крстител (десно). Неговиот трон е сличен со наддверието со *Будното око*, окружен со огнени престоли и херувими, а зад Христос стојат двајцата архангели, Гаврил и Михаил.[205] Деисината композиција е мошне честа на иконостасите во поствизантиските цркви, како што е во манастирската црква Св. Никола во Ореоец, Бродско од 1595 година, во манастирот Слепче, и споменатата црква во Арбанаси, Бугарија.[206] Трите престолни икони: Богородица Одигитрија, Христос Вседржител и *Св. Троица Новозаветна*, како и двете наддверија со претстави на *Христос Будно око*, и *Деисис,* а според записите од дарителите, се изработени во 1813 и 1814 година од анонимен *самоковски* зограф. Тој ја изработил иконата на св. Богородица Елеуса во Кучевишкиот манастир, која е речиси идентична со овдешната св. Богородица Одигитрија и е аналогна со иконата на св. Параскева од пезовската црква Св. Петка. Иконата на Исус Христос Вседржител, пак е аналогна со иконата од Лесновскиот манастир од Димитар Христов, зограф со светогорско искуство, и со иконата на архангел Михаил од пезовската црква.[207] На иконата Богородица Одигитрија, на металниот опков од десната рака на малиот Христос е запишано името на дарителот Апостол Димов Џартев,[208] кој се потпишал и на престолната икона *Св. Ѓорѓи го убива змејот* во црквата Св. Ѓорѓи во Жегљане, изработена од зографот Никола Михајлов од Крушево. Се претпоставува дека авторот на овие икони е иконописец од експонирана сликарска работилница од *Самоковската сликарска школа*, каде графицизмот доаѓа до израз, а отсуствува сликарската моделација. Во втората зона на иконостасот, од предвидените дванаесет празнични икони, седум се од стариот иконостас од 1606 година, а четири од XIX век, од кои едната од нив *Собор на апостолите* изработена од зографот Јосиф Радев(иќ) од Лазарополе во 1898 година, се наоѓа во Галеријата на икони во црквата Св. Никола во Куманово.[209] Од споменатиот автор е престолната икона на св. Јован Претеча, на јужното странично крило, и иконата на проскомидијалната врата на иконостасот со св. архангел Михаил во цел раст, како со копје му ја вади душата на богатиот на долниот крај од сцената, со интересна капа на главата, аналогна со иконите: *Св. Ѓорѓи го убива змејот* и *Св. Димитрија го убива бугарскиот цар Калојан*, во црквата Св. Архангел Михаил во Ташмаруништа, Струшко од 1870 година.[210] Негово дело е и иконата изработена на платно над царските двери - *Катапетазма* или Исус Христос Животодавец, прикажан во путир, во долниот дел фланкиран со два архангели во цел

---

[203] Todic B., 1994, 134 – 165; Машниќ М.М., 2011, 257 - 258, сл. 5 и 6;
[204] Гергова, И., 1993, 103;
[205] Машниќ М.М., 2011, 258 - 260, сл. 7 и 8;
[206] Машниќ, 2008, 189, сл. 74;
[207] Поповска - Коробар В. - Зисовска, Ј., 2000, 44 - 45, сл. 55 и 56; Машниќ М.М., 2011, 254 - 261; Двете пезовски икони денес се изложени во Галеријата на икони во Св. Никола во Куманово ;
[208] Машниќ, М., 2011, 261; Крстиќ С., 2012 (во печат);
[209] Поповска - Коробар В. - Зисовска Ј., 2000, 39 сл. 45;
[210] Цветковски С., 2008, 40 - 41, сл. 3 и 4; Чокревска - Филип Ј, 2009а, 112, сл. 2;

раст, која е аналогна со иконата во црквата Св. Архангел Михаил во Ташмаруништа, Струшко од 1870 година (без архангелите), изработена од истиот автор.[211] Оттука може да се констатира дека на новиот иконостас во Карпинскиот манастир работеле тројца зографи, неидентификуваниот самоковски зограф, Јосиф Радев Мажовски (1830 - 1910) од Лазарополе, Дебарско и Трајко Муфтински (1892 - 1963) од Куманово. Овие исти зографи работеле и во Св. Петка во Пезово.

Конзрвација на архитектурата на црквата и камбанаријата е извршена во 1987, а кон крајот на 2009, 2010 и 2011 година е извршена конзервација на стариот фреско - живопис од екипата на стручни лица од Националниот конзерваторски центар (НКЦ) од Скопје во соработка со Н.У. Музеј од Куманово. Конзервација на иконите и двете наддверија на иконостасот од XIX век и иконите од XX век се конзервирани во НКЦ во Скопје во 2011 и 2012 година.

Манастирот Карпино по својата единствена архитектура со видливи ориентални, ермен-ски, грузиски и турски влијанија, солидно фреско - сликарство од 1592 година и сочуваните делови од првобитниот иконостас од 1606 година, како најстар црковен експонат во Кумановско, е еден од најзначајните средновековни споменици од поствизантискиот период во Македонија и на Балканот, и сосема заслужено меѓу првите е прогласен за споменик на културата, заштитен со Законот за заштита на спомениците на културата во Р. Македонија.

## ДВОЈНА ЦРКВА ВО СУВ ОРАХ (СВ. ЃОРЃИ И СВ. НИКОЛА)

Селото Сув Орах е оддалечено 25 км. од Куманово, лево од магистралниот пат Куманово - Крива Паланка, се издига над Осоговските планини и допира до општината Кратово.[212] На благо возвишение, до селските гробишта, во маалата Балисци, е сместена гробјанска црква посветена на двајца светители: св. Ѓорѓи и св. Никола и поради тоа е позната како Двојна црква. За историјата на оваа црква нема многу податоци. Во близина на оваа селска црква, се наоѓа манастирот Карпино, кој е оддалечен од неа 4 - 5 км. Од површинските врежани графити во XIX век на северниот ѕид во олтарот на Св. Никола, се споменува и името на поп Нешо од с. Орах, кој служел во оваа црква во 1833 година.



Двојна црква - Св. Ѓорѓи и Св. Никола во Сув Орах, западна фасада, XVI/XVII век
Double church in Suv Orah, St. George and St. Nicholas, west facade, XVI/XVII century

[211] Цветковски С., 2008, 43, сл. 6;
[212] Панов М., 1998, 220;

Двојната црква припаѓа на хетерогена група на цркви во кумановскиот крај, со необични архитектонски решенија, односно две цркви покриени со еден заеднички покрив, кои во внатрешноста по должина се поделени на два кораби. Северниот кораб припаѓа на Св. Ѓорѓи, а јужниот на Св. Никола. Во целина гледано, овој архитектонски објект претставува *двокорабна градба* со правоаголна основа и што е невообичаено за другите цркви, со два влеза на западната, и со две тристрани апсиди на источната страна.[213] Ваква архитектонска диспозиција е единствена во кумановскиот регион и пошироко, во Р. Македонија, и на Балканот. Ваков тип на цркви се граделе во доцната антика, како што е црквата од Утчајак, во Мала Азија од VI век (со две петострани апсиди).[214] Двојната црква е градена од обработени камени блокови со сива и жолтеникава боја. Сочуван е првобитниот двосливен покрив од широки камени плочи.[215] Исто така, невообичаено за оваа црква, за разлика од другите жеглиговски цркви е што покрај влезовите на западната фасада има вградени две вдлабнати конхи, во кои некогаш најверојатно имало фрески, и мала длабока ниша со турски лак. Над двата влеза на западната фасада, кои горе завршуваат во полукружна камена арка, има слепи ниши - лунети со ликови на патроните на црквата, св. Ѓорѓи, северно и св. Никола, јужно, насликани во поново време. Северната лунета има фриз од камења. И на јужната фасада, кон западната страна се наоѓа мал, низок и тесен влез врамен во камена арка. Тесните врати се сретнуваат на турските утилитарни градби и мали џамии. Над неа, во лунетата се наоѓа понова фреска со допојасието на Исус Христос. Невообичаено за оваа црква е и тоа што нема ниту еден отвор на фасадите како кај другите цркви од поствизантиски период.[216]



Двојна црква во Сув Орах, поглед од североисток
Double church in Suv Orah, view from north - east

На источната фасада има појава на две тристрани апсиди, северно на Св. Ѓорѓи и јужно, на Св. Никола. Двете апсиди се покриени со едноделна камена плоча. Апсидата на јужниот кораб е декоративна, трите страни се украсени со врежани двојни арки, какви што се сретнуваат на црквата Св. Ѓорѓи во Степанце, што не е случај со апсидата од северниот кораб, која е без никаква декорација. На двете апсиди, на дното има по еден тесен засек, вертикално нагласен, кој кон ватрешноста се шири во мал правоаголен отвор. Над апсидата на Св. Ѓорѓи, јужно се наоѓа исто таков отвор. Сосема јужно, од апсидата на Св. Никола, се наоѓа тесен правоаголен засек, поставен водорамно, кој во внатрешноста се шири во квадратен отвор. Тие всушност се един-

[213] Машниќ М.М., 2008, 74; Велев И., 1990, 62, 136; Машниќ М.М., 2011а, 363 - 364; Крстиќ С., 2012 в;
[214] Бошковић Ђ., 1976, 34, сл. 42а;
[215] Хаџи-Васиљевић Ј., 1909, 443; Петковић В., 1950, 228; Зисовска Ј., 1994, 52 - 53, сл. 6;
[216] Крстиќ С., 2012г, (во печат);

ствените отвори на црквата, кои однадвор воопшто не се забележуваат. Северната фасада нема отвори и речиси целосно е вкопана в земја. Последни интервенции на покривната конструкција се правени во 2007 година, од страна на Националниот центар за конзервација од Скопје.

Внатрешната архитектура е доста интересна. На средината во црквата, по должина, се наоѓа преграден ѕид со два широки и ниски аркадни премини за комуникација меѓу двата кораби. Аркадите меѓу себе се поврзани со еден масивен архаичен четвртест столб. Аркадните премини се претопуваат во ѕидна маса кон исток, односно во ѕид кој ги дели двата олтарски простори на двата кораби. Овој аркаден ѕид има двојна улога, претставува јужен ѕид на црквата Св. Ѓорѓи (северниот кораб), а истовремено и северен ѕид на Св. Никола (јужниот кораб). Вакви идентични аркадни премини се сретнуваат во црквата Св. Параскева во Мургаш и Св. Троица во Челопек (денес урнати), додека во Св. Спас во Довезенце ги има двојно повеќе, а во некогашната црква Св. Ѓорѓи во Алгуња имало два масивни столба со три аркадни премини.[217] Двата кораби се покриени со полукружен свод. Северниот ѕид на северниот кораб и јужниот ѕид на јужниот кораб се разбиени со по три слепи архиволти - травеи, поврзани меѓу себе со два пиластри. Третиот травеј се наоѓа во олтарот. Аналогии на вака разбиени ѕидови се сретнуваат во повеќе жеглиговски



Аркадни премини, ентериер
Arch aisles, interior

цркви, и тоа во нартексите на црквите Св. Петка во Младо Нагоричино и манастир Карпино во Орах, во наосите на истоимените цркви Св. Ѓорѓи во Жегљане и Степанце, Св. Дух во Добрача, а во Републикава, во Св. Богородица во Сливница (1606 /07), Преспанско, и манастирот Трескавец, Прилепско.[218] И двата кораби, во олтарот имаат централна апсида и проскомидијална конха. Во олтарот на јужниот кораб на темето во сводот се наоѓа кружен отвор т.е. акустичен канал, каков што се сретнува и во црквата Св. Петка во Пезово. Овие акустични канали се градени како резултат на недостаток на прозорски отвори. Подот на двата кораби е од широки камени плочи.

Иако ктиторскиот натпис не е сочуван, целосно е уништен над западниот влез на јужниот кораб, според стилско - архитектонските исламски обележја, со сигурност може да се каже дека

[217] Петковић В., 1950, 1249, сл. 1090; Крстиќ С, 2002, 116, сл.. 7; Eadem, 2006, 71 - 73, цртеж 2, сл. 4; Машниќ М.М., 2011а, 359;
[218] Бошковић Ђ., 1976, 149; Cultural Heritage ..., 2004, 27 - 28;

овој вреден споменик на културата од поствизантискиот период потекнува од XVI или почеток на XVII век, за што потврдуваат и царските двери во резба со геометриска плетерна орнаментика, од првобитниот иконостас на јужниот кораб, карактеристични за овој период. Според народното предание на локалното население, оваа црква е постара, или можеби е од исто време со црквата Воведение на св. Богородица (манастир Карпино) која се наоѓа во нејзина непосредна близина, на околу 3 до 4 км. кон Аљинце, а која најверојатно била градена од исти мајстори.

Во ***северниот кораб посветен на Св. Ѓорѓи*** е сочуван стариот ***фреско-живопис***, од исто време со изградбата на црквата. Во олтарската апсида е насликана Богородица Оранта во цел раст со раце кренати нагоре и Христос во медалјон на градите, која потсетува на фреската од западниот ѕид во нартексот на манастирот Карпино. Под неа се двајца архиереи во цел раст, св. Василиј Велики и св. Јован Златоуст од *Поклонението на Агнец Божји*, кој овде недостасува. Лево и десно од Богородица Оранта е дводелната композиција *Благовести*, архангел Гаврил и св. Богородица, во цел раст. Интересен е приказот на Богородица, која во моментот кога ја прима веста од архангелот за зачнувањето на Божјиот син во нејзината утроба, во десната рака држи преден конец намотан на вретено во долниот дел, и како таква е единствена во поствизантиското сликарство од овој крај. Сосема горе, над неа, е насликан *Христовиот убрус* или *Мандилион* (крпа со неракотворниот образ на Христос). Во првата зона на јужниот ѕид во олтарот, се насликани тројца архиереи како дел од композицијата *Великиот вход*, од исток кон запад: св. Григориј Богослов, св. Григориј Нисиски (?) и св. Спиридон, а како нивни пандани, на северниот ѕид во лачниот травеј се насликани, од запад кон исток: св. Никола (?) и св. Кирил Александриски, фрагментарно сочувани. Во зоната над нив, од северната и јужната страна е насликана низа од медалјони на старозаветни пророци, кои продолжуваат и во наосот, но се мошне оштетени и не им се читаат сигнатурите. Во третата зона, до источниот ѕид од двете страни, е насликана дводелнатата композиција *Вознесение Христово*, сочувана фрагментарно. Кон сводот, на северниот и на јужниот ѕид во олтарот, до иконостасот, по една од двете страни е насликана ретка старозаветна претстава на шестокрилен *серафим* со лабарум в раце, кој припаѓа на првиот лик, од трите лика на деветте ангелски чинови.[219] Освен во олтарот, како пандани, се насликани и на западниот крај, на јужниот и северниот ѕид на наосот, од кои е сочуван само едниот, на јужниот ѕид. Тоа значи дека овде имало четири претстави, две на западниот и две на источниот крај на храмот, како чувари на сводните персонификации на Христос. Ваквите претстави најверојатно се *симнати* од куполните програми и мошне ретко се сретнуваат во уметноста од доцниот Среден век во Македонија.[220] Во олтарот, се забележува присуство на богата геометриска и флорална орнаментика во вид на вертикален и хоризонтален фриз со зелена, црвена и окер боја, како во бељаковската црква, а која потсеќа на арабеските врежни во камен на натпрозорниците на Татар Синан - беговата џамија во Куманово од 1520/32 година.

На јужниот преграден аркаден ѕид, во првата зона се наоѓа декоративен флорален фриз со низа од попрсја на четири новозаветни маченици во цветни чашки, врамени со ластари, какви што има на медалјоните во манастирот Карпино, од исток кон запад: св. Јаков Персиски, Геласие, Гервасие и Порфирие. Низи со попрсја на старозаветни пророци во цветни чашки се сретнуваат во волутите на двата травеи, на јужниот ѕид на нартексот од црквата Св. Петка во Младо Нагоричино од 1628 година и во нартексот на Сливничкиот манастир кај Преспа, од 1612 година.[221] Тие, се честа иконографска програма кај овчарско - кабларската група споменици во Србија, во манастирите Благовештение (1632), Сретение или Крушедолски манастир (1633), Никоље (1637) и Сретение во село Милиќи кај Студеница (1636/37).[222] Во втората зона, од исток кон запад се редат сцени од Страдањата Христови: *Тајна вечера*, *Миење на нозете*, *Молитва во Гетсиманската гора*, *Предавството на Јуда*, на крајот од ѕидот повторно претстава на врамен *серафим*,

[219] Ерминія, 1868, 154; Серафимот всушност претставува шестокрилно суштество, кое со две крилја ја покрива главата, со други две, нозете, а со останатите две крилја лета. Во двете раце држи лабарум (рипида на долг стап) со испишан текст: *Свет, свет, свет* (според видувањето на Исаија) ;

[220] Машниќ М.М., 2009, 128; Eadem, 2011, 372;

[221] Поповска-Коробар В., 2007, 154 - 161, сл. 1 - 8;

[222] Серафимова А.,1999, 47 - 73, сл. 11-12, 14 - 17;

потоа циклусот продолжува на западниот ѕид со: *Судењето на Христос пред Ана и Кајафа, Пилат си ги мие рацете и Симон го носи крстот*, на северниот ѕид продолжува со *Патот на Голгота*, *Качување на крст*, *Симнување од крст*, *Оплакување на Христос* и *Погребение Христово*, која е многу оштетена, дури и невидлива. Помеѓу арките, на столбот е насликан св. Дамјан во цел раст. Аркадните премини се врамени со фриз од палмети, какви што се сретнуваат во олтарот на Св. Никола во Бељаковце. Во лакот на источната арка, се насликани ликови на свети маченици и воини во пет медалјони, од исток кон запад: Геласие, Теодор Тирон, Исус Христос Емануил (во средина), Теодор Стратилат и Протасие. Исто така, во западната арка се насликани ликови на пет светители во медалјони, од исток кон запад: Порфирие, Кирик, Исус Христос Емануил (во средина), Јулита и Варвара.[223] Сигнатурите се испишани со старословенско писмо. Ликовите на Јулита и нејзиниот мал тригодишен син Кирик се сретнуваат во охридските и костурските цркви од XV век.[224]



Сцени од Страдања Христови, западен ѕид, наос, северен кораб
Scenes with the Passion pf Christ, west wall, nave, north nave

На западниот ѕид јужно од влезот, во долната зона е насликана женска фигура во цел раст, веројатно св. Марина (нема сигнатура), а северно се наоѓаат св. Константин и Елена, чии долни делови не се сочувани. Облечени се во раскошна облека со круни на главите. Цар Константин носи круна од затворен тип, т.н. *стема* и капа со *препендулии* т.е. висечки бисери. Елена носи круна од отворен тип. Над влезот се наоѓа тесен фриз од допојасни фигури на четири свети маченици со маченички крст во едната рака, разделени со цветни чашки помеѓу нив. Особено внимание привлекува првата биста, од југ кон север, која отстапува од редот на другите троица свети маченици. Се работи за допојасна претстава на светител со високо отворена круна на главата, односно за младиот принц и маченик Говделај, од грчко потекло, чиј култ бил почитуван во XV век.[225] Маченичката смрт на св. Говделај (29 септември) е прикажана во сликаните *Менолози* во Старо Нагоричино и Грачаница, а во XV век се сретнува во спомениците на Моравска Србија, Калениќ (1413) и Ресава (Манасија, ок. 1418), потоа Св. Ѓорѓи во Кремиковци (1493) и Поганово (1499) и двете работени од костурски сликари, во Филантропинон, Дилиу, Варлаам на Метеори, во параклисот на Богородица Мавриотиса во Костур и во Св. Никола во Вица (1618/19), работени од епирски сликари. Кај нас во Македонија, освен овде во Сув Орах, се сретнува и во манастирот Трескавец (1570).[226] До св. Говделај е насликан св. Нестор со наметка (хламида), горе

---

[223] Машниќ М.М., 2011a, 366 – 367;
[224] Суботиќ Г., 1980, 97;
[225] Машниќ М.М., 2008, 74; Eadem., 2011a, 370 - 371; Младиот маченик и принц Говделај Ксингопулос, син на персискиот цар Сапора е мошне почитуван култ во поствизантиското сликарство на подрачјето на Пеќската патријаршија, кој најверојатно го прошириле бегалци од Грција, меѓу кои имало угледни монаси и книжевници, а кои поради османслиската власт во нивната земја, побегнале во тогаш слободната српска држава и со својот интелект влијаеле на културата и уметноста, така што ликот на Говделај се сретнува во повеќе цркви на Моравска Србија (Калениќ, Ресава, Поганово и др.);
[226] Машниќ М.М., 2011a, 371;

закопчана со копче "аграфа" и уште двајца великомаченици, на кои исто така не им се читаат сигнатурите, а најверојатно се работи за св. Артемиј и св. Христофор, со малку подолга коса и на лик на Христос. Овде анонимниот зограф обрнал внимание на деталите до перфекционизам. Над нив се сцените со *Судењето на Христос* пред првосвештениците Ана и Кајафа каде *Пилат си ги мие рацете*, кој на главата носи заврзана крпа на лик на турските чалми, и *Носењето на крстот*, а во најгорната зона на западниот ѕид се наоѓа композицијата посветена на патронот на црквата, *Св. Ѓорѓи го убива змејот.*[227]

На северниот ѕид во долните зони не е сочуван живопис. Се гледаат фрагменти од фрески во двете слепи архиволти - траееи, на горниот крај. Во западниот травеј се распознаваат две глави на свети маченици, со кадрава коса и фрагменти од куса брада, облечени во благородничка облека со лентести капи на главата, на лик на мали круни, чии сигнатури се уништени, едниот е најверојатно св. Теодор Стратилат (лево), а другиот св. Теодор Тирон (десно). Интересно е што во оваа црква се повторуваат некои светители на јужниот и северниот ѕид (попрсја на маченици во низата од акантусови лисја во втората зона) и двајцата споменати воини во западниот травеј, кои веќе се насликани во кружни медалјони во двете волути на аркадните премини.[228] Со оглед на тоа дека на јужниот ѕид во западниот травеј од јужниот кораб, веќе се насликани св. Меркуриј и св. Димитрија, постои веројатност дека и овде е насликан св. Димитрија со св. Ѓорѓи, патронот на црквата. Но, ако се земе в предвид дека во повеќето поствизантиски цркви во Р. Македонија, како пар во травеите, се насликани токму овие свети воини, Теодор Тирон и Теодор Стратилат, во Сливничкиот манастир од 1612 година, Св. Архангели во Кучевиште од 1630 година, во манастирот Ореоец (1595), Бродско, и во манастирот Трескавец,[229] тогаш сигурно се работи за нив. Ова уште повеќе го потврдува и распоредот на фреските во Карпинскиот манастир кој е во негова непосредна близина, каде најверојатно работеле исти зографи, св. Меркуриј и св. Димитрија се прикажани на јужниот ѕид, а на северниот ѕид во конхата се прикажани св. Теодор Тирон и св. Теодор Стратилат. Во северниот агол е видлива геометриска и флорална декорација со розета, иста како на спротивниот агол на јужниот ѕид. Во просторот помеѓу травеите, над пиластерот се наѕира лик на светител, кој е варосан и непрепознатлив, веројатно св. Кузман (?), како пандан на св. Дамјан, од спротивниот ѕид. Во источниот травеј од фрагментите се гледа дека се работи за *Деисисната композиција*, се препознаваат главите на св. Богородица, Исус Христос и св. Јован Крстител. Деисисната композиција, единствено целосно е сочувана во Св. Никола во Бељаковце, со таа разлика што овде Христос е претставен на трон. Аналогна е со манастирските цркви Св. Преображение и Св. Никола во Зрзе, Прилепско.[230] Над травеите се наоѓа декоративен фриз од флорална орнаментика со низа од попрсја на старозаветни пророци во цветни чашки, која продолжува од јужниот ѕид, со девет попрсја чии сигнатури се оштетени и не се читаат, а се распознаваат само првите двајца, од запад кон исток, Јулита и Кирик. Над овој фриз се сцените од *Христовите страдања* и кон сводот низа од девет медалјони, кои мошне тешко можат да се распознаат бидејќи се многу оштетени, а сигнатурите избришани.

На сводот речиси и нема фрески, малтерот е паднат, а само во олтарот се сочувани фрагменти од медалјони со Исус Христос, на источниот крај е *Вознесение Христово*, носен од четири ангели, а западно од него, Христос Пантократор опкружен со тетраморфон, во сијание обликувано од разнобојни напластени геометриски слики, круг, ромб и квадрат. Вака сликани сводни медалјони се сретнуваат и во јужниот кораб од оваа црква со таа разлика што таму се сочувани сите пет персонификации на Христос. Во споредба со сводните претстави од јужниот кораб, може да се заклучи дека и овде било насликано светото Тројство (Бог - татко, Бог - син, и Бог - дух).

И ***фреските во јужниот кораб посветен на Св. Никола,*** во целост ја следат иконографската програма на сликарството од поствизантискиот период и потекнуваат од исто време со сликарството во северниот кораб. Се работи за едно квалитетно сликарство каде се сретнуваат

[227] Крстиќ С., 2011, 12; Eadem, 2012г, (во печат); Машниќ М.М., 2011, 368, сл. 7 ;
[228] Машниќ М.М., 2011, 368;
[229] Машниќ М.М., 2007, 173 - 175, сл. 54 и 55; Серафимова А., 2005, 362, сл. 40 ;
[230] Митрески Н., 2009, 300, 307;

ретки иконографски претстави во олтарот и на сводот што ги нема во другите жеглиговски цркви. На источниот ѕид во олтарот, во апсидата е насликана допојасна претстава на Богородица Ширшаја Небеса со малиот Христос на градите во медаљон, а под неа е *Поклонението на Агнец Божји.* Лево е насликан св. Василиј Велики а десно св. Јован Златоуст, двајцата во цел раст како се поклонуваат на *Христос - жртва*, легнат на чесна трпеза. Најдолу, во првата зона јужно од апсидата, е насликана фигура на св. Григориј Богослов, како дел од поворката во Поклонувањето на Агнец Божји, северно од апсидата е насликан св. Алимпие Столпник, а во проскомидијалната ниша е насликан ѓаконот св. Стефан, во цел раст. Во втората зона се наоѓа дводелната композицијата *Благовести* со архангел Гаврил (лево) и св. Богородица (десно), во цел раст.

Сосема горе, над Богородица Оранта, во темето, северно се наоѓа *Христовиот убрус*, на средината е *Божја рака,* а јужно, *св. Ќерамида* (*Христос ќерамида*) или *Керамион.* Преку овие ретки иконографски претстави во христијанските цркви е изразена симболиката на сите светители кои ја изразуваат молитвата, обраќајќи и се на *Божјата рака*, во сегмент од светлината. Во Божјата рака се насликани неколку глави (души) на праведни верници кои ѕиркаат од затворената Христова дланка, а во *Керамион*, исто како и кај Убрусот,[231] е насликан неракотворниот образ на Христос, на тула со правоаголна форма. Иконографски, овие три претстави добиваат нова симболика, која се темели на новата сотериолошка и искупителна улога на Христовиот жи-



Св. Убрус (лево), Божја рака (во средина) и св. Ќерамида (десно), источен ѕид, олтар, јужен кораб
Towel of Christ (left),The Hand of God (in the middle) and St. Tile (right), east wall, altar, south nave

вот и дејствување, како и на неминовноста и неизвесноста на неговото Второ доаѓање. Не е исклучена ниту фунерарната улога на неговите слики како заштита и надеж во спасението на конечниот суд.[232] Сцените со втиснат неракотворен лик на ризата и ќерамидата, со Божјата рака во средината, а ги имало и во северниот кораб, каде е сочуван само Убрусот, додека целосна сочувана претстава се сретнува во манастирот Карпино, а како пример им послужиле старонагоричките фрески од XIV век. Само *Божјата рака* со праведниците се сретнува на јужниот ѕид во наосот на Св. Параскева во Мургаш, зад владичкиот престол.[233] На јужниот ѕид во олтарот, во слепата архиволта - травејот, е насликана *Визија на Петар Александриски*, што е невообичаено место бидејќи секогаш се слика на северниот ѕид, додека на северниот ѕид се насликани двајца архиереи во цел раст св. Атанасиј и св. Кирил како дел од *Процесијата на архиереите.* Вака сликани сцени со Визија на Петар Александриски на јужниот ѕид во олтарот се сретнуваат во Св. Троица во Плевља (1595), како и во храмовите работени од Радул, во Црколез (1672/73), Св. Никола во Пеќ (1673/ 74), и Праскавица (1681).[234] Во втората и четвртата зона кон сводот има низа со старозаветни пророци од по четири медаљони, која продолжува во наосот на северниот и јужниот ѕид со по десет медаљони, а во третата зона завршуваат сцените од *Големите празници*,

[231] Ерминія, 1868, 299 - 300;
[232] Машниќ М., 2010, 311, сл. 8 ;
[233] Машниќ М.М., 2011, 369;
[234] Петковић В., 1965, 66, заб. 2, Машниќ М.М., 2011, 365, заб. 25;

со евангелистот св. Лука. Неговиот пандан на јужниот ѕид, св. Јован, не е сочуван. Другите двајца евангелисти св. Матеј, на северниот, и св. Марко на јужниот ѕид се насликани во наосот, до западниот ѕид.

Во наосот, на јужниот ѕид во првата зона до иконостасот, во источниот травеј, е насликан патронот на црквата, *св. Никола Чудотворец*, седнат на трон. Слична ваква претстава е насликана во Св. Никола во манастирот Слепче.[235] Помеѓу двата травеја, во просторот над пиластерот, се наоѓа Симеон Столпник Постариот, како пандан на св. Пантелејмон од спротивната северна страна, на столбот од аркадниот премин. Западниот травеј на дното е разбиен со јужниот влез, на чиј довратник е насликан Христовиот криптограм, какви што се сретнуваат на Св. Петка и Св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричино. Од двете страни на влезот се насликани двајца свети војници со копје в раце, св. Димитрија, до појас, поради влезот под него, и св. Меркуриј во цел раст. Во втората зона, од олтарот, кон запад, продолжува низата на пророци, кои се доста оштетени и недостасуваат, а се препознава последниот, според сигнатурата на последните букви - *ник*, Андроник (или Стратоник). Оваа низа продолжува на северниот ѕид со десет сочувани медаљони на светителки и свети воини, великомаченици: Анастасија, Софија, Трифун, Артемиј, Нестор, Прокопиј, Орест, Мардариј (со шлем), Евгениј (со полукружен шлем)



Фрески на северен ѕид, наос, јужен кораб
Frescoes on the south wall, nave, south nave



Вознесение Христово, свод, јужен кораб
Ascention, the vault, south nave

и Авксентиј (со шилест шлем). Последните четворица се петозарни маченици, а петтиот Евстратиј продолжува во олтарот, потоа Дионисиј, Протасиј и Ефрем Сириски (?). Во третата зона на јужниот ѕид на наосот се насликани сцените од *Големите празници*. Започнуваат со *Раѓањето Христово*, сочувано во фрагменти, потоа кон запад, недостасуваат композициите: *Сретение* и *Крштение Христово* и завршува со *Лазарево воскресение*. Циклусот продолжува со *Преображение Христово* на западниот, потоа, на северниот ѕид со *Влегување во Ерусалим*, *Распетие Христово*, *Гробот на Христос* (Ангел на Христовиот гроб со мироносици)[236] и завршува со *Воскресение Христово*, во олтарот. Во најгорната, четврта зона, на јужниот ѕид на сводот има уште една низа од десет медаљони на старозаветни пророци, од кои пет недостасуваат, а се препознаваат Езекија, Еремија, Илија и Ное, па продолжуваат на северниот ѕид, кои се целосно сочувани: Захариј (со раскошна капа), цар Самуил (со круна на главата), Јован, Јона, Осие, цар Арон, Исаија, еден светител без сигнатура, Авакум, Михеј и продолжуваат во олтарот со младиот

---

[235] Митревски Н., 2009, 318;
[236] Крстиќ С., 2011, 13;

Захариј, Даниил, Мојсеј и Давид (цареви со круни). Фреските во наосот со сцените од Големите празници се аналогни со фреските во Св. Архангели во Кучевиште, Скопско (1630), со пелагониските цркви: Св. Богородица во Костинци (1623), Св. Атанасиј во Рилево, Св. Преображение и Св. Никола во Зрзе, манастир Слепче (Св. Никола),[237] со бугарските цркви, Св. Николај во Сеславци, Софиско, од XVI/XVII век и Св. Петка во Вуково, Ќустендилско (1598).[238]

На западниот ѕид, јужно од влезот се наоѓаат две светителки во цел раст, едната со круна и раскошна облека, св. Недела, и втората со прекривка на главата, св Параскева. Северно од влезот е насликана фигура на светител со крилја, кој држи меч в рака и нема сигнатура, најверојатно архангел Михаил, кој обично се слика до влезот заради неговата апотропејска моќ, како заштитник на храмот. Над влезот е насликана композицијата *Успение на Богородица*, каде е вметната една женска фигура, која ја мести перницата на св. Богородица, појава која најверојатно произлегла од народната традиција врзана за обичајот на подготвувањето на телото на покојната.[239] Над оваа композиција, е *Преображение Христово,* од циклусот на Големите празници, во третата зона. На аглите од северниот и јужниот ѕид е застапена богата геометриска и флорална орнаментика со зелена, црна, бела и океp боја, а аркадните премини и слепите архиволти - травеите, се врамени со фриз од палмети. Вакви сликани декорации се сретнуваат во манастирот Карпино, Св. Никола во Бељаковце, Св. Никола во Стрезовце и Св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричино од XVI и почеток на XVII век.

На сводот, од исток кон запад се насликани: *Вознесение Христово,* носен од четири ангели и *Христос Тонимерон* или *Старец на деновите* (*Ветхи денми)*, во олтарот, потоа *Христос Пантократор,* опкружен со *тетраморфон,* старозаветна претстава на четирите Христови евангелисти, теле и орел источно, а западно лав и ангел; на средината, *Христос Емануил* (млад), а сосема западно е насликан *Христос Ангел на Великиот совет*, каде Христос е претставен со крилја, во наосот. Овие претстави се насликани во сијание од напластени разнобојни кругови и ромбови дијагонално поставени врз бели квадратни или правоаголни основи, во зависност од големината на претставата. Сводните персонификации на Христос со различна возраст, кои го претставуваат светото *Тројство* (Бог - татко, Бог - син, и Бог - дух) се ретки иконографски претстави во жеглиговските цркви од Османлискиот период од XVI и XVII век. Најблиски аналогии има со сводните претстави од Св. Никола во Трново, Кривопаланечко (1605), Св. Богородица Сливничка (1606/12), со сликарството на скопските цркви: Св. Петка во Побужје, од 1500 година (таму недостасува Христос Старец на деновите), исто како во Св. Спас во Штип, Св. Атанасиј во Шишево од 1565 година каде наместо *Вознесение Христово* е претставена *Хетимасија* и Св. Спас во Добри Дол од 1576 година (без Вознесение),[240] како и со Св. Петка во Вуково, Ќустендилско (1598), близу Бобошево во Р. Бугарија, со таа разлика што таму недостасува Христос Емануил.[241] Ваквите сводни претстави со Св. Тројство биле чести во еднокорабните цркви со збиен иконографски репертоар од XV век од Охридската сликарска школа, како што е пештерната црква Св. Богородица Милостива на Велика Преспа од (1410), Св. Богородица во Велестово, Охридско (1450/51), Вознесение Христово во Лескоец (1461/ 62) и во нартексот на Св. Богородица во Драгалевци (1468/69) во Р. Бугарија.[242]

Во целина гледано, може да се забележи дека во ѕидното сликарство на  Двојната црква во Орах работеле двајца анонимни зографи, од кои едниот најверојатно имал грчко потекло или со грчко влијание[243] како во Св. Никола во Стрезовце, а вториот со ориентални  влијанија на што укажуваат одделни иконографски и ретки претстави при што вештиот зограф се придржувал на

---

[237] Митревски Н., 2009, 303 - 319;
[238] Минчева К., 2007, 16 – 17 и 36 - 37; Крстиќ С., 2012в (во печат);
[239] Машниќ М.М., 2008, 76; Eadem, 2011а, 372, сл. 8 ;
[240] Лакалиска С., 2002, 85,  102- 104;
[241] Минчева К., 2007, 35 - 37;
[242] Суботиќ Г, 1980, 173 - 174;
[243] Машниќ М.М., 2008, 74 - 77; Според Мирјана Машниќ, присуството на младиот принц, мачeник Говделај, чиј култ во централниот дел на Балканот го пренеле грчките монаси уште во XV век, говори за потеклото на сликарите; Машниќ М.М., 2011, 370 - 371;

руските прирач-ници, ерминиите, карактеристични за XVI и XVII век. Врз основа на стилско ликовните иконографски сличности со манастирот Карпино (1592), и фрагментарно сочуваниот живопис во повеќето жеглиговски цркви, како што се Св. Петка (1628) и Св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричино (XVI - XVII век), Св. Никола во Стрезовце (1606), Св. Никола во Бељаковце (1606), Св. Параскева во Мургаш (XVI - XVII век), и Св. Спас во Довезенце (XVI - XVII век), а кои укажуваат на одредени стилски сличности или исти сликарски елементи, може да се каже дека фреските датираат од послед-ните две децении на XVI век, или во самиот почеток на XVII век.[244]

Црквата има два нови иконостаси изработени во 1893 година, со икони од поново време. Иконите се работени од велешкиот зограф Петар Николов (1850 - 1921), кој ги насликал и фигурите на архангел Гаврил и св. Богородица од дводелната композиција *Блаīовесшии* на старите двери од новиот иконостас, во јужниот кораб, што мора да се забележи дека се работи за зограф со скромни сликарски можности. Фигурите ги слика, без симетрични пропорции на телото, со големи глави во однос на помали, робусни тела, со една доза на карикираност, и кои за жал паѓаат в очи, но и покрај напорите да ги отстранат, при нивна конзервација од стручните лица на Националниот конзерваторскиот центар од Скопје, не можеле да се отстранат, бидејќи првобитните фигури на архангел Гаврил и св. Богородица, биле целосно уништени. Сепак, царските двери привлекуваат особено внимание како единствен сочуван елемент од првобитниот иконостас, со геометриска плетерна орнаментика во плитка резба, дело на скопско-призренската резбарска работилница и се аналогни со дверите од Призрен и Велика Хоча, со манастирот Св. Прохор Пчињски, и со црквата Св. Богородица од Водно, Скопско од XVI век.[245]

При посетата на црквата во 2006 година, пред конзервација на целокупното ѕидно сликарство, од неколку црковнословенски графити врежани на северниот ѕид во олтарот на јужниот кораб посветен на Св. Никола, се дознава дека во 1821 година тука бил ереј Хорхе, потоа на 20 мај 1833 година поп Нешо од истото село, кој веројатно служел во оваа црква, и белешка за пресликување на фреските од Михаил Петров од Кратово во 1877 година. Со последните интервенции и конзервација на живописот од страна на НКЦ од Скопје во 2009 и 2010 година, врежаните графити се отстранети и целосно е откриен стариот живопис. Пресликувањето на старите со нови фрески во XIX век и изработката на двата иконостаси од 1893 година се од вре-мето на Преродбата, кога сите селски цркви во Македонија, се реновирани по налог на црковните владици и митрополити, а со посредство на турските валии и султани, во желбата за превласт помеѓу Бугарската егзархиска и Српската патријаршиска црква.

Мошне големо е значењето на оваа црква која привлекува големо внимание кај проучувачите на поствизантиската уметност, со уникатно архитектонско решение и живопис во Републикава, и на Балканот. Двојната црква е типичен претставник на поствизантиските црковни споменици од XVI/XVII век, кој заслужено, во втората половина на 2006 година со Закон за заштита на спомениците на Р. Македонија, е прогласен за споменик на културата.

## СВ. НИКОЛА ВО СТРЕЗОВЦЕ

Селото Стрезовце се наоѓа 20 км. од Куманово, од десната страна на магистралниот пат Куманово - Крива Паланка, помеѓу реката Петрошница и Крива Река, во општината Старо Нагоричино.[246] Црквата Св. Никола се наоѓа на селските гробишта и спаѓа во гробјански цркви какви што се повеќето цркви во Жеглигово. Од старословенскиот ктиторски натпис над западниот влез во наосот на црквата се дознава дека е живописана на 30 мај 1606 година, за време на скопскиот епископ Макарие со помош на презвитер Костадин и населението од Стрезовце.[247] И изградбата на црквата била завршена истата година со помош на презвитер Петко, кој се спо-

[244] Машниќ М., 2007, 146 - 148; Cultural … , 2004, 27 - 28 ; Eadem, 2008, 74;
[245] Машниќ М.М., 2009, 166 - 168, сл. 10;
[246] Панов М., 1998, 288; Трифуновски Ј., 1974, 135; Крстиќ С., 2009а, 203;
[247] Петковиќ С., 1965, 204; Бошковић Ђ., 1938, 211; Велев И, 1990, 140;

менува понатаму во натписот. Тоа значи дека оваа црква, заедно со бељаковската, била изградена за време на пеќскиот патријарх Јован Кантул (1592 - 1614).

Според д-р Јован Хаџи Васиљевиќ, кој ја посетил оваа црква во 1889 и 1900 година постоела стара црква и црквиште, црквата била поголема од бељаковската Св. Петка (Св. Никола). Стариот живопис, според записот над западниот влез од 1606 година, бил сочуван до 1894 година. Од десната страна пред олтарот, биле живописани св. Сава и св. Симеон, потоа св. Јоаким Осоговски, св. Прохор Пчињски, св. Гаврил Лесновски и др. Во црквата бил чуван ракописен минеј од XVI век со два записи, едниот за раб Божји, Кипријан од село Сув Орах во летото 1763 година, и вториот нечитлив: "Да се знае љуби оу грлес". Црквата и селото биле придобиени од Егзархијата. Скопскиот митрополит во 1892 година наредил овие српски светители и записи во црквата да се замажат. Тогаш овој храм бил варосан и на средината од натписот напишано дека е обновен за време на Бугарската православна архиепископија и скопскиот митрополит, Максим. Натписот стоел сé додека црквата не била вратена под управа на Патријаршијата, повторно бил варосан и врз него напишано дека црквата е поправана за време на православниот архиепископ и егзарх на Долна Мезија, Фирмилијан.[248] Инаку, во науката до средината на XX век, стрезовската црква се споменува како недоволно истражена и проучена средновековна црква,[249] но, со конзервација на целокупниот комплекс во 1994/99 година од надлежните републички институции и објавените прилози за неа, денеска таа е доста позната во науката.



Ктиторски натпис, западен ѕид, наос
The Ktitors inscription, west wall, nave

Црквата претставува *трокорабна градба* со правоаголна основа, полукружна апсида на исток и широк простран нартекс на западната страна. Оваа црква, Св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричино и Св. Дух во Добрача се единствените трокорабни цркви во кумановскиот крај, од османлискиот период. Покриена е со двосливен покрив од ќерамиди. Апсидата го задржала првобитниот покрив од камени плочи. Градена е од необработен камен. Северниот ѕид е вкопан в земја. Во црквата се влегува преку јужниот влез на нартексот. На западната фасада се наоѓа главниот и единствен влез во црквата.[250] Над него има лунета со фреска на патронот на црквата, мошне оштетена. Северно и јужно од лунетата се наоѓаат испусти од камен, остатоци од сводните лакови на првобитниот покриен нартекс. Денес, после реконструкција и конзервација на целокупната архитектура во 1994/95 година, нартексот е отворен и има два влеза, од запад и од југ.

[248] Хаџи - Васиљевић Ј., 1909, 441 - 442; Крстиќ С., 2009а, 203 - 204;
[249] Петров К., 1954, 1 - 6, Т - II;
[250] Хаџи Васиљевиќ Ј., 1909, 442; Зисовска Ј., 1994, 49; Димитријевски М., 2000, 131 - 133; Бошковић Ђ., 1976, 149; Петковић В, 1950, 311; Машниќ М.М., 2008, 78; Крстиќ С., 2009а, 203 - 212 ;

Иако редуцирана, застапена е камена декорација над сите три влеза и на сите фасади, освен на северната. Над влезовите на нартексот има фриз од камења во вид на благ лак карактеристичен за малите порти во турските џамии, каква што имало на Св. Петка во Младо Нагоричино. На западната фасада има две претстави на крст во плиток рељеф, јужно од влезот и под забатот. На јужната фасада, над првиот прозорски отвор се наоѓаат две претстави на шестокрака Давидова ѕвезда во кружница, плитко исклесани на жолт камен, симбол на Евреите, Давидов штит или Соломонов печат.[251] На источната фасада, јужно од апсидата, впечаток остава геометриската претстава во квадратно поле од осум вкрстени краци, релјефно изработени на сива камена плоча, која денес наликува на нашето македонско знаме. Над апсидата, под забатот, се наоѓа кружна камена транзена од геометриски преплети, а над неа во правоаголна камена плоча изгравиран крст.[252] После Св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричино и Св. Ѓорѓи во Жегљане и оваа црква спаѓа во црквите со најзастапена архитектонска декоративна пластика, што не е случај со другите жеглиговски цркви од овој период.[253]




Св. Никола во Стрезовце, поглед од југозапад (лево) и западна фасада (десно), 1606 година
St. Nicholas in Strezovce, view from south-west (left) and west facade (right), year 1606






Камена декорација на јужната и источната фасада
Decorativ plastic made of stone of the south and east facades

Ентериерот на црквата е мошне интересен. Доминантниот централен кораб е засведен со полукружен свод, а двата мали странични кораби со четворообличест свод. Четворообличестите сводови се ретки во Жеглигово и ги има единствено во параклисите на Св. Петка во Младо Нагоричино и Св. Параскева во Мургаш. Наосот по должина е поделен со два аркадни премини поврзани помеѓу себе со четвртест столб за слободна комуникација меѓу корабите. Третата аркада продолжува во олтарот. Инаку, тие се малку повисоки од аркадните премини во Св. Спас во

[251] Chevalier J., - Gheerbrant A., 1989, 489, 813; Крстиќ С., 2010, 17, сл. 40, црт. 8 ;
[252] Крстиќ С., 2010a, 16 - 17, сл. 38, 39, 41, 42, црт. 7;
[253] Kiel M., 1971, 251;

Довезенце, Св. Параскева во Мургаш и Двојната црква во Сув Орах. По својата архитектонска диспозиција потсеќа на црквата Св. Димитрија од Палатиција, 15 км. од Верија во Егејска Македонија, од 1570 година, со таа разлика што таа има тристрана апсида и октогонални столбови наместо четвртести и наместо три има четири аркади. Олтарскиот простор се карактеризира со длабока централна полукружна апсида, ѓакониконска и проскомидијала конха и мали полукружни длабоки ниши на северниот и јужниот ѕид.[254] Со конзервација на архитектурата и живописот на овој значаен поствизантиски споменик извршена во периодот од 1994 до 1999 година, од страна на Републичкиот завод за заштита на спомениците и Музејот од Куманово, е утврдена иконографската програма на црквата, каде се разликуваат два слоја на живопис, постар и понов. Постариот живопис е од 1606 година, а новиот од 1901 година, насликан од велешкиот зограф Атанас Николов, кој се потпишал во горната зона на западниот ѕид на наосот.

***Стариот живопис*** е сочуван фрагментарно, а на одделни места го нема. Од исто време датира живописот на Св. Петка во Бељаковце и празничните икони од стариот иконостас во манастирот Карпино. Во централната апсида, во конхата делумно се гледа Богородица на трон фланкирана со два ангели, а под неа фриз со допојасни ликови на архиереи: св. Евтихиј, св. Силвестер, св. Андреја, св. Закх (?), св. Мелетиј, св. Григориј и св. Никанор. Под нив е *Причестување на апостолите*, каде под балдахинот недостасува Христос од јужната страна, до него има



Причестување на апостолите, олтарска апсида
Communion of the Apostles, altar apse



Св. Петка, северозападен лак, наос
St. Petka, south – west arch, nave

шестокрилен серафим. Во најдолната зона, под *Причестувањето на апостолите* се прикажани архиереите во цел раст и нивното поклонување, северно се редат: св. Герман, св. Атанасиј и св. Василиј, а јужно св. Јован Златоуст, св. Григориј Богослов и св. Кирил. Најгоре, над апсидата се гледаат фрагменти од *Вознесение Христово*, нозете и облеката на светителите. Северно и јужно од апсидата, под *Вознесението* е дводелната композиција *Благовести* (архангел Гаврил и Богородица).[255] Архангел Гаврил е прикажан со живо движење и динамика, која потсеќа на Курбиновскиот ангел од 1191 година, а во кумановскиот крај е најблизок со Св. Никола (Св. Петка) во Бељаковце. Под *Благовести* се наоѓа низа од медалјони со ликови на свети архиереи од кои некои не се целосно сочувани, а некои немаат сигнатури, северно од апсидата, св. Јаков и св. Никола Нови (под лакот од северната колонада). Под медалјонот со маченикот св. Јаков, во првата зона е насликан св. Игнатиј, како дел од литургиската процесија во полконувањето на

[254] Ibid., 252;

[255] Машниќ М.М., 2008, 78 - 81; Крстиќ С, 2009а, 203 - 212; Крстиќ С., 2011, 14;

Агнец Божји. Јужно од апсидата, во втората зона е насликан св. маченик Луп во медаљон, над него цела фигура на св. Антониј, а под него, во првата зона ѓаконот св. Роман со модел на црквата в раце, во цел раст, двајцата облечени со богато украсена облека. На источниот ѕид во ѓаконикот, најгоре се сочувани ликови на тројца маченици во цел раст, едниот св. Мокие, другиот веројатно св. Стефан (?), а на третиот се сочувани само двете последни букви од сигнатурата (ан). Присутна е богата флорална и геометриска орнаментика, со доминантна црвена, црна, бела и жолта боја, главно на прозорските отвори, а фрагментарно се сретнува на волутите во олтарот и наосот. Во оваа црква, покрај Двојната црква во Орах е најзастапена сликаната декорација, за разлика од другите каде има само фрагменти, како во Св. Ѓорѓи Победоносец и Св. Петка во Младо Нагоричино, манастир Карпино во Сув Орах, Св. Никола во Бељаковце и во Св. Параскева во Мургаш.

На јужниот ѕид во наосот се познаваат ликови на светите воини: св. Теодор Тирон и св. Теодор Стратилат. Западно од нив се фигурите на св. Пахомие и на еден непознат ангел на кого му недостасува главата. Всушност тоа е Ангел Господен, кој секогаш го придружува преподобниот отец св. Пахомиј, преземен од примерите на византиското сликарство, како што е прикажан во старонагоричкиот храм, од XIV век. Во втората зона, над св. Теодор Тирон и св. Теодор Стратилат,[256] се сочувани два цели медаљони и еден до половина. Од исток кон запад, се насликани светите маченици: Кепсин (?), Калиник во средината, и на преполовениот медаљон не се чита сигнатурата, бидејќи е уништена.

На западниот ѕид во јужниот кораб во првата зона се сочувани, според сигнатурата, преподобните оци, св. Евтимиј и св. Антониј Велики, под арката е светиот воин Артемиј, продолжува во централниот кораб исто така со светиот воин Никита, и завршува со архангел Михаил (до влезот). Сигнатура на Екатерина е сочувана во втората зона, до југозападната аркада, на западниот ѕид во јужниот кораб, која била дел од низата со медаљони на светите маченици и маченички. Северно од западниот влез, во првата зона, низата со светители продолжува со детаљ од архангел Гаврил, па св. Константин и Елена, св. Трифун, св. Аксентиј, и св. Гликериј во цел раст. Тука, на западниот ѕид во северниот кораб, единствено е сочувана фигурата на св. Гликериј, од која се гледа само едната половина, и не му се чита сигнатурата.[257] Втората зона во централниот кораб е насликана со низа од попрсја на маченички и маченици во медаљони, од југ кон север: св. Марина, св. Текла и св. Недела, следува натписот на старословенски јазик во правоаголна рамка, над западниот влез. Северно од натписот низата од медаљони продолжува со св. Теодора, св. Анастасија и св. Евгенија, па во северниот кораб со св. Неофан (под лакот од северната колонада) и св. Акериј. На северозападната арка во подножјето е насликана женска фигура во цел раст, веројатно св. Петка. Над натписот се наоѓа *Успение на Богородица*, а над неа се композициите: *Одрекувањето на св. Петар*, *Јуда ги враќа сребрениците* и од третата сцена е сочуван само мал фрагмент од нозете на еден војник.[258] На југозападниот столб, на источната страна е св. Јован Богослов, а на северозападниот столб, на северната страна, евангелистот св. Лука. Од сочуваниот фрагментарен живопис во оваа црква може да се заклучи дека во наосот, во третата и четвртата зона биле насликани сцени од *Големите празници* и *Страдањата Христови*. Фигурите на светителите се насликани со раскошна облека богато украсени со бордури околу јаката и на долниот раб. Анонимниот зограф водел сметка во украсувањето на деталите, како што се круните на цар Константин и царица Елена и необичните копчиња во горните делови на облеката. Сигнатурите се испишани со старословенски јазик. Според Сретен Петковиќ оригиналниот иконографски план на живописот потекнува од Грција, односно еден од зографите бил од Грција.[259] Најблиски аналогии на ѕидното сликарство од 1606 година има со Св. Ѓорѓи Победоносец и Св. Петка (1628) во Младо Нагоричино, со северниот кораб од Двојната црква во Сув Орах и со Св. Архангели во Кучевиште, Скопско (1631).[260] Новото сликарство е од 1901 година од

[256] Крстиќ С., 2011, 14;
[257] Петковић С., 1965, 204;
[258] Крстиќ С., 2011, 14;
[259] Петковић С., 1965, 143;
[260] Машниќ М.М., 2007, 147;

зографот Атанас (Наце) Николов од Велес, кој во исто време работел и во црквата Св. Никола во Бељаковце, распоредено на сводните површини во централниот кораб со Христос Пантократор и четирите евангелисти.

Црквата има нов дрвен иконостас со двери во резба од преродбенски период чии икони ги работел споменатиот зограф Атанас заедно со брат му Петар Николов, во мај 1893 година, кои се потпишале на таблата во подножјето, лево од дверите. На другата табла, десно од дверите се испишани имињата на султанот Ахмед (горе),[261] и свештеникот Стојче од Руѓинце (на дното), додека имињата на православниот епископ, и егзархот (во средината од текстот) се избришани, што е резултат на црковното двовластие во Македонија. Името на султанот Ахмед се сретнува и во ктиторскиот запис од 1888 година на западниот ѕид на нартексот во Галеријата на кат во црквата Св. Димитрија во Страцин, Кратовско.[262]

Црквата Св. Никола во Стрезовце е еден од позначајните споменици на културата од поствизантискиот период и во поглед на архитектурата и во поглед на мошне солидното фреско-сликарсто од 1606 година, не само во кумановскиот крај, туку и во Републикава, и пошироко, и заслужува да го добие статусот на споменик на културата заштитен со Закон.

## СВ. НИКОЛА (СВ. ПЕТКА) ВО БЕЉАКОВЦЕ

Селото Бељаковце се наоѓа на 28 км. источно од Куманово, десно од магистарлниот пат Куманово - Крива Паланка, на локалниот пат Војник - Клечовце - Бељаковце, од десната страна на Крива Река, во општината Куманово.[263] Црквата Св. Никола во Бељаковце е лоцирана на едно возвишение, западно од селото, веднаш до старата училишна зграда, кај селските гробишта, па според тоа се вбројува во редот на гробјански цркви. Во науката оваа црква е позната како Св. Ѓорѓи, што е сосема погрешно, можеби грешката во името е поради манастирската црква посветена на овој светител, која се наоѓа во истото село, или пак се мисли на црквата која се наоѓа во довезенскиот атар, на границата со Бељаковце.[264] Оваа црква, според дел од сочуваниот



Ктиторски натпис за живописот од 1606 година, западен ѕид, наос
The Ktitors inscription for frescoes from 1606 year, west wall, nave

[261] Се работи за грешка во титулата, најверојатно од непознавање на турските верски титули, кај народот. Во тоа време на власт бил султанот Абдул Хамид II (1876 - 1909), можеби локалното население наместо Хамид го нарекувало Ахмед, или пак се работи за турскиот валија на тогашниот Косовски вилает со седиште во Скопје, Ахмед Ејуб - паша, кој се споменува кон крајот на 1890 година за време на црковното двовластие во Македонија, помеѓу Бугарската егзархиска и Српската патријаршиска православна црква во Македонија; Богдановска З, 2002, 165 - 169;

[262] Крстиќ С, 2012а (во печат);

[263] Панов М., 1998, 26;

[264] Зисовска Ј., 1994, 50; В. Петковић 1950, 20; Крстиќ 2009, 57 ;

натпис над западниот влез во наосот била посветена на првомаченичката св. Петка.[265] Имено, за време на црковното двовластие во Македонија, од крајот на XIX век, црквата била под егзархиска управа и попот Алекса Ѓуревски добил налог од скопскиот митрополит да го поправи натписот во црквата, така што ги пречкртал горните два реда и напишал “егзархиска черква”.[266] Сепак, од натписот може да се види дека се работи за светителка, преподобна маченичка св. Петка, а не за светител. Денеска кај населението оваа црква е позната под името Св. Никола. Од ктиторскиот запис во долните редови дознаваме дека живопиот бил завршен на 30 август 1606 година, три месеци после стрезовската црква. Оттука со сигурност може да се каже дека оваа црква, како и стрезовската, биле градени во исто време, за време на пеќскиот патријарх Јован Кантул (1592 - 1614), кога е изработен и првобитниот иконостас на црквата Воведение на св. Богородица од Карпинскиот манастир во Сув Орах. Првобитната црква била со поголеми димензии и имала нартекс, сé до поправката во турскиот период. Ако се земе в предвид големината на црквата и збиената иконографска програма, тогаш со сигурност може да се каже дека и изградбата на



Св. Никола (Св. Петка) во Бељаковце, југозападна фасада, 1606 година
St. Nicholas (St. Petka) in Beljakovce, south - west facade, year 1606

црквата завршила во 1606 година, а ктитори биле самите жители на селото Бељаковце.[267] Последни интервенции на дел од архитектурата се направени во 2011 година од страна на локалното население со поправка на покривната конструкција и ѕидање на западниот ѕид на нартексот, кој со години беше урнат.

Св. Никола е мала *еднокорабна ѓрадба,* покриена со двосливен покрив од ќерамиди. Првобитно била покриена со камени плочи чии остатоци денес се сретнуваат само на апсидата. Вкопана е в земја што на прв поглед заличува на селска куќа, а по полукружната апсида на исток се препознава дека е црква. Се влегува од западната страна преку единствениот тесен влез со еднокрилна, дрвена врата. Над влезот се наоѓа слепа полукружна ниша, во која нема фреска со ликот на патронот (оштетена со тек на времето). Во продолжение на црквата од западната страна се наоѓа нартекс двапати поголем од црквата, покриен со двосливен покрив од ќерамиди, доградена во поново време, денес полуразурнат. Градена е од обичен камен на места со обли-

[265] Петковић С., 1965, 203; Крстиќ С., 2009, 67 - 68, сл. 1 ;
[266] Хаџи Васиљевиќ Ј., 1909, 439 - 441;
[267] Петковић С., 1965, 203; Зиројевић О.,1984, 202; Велев И., 1990, 72;

кувани камени блокови каков што е северниот ѕид, а останатите се малтерисани во поново време.[268] Однатре, црквата е засведена со полукружен свод. Подот е од широки камени плочи. Поради тогашните строги турски канони, ограничениот простор на црквата не дозволувал широки отвори за осветлување на храмот, односно има само еден мал отвор, бифора на јужниот ѕид и два сосема тесни отвори, вертикално нагласени однадвор на апсидата од источната страна, дури незабележливи. Источниот ѕид е разбиен со централна и северна, проскомидијална конха. Нема ѓакониконска конха, туку длабока квадратна ниша. Олтарскиот простор е поделен од наосот со висок иконостас. Карактеристично е што овде е сочуван првобитниот низок каменен иконостас, надграден со дрвен иконостас во поново време.[269]

Според архитектонска диспозиција, црквата Св. Никола е слична со истоимените кумановски цркви: Св. Богородица во Студена Бара и Пчиња, со кратовските Св. Никола во Шопско Рударе и Св. Ѓорѓи во Коњух од XVI/XVII век, во нејзина близина, кривопаланечката Св. Никола во Трново од 1605 година, штипската Св. Никола во Крупиште, од 1625 година, со повеќе цркви од охридско - преспанскиот регион, Си(те) Свети во Лешани од средината на XV век, Св. Богородица во Велестово од 1450/ 51 година и Вознесение Христово во Лескоец од 1462 година, Св. Илија во Долгаец, Прилепско од 1454/55 година,[270] од битолско - кичевскиот регион Св. Никола во Чагор, 1636/41 година и од скопскиот регион, Св. Атанасие во Шишево, 1565 година, Св. Спас во Добри Дол од 1576 година, Успение на Богородица во Дивље од 1603/04 година и Св. Никола во Радишани од 1631 година.[271] По својата архитектонска градба речиси е идентична со црквата Св. Богородица во Дивље, Скопско од 1604 година и Св. Никола во Шопско Рударе, Кратовско, од 1567/68 година.[272] Ова укажува на тоа дека во Македонија, од средината на XV, XVI и XVII век се граделе мали и едноставни, еднокорабни, безкуполни цркви типични за турскиот период.

*Фреско - сликарсшвошо* во црквата Св. Никола во Бељаковце е зачувано во олтарската апсида и во долните зони на наосот, додека горните зони кон сводот немаат фрески поради паѓањето на малтерисаните површини. Уште на прв поглед може да се забележи дека се работи за два слоја на фрески, постар и понов. Првобитниот слој на фрески, најверојатно потекнува од XV век, кој бил покриен во 1606 година, што може да се види од неколку фрагменти од сликана вегетабилна орнаментика на северниот ѕид во олтарот, под малтерисаниот слој. Фреско - живописот од 1606 година, на места е реставриран од велешкиот зограф Атанас Николов, во 1901 година, кој се потпишал над прозорецот од јужниот ѕид, а кој се сретнува и во стрезовската црква. Целосно е уништена третата зона на ѕидното сликарство во наосот, а тука би требале да бидат сцените со *Големиише празници* или можеби сцените со св. Петка, на која бил посветен првобитниот храм, веројатно изграден во XV век, како и втората низа од медалјони на пророци или маченици кон сводот.

Во централната апсида во олтарот е насликана св. Богородица во цел раст, која со двете раце го држи малиот Христос на градите, прикажан цел, без медалјон. Св. Богородица е фланкирана со два архангели исто така во цел раст, Гаврил (лево) и Михаил (десно). Интересно е да се спомене дека ретко се слика овој тип на Богородица во апсидата, каде, обично тука се слика со двете раце кренати нагоре, Оранта или Ширшаја Небеса со малиот Христос на градите во медалјон (Платитера), или без него. Овој тип на Богородица се сретнува и во сцените од Акатистот на Богородица во мандорла (Знамение), како што е во манастирската црква Св. Никола во Слепче, Прилепско.[273] Апсидата е врамена со насликан фриз од палмети во црвена и црна боја. Вакви фризови се сретнуваат во повеќе жеглиговски цркви од XVI и XVII век, во Двојната црква во Сув Орав, во Св. Петка и во Св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричино. Северно и јужно од св. Богородица со малиот Христос е прикажана дводелната композиција *Блаіовешшение.* На северната страна е архангел Гаврил, а на јужната, Богородица, во цел раст. Архангел Гаврил е

[268] Крстиќ С., 2009, 57 - 75, сл. 2-3, цртеж 1 - 3;
[269] Хаџи Васиљевић Ј., 1894, 353 - 355; Крстиќ С., 2009, 72, сл. 9 ;
[270] Суботиќ Г., 1980, 52 - 98; Митревски Н., 2009, 27 - 28;
[271] Лакалиска С., 2000, 91 - 105;
[272] Машниќ М.М., 2006а, 57 - 66;
[273] Митревски Н., 2009, 319;

прикажан со живо движење и динамика и многу потсеќа на архангелот од Курбиновската црква од 1191 година. Фигурата на св. Богородица, пак, е аналогна со фреската од истата композиција во олтарот на Бобошевскиот манастир Св. Димитрија од 1469 година,[274] Под неа е *Поклонението на архиереите* на *Агнец Божји*. Тука Христос е претставен мал како дете - жртва, покриен со темноцрвен покров, кој лежи на патена (чесна трпеза). Северно од *Христос Агнец* е насликан архангел Гаврил со св. Василиј Велики, а јужно, архангел Михаил со св. Јован Милостив. Најгоре, над Богородица со Христос, е вообичаената композиција *Вознесение Христово*, а под квадратниот отвор е насликан светиот *Убрус*, риза со неракотворниот образ на Христос. Во проскомидијалната конха е насликан ѓакон Стефан. Во горните зони е присутен хоризонтален фриз од флорална орнаментика, кој се протега на северниот и јужниот ѕид во олтарскиот простор. На јужниот ѕид во олтарот, долу е *Процесијата на архиереите*, како продолжение од источниот ѕид со архиереите св. Спиридон и св. Атанасиј, во цел раст. На дното има сликана орнаментика со драперии. Идентични драперии се насликани во Св. Параскева во Мургаш и во Двојната црква во Сув Орах.[275] Помеѓу нишите се застапени декоративни правоаголни полиња со геометриски орнаменти во црна и црвена боја на окер позадина и флорални орнаменти, какви што сретнуваме во Св. Никола во Стрезовце. Во втората зона се наоѓа низа од три медаљони на архиереите: св. Григориј, св. Јован Богослов и св. Антониј. На северниот ѕид, во првата зона е насликана *Визија на Петар Александриски*, а над неа во втората зона, низа на архиереи во три медаљони, од исток кон запад: св. Јован Златоуст, св. Василиј Велики и св. Никола.[276] Овде, во олтарот во долните зони под фреските од 1606 година се забележува постар слој на фрески под малтерисаниот слој кој е напукнат, се лупи и паѓа, така што се гледа сликана флорална орнаментика, што упатува на првобитната црква од XV век, која била посветена на Св. Петка. Според ликовните карактеристики на ѕидното сликарство во апсидата може да се заклучи дека можеби ист зограф работел и во црквите Св. Спас во Довезенце, Св. Никола во Стрезовце и Св. Параскева во Мургаш. Живописот е оригинален и квалитетен, работен од мошне вешт зограф.



Фрески со свети воини: Прокопиј, Теодор Тирон, Теодор Стратилат и Никита, јужен ѕид, наос
Frescoes with Warior Saints: Procopius, Teodore Tiro, Teodore Stratilates and Nikita, south wall, nave

---

[274] Минчева К., 2007, 33;
[275] Крстиќ С., 2009, 64, сл. 4 - 5 ;
[276] Петковиђ С., 1965, 203;

Во наосот, на јужниот, западниот и северниот ѕид се наоѓа реставрираниот живопис во поново време, меѓутоа зографот ја следел првобитната иконографска схема. Во првата зона се насликани фигури на светители и војници во цел раст, фронтално поставени, со исклучок на св. Богородица и св. Јован Претеча од *Деисисната композиција*, св. Марина на северниот ѕид и св. Елена на западниот ѕид. Овие светители, одозгора се врамени во непрекината низа од бели арки.

До иконостасот, на јужниот ѕид е насликана фигура на св. Петка, што е уште една потврда дека негогаш таа била патронка на црквата, според ктиторскиот запис, чиј култ бил мошне раширен на Балканот во XV, XVI и XVII век. Св. Петка по правило се прикажувала само во западниот дел на храмот, но во периодот на турската управа нејзиниот лик се преместува и понатаму, кон источната страна, како што е случај со оваа црква. Како на женска фигура, местото до иконостасот не и припаѓало, но св. Петка е тука како непосредно знамение на *Христовото страдање* што се случило в петок.[277] Веднаш до неа е насликан денешниот патрон на црквата, св. Никола, а до него св. Јован Крстител, па светите војници: Прокопиј, Теодор Тирон, Теодор Стратилат и Никита, со сигнатури на старословенски јазик. Над овие фигури, во втората зона се наоѓа фриз од шест медалјони, кој продолжува од олтарскиот простор кон запад. Тоа се светите воини: Артемиј, Прокопиј и Нестор, а западно од прозорецот, низата продолжува со св. Трифун, св. Кирик и св. Јулита (син и мајка чии мошти се во Охрид и често се сретнуваат во охридското црковно сликарство од крајот на XIV и почетокот на XV век).



Фрески на западен ѕид, наос
Frescoes in the west wall, nave

На западниот ѕид, јужно од влезот, се наоѓа фигура на св. архангел Михаил. Фигурата на архангел Михаил обично се поставува покрај влезот поради неговото апотропејско значење, за да ја брани духовната чистота на храмот. Таква улога има и св. Марина, на северниот ѕид на наосот, која е блиску до влезот.[278] Северно од влезот се насликани ликовите на цар Константин Велики и мајка му царица Елена во цел раст, како го држат крстот Господов. Над влезот, над натписот е насликана композицијата *Успение на Богородица*, каде што е вознесено телото на Богородица, во горниот дел се гледаат само небесните сегменти од доаѓањето на апостолите, а над оваа компо-

[277] Крстиќ С, 2009, 66 - 69, сл. 6 - 8 ;
[278] Суботиќ Г, 1980, 175;

зиција нема фреска (има големи оштетувања), тука би требала да биде вообичаената композиција *Преображение Христово*.

На северниот ѕид, во првата зона, од запад кон исток се насликани ликови на светители, почнувајќи со св. Марина, во цел раст и св. Симеон Столпник. Св. Марина наместо чекан држи маченички крст во десната рака, во полупрофил свртена кон Сименон Столпник, и има апотропејска улога во борбата со демонот. Овој култ се сретнува од XII век во Курбиновската црква од 1191 година. Под Симеон Столпник, насликан во столб допојасно, со разредена долга побелена брада, има квадратна ниша, па потоа низата продолжува со светите воини: св. Нестор, св. Димитрија и св. Георги, во цел раст. До нив е *Деисис,* Исус Христос во средината, лево е св. Богородица, а десно, св. Јован Претеча, насликани во цел раст. Овде, во *Деисисната композиција*, ликот на св. Богородица е прикажан како св. Петка и местотото до иконостасот не и припаѓало, но таа е тука како непосредно знамение на Христовото страдање што се случило в петок и како патрон на црквата на која првобитно била посветена. Св. Петка е тука и поради своето сложено и длабоко теолошко значење како посебна симболично - семантичка игра, како во манастирот Матка и дури некаде е во олтарот како дел од *Процесија на архиереите* во *Поклонувањето на Агнец Божји,* како во Велестово, Охридско, евокација на страдањето на Христос.[279] Вакви претстави се сретнуваат нешто порано во охридското сликарство од XV век, во црквите Св. Богородица Милостива на Велика Преспа, Св. Ѓорѓија во Годивје и Св. Стефан Панцир во Охрид.[280] Во XVI и XVII век овие сцени во Македонија речиси задолжително се сликаат во сите мали цркви, некаде Христос е седнат на трон како *Цар над Цареви*, *Праведен судија*, односно како дел од *Страшниот суд*, како што се во пелагонискиte цркви (Св. Никола во Зрзе, манастирската црква Св. Преображение во Зрзе, манастирот Трескавец, Св. Илија во Долгаец, манастирската црква Св. Никола во Слепче, итн.)[281] Во Кумановско, ова е единствената сочувана сцена од османлискиот период, а според фрагментите била насликана во источниот травеј на северниот кораб на Двојната црква во Сув Орах од XVI или почеток на XVII век. Во втората зона се наоѓа низа од девет медаљони на маченици, на некои од нив не им се чита сигнатурата, освен на првиот, св. Стефан, потоа следните три медаљони, објавени кај Сретен Петковиќ: св. Агапиј, св. Софониј и св. Силвестер[282], и последните петозарни маченици: св. Орест, св. Авксентиј, св. Мардариј (со капа), св. Евстратиј и св. Евгениј. На сводот нема фрески бидејќи малтерот е целосно паднат, освен централната композиција на Христос Вседржител, кој благословува со двете раце, насликан на правоаголна сина позадина. Оваа фреска е од 1901 година и е идентична со престолната фреско - икона од камениот иконостас и со сводната композиција во Св. Никола во Стрезовце, работена од ист зограф.

Сочувана е првобитната камена *олтарска преграда* во долниот дел, којашто одозгора е надградена со нов дрвен иконостас, изработен веројатно во исто време со пресликувањето на фреските, во почетокот на XX век (1901). Камената олтарска преграда е сочувана на висина од 1,80 м., чијшто горен, дрвен иконостас е на висина од 1,60 м. Вакви ниски камени олтарски прегради биле градени порано, во XIV и XV век. Тоа не наведува на заклучокот дека денешната црква од 1606 година била изградена врз темелите на постара црква од XV век. Новиот дрвен иконостас се состои од два реда на икони, на врвот има дрвен крст со тролистни краци, мошне примитивно насликани со *Распетие Христово*. Има два влеза, северен, проскомидијален влез и царски двери на средината. Дверите не се сликани, туку се еднобојни, со црна боја. На иконостасот, во првата зона се наоѓаат престолни икони во интерколумнии од тројни дрвени рамки. Јужно од царските двери е Исус Христос Вседржител, фреско-икона на камен, идентична со фреската од сводот, а северно од дверите, Богородица Одигитрија, во темперна техника на дрво, со нагласени златни ореоли на ликовите, насликана од Петар Николов, братот на Атанас. Во втората зона се наоѓаат пет допојасни икони на четири апостоли, од север кон југ: св. Филип, св. Петар, св. Павле и св. Тома, а во средината е св. Никола, насликан со архиерејска одежда, патрон на црквата. Иконите се насликани исто така во исто време со новиот живопис (1901) од двајцата

[279] Ibid, 143 – 159;
[280] Ibid., 33 - 55, сл. 8, 18 и 55;
[281] Митревски Н., 2009, 90, 125, 290 - 291, 307;
[282] Петковић С., 1965, 203;

браќа, зографите Петар и Атанас (Наце) Николови од Велес,[283] кои заедно работеле икони и фрески за повеќе кумановски цркви (Стрезовце, манастир Карпино и Жегљане). За оваа црква, во која единствено е зачуван ктиторскиот натпис за живописот, покрај стрезовската, со сигурност може да се каже дека припаѓа на црквите од поствизантиски период, од почеток на XVII век.

## СВ. ПАРАСКЕВА ВО МУРГАШ

Селото Мургаш е оддалечено 24 км. југоисточно од Куманово, лево од магистралниот пат Куманово - Свети Николе, на локалниот пат Новосељане - Косматац - Мургаш, и спаѓа во општината Куманово.[284] Во подножјето на ридот Липац, во маалата Пешеви, на селските гробишта е сместена црквата посветена на Св. Параскева. На прв поглед заличува на селска куќа, но



Св. Параскева во Мургаш, поглед од југозапад , XVI/XVII век
St. Paraskeve in Murgash, view from south – west, XVI/XVII century

според камбаната од југозападната страна се препознава дека се работи за христијански сакрален објект.[285] Долго време оваа црква во науката не била позната, идентификувана и проучена, сé до 2002 година, кога е истражена и објавена.[286] Хаџи Васиљевиќ ја споменал како нова црква од XIX век, чие датирање е сосема погрешно, затоа што станува збор за постара црква од поствизантиски период.[287] И оваа црква припаѓа на групата двојни цркви како што се: Св. Петка во Младо Нагоричино, Св. Спас во Довезенце, Св. Петка во Пезово, Двојната црква во Орах, Св. Троица во Челопек и Св. Ѓорѓи во Алгуња, денес урната.[288] Се состои од два дела по должина,

[283] Крстиќ С., 2009, 72 сл. 9; Браќата Николови потекнуваат од Папрадишко-велешкиот род од разгранетата лоза на Рензовци и Дамјановици, познати црковни градители, резбари и зографи.
[284] Панов М., 1998, 203; Трифуновски Ј., 1974, 171; Крстиќ С., 2002, 105;
[285] Камбаната е донесена од Јагодина во 1939 година од Тодор Спасовски (1902 - 1990) од Мургаш, маала Јовчевци (дедо ми), за време на Кралството Југославија. Информациите се добиени од сега покојниот, мојот татко Владо Крстевски (1930 - 2008);
[286] Крстиќ С., 2002, 105 - 129;
[287] Хаџи-Васиљевиќ Ј., 1909, 235;
[288] Бошковић Ђ., 1976, 149; Петковић В., 1950, 1249, сл. 1090 ; Машниќ М.М., 2011а, 359;

нартекс  со наос и параклис, покриени со заеднички двосливен асиметричен покрив од ќерамиди. Двосливниот покрив од ќерамиди е поиздолжен кон југ, како кај црквите Св. Спас во Довезенце и Св. Петка во Пезово.[289] Сепак, црквата претставува *еднокорабна ḡрадба* со правоаголна основа и правоаголна апсида на источната страна. Карактеристика за повеќето жеглиговски цркви од турскиот период е појавата на правоаголна апсида, вертикално нагласена, како што се сретнува и на овој храм, а се сретнуваат и на манастирот Карпино, Св. Спас во Довезенце, Св. Ѓорѓи во Кокино и подоцна во Св. Никола во Рамно.[290] Инаку, црквата е градена од необработен камен со различна големина, на места со убаво обликувани тетрахитни блокови, денес малтерисана, во 1975 година, која е испишана на малтерот на јужната фасада, на западната страна, над влезот. Всушност тогаш се извршени и последните интервенции на оваа црква. Црквата нема влез на западната, туку на јужната страна.[291] Источниот, северниот и дел од јужниот ѕид се вкопани в земја. На источната фасада, речиси, повеќе од половината вкопана в земја, јужно од апсидата се



Источна фасада
East facade

забележува тесен вертикален засек, а северно минијатурен квадратен отвор, кои кон внатрешноста се шират во правоаголни отвори. Северната фасада е целосно вкопана в земја и нема отвори, а на западната страна се забележува ѕидана контрафора која го потпира ѕидот, како кај манастирот Карпино на јужната фасада, и Св. Богородица во Пчиња на северната фасада. На северозападниот агол на северниот ѕид се забележува разурнат ѕид од камења, веројатно од некогашниот ексонартекс. На јужната фасада се забележува тесен вертикален, а на западната квадратен отвор, заштитени со железни транзени. Појавата на железни транзени е карактеристична за турскиот период, кои се сретнуваат на повеќе цркви од овој период, Св. Петка и Св. Ѓорѓи Победоносец во Млado Нагоричино, Св. Ѓорѓи во Жегљане и манастир Карпино. Оваа црква е мошне едноставна, без никаква камена декорација, освен камената арка на јужниот влез и крстот под забатот на западната фасада во плиток рељеф, како кај Св. Никола во Стрезовце.

Ентериерот со два широки и ниски аркадни премини по должина е поделен на два дела: параклис (женски дел) и нартекс со наос (машки дел). Арките помеѓу себе се поврзани со ар-

---

[289] Крстиќ С., 2002, 114 - 115, сл. 6; Eadem, 2011, 15;

[290] Крстиќ С, 2002, 111, сл. 3, Eadem, 2006, 73, сл. 7;

[291] По кажување на локалното население, некогаш црквата имала влез од западната страна и била помала, не можела да ги собере верниците, па со уривање на стариот западен ѕид, црквата била проширена од западната страна, а влезот бил затворен. Според нив оваа обнова била извршена веднаш по Втората светска војна (Информатори: Димче Кипријановски, Владо Крстевски и Благе Пешевски).

хаичен четвртест столб.[292] Вакви премини се сретнуваат во Двојната црква во Сув Орав, Св. Троица во Челопек (денес урнати), во Св. Спас во Довезенце (со двојно повеќе аркадни премини), и нешто малку повисоки во Св. Никола во Стрезовце. Некогаш ги имало и на црквата Св. Илија (Св. Ѓорѓи) во Алгуња, со три аркадни премини, денес во темели.[293] На северниот и западниот ѕид се присутни лунети, аналогни со Св. Ѓорѓи во Кокино. Источниот ѕид на олтарскиот простор е разбиен со централна апсидална, ѓакониконска (десно) и проскомидијална конха (лево). На северниот ѕид има длабока паравоаголна ниша со турски лак каква што се сретнува и во манастирот Карпино.



Аркадни премини, ентериер
Arcade passages, interior



Богородица Оранта, олтарска апсида, XVI век
Holy Virgin Oran's, altar apse, XVI century

Наосот и нартексот се покриени со полукружен свод, а параклисот со четворообличест свод. Четворообличести сводови сретнуваме во параклисот на Св. Петка во Младо Нагоричино, на бочните кораби на Св. Никола во Стрезовце, и на параклисите од Св. Троица во Челопек и Св. Ѓорѓи во Алгуња (денес урнати).[294] Помеѓу наосот и параклисот има мал правоаголен отвор со турски лак на врвот, како во Св. Петка во Пезово. Нартексот со наосот комуницира со широк и висок истурен попречен лак стопен на сводот на црквата, какви што ги има во Св. Ѓорѓи во Жегљане и манастирот Карпино во Сув Орах.

Целиот внатрешен простор на црквата е малтерисан. Остатоци од првобитното фреско - сликарство има во олтарската апсида, вертикално нагласена, и тоа бело варосано, одвај препознатливо. На источниот ѕид во олтарот, во апсидалната конха е се гледа допојасието на св. Богородица Ширшаја Небеса, со двете раце кренати нагоре, без малиот Христос на градите, која била насликана во цел раст, според нејзините нозе насликани во долнит дел, а чија долна половина денеска е варосана. Под неа, се гледаат фрагменти од *Поклонувањеѿо на Аīнец Божји,* северно е св. Василиј Велики, јужно св. Јован Златоуст, од кои се гледаат само нивните глави и свитоците кои ги држат в раце, испишани со старословенско писмо, а помеѓу нив, долу, се наоѓа Агнец Божји на чесна трпеза. Јужно од апсидата, во првата зона на источниот ѕид е насликан еден од столпниците, св. Алимпие Столпник, а до него, во ѓакониконската конха допојасието на ѓаконот св. Роман. Претставите на столпниците се сретнуваат до олтарската апсида и на јужниот ѕид во јужниот кораб на Двојната црква во Сув Орах, и на северниот ѕид во наосот на Св. Петка (денес Св. Никола) во Бељаковце. Во втората зона, над овие претстави се насликани два медалјони со попрсја на светите архиереи, св. Герман и вториот одвај се чита, веројатно св. Ахилиј

[292] Eadem, 2002, 116;
[293] Машниќ М.М., 2011а, 359; (Според архитектонската основа на црквата во Алгуња, изработена од архитектот Н. Шентевски од НКЦ - Скопје);
[294] Ibid, 112, цртеж 3, 125, сл. 18;

Лариски (до јужниот ѕид). Северно од апсидата, на источниот ѕид, во проскомидијалната конха е насликано допојасието на архиѓакон св. Стефан. Помеѓу проскомидијалната и апсидалната конха се наѕира мошне оштетениот текст од поменикот. Во втората зона, како пандани на јужната страна, се наоѓаат исто така попрсја на светители во кружни медалјони, но многу тешко се читаат, можеби се работи за архиереите, св. Михаил и св. Теофилакт (до северниот ѕид). Во третата зона, погоре е дводелната композиција *Благовести*, северно од апсидата е насликана фигурата на архангел Гаврил, а јужно од апсидата, фигурата на св. Богородица седната на издолжен дрвен трон со перница, кои многу наликуваат на фреските во Пезово.[295] Најгоре, над Благовести, во полукружното теме на ѕидот е вообичаената композиција, *Вознесение Христово,* со фрагменти од светители во долниот дел. Најдолу, во појасот на цоклето, е насликана окер драперија украсена со флорални мотиви, каква што се сретнува во Двојната црква во Сув Орах и во Бељаковце. На јужниот ѕид во олтарот, има фигури на двајца архиереи со старословенски свитоци, првиот е св. Атанасиј Велики, а вториот не се гледа целосно, и нема сигнатура. Над архиереите, во втората зона, зачуван е само еден медалјон, попрсјето на св. Спиридон, а под нив, во цоклето се гледа детаљ со сликана флорална декорација од палмети. Само еден фрагмент, со претстава на *Божјата рака* во која се наѕираат главите на праведниците во затворената дланка, се забележува на јужниот ѕид на наосот, зад владичкиот престол, а која се сретнува во темето на источниот ѕид во олтарот на Двојната црква (Св. Никола) и во манастирот Карпино во Сув Орах.[296] Иако ѕидното сликарство не е целосно откриено, се гледа дека се работи за квалитетно сликарство аналогно со она од црквата Св. Никола во Стрезовце, манастир Карпино и Двојната црква во Сув Орах, Св. Ѓорѓи Победоносец и Св. Петка во Младо Нагоричино, и Св Никола во Бељаковце (во олатрот).[297] Анонимниот зограф очевидно ги следел византиските примери и традиција, солидно го работел ова сликарство, кое токму овде во мургашката црква, достигнува висока уметничка вредност. За жал фреските во наосот не се откриени и затоа е потребна итна конзервација на овој редок поствизан-тиски споменик и во поглед на архитектурата и во поглед на ѕидното сликарство. Можеби на ѕидовите во наосот или нартексот биле насликани сцените од животот на св. Параскева што до сега нема сознанија за овие ретко сликани сцени, освен во Младо Нагоричино, со двата фрагменти од нејзиното житие.

Денес, црквата има *два нови иконостаси од XIX век*, во наосот и во параклисот. Во наосот има повисок и боен иконостас, идентичен на иконостасот во Жегљане, но овој овде е збогатен со херувими и орли од дрво изработени во рељеф (широк 5,60 м. јужното крило 60 см., а северното 1,30 м.). На врвот се наоѓа крст со насликано *Распетие*, а во тролистните краеви се насликани атрибутите на четирите Христови евангелисти, ангел, орел, лав и теле. Иконостасот е разигран со три реда на икони, одделени помеѓу себе со хоризонтален фриз од флорални мотиви, а во најдолната зона, во подножјето на вертикално нагласените правоаголни табли се насликани вазни со цвеќе. Вообичаено, во првата зона, во интерколумниите се наоѓаат престолните икони: Богородица Одигитрија, Христос Пантократор и св. Јован Крстител, со димензии: 60 x 90 см. Недостасува патронот на црквата, св. Параскева, која се наоѓала на страничното северно крило, и двете икони од страничното јужно крило, св. Никола и *Св. Ѓорѓи го убива змејот*, кои денес се изложени на постојаната поставка во Галеријата на икони во црквата Св. Никола во Куманово.[298] Во втората зона се распоредени празничните икони со димензии: 26 x 40 см., каде од можните 13 икони, недостасуваат четири, а од деветте сочувани, три се наоѓаат во Галеријата на икони во Куманово: св. Теодор Тирон, св. Никола, и Христос Вседржител. Во третата зона, од седум минијатурни икони со димензии: 20 x 30 см. се сочувани само три: св. Недела, св. Никола, и третата икона на св. Богородица со Христос, која се наоѓа во Галеријата на икони во Куманово, додека останатите четири недостасуваат.[299] Престолните и повеќето празнични икони се изра-

[295] Крстиќ С., 2011, 15;
[296] Машниќ М.М., 2011а, 369;
[297] Крстиќ С., 2011, 117 - 119;
[298] Поповска - Коробар В., - Зисовска Ј, 2000, 52 – 54;
[299] Информатори: Димче Кипријановски (1915 - 2008), маала Јовчевци, син на поп Стојчо и внук на првиот поп и учител во селото Мургаш, Кипријан Додевски, и Благе Пешевски (1926 - 2009), маала Пешеви. Вкуп-

ботени од Хаџи Коста(дин) зограф од Велес, во 1872 година, во темперна техника на дрво, кој се потпишал на позадината на иконите со негов личен печат, каде освен како зограф се потпишал и како фотограф.[300] На средината се наоѓаат царски двери, а северно од нив, проскомидијален влез. Дводелната композиција *Благовести* е насликана во овални медаљони, на двете крила од дверите, лево е архангел Гаврил, а десно св. Богородица, минијатурни фигури во цел раст. Царските двери се слични со довезенските, кои се изложени во Галеријата на икони во Куманово, и со дверите во црквите во Пчиња и Колицко. Допојасната икона со патронот на црквата, св. Параскева, со димензии: 51 x 52,5 см. во самата црква, се наоѓа на необично место, помеѓу аркадните премини, под лакот на источната арка, каде лакот се стопува во ѕидна маса кон исток.



Иконостас, наос, XIX век
Iconostasis in nave, XIX century



Св. Параскева, патронска икона
St. Parasceve, icon of pathron



Иконостас, параклис
Iconostasis, the chapel

Иконостасот во параклисот е помал и потесен, според големината на просторот, широк 2,42 м. На врвот има Крст со сликано *Распетие* и триконхални краци, а на дното правоаголен отвор за влез, кој нема двери. Има две престолни икони со димензии: 60 x 64 см., св. Богородица со Христос, северно, и Христос Пантократор, јужно. Над космитисот, во втората зона се наоѓаат пет икони, од лево на десно: св. Илија, св. Симеон Столпник, св. Стефан Првомаченик, св. Андреја и Исус Христос Вседржител. И овде иконите ги изработил Хаџи Косте зограф, син на велешкииот иконописец Крсте зограф, од кого го наследил своето образование и стил на работа, прецизен цртеж, нежни и лазурни сликани ликови со здржани движења од едноставни до богато насликани одежди, каде доминантно место заземаат златните ореоли и поживи тонови со барокни елементи. Освен во оваа црква, Хаџи Коста изработил две престолни икони во Св. Никола во Куманово (1855), престолните икони во истоимените цркви Св. Никола во Винце и во Колицко (1872/73), Св. Богородица во Пчиња, како и фреските од 1872 година во Колицко.[301] Внимание привлекува сликаната табла во подножјето од северна страна во параклисот, сосема различна од јужната на која не е насликана вазна со цвеќе, каде во овален медаљон е насликан модел на црква со една висока купола. Во недостаток на податоци за изградбата и првобитниот изглед на црквата, може да се претпостави дека оваа црква е изградена на постари темели од доцновизантиската или ранотурската епоха, која во тоа време имала и купола. Сепак, овој значаен споменик на културата,

---

но осумте празнични икони кои недостасуваат од втората и третата зона на иконостасот во наосот, биле продадени во Р. Бугарија за време на Втората светска војна од тогашниот клисар и член на црковниот одбор од с. Мургаш, Спирко Лазаревски, сега починат, така што до ден денес, не се знае кому му биле продадени иконите.

[300] Василиев А., 1965, 267; Балабанов К., 1970, 11 - 13;

[301] Според истражувањата и аналогиите на авторот со иконите и фреските во Кумановско, е утврдено дека фреските во Винце од 1872 година се изработени од Хаџи Коста зограф ;

допрва треба да се истражува, не само од историчарите на уметноста, туку и од археолозите, и со тоа да си го добие соодветното место во науката.

Иако, во црквата не е откриен никаков запис, според аналогиите од стилско-ликовните и архитектонски обележја со другите кумановски цркви, припаѓа на групата споменици од поствизантиски период и може да се датира од XVI или почеток на XVII век.

## СВ. СПАС ВО ДОВЕЗЕНЦЕ

Селото Довезенце е оддалечено 26 км. југоисточно од Куманово, и припаѓа на истоимената општина. Лежи на левата страна од Крива Река, во подножјето на мургашкиот рид Липац.[302] Црквата Св. Спас се наоѓа во источниот дел на селото на едно возвишение во месноста Селиште до селските гробишта и се вбројува во редот на гробјански цркви.[303]

Св. Спас е една од многуте цркви, недоволно познати во Жеглигово и Р. Македонија. И оваа црква, во науката се споменува како понова црква од XIX век,[304] но, со најновите истражувања во 2006 година е утврдено дека се работи за постара црква од поствизантиски период.[305] Инаку, таа е во мошне лоша состојба, со напукнати и урнати ѕидови. Била обновувана во 1896 година од





Св. Спас во Довезенце, западна (лево) и источна фасада (десно), XVI/XVII век
St. Saviour, west fasade (left) and east fasade (right), XVI/XVII century

мајстор Нешо, кога е и малтерисан живописот, според годината и името на мајсторот врежани во камен на западната страна, северно од влезот. Во 1979/80 година целосно е паднат северниот, мал дел од западниот ѕид и сводот на наосот, а во 2003 година од страна на РЗЗСК од Скопје е извршена превентивна заштита на покривната конструкција.[306]

Спасовата црква е со пошироки размери, со правоаголна основа и апсида на источната страна. Таа припаѓа на типот двојни цркви, која по должина е поделена со преграден аркаден ѕид помеѓу нартексот и покриениот трем, параклисот. Сепак, таа е *еднокорабна ḡрадба*, покриена со двосливен асиметричен покрив од ќерамиди во поново време, поиздолжен кон јужната страна. Има два влеза, западен главен, во наосот и споредени, јужен во параклисот (женски дел), врамени со полукружна камена рамка. Над западниот влез со фриз од камења на врвот, се наоѓа шестолистна камена транзена, а јужно од неа на делот на параклисот, бифора со засеци на врвот на

---

302 Панов М., 1998, 100; Хаџи-Васиљевић Ј., 1901, 218; Д-р Јован Хаџи Васиљевиќ споменува стара црква Св. Ѓорѓи во Довезенце, а оваа воопшто не ја споменува. Имено старата, мала и еднокорабна црква Св. Ѓорѓи денеска е обновена (1989) врз старите темели, на имотот на проф. д-р Витомир Митевски, кој заедно со неговото семејство бил и нејзин ктитор; Крстиќ, С., 2006, 69;
303 Трифуновски Ј., 1974, 183; Крстиќ С., 2006, 68 - 80 ;
304 Зисовска Ј., 1994, 59, сл. 12;
305 Крстиќ С., 2006, 68 - 80;
306 Ibid, 68, сл. 1 и 2;

отворите, чисто ориентално, турско влијание.[307] Транзените и двојните прозорци - бифорите, се една од главните карактеристики во архитектонската декоративна пластика на црквите од жеглиговскиот крај, какви што среќаваме во: Св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричино, Св. Никола во Стрезовце, Св. Ѓорѓи во Жегљане, Св. Дух во Добрача и Св. Петка во Пезово. Јужниот ѕид однадвор е разбиен со тесен хоризонтален отвор во вид на засек, западно од средишниот спореден влез, кој кон внатрешноста трапезно се шири. Источната фасада се карактеризира со невообичаена правоаголна апсида вертикално нагласена, со тесен вертикален засек на дното. До апсидата во нејзина висина има одвај забележливи два тесни вертикални отвори, по еден од обете страни. Вакви апсиди се типични за турскиот период, чии аналогии сретнуваме во црквата Св. Параскева во Мургаш, Св. Ѓорѓи во Кокино, манастирот Карпино во Сув Орах и Св. Никола во Рамно.



Транзена, западна фасада
Transom, west facade



Бифора, западна фасада
Double lance window, west facade



Подна розета, наос
Rosete on the floor, nave

Ентериерот на црквата е мошне интересен. Подот е под нивото на земјата и со три скали од западниот влез украсен со блага тројна рамка на врвот, се влегува во црквата. Тој е од широки четвртести камени плочи, а при влегување спроти првиот западен аркаден премин се наоѓа четиринаесетстрана подна розета од разнобојни камења, од еден темносив, а другите наизменично обоени со жолтеникава и црвенкаста боја, слична како во Св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричино.[308] По должина црквата е поделена на два дела со четири широки и ниски аркадни премини поврзани меѓу себе со три архаични четвртести столбови, кои кон олтарскиот прос-тор се претопуваат во ѕидна маса, единствен таков пример во кумановскиот крај. Слични аркадни преградни ѕидови се сретнуваат кај Двојната црква Св. Ѓорѓи и Св. Никола во Сув Орах и во Св. Параскева во Мургаш, со таа разлика што во овие цркви има по два, наместо четири премини.[309] Исто така, единствено во оваа црква, во интераркадните простори на преградниот ѕид, над столбовите, се наоѓаат делтоиоидни отвори вертикално поставени, чисто ориентални ерменско-грузиски елементи, додека кај споменативе цркви ги нема. Црквата има нартекс, наос и олтарски простор без свод, а од остатоците се гледа дека била покриена со полукружен свод. Олтарскиот простор на источниот ѕид е разигран со плитка централна апсида, помала проскомидијална конха, северно и квадратна ѓакониконска ниша, јужно. На северниот ѕид има полукружна ниша, а на јужниот, помеѓу олтарот и параклисот се наоѓа правоаголен влез за нивна комуникација, како во Св. Петка во Младо Нагоричино од 1625/26 година. Помеѓу олтарот и наосот нема олтарска преграда, односно нема иконостас. Подоцнежниот иконостас од XIX век изгорел во пожарот од 2003 година. И наосот и параклисот се бело варосани, така што фреските се покриени со малтер, освен мал дел откриен во олтарот. Параклисот е покриен со потесен полукружен свод. По својата архитектонска диспозиција црквата Св. Спас во Довезенце е аналогна со Св. Параскева во

[307] Eadem, 2010, 17, сл. 43;
[308] Ibid,19, сл. 57;
[309] Крстиќ С., 2006, 74 - 75;

Мургаш и Двојната црква Св. Ѓорѓи и Св. Никола во Сув Орах, само што таа е со пошироки размери.[310]

Внатрешната декорација главно се состои од *фреско - живопис*, сочуван фрагментарно и тоа само во олтарскиот простор. На источниот ѕид се сочувани фрагменти од стариот фреско - живо-пис, кој на другите ѕидови е малтерисан. Така, во централната апсидална конха е насликана Богородица Оранта во цел раст со раце кренати нагоре, без малиот Христос на градите. Ваква композиција се сретнува во олтарската апсида на Си(те) Свети во Лешани од последната третина на XIV век.[311] Северно и јужно од неа е дводелната композиција *Благовести* од архангел Гаврил и Богородица и што е невообичаено за дугите цркви, овде се наоѓаат во медаљони. Во проско-мидијалната конха е насликан ѓакон Стефан. Под Богородица Оранта, се насликани допојасно архиереите св. Василиј Велики, северно и св. Јован Златоуст јужно, како претставници од *Поклонението на Агнец Божји*, кој овде недостасува, а над Богородица Оранта, фрагментарно е сочувана композицијата *Вознесение Христово* каде што се гледа Христос, исто така во медаљон.


Аркадни премини, ентериер, наос
Arcade passages, interior, nave


Фрески на источен ѕид, олтар
Frescoes in the east wall, altar

Фрагменти од живопис се наѕираат на јужниот ѕид во олтарскиот простор, до влезот во параклисот со фреската на светиот воин св. Прокопиј, во цел раст свечено облечен, оштетена во долниот дел, а над него фрагменти од два старозаветни пророци во медаљони, на кои не им се чита сигнатурата.[312] Според ликовните особености, иако малку сочуван, се работи за доста солиден живопис, кој очевидно ги следи византиските традиции, а чии аналогии наоѓаме со фреските во Мургаш, Бељаковце, Стрезовце, Младо Нагоричино и Сув Орах. Од пожарот во 2003 година не останало ништо од иконостасот во наосот изработен во XIX век, освен деветте икони во темперна техника и двериte во плитка резба, кои претходно во собирната акција за отворање на Галерија на икони, биле однесени на конзервација во кумановската црква Св. Никола, и за среќа денеска се сочувани. Царските двери се целосно изработени во плитка резба од флорални мотиви, со минијатурни фигури на св. Богородица и архангел Гаврил од дводелната композиција *Благовести* насликани на средината во овални медаљони, аналогни со дверите од мургашката и пчињската

[310] Eadem., 2006, 70 - 72;
[311] Суботиќ Г., 1980, 74, сл. 48; Крстиќ С., 2011, 18;
[312] Крстиќ С., 2006, 76 - 77; Eadem., 2011, 18; Фреските од паднатиот северен ѕид се сочувани, извадени се пред три децении при паѓањето на ѕидот, а во 2002 година од страна на Музејот од Куманово се однесени на конзервација во Националниот конзерваторски центар во Скопје;

црква. Двете престолни икони со св. Богородица Одигитрија, сигнирана како Елеуса, и Исус Христос Вседржител, потекнуваат од 1838 година и се дело на еден зограф, додека другите седум од средината на XIX век се работени од друг анонимен зограф: св. Петар и Павле, св. Четириесет севастополски маченици, Исус Христос Седржител, Христос Велики Архиереј, св. Никола, св. Јован Претеча и Вознесение Христово (патрон на црквата). Патронската икона е со текст на грчки јазик. Овие икони се изложени во Галеријата на икони во црквата Св. Никола во Куманово.[313] Во параклисот, денеска се уште се наоѓа само дрвената конструкција од малиот иконостас, со еднобојни царски двери на дното, без Големиот крст на врвот и без икони. Недостасуваат двете престолни икони, северно и јужно од дверите и седумте минијатурни празнични икони во втората зона.

Довезенската црква е најголема и најпросторна еднокорабна црква од т.н. двојни цркви во кумановскиот крај и воопшто во Републикава, што е необично за време на Османлискиот период да се изгради една таква црква со широки размери, што дури ги надминува и трокорабните цркви, како што се Св. Никола во Стрезовце и Св Дух во Добрача. Во отсуство на пишани записи, а според архитектурата и ѕидното сликарство, Св. Спас е типичен претставник на црквите од поствизантиски период, поточно од втората половина на XVI или почетокот на XVII век.

## СВ. ПЕТКА ВО МЛАДО НАГОРИЧИНО

Црквата Св. Петка се наоѓа во подножјето на археолошкиот локалитет *Костоперска Карпа*, до селските гробишта во селото Младо Нагоричино, кое се споменува во средновековни извори,[314] од левата страна на новиот магистрален пат Куманово - Крива Паланка, 11 км. оддалечено од Куманово.[315] При посетата на Владимир Петковиќ на оваа црква во 1928 и 1950 година, имало зачуван ктиторски запис, кој денес не постои, во кој се вели дека црквата била живописана во 1628 година.[316] Според тоа, оваа црква била изградена една до две години пред живописувањето, околу 1626/27 година и се вбројува во групата на поствизантиски споменици на културата од почетокот на XVII век. Во нејзина непосредна близина се наоѓаат уште две цркви од овој период. Едната во темели, посветена на Св. Никола,[317] а другата, веќе спомената црква, Св. Ѓорѓи Победоносец, од спротивната страна, веднаш до стариот пат Куманово - Крива Паланка.

За оваа црква пишувале повеќе автори: Ј. Хаџи Васиљевиќ (1901), П. Поповиќ (1922), В. Петковиќ (1928 и 1950), Г. Мије (1928), Ѓ. Бошковиќ (1930), М. Кил (1971), К. Балабанов, А. Николовски и Д. Ќорнаков (1971/80) и Т. Витларски (1983).[318] Во 1867 година црквата Св. Петка била поправана, но по Првата светска војна била разурната и се наоѓала во мошне лоша состојба, долго време била во урнатини, препуштена на забот на времето. Дури во 1969 година е извршена конзервација на и онака малку останатите фрагменти од фреско-живописот.[319] Последни интервенции на архитектурата и живописот се правени во 2003 година кога целосно е покриена со нов реконструиран двосливен покрив од ќерамиди од страна на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата од Скопје. Св Петка спаѓа во групата двојни цркви,[320] какви што се сретнуваат во Сув Орах, Челопек, Мургаш, Пезово, Довезенце, полуразурнатата црква во Дејловце и Св. Илија во Алгуња (во темели). Таа е необична градба составена од три дела независни

[313] Поповска - Коробар В. - Зисовска Ј., 2000, 33 - 37, сл. 28 - 37; Крстиќ С., 2006, 77 - 79, сл. 11 - 14;
[314] Хаџи Васиљевић Ј., 1901, 4; Кондаков Н. .П. 1909, 194 -195; Радовановић В., 1928, 2; Турски документи ....., 1980, 413 – 589;
[315] Панов М., 1998, 198; Хаџи-Васиљевић Ј., 1909, 436 - 437; Трифуновски Ј., 1974, 70; Масевски Д. - Арсовски М., 1996, 142; Масевски Д., 2006, 82, сл.8;
[316] Петковић В., 1950, 203; Велев И., 1990, 152; Хаџи-Васиљевић Ј., 1901, 4; Кондаков Н.П., 1909, 194 - 195; Иванов Й, 1970, 134 - 140;
[317] Петковић В., 1950, 203, сл. 606; Ћоровић -Љубинковић М. - Љубинковић Р., 1950, 53 - 86; Петковић С., 1965, 111 ;
[318] Васић М., 1930, 1 - 41; Хаџи-Васиљевић Ј., 1901, 4; Радовановић В., 1928, 2;
[319] Николовски А. - Ќорнаков Д. - Балабанов К., 1971, 63;
[320] Бошковић Ђ, 1976, 149; Крстиќ С., 2002, 112, цртеж 2;

еден од друг, еднокорабен *наос* на североисточната страна, *параклис* голем колку наосот, на јужната страна и простран *нартекс* двапати поголем од наосот и параклисот, на западната страна.[321] Сите три дела биле засведени под еден заеднички двосливен покрив. По својата архитектонска диспозиција е најслична со Св. Никола во Павлешенце, Светиниколско (XVI - XVII век), со таа разлика што таа има тристрана апсида и попростран нартекс со столбови. Градена е од необработен камен, а на дел од западната фасада во долните делови и на јужниот ѕид кон источниот агол се забележуваат широки камени блокови - тетрахит, со жолтеникава боја. Над западниот влез се наоѓа слепа лунета, во која бил насликан ликот на св. Петка, која не е сочувана, се гледа само дел од орнаментиката горе во лакот, фриз од брановидни линии во триаголни полиња со црна и темноцрвена боја на жолта основа. Црквата е едноставна, без камена декорација, освен фризот од трапезни камени блокови над западниот влез, што била вообичаена појава во отоманскиот период на утилитаристичките турски градби и мали џамии. Вакви фризови се сочувани на двата влеза на нартексот на црквата Св. Никола во Стрезовце.[322]




Св. Петка во Младо Нагоричино, западна (лево) и југоисточна фасада,1628 година
St. Petka in Mlado Nagorichino, west (left) and south - east facade, year 1628

Карактеристично за оваа црква е што нема апсида на источната страна, единствен пример во Македонија и на Балканот. Јужниот ѕид е разбиен со четири тесни правоаголни отвори вертикално нагласени во вид на засеци, по два на нартексот и параклисот, кои во внатрешноста трапезно се шират во квадратни отвори, заштитени со железни транзени, одлика на исламските сакрални градби. Сосема источно, се наоѓа јужен спореден влез во параклисот. Северниот ѕид нема отвори. Во нартексот се влегува преку четири скали од главниот западен влез, кој е еден метар под нивото на земјата. *Нартексот* е скоро два пати поголем од наосот, а бил покриен со низок полукружен свод од кој денес се гледаат остатоци од сводните површини. Северниот и јужниот ѕид се оживеани со по две широки слепи архиволти - травеи, поврзани со пиластер помеѓу нив. Травеите на јужниот ѕид се разбиени со по еден квадратен отвор. Аналогии на вакви ѕидови сретнуваме кај Двојната црква и манастирот Карпино во Сув Орах, Св. Ѓорѓи во Жегљане, а ги имало и на урнатата црква Св. Никола во Младо Нагоричино (според цртежот на Ѓурѓе Бошковиќ),[323] во нејзина непосредна близина, на Сливничкиот манастир крај Преспа (1606/07) и на манастирот Трескавец, Прилепско, карактеристика на повеќето жеглиговските цркви од турскиот период. На јужниот ѕид има фрагменти од стариот и засега единствен живопис. Особено внимание привлекува архаичниот полукружен пиластер на северниот ѕид, помеѓу травеите. Подот е од камени плочи со неправилна форма. *Параклисот* е со правоаголна форма, и се наоѓа на јужната страна од наосот, со голи ѕидови, без живопис. Преку широк полукружен лак во висина

[321] Витларски Т, 1983, 117; Зисовска Ј., 1994, 50 - 51, сл. 4; Петковић В., 1950, 912, цртеж. 623;
[322] Kiel M., 1971, 251; сл. 16;
[323] Петковић В., 1950, 915, сл. 606;

до сводот, комуницира со нартексот. Вакви широки лачни премини се сретнуваат во Св. Дух во Добрача помеѓу олтарот и наосот, и во црквата Св. Никола во Павлешенце. Има остатоци од првобитниот четворообличест свод. Појавата на четворообличести сводови е карактеристична за малите и тесни цркви од отоманскиот период, а се сретнуваат во параклисот на Св. Параскева во Мургаш и на бочните кораби на Св. Никола во Стрезовце.[324] Некогаш го имало и на параклисот на Св. Троица во Челопек, денес урнат. На северниот ѕид, на дното, со широк правоаголен отвор, параклисот е поврзан со наосот. Од нартексот, преку тесна двокрилна врата се влегува во *наосот*, со една скала под нивото на подот од нартексот. Подот е од неправилни камени плочи. И овде првобитниот полукружен свод е паднат. На источниот ѕид се наоѓа тесна и издолжена централна олтарска апсида, а северно од неа, помала проскомидијална конха. Црквата има нов дрвен иконостас од 2005 година.

*Иконографскиот репертоар* го истражувале Мирјана Ќоровиќ - Љубинковиќ и Радивоје Љубинковиќ во 1950 година. Денеска недостасува речиси целокупниот иконографски репертоар, кој некогаш ги красел овие ѕидови, сé до Првата светска војна, кога речиси целосно бил уништен. Сочувани се фрагменти од живописот, и тоа најмногу во нартексот, сосема малку во олтарот, и воопшто во параклисот, кој според ктиторскиот натпис, што некогаш бил сочуван над западниот влез во нартексот, а го забележал Владимир Петковиќ (7136 = 1628), датира од 1628 година. В. Петковиќ запишал дека над западниот влез на нартексот била насликана композицијата *Успение на св. Богородица*, но според Т. Витларски, најверојатно се работи за *Успението на св. Петка*, во смисла на назначениот репертоар, како што се сретнува во црквата Св. Петка во Трнава кај Рашка од 1579/80 година.[325] Јужно од влезот, во долната зона биле насликани фигури на св. Сава Српски, св. Симеон Немања и св. Сава Осветен. Над нив, имало низа од медалјони со бисти на светите маченички: Текла, Теодора и Анастасија. Северно од влезот бил насликан св. Тимотеј, а над него медалјон со биста на светата маченичка Варвара.[326] Денеска овие ликови на светители не постојат. Инаку, во *нартексот*, од сцените посветени на животот на св. Петка, патронот на црквата, се сочувани само два фрагменти, во втората зона на јужниот ѕид. Во *западниот травеј*, во првата зона се наѕира ликот на св. Теодосиј, фрагментарно сочуван. На прозорецот, од источната страна има фрагмент од живопис, со геометриски мотиви од брановидни линии и флорални орнаменти. Во лакот на травејот, се сочувани два лика на светители, старозаветните пророци Ава и Вива, во цветни чашки поврзани во низа од флорална орнаментика. *Источниот травеј* е со посочуван живопис. Во првата зона се гледаат два лика на преподобните оци, лево св. Антониј, а десно од прозорецот, св. Евтимиј. Меѓу нив има орнаментика во квадратно поле, четворолист со црна боја на окер основа. Прозорецот, од страните е украсен со геометриска декорација од квадрати, кругови, вкрстени линии во правоаголи полиња со темноцрвена и црна боја на окер основа. Однатре, лакот на источниот травеј е орнаментиран со низа од флорални мотиви со попрсја на старозаветни маченици, од кои се сочувани седум, а недостасуваат два. Минијатурните попрсја се насликани во темнокафеави цветни чашки, со оштетени лица. Сочувани се сигнатурите на старословенски јазик, се работи за св. Назариј, св. Акинос, св. Анебоаст, св. Вакх, св. Протасиј, св. Гимнасиј и св. Пафорос. Св. Пафорос, св. Протасиј и св. Акинос, според нивните житија се претставени како старци, а другите како момчиња.[327] Ваква орнаментика се сретнува во манастирот Матка од 1496 година, близу Скопје, во вертикална низа, по тројца кон сводот, потоа во Двојната црква во Орах, на јужниот ѕид во северниот кораб, во хоризонтална низа под циклусот од *Страдањата Христови*, од крај на XVI и почеток на XVII век и во нартексот на Св. Богородица Сливничка на Преспа, од 1612 година.[328] Најверојатно, вакви низи со попрсја на маченици во цветни чашки имало и на северниот ѕид, во двата травеја, во кои денес нема ништо, малтерот е паднат заедно со фреско - сликарството, што значи ги имало вкупно три-

[324] Крстиќ С., 2002, 125, сл. 18;
[325] Петковић С., 1965, 81 ; Витларски Т, 1983, 119 - 126; Ћоровић -Љубинковић М. - Љубинковић Р., 1950, 82 - 86; Станић Р., 1982, 108 - 111 ;
[326] Петковић В., 1950, 203;
[327] Крстиќ С., 2011, 17;
[328] Суботиќ Г., 1980, 150 - 153, сл. 111 и 112; Поповска-Коробар В., 2007, 153 - 171, сл. 1- 8, 11 - 14;

есет и шест, по девет во секој травеј. Оваа маченичка лоза директно се врзува со *Страшниот суд*, честа појава во уметноста на поствизантискиот период. Не случајно, овде била насликана сцената со *Страшниот суд* на источниот ѕид на нартексот, денеска сосема избледена.

Над источниот травеј, во втората зона, до параклисот во аголот се гледа вертикално поставен фриз од палмети. Фризот со палмети се сликал и во византиското сликарство, како што е во црквата Св. Ѓорѓи Полошки во Кавадарци од прва половина на XIV век, и продолжува во поствизантискиот период во повеќе жеглиговски цркви, како овде, во Св. Никола во Бељаковце од 1606 година, во Св. Ѓорѓи Победоносец, на еден од столбовите, и во Двојната црква во Сув Орах, на аркадните премини и на слепите архиволти. До фризот од палмети е една композиција, оште-тена во горниот дел, веројатно *Св. Петка зборува со царот Антонин*. Под неа се гледа геометриска и флорална декорација. Токму на средината, над лакот е сцена со Св. Петка и двајца светители, по еден од обете страни, можеби се работи за композицијата *Одведување на маченицата св. Петка*. Во просторот помеѓу травеите, над пиластерот, се назира лик на св. Симеон Столпник. Сцени од животот на св. Петка, во Р. Македонија има сочувано на надворешната страна од западниот ѕид на параклисот на црквата Св. Констатнин и Елена во Охрид од 1455 година.[329]



Фрески na јужен ѕид, нартекс
Frescoes of south wall, narthex

На *источниот ѕид на нартексот* на горната половина се гледаат многу оштетени фрагменти од фрески, патинирани, кои не се распознаваат, но според научните истражувачи, се работи за сцената *Страшниот суд*, каде се назира *Огнената река* и сé уште се гледаат остатоци од грешниците во *Пеколот*, и адската челуст, во долниот агол на јужната страна од ѕидот. Една од најбогатите сцени се наоѓа во нартексот на Св. Архангели во Кучевиште, Скопско, од 1630/31 година, и во манастирот Благовештение кај Каблар, лево од реката Морава, во Р. Србија (1632).[330] Сцените со *Страшниот суд* ги сретнуваме и во охридските цркви од XVI/XVII век, Св. Никола Болнички и Св. Богородица Перивлептос. Во лунетата, над влезот во наосот е насликана св. Петка во цел раст, чии долни делови се оштетени. Таа е облечена како монахиња. Волутата на лунетата е украсена со геометриски орнаменти од црни и темноцрвени крстови со квадрати во средината, на светла окер основа. На јужниот довратник на влезот во наосот е насликан крип-

[329] Суботиќ Г., 1980, 78 - 85; Крстиќ С., 2011, 17 ;
[330] Серафимова А, 1999, 51 - 54; Eadem, 2004, 163 - 183;

толграмот на Исус Христос, сочуван фрагментарно, со црвенкаста боја, кој се сретнува и во Св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричино и на Двојната црква во Орах.

Во *наосот*, поточно во *апсидата,* на врвот е лик на светителка во цел раст, Богородица Оранта, а под трапезното прозорче, кое однадвор завршува во тесен вертикален засек е *Поклонението на архиереите* на *Христос Агнец.* Христос, овде е прикажан како дете - жртва, во лежечка положба на чесна издолжена трпеза во вид на столбец. Овие фрески се многу избледени. Се гледаат архиереи во цел раст, по двајца од двете страни од *Поклонувањето*, но сигнатурите се нечитливи. Според пишани извори, се работи за св. Василиј Велики и св. Григориј Богослов, северно, па продолжува со св. Кирил Александриски кон проскомидијалната конха, св. Јован Златоуст и св. Атанасиј Александриски, јужно од *Христос - жртва*. Во проскомидијалната конха е насликан светител во цел раст, избледен. Од сигнатурата се гледа дека се работи за архиѓакон Стефан. Фрагментарно сочуваното ѕидно сликарство во оваа мала нагоричка црква е аналогно со сликарството на соседната црква Св. Ѓорѓи Победоносец, со стрезовската црква од 1606 година, јужниот кораб на Двојната црква во Сув Орах и со Св. Архангели во Кучевиште, Скопско од 1630 година.[331]

Св. Петка е типичен претставник на поствизантиските цркви, која со својата едноставност и на лик на обична христијанска куќа со покрив на две води, по својата архитектура е единствена и оригинална.

## СВ. ПЕТКА ВО ПЕЗОВО

Селото Пезово се наоѓа 27 км. оддалечено од Куманово, на левата страна од магистралниот пат Куманово - Свети Николе.[332] Единствената црква Св. Петка, се наоѓа во источниот дел на селото, до старата школска зграда и не е сместена до гробишта како другите селски цркви, покрај локалниот пат кој води кон селото К'шање. Таа е сосема непозната, неидентификувана и непроучена црква во науката. Д-р Ј. Трифуновски ја споменува во 1974 година, како доста стара црква, а во поново време се споменува како еднокорабна црква од XIX век заедно со група споменици од кумановски крај.[333] Меѓутоа, стилско - архитектонските карактеристики упатуваат на постара црква од поствизантиски, Османлиски период.

За изградбата на оваа црква постои легенда поврзана за еден висок турски достоинственик и оздравувањето на неговата ќерка, кој во знак на благодарност изградил црква и ја посветил на св. Петка.[334] Црквата Св. Петка во Пезово, исто како Двојната црква во Сув Орах, Св. Спас во Довезенце, Св. Петка во Младо Нагоричино и Св. Параскева во Мургаш припаѓа на групата безкуполни двојни цркви со покрив на две води, која е составена од два дела по должина: наос, северно (машки дел), и параклис, јужно (женски дел).[335] На западната фасада се наоѓаат два влеза, на наосот и на параклисот, идентични со Двојната црква (Св. Ѓорѓи и Св. Никола) во Сув Орах. Сепак, оваа црква претставува *еднокорабна градба* со правоаголна основа, и тристрана апсида на

[331] Машниќ М.М., 2007, 147;
[332] Панов М., 1998, 230 ;
[333] Трифуновски Ј., 1974, 166; Зисовска Ј., 1994, 59; Крстиќ С, 2012в, во печат;
[334] Информатор: Стое Николовски, роден 1951 година, претседател на М.З. во Пезово. Имено, за *турско време* тука живеел некој си турски големец, бег или ага, кој имал мала ќеркичка, слепа од раѓање. Поради слепилото, ја доверил на едно поголемо девојче од христијанска вероисповест, да му ја чува ќеркичката и да внимава да не падне, за да не се повреди. Навистина, девојчето ја чувало и ја шетало во блиската околина, ама еднаш се случило да не ја забележи, кога таа се сопнала од еден камен, и паднала. Девојчето исплашено од помислата на агата, кој строго и нагласил да внимава на неа, зело вода со рацете од вдлабнатината на каменот и го измила валканото лице на детето за да не забележи агата дека не внимавала добро на него. Го вратила детето, и набрзо агата ја викнал. Ја испрашувал што се случило со детето, а таа негирала, плашејќи се да каже, ама овој инсистирал да дознае, оти детето прогледало. Притисната од агата, му ја кажала вистината, а тој во знак на благодарност кон лековитата вода од каменот, изградил црква посветена на Св. Петка, а каменот и ден денес се наоѓа во олтарот;
[335] Крстиќ С, 2002, 111 - 115;

исток, со таа разлика што кај Двојната црква има две апсиди. Градена е од необработен камен, подоцна малтерисана. Покриена е со асиметричен двосливен покрив од ќерамиди, поиздолжен кон јужната страна, како што се црквите Св. Спас во Довезенце и Св. Параскева во Мургаш.[336] Од западната страна се наоѓа широк, двојно поголем од црквата отворен нартекс, ограден со камена ограда и разбиен со длабоки четвртести и полукружни вдлабнати ниши. Нартексот има два влеза, западен и јужен, а во црквата се влегува преку западниот влез. Ваков нартекс се сретнува на црквата Св. Никола во Стрезовце.

Според записот на носечката греда од таваницата на северниот ѕид во параклисот, претпоследните поголеми поправки на црквата биле извршени во 1938 година, најверојатно кога сводот на параклисот бил засведен со рамна дрвена таваница. Последни интервенции на нартексот се правени во 2007 година, а во 2011 година е изградена новата четвртеста камбанарија ѕидана од тули, на северозападната страна, надвор од нартексот, како и помали интервенции на архитектурата на црквата во 2011/12 година од страна на локалното население.



Св. Петка во Пезово, западна фасада, XVI/XVII век
St. Petka in Pezovo, west facade, XVI/XVII century

На западната фасада, над главниот влез во наосот, се наоѓа слепа лунета во која е насликана фреска со патронот на црквата, Св. Петка во цел раст, во 2007/08 година, со реновирањето на црковниот комплекс. На јужната фасада има два тесни правоаголни прозорски отвори - засеци, вертикално нагласени, кои речиси, воопшто не се забележуваат од надвор. Источната фасада има тристрана апсида, покриена со рамен покрив од тесни камени плочи. На апсидата, во челната страна на средината има плитка лунета, а под неа, на дното четирилистна камена транзена. Слични транзени има над апсидата на стрезовската црква Св. Никола, над западниот влез на довезенската црква Св. Спас, и на јужната и западната фасада на жегљанската црква.[337] Овде, во пезовската црква, интересно е што камената транзена во внатрешноста на апсидата завршува во вид на исламски лак, што потврдува дека еден од мајсторите градители бил под влијание на ориенталната турска или ерменска архитектура.[338] Транзената, лунетата и исламскиот лак се

[336] Eadem, 2006, 68 - 73;
[337] Крстиќ С., 2006, 73, сл. 5; Eadem, 2007, 8, сл. 3, 4 и 6;
[338] Eadem, 2007, 9, сл. 3; Eadem, 2010, 19, сл. 58;

единствената архитектонска декоративна пластика на црквата. Исламските лаци се сретнуваат на конхите од источниот ѕид во олтарот на Св. Ѓорѓи во Кокино, на тесните правоаголни ниши на северниот ѕид во олтарот на манастирот Карпино (1592)[339] и Св. Параскева во Мургаш, на фасадите во жегљанската црква Св. Ѓорѓи, Св. Дух во Добрача и Св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричино. Лево и десно, над апсидата има два тесни вертикални отвори, засеци, карактеристични за црквите градени во турскиот период: Св. Петка (Св. Никола) во Бељаковце (1606), Св. Петка во Младо Нагоричино (1628),[340] Св. Параскева во Мургаш, Св. Никола во Стрезовце (1606), и Св. Спас во Довезенце. Северната фасада е вкопана в земја и нема отвори. Целата црква од надвор е малтерисана.

Однатре, наосот има полукружен свод, а параклисот рамна дрвена таваница и дрвен полустолб на северниот ѕид, изградени во поново време, од средината на XX век. Најверојатно параклисот имал четворообличест свод како кај другите двојни цркви, во Св. Параскева во Мургаш и Св. Петка во Младо Нагорчино. На преградниот подолжен ѕид, кој го дели наосот од параклисот, на западната страна се наоѓа тесен правоаголен премин со лачна конструкција на горниот крај. Подот на црквата е од камени плочи со неправилна форма, 45 см. под нивото на земјата, и со две скали од влезот се влегува во црквата. Сводот е напукнат по должина.

Олтарскиот простор се состои од централна апсидална, и проскомидијална конха на источниот ѕид, плитка квадратна ниша на северниот, и иста таква ниша на јужниот ѕид. Помеѓу јужниот ѕид во олтарот над квадратната ниша и параклисот се наоѓа правоаголен отвор, кој трапезно се стеснува кон параклисот, исто како во соседната мургашка црква Св. Параскева. Ваквите отвори се типични за црквите градени во турскиот период. Горе на сводот, на јужниот ѕид се наоѓа мал квадратен отвор, акустичен канал декориран однатре со сликана геометриска орнаментика од кафеави вкрстени и брановидни линии. Ваков канал се сретнува и во црквата во Сув Орах, на сводот во олтарот на јужниот кораб. Овие аукстични канали се граделе во Османлискиот период во недостаток на прозорски отвори во црквите, кои не биле дозволувани од турската власт. Овде е сочуван стариот каменен жртвеник со аморфна форма (каменот според легендата). Бидејќи не е откриен никаков запис за изградбата на црквата, а според стилско - архитектонските обележја и аналогиите со другите цркви, може да се каже дека Св. Петка во Пезово, датира од XVI или самиот почеток на XVII век.

Освен за изградбата, не постои никаков ктиторски запис ниту за *живописот* на црквата. Се забележува стар и нов живопис. Постариот живопис е сочуван во олтарскиот простор. Во централната апсида е насликана Богородица Оранта допојасно, со малиот Христос на градите во медалјон, чија облека е корегирана со црвени контури кога е насликан новиот живопис во наосот, во периодот на Преродбата. Под неа се двајца архиереи во цел раст, св. Јован Златоуст и св. Василиј Велики, кои се поклонуваат на Агнец Божји, кој лежи на чесна трпеза.[341] Над Богородица Оранта е насликана дводелната композиција *Благовести*, јужно св. Богородица седната на трон, а северно св. архангел Гаврил, во цел раст. Вака насликаната дводелна композиција *Благовести* е аналогна со фреската во Св. Параскева во Мургаш и повеќето цркви од Охридската сликарска школа од XV век. Во проскомидијалната конха е насликано допојасието на ѓакон Стефан. Јужно од апсидата се насликани двајца архиереи, св. Атанасиј и св. Григориј Богослов, во цел раст, облечени во богати стихари, како дел од *Процесијата на архиереите* во *Поклонувањето на Агнец Божји*. Најгоре, над апсидата е насликана композицијата *Вознесение Христово,* со *Христовиот убрус,* во средината на долниот крај, помеѓу дводелната композиција *Благовести*. Христовиот убрус е насликан и во Св. Никола во Бељаковце од 1606 година, како и во Двојната црква и манастирот Карпино во Сув Орах од XVI век. На јужниот ѕид во првата зона се насликани: св. Спиридон, допојасно, и св. Кирил Александриски, во цел раст, разделени со правоголен отвор помеѓу нив, кој трапезно се стеснува кон параклисот во вертикален засек.[342] Во овој прозорски отвор однатре, бочните страни се насликани со геометриска декорација од брановидни и вкрстени

---

[339] Eadem, 2010a, 125 - 129;
[340] Витларски Т., 1983, 119 - 126;
[341] Крстиќ С., 2011, 19, сл. 1;
[342] Ibid, 19, сл. 4;

линии во црна и црвена боја, каква што се сретнува на отворите и во најниските зони во наосот на стрезовската црква Св. Никола и во олтарот на бељаковската црква Св. Петка, двете од 1606 година.[343] Над овие два светители, во горната зона е насликана композицијата *Неверувањето (Допирот) на Тома*.[344] Во оваа претстава, од лева страна се насликани апостолите, а од десна Христос како стои пред вратата на храмот, а во средината, поднаведнат и свртен кон Христос со испружен прст кон него, е насликан апостол Тома. И овдека се гледа корекција врз сликаната архитектура со црни контури, нанесена во подоцнежниот, понов период.

Сигнатурите на светителите се испишани со старогрчко писмо, што говори дека главниот зограф бил од грчко потекло или имал влијание од Грција. Анонимниот зограф останал верен на стариот начин на сликарството, со постепено намалување на креативноста и зголемување на имитацијата и копирањето на делата од претходната, византиска епоха, а најверојатно бил задолжен од хетерогенатата сликарска работилница со седиште во младонагоричкиот храм Св. Ѓорѓи Победоносец, која била задолжена за сликање на цркви во скопско - кумановскиот регион, како што се Св. Архангели во Кучевиште, Двојната црква во Орах, Св. Никола во Стрезовце, ма-


Прозорец на апсидата со четирилистна транзена
Window of altar apse with four-foil transom


Фрески во олтарска апсида, XVI/XVII век
Frescoes in altar apse, XVI/XVII century

настир Карпино, Св. Петка во Младо Нагоричино итн., со костурско - линотипско потекло.[345] Тоа го потврдуваат и сигнатурите испишани на старогрчки јазик (Св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричино и Св. Никола во Стрезовце), или сликарскиот израз во одделни цркви, каде покрај локалните, како помошници биле ангажирани и зографи од Грција, како што е случај со Двојната црква во Сув Орах.[346] Така, фрагментарно сочуваното сликарство во олтарот на Св. Петка во Пезово според своите стилско - ликовни особености, може да се смести во временска рамка од крајот на XVI или самиот почеток на XVII век, од исто време со изградбата на црквата.

Фреските во наосот се од поновиот преродбенски период, од крајот на XIX век. Присутно е фигуративно сликарство, без наративни композиции. Застапени се свети војници, свети врачи, пророци, архангели и евангелисти, главно во првата и втората зона. Во олтарот, на јужниот ѕид,

[343] Крстиќ 2009, 65; Eadem, 2009a, 203 - 212;
[344] Eadem, 2009, 19, сл. 3;
[345] Машниќ М.М., 2007, 147 – 149; Крстиќ С., 2011, 28 ;
[346] Машниќ М.М., 2008, 74 - 77; Eadem, 2011a, 370 - 371;

во третата зона на сводот над старите фрески (над *Допирот на Тома),* во портокалова лентеста рамка е насликан св. архангел Михаил клекнат на колена со двете раце поткренати нагоре, над кого се насликани три херувими со темнокафеава боја, а неговиот пандан, св. архангел Гаврил е насликан на спротивната, северна страна. Под архангел Гаврил, во втората зона е насликан св. апостол Павле, чиј дел од половината надолу, недостасува.

На јужниот ѕид во наосот, до иконостасот е насликана сцената *Св. Димитрија го убива бугарскиот цар Калојан*, а до него е фигура на св. Пантелејмон во цел раст, со кутија во левата, и дрвена алатка во десната рака, атрибутите на светите лекари. Потоа, следува тесен лачен отвор за влез во параклисот, над кој е насликан крст со еднакви краци во кафеава боја. Западно од лачниот влез, до аголот е насликан св. Дамјан, во цел раст, исто така со кутија во десната, и со крст во левата рака. Во втората зона, кон сводот, над св. Димитрија, од исток кон запад се насликани: двајца евангелисти, пооделно врамени во правоаголни сликани рамки, седнати на четвртесто подножје со евангелија во левата, и птичјо перо во десната рака, со нивните атрибути покрај нив, св. Јован со орел (источно), св. Матеј со ангел (во средина), и пророкот Мојсеј во цел раст (западно), кој во левата рака ги држи таблиците со *Десетте Божји заповеди*.



Св. Троица, западен ѕид, наос, XIX век
The Holy Trinity, west wall, nave, XIX century



Св. Пантелејмон, јужен ѕид, наос
St. Panteleimon, south wall, nave

Јужно од влезот, на западниот ѕид, во првата зона е насликан св. Кузман, кој исто како св. Дамјан, во левата рака држи крст, и во десната кутија, а северно од влезот, пророк св. Илија, во фронтална стоечка поза, кој во левата рака поткрената нагоре, држи дрвена лопатка. Над св. Кузман, во втората зона е насликан допојасно св. архангел Михаил со меч во десната, и корица во левата рака, како чувар на храмот, аналоген со иконата од црквата Св. Архангел Михаил од Ташмаруништа, Струшко, од 1870 година, изработена од Јосиф Радев.[347] Веднаш до него, во темето на западниот ѕид, над влезот е насликана *Св. Троица (Св. Педесетница),* со претставите на Бог - татко, Бог - син, и Бог - дух, врз речиси кружен венец прекинат на горниот крај, од бели и заленкастосини облаци. Исус Христос Вседржител или Бог - син (млад), е насликан јужно, во седечка положба, кој го држи Чесниот крст помеѓу нозете, и го потпира со левата рака, *Христос Старец на деновите* (*Ветхи Денми*) или Бог - татко со триаголен нимбус, северно, исто така во седечка положба, со десната рака благословува, а во левата држи гранче, и Бог - дух, најгоре над нив во средината, во вид на бел гулаб со раширени крилја во божествена светлина од жолти зраци, Помеѓу Бог - син, и Бог - татко, на долниот крај покрај нивните нозе е насликана сферата, со светлокафеава боја. Северно од облаците се насликани контури на три херувими со кафеава боја.

[347] Цветковски С, 2008, 44, сл. 7;

На северниот ѕид, во горната зона, од запад кон исток се насликани: воинот св. Теодор, во цел раст, со копје во десната и крст во левата рака, и евангелистите св. Лука и св. Марко со евангелија, птичји пера во едната рака и нивните атрибути, теле и лав, како пандани на јужниот ѕид. На сводот во големи кружни медаљони, од запад кон исток се насликани: св. Јован Претеча, до него е Исус Христос Вседржител со отворено евангелие, на средината, и третиот во олтарот, отецот св. Сава (Саваот) со триаголен нимбус. Во целина гледано, зографот при сликањето на облеката на фигурите во наосот и на сводот ги користел светлите бои, црвената, сината, жолтата, сивата, зелената и портокаловата, а од темните, бојата на тулата. Површините се чисти, освен со исклучок кај претставите со евангелистите во задницата, каде се насликани сегменти од архитектурата и драперии со сина и сива боја украсени со цветни и ѕвездести мотиви од бела, црвена и жолта боја. Инкарнатот на ликовите е насликан со бела боја, а сенките се нагласени со светло-сива боја. Ореолите се насликани со жолта боја. Речиси сите фигури се робусни, со карактеристично издолжени лица, благо кадрави коси, со кратки, несмасни торза, и со големи стапала, што е одлика на фреско - сликарството на зографот Јосиф (Радев) Мажовски од Лазарополе (1830 - 1910), еден од првите ученици на Дичо Зограф. Во кумановскиот крај, освен овде, во исто време работел фрески и во Св. Илија во Никуљане, во 1898 година.[348]

Ѕидовите во параклисот се целосно малтерисани и варосани со бела боја, без живопис, а некогашниот, најверојатно четворооблическ свод, денес е покриен со рамна дрвена таваница. Единствената фреска е насликана на квадратниот капак на средината од дрвената таваница за влез на таванот. Се работи за допојасието на Исус Христос Вседржител, облечен во црвен хитон и син химатион, кој со десната рака благословува, во левата држи отворено евангелие, а на горниот крај недостасува главата. Зачуван е фрагмент од долгата, црна коса на Христос, која се спушта на левото рамо. Идентична е со истата претстава во кружен медаљон на сводот во наосот, што значи дека е насликана од истиот зограф, Јосиф Радев, во 1898 година. Останува отворено прашањето дали имало живопис и во параклисот, за што впрочем говори оваа фреско-икона, која можеби е додадена подоцна, кога е ставен дрвениот таван.

Црквата има *два понови иконостаси*, во наосот и во параклисот, од крајот на XIX век. Појавата на два иконостаси е типична за двојните жеглиговски цркви: Св. Ѓорѓи и Св. Никола во Сув Орах, Св. Спас во Довезенце и Св. Параскева во Мургаш. На иконостасот во наосот се наоѓаат три хоризонтални реда на икони, сликани царски двери, на дното, и Крст на врвот, насликан со *Распетие* и со едноставно изработени претстави на дракони од дрво, во подножјето. Во првата зона, од север кон југ се наоѓаат допојасни престолни икони (90 x 60 см.), во темперна техника: св. Параскева, патрон на црквата, Богородица Одигитрија, царските двери (во среди-ната), Исус Христос Вседржител, и св. Јован Крстител. Иконата на св. Параскева е аналогна со иконата од црквата Св. Никола во Радожда, Струшко, од 1893 година, изработена од Јосиф Радев.[349] Во втората и третата зона се наоѓаат по девет празнични икони со помали димензии (38,5 x 24,5 см), на светите апостоли: Јован, Вартоломеј, Лука, Матеј, Андреја, Симон, Филип, Марко, Јаков, меѓу нив, Раѓање Христово, Исус Христос, св. Петка, св. Недела, св. Ѓорѓи, св. Параскева, и архангел Михаил.[350] Двете крила на царските двери се насликани со цели фигури од *Благовести*, лево св. архангел Гаврил и десно св. Богородица. Дверите се порабени со сликани грифони, чии змиски тела на горниот крај завршуваат во орловски глави. На врвот на дверите се наоѓа минијатурен кружен медаљон насликан со Бог - отец, и мал дрвен крст над него.

Дел од престолните икони: св. Параскева, патронот на црквата, Исус Христос Вседржител, и св. Јован Претеча, како и дверите со насликаните фигури од *Благовести*, ги изработил споменатиот зограф Јосиф Радев од Лазарополе во 1898 година, кој истата година ги изработил сите икони за иконостасот и живописот во црквата Св. Илија во Никуљане,[351] а дел од престолните и празничните икони изработил за иконостасите во манастирот Карпино, и во Св. Никола во Ора-

[348] Асениев А., 1965, 243 ; Чокревска - Филип Ј., 2009а, 127; Eadem, 2009б, 118;
[349] Чокревска - Филип Ј., 2009б, 116, сл. 9;
[350] *Евидентирани икони,* 1987, 63 – 65 ;
[351] Ibid, 131 - 132; *Евидентирани икони….*, 1987, стр. 63 - 65;

шац.[352] За разлика од ѕидното сликарство, кај иконите акцентот е ставен на педантно моделираните ликови и декоративноста на нивната облека, типично за неговото сликарство. Една престолна икона, Богородица Одигитрија (1938), и повеќето празнични икони на апостоли во втората и третата зона ги насликал кумановскиот зограф и иконописец, Трајко Муфтински (1892 - 1963), кој изработил цели иконостаси за манастирот Св. Илија во Орашац, Св. Петка во Руѓинце (1921) и Св. Никола во Рамно (1925), и тоа во четвртата деценија на XX век, најверојатно во 1938 /39 година од исто време со Орашачкиот манастир.[353] Две икони, доподпојасија на св. Параскева, и св. архангел Михаил (со димензии: 56 x 38 см.), изработени во темперна техника, според ликовните тенденции, припаѓаат на Самоковската сликарска школа од почетокот на XIX век.[354] Нивните аналогии треба да се бараат со иконите на св. Богородица Одигитрија, Исус Христос Вседржител и св. Троица Новозаветна од новиот Карпински иконостас, со престолната икона на св. Богородица Милостива од Св. Архангели во Кучевиште, и иконата со Исус Христос Вседржител во манастирот Лесново, изработени во 1813/14 година од неидентификуван самоковски зограф.[355]



Иконостас во наос, XIX век
Iconostasis in nave, XIX century



Иконостас во параклис, XIX век
Iconostasis in the chapel, XIX century

Иконостасот во параклисот го изработиле Петар Николов и Саве Орданов на 29 декември 1890 година, кои се потпишале долу на таблите, во подножјето. Тој се состои од три хоризонтални реда на икони, најдолната зона во подножјето, втората со престолни, и третата со празнични икони, додека космитисот, најгоре допира до дрвената рамна таваница додадена во преродбенскиот период. Недостасува Големиот крст на врвот, со сликано *Распетие*. Овој иконостас е мошне интересен бидејќи во подножјето наместо насликани табли со флорални мотиви, како кај другите иконостаси, се наоѓаат четири икони насликани со атрибутите на евангелистите во *прв* план, со нагласена волуминозност, една од главните одлики на подоцнежното преродбенско сликарство. Па, така, од север кон југ, се редат: фигура на ангел - симбол на Матеј; фигура на лав - симбол на Марко; на средината се царските двери; фигура на вол - симбол на Лука; и орел, симбол на Јован. Ваквиот распоред на иконите привлекува особено внимание, и како таков е уникатен во кумановскиот регион, а можеби и во Републикава. Царските двери се насликани со цели фигури од *Благовести*, архангел Гаврил (лево) и Богородица (десно). Во првата зона се наоѓаат престолните икони (54 x 40 см), од север кон југ: св. Петка, патрон на црквата, а недостасува иконата на Богородица Одигитрија, потоа Исус Христос Вседржител и св. Јован Претеча. Во втората зона се наоѓаат девет празнични икони со помали димензии (24 x 38 см.) на светите

---

[352] Чокревска - Филип Ј., 2009б, 131;
[353] Од теренските истражувања на авторот 2004 - 2011 година; Атанасовски - Гарски, Т., 1994, 130;
[354] Поповска - Коробар В. - Зисовска Ј., 2000, 44 - 45, сл. 55 и 56; Овие две икони денес се изложени на постојаната поставка во Галеријата на икони во црквата Св. Никола во Куманово;
[355] Машниќ М.М., 2011, 253 - 263, сл. 4 - 6;

апостоли, од север кон југ: Филип, Матеј, потоа, *Сретение*, Марко, Павле, Тома, Јаков, Јован и Петар. Иконостасот е украсен со сликана претстава на петел, во горниот северен агол, и со шест претстави на орли врз палметни листови, помеѓу престолните икони. Петелот и орелот претставувааат амблем на Христос, исто како и јагнето, и го симболизирааат Христовиот соларен симбол, светлоста и воскресението.[356] Освен иконата со *Сретение,* и престолната икона на *св. Петка*, останатите икони, и царските двери, кои се аналогни со дверите во јужниот кораб на Двојната црква во Сув Орах (1893), ги насликал велешкиот зограф Петар Николов (1850 - 1921).

Може да се заклучи дека за време на Преродбата, во пезовската црква твореле повеќе мајстори зографи и иконописци. Споменатите четворица зографи и иконописци: неидентификуваниот самоковски зограф, Јосиф Радев, и Трајко Муфтински работеле икони за новиот иконостас во манастирот Карпино, а Петар Николов фреските, во горните зони на наосот. Со сигурност може да се каже дека Јосиф Радев Мажовски го насликал и новиот живопис во наосот на црквата, кон крајот на XIX век, во 1898 година, во исто време со иконите. Иако оваа црква е сѐ уште недоволно проучена и позната во науката, сепак, таа во архитектонски поглед, како и фрагментарно сочуваното ѕидно сликарство во олтарскиот простор, заслужува посебно место во групата споменици на културата од поствизантискиот период и може да се датира од крај на XVI и почеток на XVII век. Не е помало ниту значењето во творештвото на иконописот од XIX век, карактеристичен за Преродбата во Р. Македонија.

## СВ. ЃОРЃИ ВО ЖЕГЉАНЕ

Жегљане се наоѓа во северниот дел на Општината Старо Нагоричино, од левата страна на реките Пчиња и Бистрица, во областа Козјачија, на локалниот пат Драгоманце - Кокино - Длабочица. Од градот Куманово е оддалечено 30 км.[357] Црквата Св. Ѓорѓи се наоѓа до селските гробишта, веднаш до старата напуштена училишна зграда, на мошне непристапно место. Во науката, оваа црква се споменува како средновековна црква.[358] Најдетално, архитектонската декорација ја проучил холандскиот истражувач Machiel Kiel, кој ја објавил во еден од новосадските зборници заедно со уште четири жеглиговски цркви, во 1971 година. Таа е мала *еднокорабна градба* со издолжена правоаголна основа и шестострана апсида на исток.[359] Шестострана апсида се наоѓа и на црквата Св. Дух во Добрача. По својата архитектонска диспозиција е слична со манастирот Карпино. Градена е од поголеми жолти камени правоаголни блокови, комбинирани со помали и потесни убаво делкани камени блокови, како што е црквата Св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричино. На северозападниот агол на црквата, под покривот се забележуваат три до четири реда од необработени сиви камења, веројатно вградени со последните поправки на црквата во 1867 година.[360] Покриена е со двосливен покрив од ќерамиди. Црквата има два влеза, главниот на западната и споредниот на јужната фасада. Јужната фасада е разбиена со два правоаголни отвори заштитени со железни транзени и еден кружен отвор кон исток, заштитен со камена транзена. Кај неколку цркви сѐ уште се сочувани железните транзени, манастир Карпино во Орах, Св. Параскева во Мургаш, Св. Ѓорѓи Победоносец и Св. Петка во Младо Нагоричино. Камена транзена се наоѓа и под забатот на правоаголниот отвор на западната фасада, а има и бифора на дното на апсидата на источната фасада. Иако ретко, камени транзени се сретнуваат на западната фасада на Св. Спас во Довезенце, над апсидата на Св. Никола во Стрезовце и на дното на апсидата на Св. Петка во Пезово. Северниот ѕид нема отвори. Се забележуваат недостатоци во градежната конструкција. Ова посебно се однесува на апсидата која на необичен начин е поставена до црквата. Оваа црква е една од црквите со најзастапена

[356] Chevalier J. – Gheerbrant A., 1989, 502 – 503;
[357] Панов М., 1998, 123; Трифуновски Ј., 1974, 86;
[358] Петров К., 1954, 8, Т - II; Велев И., 1990, 77;
[359] Петковић С., 1950, 117, 705, сл. 312, цртеж 313; Зисовска Ј., 1994, 53 - 54, сл . 7;
[360] Хаџи-Васиљевић Ј., 1909, 446;



Св. Ѓорѓи во Жегљане, поглед од југоисток, XVI/XVII век
St. George in Žegljane, view from south – east facade, XVI/XVII century



Декоративна камена пластика, западна фасада
Sculptural decoration from stone, west facade



Бифора на апсидата, источна фасада
Double lance window, apse, east facade



Камена декорација со зооморфни претстави (лево) и транзена - розета (десно), јужна фасада
Stone decoration, with zoomorphic presentatioms (left) and transom – rosette (right), south facade

архитектонска декоративна пластика, на која се видливи повеќе турски влијанија отколку кај младонагоричкиот храм Св. Ѓорѓи Победоносец.[361]

Камената декоративна пластика ја има на сите три фасади, освен на северната. На западната фасада над влезот има слепа лунета, каде стоела фреска на патронот на црквата св. Ѓорѓи, од која денеска е сочуван само ореолот. Лунетата е порабена со полукружен фриз од квадратни камења. Над лунетата се наоѓа камена транзена во вид на геометриска розета, а над неа фриз од четири минијатурни сталактитни арки. Лево и десно од розетата се наоѓа по една антропоморфна фигура и една животинска претстава.[362] На јужната фасада, над двата правоаголни прозорци заштитени со железни транзени, во турски лак се прикажани зооморфни претстави, две животни (бикови) на западниот прозорец, а кон исток престави на две птици (орли) во огледална поза. Под овој прозор се наоѓа мала и тесна еднокрилна дрвена врата за влез во црквата. Сосема источно, горе под покривот се наоѓа камена транзена релјефно изработена во вид на розета од геометриски преплети, која однатре завршува во кружен отвор. Овие елементи укажуваат на исламски и ермински влијанија.[363]

На источната фасада, на дното на апсидата се наоѓа бифора со турски лак над неа, во кој релјефно е претставен Чесниот осмостран крст, со криптограмот на Исус Христос. Капителот и колонетата од бифората се украсени со вегетабилна орнаментика, иста како на бифората во Добрача. Бифората од двете страни, е украсена со четвртести жолти плочи релјефно декорирани со геометриски (Давидова ѕвезда) [364] и флорални елементи, кои по ништо не се разликуваат од исламските арабески. Над апсидата, има транзена со четири мали кружни отвори, а над неа, под забатот во правоаголно поле плиток рељеф со две зооморфни претстави (најверојатно лавови). Слична или идентична геометриска и флорална орнаментика се сретнува во турските лаци на натпрозорниците на Татар Синан - беговата џамија во Куманово од 1520/32 година.[365] Ова не наведува на заклучок дека црквата Св. Ѓорѓи во Жегљане е градена во исто време или имала директни влијанија од џамијата во Куманово со видливи исламски елементи. Со оглед на тоа дека не е откриен никаков запис за подигање на оваа црква, а според стилско - архитектонските карактеристики и аналогиите со жеглиговските цркви од кои, за четири од нив, има запис за нивното датирање, со сигурност може да се датира во XVI или самиот почеток на XVII век.

Внатрешната архитектура е едноставна, но и интересна. Се работи за издолжена правоаголна црква составена од два дела по должина, нартекс и наос, кои се одделени со широка полукружна арка за непречено комуницирње. Вакви комуникации се застапени во црквите Св. Дух во Добрача, манастир Карпино во Орах, а во Св. Петка во Младо Нагоричино помеѓу нартексот и параклисот. Сводот на нартексот е паднат, но според остатоците се гледа дека бил полукружно засведен, денес е покриен со дрвен двосливен покрив. Подот на црквата е под нивото на земјата за околу 35 см. Наосот го сочувал првобитниот полукружен свод како и првобитниот по́д од камени плочи. Северниот и јужниот ѕид на нартексот е разбиен со по две широки слепи архиволти со истурени пиластри помеѓу нив, какви што се сретнуваат во нартексот на манастирот Карпино, Св. Ѓорѓи во Степанце и Св. Дух во Добрача и на јужниот ѕид на нартексот на Св. Петка во Младо Нагоричино. Во наосот има исто така по две слепи широки архиволти - траveи, на северниот и јужниот ѕид, со благо истурени пиластри помеѓу нив, какви што има во Двојната црква во Сув Орах, а некогаш ги имало на Св. Никола во Младо Нагоричино и Св. Ѓорѓи во Коинце.[366]

Во олтарскиот простор, на источниот ѕид се наоѓа широка централна апсида и северно од неа, проскомидијална конха. Помеѓу нив се забележуваат необични мали квадратни ниши со тројни арки и засек на врвот, слични на сталактитната декорација којашто ја сретнуваме во михработ и на шерефето од минарето на џамиите, чисто исламски, турски влијанија.

---

[361] Kiel M., 1971, 249 - 250; Крстиќ С., 2007, 8;
[362] Kiel M., 1971, 263, сл. 8; Крстиќ С., 2010, 22, сл. 61 ;
[363] Ibid, 262, сл. 7; Крстиќ С., 2010а, 22, сл. 62 - 64, црт. 10 и 11 ;
[364] Chevalier J. – Gheerbrant A., 1989, 489;
[365] Kiel M., 1971, 268, сл. 16 ;
[366] Бошковић Ђ., 1976, 149;

*Фреско-живописот* во жегљанската црква е од понов период. Според записот на северниот ѕид во олатрот, тој датира од 1893 година од двајцата браќа, зографите Петар и Атанас Николови од Велес, и е распореден само во наосот и олтарската апсида, додека во нартексот нема живопис, бидејќи малтерот на ѕидовите е целосно паднат. Се забележува дека под новиот живопис има остатоци од постар живопис. Може слободно да се каже дека новиот живопис, го следел првобитниот иконографски репертоар на црквата. Во олтарската апсида е насликана допојасно *Богородица Ширшаја Небеса* со малиот Христос на градите во кружен медалјон, од двете страни фланкирана со херувими. Под неа е насликан фриз од четири допојасија на архиереи, во правоаголни рамки, од север кон југ: св. Спиридон, св. Рувим, па помеѓу нив е сцената со Агнец Божји (Христос легнат на чесна трпеза), а јужно од неа, св. Никола и св. Атанасиј. Под овој фриз, се наликани цели фигури од *Литургиската служба на архиереите,* по двајца од двете страни на



Сталактитни ниши, олтар, XVI/XVII век
Niches with stalactite arches, altar, XIX century



Богородица Ширшаја Небеса, апсида, XIX век
Holy Mother of God with Christ, apse, XIX century

прозорецот, северно: св. Василиј Велики, и најверојатно св. Атанасиј Александриски, бидејќи сигнатурата е избришана и не се чита, а јужно, св. Јован Златоуст и Григориј Богослов. Над апсидата, во полукружното теме на источниот ѕид, под прозорецот е насликан св. Дух, со претстава на бел гулаб. Јужно од него, надолу се насликани попрсја на пророци во кружни медалјони: св. Захариј (стар) и св. Варух, и најдолу, во првата зона фронтална фигура во цел раст, ѓаконот св. Роман. Северно од апсидата, во проскомидијалната конха е насликана полугола фигура на Христос Животодавец со прекрстени раце на градите, а над него, исто така фигура на Исус Христос, облечен во хитон и химатион во цел раст, со ротулус во левата рака испишан на црковнословенски јазик, а десната кренета нагоре, свртен кон св. Петар, како дел од композицијата *Визија на Петар Александриски*, кој се наоѓа десно од него, во втората зона на северниот ѕид во олтарот, над половината од источниот травеј. Над фигурата на Христос, се насликани две попрсја на старозаветни пророци, долу, св. Јона, а горе, св. Захариј (млад), како пандани на двата медалјони од јужната страна. На јужниот ѕид во олтарот, во првата зона, во едната половина од источниот травеј, до иконостасот, е насликана претстава на *св. Игнатиј Богоносец*, во цел раст, а до левото раме се насликани две фигури на лавови, со кадрави гриви. Над него, во втората зона се наоѓа претставата *Св. Димитрија на коњ го убива бугарскиот цар Калојан,* пандан на *Св. Ѓорѓи на коњ го убива змејот,* патрон на црквата (на јужниот ѕид). Под композицијата *Св. Ѓорѓи на коњ*, на јужниот ѕид во олтарот, до иконостасот, во втората зона, над едната половина од источниот травеј, до иконостасот, е насликан св. Петар Александриски, до појас, со кренета лева рака во која држи свиток, од неговата *Визија* свртен кон Христос, кој овде се наоѓа на источниот ѕид, како дводелна композиција, поради немање доволно простор. Во најниската, прва зона, во половината

од источниот лачен травеј, до иконостасот е насликана фигура на светител во цел раст, како со двете раце кренати нагоре кон главата придржува шилеста капа, чија сигнатура е уништена, но според ѓаконската облека, најверојатно се работи за првомаченикот св. Стефан. Дека се работи за св. Стефан, потврдува и фреската во ѓакониконската ниша во Св. Илија во Живење, насликана од истиот зограф Петар Николов, во 1886 година.

На северниот и јужниот ѕид на наосот се насликани по три до четири сцени од *Големиѿе ӣразници* поради волуминозноста на сцените. На северниот ѕид, во втората и третата зона, од запад кон исток се насликани: *Блаѓовесѿи* и *Раѓање Хрисѿово,* под нив, во втората зона во просторот помеѓу лачните травеи, над пиластерот, *Срешение*, додека најдолу, во западниот травеј е сцента *Вознесение Хрисѿово,* а на јужниот ѕид, во втората зона, од исток кон запад, сцените: *Кршѿевање* и *Воскресение Хрисѿово.* Во првата зона на јужниот ѕид на наосот, од исток кон запад, во едната половина од источниот травеј, до иконостасот е насликана фигурата на св. Недела, до под појас, пандан на св. Петка, на спротивниот, северен ѕид. Во западниот травеј се насликани доподпојасијата на св. Кирил (западно) и св. Методиј (источно), со словенска азбука помеѓу нив, врамена во правоаголно поле, која е насликана помеѓу прозорецот и јужната врата. Во втората зона, над пиластерот, помеѓу двата травеи, од исток кон запад се насликани тројцата бесребреници: св. Кузман, до појас, св. Пантелејмон, во цел раст, насликан во и над пиластерот, и западно од него, св. Дамјан, до под појас. До нив, над јужниот влез е насликана минијатурна фигура на Исус Христос до под појас, со водорамно исправени раце, опколен со облаци, кој го симболизира неговото Второ доаѓање, односно Страшниот судија, а тоа го потврдува и сцената до него, во југозападниот агол, со фигурата на архангел Михаил, како заштитник на храмот, кој држи меч во десната рака, кренат нагоре, а со левата, спуштена долу, ги мери душите. Во четвртата, најгорна зона на северниот и јужниот ѕид, над *Големиѿе ӣразници*, кон сводот, се насликани низи од по шест бисти на старозаветни пророци во медалјони. На јужниот ѕид, од исток кон запад се насликани: Авакум и Даниил во олтарот, па во наосот: Амос, Аггеј, Гедеон и Езекиј. На северниот ѕид, од запад кон исток, низата продолжува со: Мојсеј, пророк и цар Давид, пророк и цар Соломон, Илија, и во олтарот завршува со Софониј и Јоил. На сводот од исток кон запад, во големи кружни медалјони се насликани: отец св. Сава (Саваот), со триаголен нимбус (во олтарот), Христос Вседржител, опколен со атрибутите на четирите евангелисти: ангел, орел, теле и лав, и Христос Емануил (во наосот).

Во волутата на лакот помеѓу наосот и нартексот, се насликани фигури на свети војници во цел раст во огледална поза, од југ кон север: св. Прокопие, св. Теодор Стратилат, на средината во кружен медалјон, биста на *Хрисѿос Анѓел на Великиоѿ совеѿ*, па св. Теодор Тирон и св. Кирик. На западниот ѕид од лачниот премин во нартексот, од страните, како пандани, се насликани фигури на пустоножители, во цел раст: св. Јоаким Осоговски, до северниот ѕид, и св. Прохор Пчињски. до јужниот ѕид. Над лакот, во темето на полукружниот тимпанон, горе, е насликана композицијата од циклусот на Големите празници - *Преображение Хрисѿово*. Овој живопис со светол колорит и нагласена волуминозност на површината е карактеристичен за преродбенскиот период, кој ја продолжува средновековната уметничка традиција, работен во духот на поствизантиското сликарство, со влијанија од соседните земји и од Русија.

Црквата има нов, висок дрвен **иконостас** со два реда на икони, проскомидијална и ѓакониконска врата, со сликани царски двери на дното и Голем крст на врвот. Иконостасот и дверите се изработени во 1874 година, која е запишана во подножјето на иконостасот, на една од сликаните табли со вазна и цвеќе. Во првата зона се сместени четири престолни икони, со димензии 45 x 60 см., изработени во техниката масло на платно па на даска, по две од обете страни на дверите, северно *Св. Ѓорѓи Победоносец на коњ ѓо убива змејоѿ*, патрон на црквата и св. Богородица Милостива, а јужно Исус Христос Вседржител и св. Јован Претеча. На иконата на патронот на црквата, С*в. Ѓорѓи ѓо убива змејоѿ*, на долниот крај е испишано името и презимето на Апостол Џартев, донаторот на оваа икона, а неговиот потпис се сретнува и во манастирот Карпино на новиот иконостас од XIX век, на опковот од Христовата рака на престолната икона Богородица Одигитрија од 1814 година.[367] Престолните икони се солидно изработени од зографот Никола Ми-

[367] Машниќ М.М., 2011, 261;

хајлов од Крушево, син на зографот Михаил од Самарина (Епир), околу 1860 година, кој ги изработил старите фрески од 1852 година во кумановската црква Св. Никола.[368] Името на зографот Михајлов, е запишано на рамката од истата икона, под името на донаторот Апостол Џартев, каде сé уште се чита презимето, а името е избришано поради напукнување на бојата. На северната, проскомидијална врата е насликан архангел Михаил, а на јужната, ѓакониконска, св. Никола, во цел раст, каде е запишана годината на изработката на двете икони, 1877. На дверите (0,80 x 1,47 м.), исто така, се насликани цели фигури од *Благовести,* северно архангел Гаврил, а јужно св. Богородица. Преостанатите дванаесет празнични икони на апостолите (30 x 21 см.), се распоредени во втората зона, по шест од двете страни на централната, тринаесетта икона, *Воскресение Христово*, со поголеми димензии (55 x 70 см.), од север кон југ: св. Јаков, св. Тома. св. Лука, св. Петар, св. Симеон Зилот, св. Јован Богослов, св. Павле, св. Марко, св. Матеј, св. Андреја, св. Вартоломеј и св. Филип. Празничните икони, фигурите на страничните врати и царските двери,



Раѓање Христово, северен ѕид, наос, 1893 година
Nativity of Christ, north wall, nave, year 1893



Нов иконостас, XIX век
New iconostasis, XIX century

ги насликал зографот Вено во 1877 година, кој се потпишал на иконата Воскресение Христово.[369] Зографот Вено работел икони во манастирот Забел заедно со Дичо, во Св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричино и во Св. Никола во Куманово. Помеѓу престолните и празничните икони, иконостасот е украсен со три тесни хоризонтални појаси насликани со флорална орнаментика, лози со цветови, листови и гроздови, и по некој херувим во брановидни линии, а над празничните икони се протега уште еден тесен декоративен фриз од коси и брановидни линии. Најгоре на иконостасот се наоѓа Големиот крст, насликан со сликано *Распетие Христово*, а на врвот претстава на орел релјефно изработена во дрво. Подножјето на крстот го красат два дракони во резба со позлата, асиметрично поставени, кои во нивните уста држат правоаголни рипиди, насликани со минијатурни фигури на св. Богородица (лево) и св. Јован Богослов (десно). Крстот е украсен во плитка резба и е од типот на “змиски крст”, а краците се украсени со палметни листови релјефно изработени во позлата, и води потекло од постарите поствизантиски крстови, какви што се крстовите од иконостасот на манастирот Карпино, и од Св. Никола во Трново, Кривопалнечко, од

---

[368] Тричкова Ј, 2007, 188 ; Според истражувањето на Викторија Поповска - Коробар, советник во Музејот на Македонија во Скопје;
[369] *Евидентирани икони ....* , 1987, 103 - 106;

1606 година.[370] Драконите се потпираат на дрвена трапезна плоча, проширена на долниот крај, во која е насликан череп со две коски, симбол на победата на христијанството, како и годината, 1893. Најверојатно оваа година се однесува на Крстот со драконите и грифоните. Необична е појавата со претстави на двата грифони од дрво, свртени еден кон друг, во огледална поза, со лавјо тело и долга опашка свиткана нагоре, со глава на орел од чија уста излегува пламен јазик во вид на змија, мошне едноставно изработени, без релјефна нагласеност, а кои се наоѓаат малку подолу од драконите, по еден од страните на трапезната плоча. На прв поглед, драконите не се забележуваат, бидејќи се вовлечени во позадината, а на преден план доминираат грифоните. Ова е единствен случај во Кумановско, со појава на двојни претстави под Големиот крст, каде вообичаено се изработуваат драконите. Тоа може да се објасни со фактот, дека во преродбенскиот период, за време на црковното двовластие, од крајот на XIX век,[371] а по желба на нарачателите, многу храмови се пресликувани со нови фрески и украсувани со нови иконостаси и поединечни декоративни детали, како што е случај со оваа црква.

Црквата Св. Ѓорѓи во Жегљане, хронолошки, опфаќа два значајни периоди од развојот на историјата на уметноста. Според својата архитектура, таа е типичен претставник на поствизантискиот период, со најбогата архитектонска декоративна пластика (покрај Св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричино), не само во кумановскиот крај и во Р. Македонија, туку и пошироко, на Балканот, која во тоа време била многу редуцирана, или воопшто ја немало, а според фреско - сликарството и иконописот е претставник на Преродбата во Македонија. Како споменик со двојно значење, заслужува да добие посебно место и третман во историјата на уметноста во Републикава, и воопшто во науката, зашто еден ваков вреден средновековен споменик, навистина треба да излезе од анононимност и да му се посвети големо внимание во понатамошните истражувања. И овој споменик како и стрезовската црква треба да добие статус на споменик на културата, заштитен со Закон за заштита на споменициите на културата на Р. Македонија.

## СВ. ДУХ ВО ДОБРАЧА

Селото Добрача е оддалечено 26 км. од Куманово, сместено во Козјачијата, во јужниот дел на општина Старо Нагоричино, десно од локалниот пат Драгоманце - Жегљане.[372] Црквата во Добрача е посветена на светото Тројство, кај народот позната како Св. Дух, и е лоцирана покрај селските гробишта на локалитетот Висок Рид, на тромеѓата помеѓу Трајановска, Царска и Вељковска маала. Во науката, оваа црква се споменува како недоволно проучена, неистражена и неидентификувана црква.[373] Прв ја споменува Ј. Хаџи - Васиљевиќ во 1901 година и ја поврзува со еден историски настан, поточно со Битката кај Велбужд (Ќустендил), помеѓу српскиот крал Стефан Дечански и бугарскиот цар Михајло Шишман, кој вели дека според преданието, убиениот бугарски цар бил погребан токму овде, во дворот на оваа црква.[374] Оваа црква некогаш имала поголеми размери, била украсена со парчиња од бел мермер, дури била поголема од старо-

[370] Машниќ М.М., 2009, 133, сл. 10;

[371] Хаџи - Васиљевић Ј., 1909, 502 - 522;

[372] Панов М., 1998, 97; Трифуновски Ј., 1974, 83 - 84;

[373] Петров К., 1954, 8, Т - II; Велев И., 1990, 178;

[374] Хаџи - Васиљевиќ Ј., 1909, 442; Благојевиќ М. - Петковиќ С, 1989, 149 - 151; Васиљевиќ пишува дека по кажување на дедо Стеван од Довезенце, кој имал дома многу стари книги, меѓу другото, кажувал и за овој настан, дека телото на убиениот бугарски цар Шишман, на Велбуждско Поле (Ќустендилско) требало да биде погребано во Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричино, но поради близината на местото на погибието, наречено Широка Стена, бил погребан овде, во оваа црква, во тоа време поголема од нагоричката. Сретен Петковиќ, во поглавјето “Битка код Велбужда” објавено во 1989 година во делото “Србија у доба Немањиќа”, повикувајќи се на летописот на архиепископот Данило (Животот на кралевите и српските архиепископи), пишува дека војската на Стефан Дечански требала да се собере кај местото викано Добриче, големо поле во Топлица, која припаѓала на Морава и каде многу цареви воделе тешки битки, но наместо тука, битката се водела во Бдиње (Трново) кај Земен, Р. Бугарија. Според него, убиениот бугарски цар бил пренесен во старонагоричката црква, каде се наоѓа и ден денес;

нагоричкиот храм и била целосно живописана. За жал, денес нема сочувано ништо од таа првобитна црква, ниту од живописот од XIV век. Храмот претрпел промени и бил обновуван повеќепати во османлискиот и најновиот период. Според врежаниот натпис на српски јазик во бела мермерна плоча, над западниот влез, црквата била обновена во 1935 година од иселеникот во Белград, Младен Стаменковиќ. Холандскиот истражувач М. Кил го посетил и го истражил овој храм во 1970/71 година, а Ѓ. Бошковиќ во 1975/76 година, и двајцата го сместиле во групата споменици од османлискиот период.[375] Се работи за монументална, *ϖрокорабна ǵрадба* со правоаголна основа и шестострана апсида на исток. За разлика од другите ниски жеглиговски цркви, со исклучок на Св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричино, оваа црква е доста висока, изградена од разнобојни жолтеникави и сивозеленкасти правилни камени блокови со квадратна и правоаголна форма, во различна големина. На аглите, големината на камените блокови е идентична со жегљанската црква. Наспроти другите цркви оваа црква е на подигнато ниво околу 0,5 м. од земјата и со три скали однадвор од западната и јужната страна, се влегува во црквата. На јужниот ѕид на црквата на дното има цокле високо 1 м. Покриена е со двосливен покрив од ќерамиди во поново





Св. Дух во Добрача, западна фасада (лево) и југоисточна фасада (десно), XVI/XVII век
Holy Spirit in Dobracha, west facade (left) and south – east facade (right), XVI/XVII century

време (1935), чија западна и источна страна е пресечена со триаголен тимпан, така што делува како четворосливен покрив, како што е Св. Никола во Рамно. Шестоаголната апсида е идентична со црквата Св. Ѓорѓи во Жегљане, со таа разлика што овде се појавуваат две високи и тесни монофори симетрично поставени, на северната и јужната страна. Првобитниот шестостран покрив од ќерамиди на апсидата се урнал во 2004 година, а на пролет во 2007 година, повторно е изграден од локалното население. Северната и јужната фасада се разбиени со по две монофори, а западната со бифора. Мошне интересна архитектонска декорација има над западниот влез со издолжено правоаголно поле хоризонтално поставено, кое на левата страна завршува во турски лак, од двете потесни страни украсено со геометриски плетерни мотиви, на лик на арабески во плитка резба. Над него, под забатот се наоѓа надвратникот во вид на истурена полукружна камена арка со конзоли, разиграна со камена бифора. Бифората е декоративна во горниот дел на столбчето, капителот е украсен со вегетабилна релјефна декорација.[376] Идентична декорација има на колонетата од бифората на дното на апсидата во жегљанската црква и што е мошне интересно, истите мотиви ги има на турскиот лак над еден од прозорските отвори изработени на бел мермер, на Татар Синан - беговата џамија во Куманово од 1520/32 година. Над бифората, во тимпанонот е прикажан декоративен крст со геометриски и вегетабилни орнаменти. Долу, покрај бифората има зооморфни претстави (петел и змија), а на конзолите од лакот, елен и лав. Слична вакква скулпту-

[375] Kiel M., 1971, 250, сл. 11;
[376] Зисовска Ј., 1994, 54 - 55;





Исламски лак со арабески, над западен влез
Islamic arc with arabesques, above west entrance

Исламски лак со крст, ентериер
Islamic arc with Cross, interior







Св. Дух во Добрача, камена декорација, западна фасада, XVI/XVII век
Holy Spirit in Dobracha, stone decoration, west facade, XVI/XVII century

рална декорација на зооморфни претстави се сретнува на северната фасада, над бифората во тимпанонот на Св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричино, што укажува на ерменски влијанија.[377]

Св. Дух во Добрача има интересна внатрешна архитектура. Првобитниот под од камени плочи не е сочуван, денес со последните интервенции во 2007 година е бетониран. Нема фрескоживопис, целата е бело варосана и нема олтарска преграда. Наосот е висок, поделен со по два осмострани камени столбци во два реда, на три кораби. Централниот поширок кораб и страничните потесни кораби се покриени со полукружен свод. Сводот на централниот кораб, со последните интервенции е заменет со нов полукружен свод од дрвена ламперија, кој долго време бил оштетен. На северниот и јужниот ѕид има по три слепи, високи архиволти со истурени пиластри помеѓу нив, какви што сретнуваме на црквите во Жегљане, манастирот Карпино и во Степанце, а ги има и на Сливничкиот манастир, кај Преспа (1607) и манастирот Трескавец, Прилепско (XVII век).[378] На јужниот ѕид, во источниот травеј, под монофората има квадратна ниша која во горниот дел завршува со засек, чисто исламски елемент. Исто таква ниша се наоѓа и на спротивниот северен ѕид. Источниот ѕид на наосот всушност претставува широка и висока полукружна арка за премин во олтарската апсида. Вакви арки има во Св. Ѓорѓи во Жегљане и помеѓу наосот и параклисот на Св. Петка во Младо Нагоричино. Северно од олтарската арка, на источниот ѕид се наоѓаат две мали полукружни ниши со засек на врвот, а над горната, релјефно изработен крст со еднакви краци во кружен медаљон. Се забележува мешање на исламски со христијански елементи. Просторната полукружна олтарска апсида, во средината помеѓу монофорите е украсена со

[377] Kiel M., 1971, 251, сл. 12; Бошковић Ђ., 1976, 149; Крстиќ С., 2010а, 16 - 20, сл. 44 - 49;
[378] Бошковић Ђ., 1976, 148;

релјефна претстава на минијатурна ниша со мал засек на врвот. Јужно, од монофората се наоѓа уште една таква мала ниша со засек. На средината во олтарот е сочуван каменен олтарски постамент со квадратна трпеза, кој на горниот крај е украсен со крст во колонада од аркади од сите четири страни, во пилток рељеф. Иако нема никаков запис за оваа црква, според стилско -



Ентериер
Interior

архитектонските обележја на овој храм и според типичните турски и ерменски елементи, кои се сретнуваат кај повеќето жеглиговски цркви, со сигурност може да се датира од крајот на XVI и почетокот на XVII век, кога во Жеглигово постоела жива градителска активност од ерменски и локални мајстори. Според архитектонската декоративна пластика, најблиски аналогии има со црквата Св. Ѓорѓи во Жегљане.

Покрај нагоричката и стрезовската црква, Св. Дух во Добрача е една од трите трокорабни цркви во кумановскиот регион од поствизантискиот период, која е недоволно позната во науката и со своите архитектонски обележја заслужува да добие свое место и посебен третман во историјата на средновековната уметност во Р. Македонија.

## СВ. ЃОРЃИ ВО СТЕПАНЦЕ

Степанце се наоѓа во општината Старо Нагоричино, во обласпа на Козјачијата, оддалечено 28 км. од Куманово, лево од реката Пчиња и од локалниот пат Драгоманце - Жегљане - Кокино - Длабочица.[379] Црквата Св. Ѓорѓи, чиј култ е мошне раширен во Козјачијата, се наоѓа во селските гробишта, на локалитетот *Црквиште* во *Горна маала* и е во многу лоша состојба.[380] Се работи за мала црква градена од сивкасти правоаголни камени блокови во долниот дел, и необработени камења во горните делови. Целосно се разурнати покривната конструкција, јужниот ѕид и повеќе од половина, западниот ѕид. И источниот ѕид е во фаза на уривање, заедно со апсидата. Северниот ѕид до половина е вкопан в земја и е потпрен со дрвени греди. Покривот е заштитен со еднослившна салонитска конструкција накосена надолу, кон југ. Овие интервенции се

[379] Панов М., 1998, 286;
[380] Трифуновски Ј., 1974, 84;

правени во 1992 година. На јужната, и на дел од западната страна се ставени хоризонтално наредени даски, во улога на јужен и западен ѕид на наосот. Константин Петров во прилогот кон средновековната археолошка карта ја споменува како недоволно истражена, проучена и идентификувана средновековна црква.[381] Иако оваа црква не привлекла големо внимание, сепак одделни истражувачи ја посетиле и ја спомenале, Ѓурѓе Бошковиќ во 1975/76 година и Владимир Петковиќ, кој во неговото капитално дело од 1950 година, ги објавил основата и надолжниот пресек на оваа црква.[382]

Св. Ѓорѓи е мала *еднокорабна градба* со правоаголна основа, со влез на западната, и тристрана апсида на источната страна. Трите страни на апсидата се украсени со изгравирани двојни арки, аналогни со апсидата на јужниот кораб од Двојната црква, посветена на Св. Никола во Сув Орах. На дното на апсидата се наоѓа тесен вертикален засек, речиси незабележлив, како кај другите жеглиговски цркви од отоманскиот период. Иако, речиси целосно разурната, сепак



Св. Ѓорѓи во Степанце, источна фасада, XVI/XVII век
St. George in Stepance, east facade, XVI/XVII century



Северен ѕид, наос, ентериер
North wall, nave, interior

може да се види дека има интересна внатрешна архитектура, карактеристична за жеглиговските цркви од турскиот период. Северниот ѕид во наосот на црквата е разбиен со три широки слепи архиволти - траveи, и два истурени пиластри помеѓу нив, а според камените остатоци, ист таков бил и јуж-ниот ѕид.[383] Источниот травеј припаѓа на олтарот. Вакви истурени пиластри се карактеристични за овој регион и се сретнуваат во црквите во Добрача, Жегљане и манастирот Карпино во Сув Орах.[384] Во Р. Македонија, се сретнуваат на манастирската црква Св. Богородица во Сливница, кај Преспанското Езеро, од 1607 година, и на манастирот Трескавец, Прилепско. Црквата Св. Ѓорѓи нема иконостас. Подот е од земја. Целата црква е напукната, и е во распаѓање. Според остатоците од ѕиданиот камен, црквата имала полукружен свод, а однадвор била покриена со двосливен покрив од камени плочи, денес видливи на апсидата.

На *источниот ѕид* има централна апсидална, и северно од неа, проскомидијална конха. Апсидата е напукната. Се гледаат остатоци од живопис. Во централната апсида се наѕира бледа фигура на Богородица Оранта во цел раст, а под неа во правоаголниот прозорец кој трапезно се стеснува кон надворешната страна во тесен вертикален засек, од страните има остатоци од црвени и црни сликани орнаменти. Во проскомидијалната конха има фрагмент од фреско - живопис на допојасен светител, веројатно ѓаконот св. Стефан. На *северниот ѕид* во олтарот, во лачниот травеј се наоѓа најголем дел од сочуваниот *фрагментарен живопис*. Се гледа цела фигу-

[381] Петров К., 1954, 8, T-II ;
[382] Петковић В., 310, 1175, цртеж бр. 980; Цртежот со основата на црквата и надолжниот пресек го изработил архитектот Ѓурѓе Бошковиќ;
[383] Крстиќ С., 2007, 6;
[384] Бошковић Ђ., 1976, 148;

ра на архиереј во раскошна облека, недостасува ликот, како дел од литургиската служба на *Поклонението на Агнец Божји*. Веројатно бил насликан св. Атанасиј Велики.[385] До фигурата на архиерејот над истурениот пиластер во подножјето на лакот, се забележува фрагмент од живопис, односно лик на светител со монашка капа, најверојатно св. Сава. Во горниот десен агол со графит е врежана годината 1830, година на обновувањето на храмот. Иако фрагментарно сочувано, се работи за доста квалитетно фреско-сликарство и веројатно потекнува од XVI или почетокот на XVII век, бидејќи стилски е доста блиско со сликарството на двете младонагорички цркви, со стрезовската и северниот кораб од Двојната црква во Сув Орах. Состојбата на оваа црква како и на црквата во Кокино е алармантна и е потребна целосна реконструкција на архитектурата и на покривната конструкција со што би се зачувал овој вреден споменик на културата од поствизантиски период, од негово целосно пропаѓање.

## СВ. ЃОРЃИ ВО КОКИНО

Селото Кокино припаѓа на општината Старо Нагоричино и е сместено во средиштето на Козјачијата, оддалечено 31 км. од Куманово.[386] Црквата Св. Ѓорѓи се наоѓа до селските гробишта, во Каленчарска маала, на потесот Рупак,[387] десно од локалниот пат Драгоманце - Жегљане - Длабочица, во пониските планински делови, наспроти карпестиот археолошки локалитет *Татиќев Камен.* Во науката е сосема непозната, непроучена и неидентификувана црква, која ја споменува К. Петров во *Прилогот на археолошката средновековна карта* од 1954 година.[388]




Св. Ѓорѓи во Кокино, поглед од северозапад (лево) и источна фасада (десно), XV/XVI век
St. George in Kokino, view from north-west (left), and east facade (right), XV/XVI century

динствено, уште ја споменале Ѓ. Бошковиќ во 1976, и В. Петковиќ во 1950 година, како *еднокорабна* градба со правоаголна апсида и со остатоци од живопис, кои и денеска сеназираат.[389] Впрочем, и оваа црква ја дели истата судбина со степанската црква Св. Ѓорѓи и двете истоимени цркви Св. Троица во Челопек и Карабичане. По својата архитектонска диспозиција е аналогна со црквите Св. Троица и Св. Ѓорѓи (во темели) во Челопек и сега урнатите цркви Св. Ѓорѓи во Врачовце, Св. Петка во Бајловце и Св. Никола во Младо Нагоричино. Одамна е препуштена на забот на времето, нема покривна конструкција, сочувани се само ѕидовите до висина на покрив-

[385] Кстиќ С., 2011, 20;;
[386] Панов М., 1998, 154;
[387] Хаџи - Васиљевић Ј., 1909, 248 - 249; Трифуновски Ј., 1974, 110;
[388] Петров К., 1954, 8, Т - II;
[389] Петковић В, 1950, 154, 779, цртеж 426; Цртежот со основата на црквата и надолжниот пресек е е изработен од Ѓ. Бошковиќ.;

ната конструкција. Според остатоците, се гледа дека имала полукружен свод однатре, а одозгора двосливен покрив, најверојатно од камени плочи, кои денес се сочувани на апсидата. Градена е од необработени камени блокови со различна големина, а на места мошне ситни камења помеѓу нив, со сива, жолтеникава и црвенкаста боја. На аглите се забележуваат поголеми камени блокови како во Жегљане и Добрача. Дебелината на ѕидовите изнесува 80 см. На западниот и на северниот ѕид нема отвори, додека на јужниот ѕид, западно, се наоѓал главниот влез во нартексот, а кон исток два тесни прозорски отвори. Карактеристично за оваа црква е што од источната страна има правоаголна апсида вертикално нагласена, кои се типични за жеглиговските цркви од турскиот период и ги среќаваме во Довезенце, Мургаш, манастир Карпино и подоцна во Рамно.[390]



Источен ѕид, олтар
East wall, altar

Внатрешната архитектонска диспозиција е мошне интересна. Црквата претставува еднокорабна градба со правоаголна основа составена од два дела по должина, нартекс и наос. Нартексот се наоѓа на западната страна, издвоен од наосот и е голем колку него. Во црквата се влегува од јужната страна на нартексот со три скали под нивото на земјата, 1,10 м., а преку правоаголен влез на средината на источниот ѕид се влегува во наосот. На северниот ѕид на нартексот се наоѓа висока плитка полукружна ниша - лунета, и иста таква се наоѓа над влезот во наосот, каде најверојатно бил насликан патронот на црквата, св. Ѓорѓи, од кој денес не е сочувано ништо. Во наосот, на источниот ѕид се наоѓа тесна и висока полукружна олтарска апсида од радијално ѕидани камења. Фрагментите од фрески во апсидата не се распознаваат. Високо горе, десно од централната апсида и долу на дното на апсидата има мали отвори кои кон надворешната страна трапезно се стеснуваат и завршуваат во тесни вертикални засеци. Лево и десно од централната апсида се наоѓаат тесни конхи, проскомидијална и ѓакониконска, кои на врвот завршуваат со турски лак.[391] Ваквите конхи со турски лак во олтарот се единствени во кумановскиот регион и според тоа, може да се каже дека се работи за постара црква, веројатно, изградена во XV век. Во проскомидијалната и централната апсидална конха има остатоци од фреско - живопис, мошне оштетни и непрепознатливи. Појавата на одвоен наос од нартекс се сретнува во доцновизантиските примери (Думановце), но, и во ранотурскиот период, како што се охридските еднокорабни цркви од XV век. Тогаш, кокинската црква може да се смести во група на споменици од XV, или најдоцна од

[390] Крстиќ С, 2002, 111 - 112, сл. 3, цртеж 1; Крстиќ С., 2006, 73, сл. 7;
[391] Крстиќ С., 2007, 9;

XVI век. Одвоен наос од нартекс со преграден ѕид се сретнуваат на црквите: Св. Ѓорѓи во Врачовце, денес целосно разурната во темели; двете цркви во Карабичане, Св. Троица и Св. Ѓорѓи, од кои од последната, се сочувани само ѕидовите во висина од 1 м. под нивото на земјата, во подножјето на локалитетот *Кулица*; и речиси исто таква црква, Св. Петка во Бајловце на локалитетот *Блаце.*[392]

Јужниот и северниот ѕид на наосот се разбиени со слепи лунети во кои се забележуваат фрагменти од фреско-сликарство и длабоки квадратни ниши. Вакви слепи лунети се сретнуваат во наосот и нартексот на Св. Параскева во Мургаш.[393] Состојбата на овој вреден споменик е алармантна. Подот е од земја, израснатите растенија и дрвја внатре во овој христијански храм иницираат на итна конзерваторска заштита на архитектурата, за да се спречи од натамошно пропаѓање, на и она малку што останало од оваа мошне значајна црква со уникатен источен ѕид во олтарот, тесните и издолжени конхи со турски лак на врвот, лево и десно од централната апсида. Св. Ѓорѓи во Кокино е типичен претставник на спомениците на културата од поствизантискиот период од XV/XVI век, кој припаѓа на групата споменици од жеглиговската градежна школа.

## СВ. ТРОИЦА ВО ЧЕЛОПЕК

Селото Челопек е оддалечено 18 км. од градот Куманово од левата страна на реката Пчиња, на магистралниот пат Куманово - Пелинце, и спаѓа во општината Старо Нагоричино.[394] Црквата посветена на Св. Троица се наоѓа веднаш до селските гробишта, покрај асфалтираниот селски пат и селската чешма. Инаку, во науката, оваа црква спаѓа во групата недоистражени, неидентификувани и непроучени средновековни цркви.[395] Се работи за постара црква, која за жал не е целосно сочувана, поголем дел е урнат и долго време е без покривна конструкција, оставена на милост и немилост на забот на времето. Сочувани се само ѕидовите до висина на покривот. Таа е *еднокорабна ḡрадба* со правоаголна основа и полукружна апсида на исток. На западната страна има издвоен нартекс од наос и правоаголен влез за комуникација, на средината, а од јужната страна издолжен параклис со неправилна правоаголна форма.[396] Се забележуваат две фази на изградба, постара и помлада. На постарата градителска фаза припаѓа наосот на црквата, граден од обработен и необработен камен на места со тесни тули без некоја нагласена симетрија. Видлива е керамопластична декорација на ѕидовите на наосот од хоризонтално и вертикално поставени тесни тули комбинирани со поголеми и помали обработени камења. На западната страна над влезот се наоѓа лунета, каде вообичено бил насликан патронот на црквата, но за жал денеска се гледаат само камења, малтерот е целосно паднат. Најбогата керамопластична декорација се забележува на источната фасада во долната зона, поточно на апсидата, на која е изѕидан хоризонтален венец од тули во вид на рибина коска, како и на монофората на дното на апсидата со радијално поставени тули на горниот крај, карактеристична за доцновизантиските градби. Ваква декорација од хоризонтални венци се сретнува од крајот на XIV и од XV век на црквите во Бугарија (Несебр, Трново и др.), Месемврија и на рашките споменици.[397] Црквата има остатоци од дводелна камена олтарска преграда. Освен централната апсидална конха, северно од неа, има помала проскомидијална конха. Нартексот и параклисот според начинот на изградбата исключиво од камен, се доѕидани подоцна од крајот на XVI или почетокот на XVII век и припаѓаат на помладата градителска фаза. Според остатоците од столбовите и лачните профилации во парак-

---

[392] Трифуновски Ј, 1974, 121; Д-р Ј. Трифуновски ја споменал оваа црква посветена на Св. Петка во 1974 година, како разурната црква од Арбанасите, на местото наречено *Киша,* и тоа во атарот на една посебна мала селска населба *Блаце*, која се наоѓа помеѓу бајловскиот рид *Високо* (878 м.н.в.) од источната страна, и *Враница* од западната страна; Машниќ М.М., 2011а, 358;

[393] Крстиќ С., 2002, 113;

[394] Панов М., 1998, 317 ;

[395] Петров К., 1954, 8, Т- II; Велев И., 1990, 179;

[396] Петковић В., 1950, 347; Хаџи -Васиљевић Ј., 1909, 444;

[397] Бошковић Ђ., 1976, 119 - 120;

клисот на западната страна, како и според цртежот со архитектонскиот план на црквата изработен 1950 година од српскиот архитект Ѓурѓе Бошковиќ,[398] јасно може да се види дека помеѓу параклисот и нартексот имало два аркадни премини поврзани со еден масивен четвртест столб, какви што се сретнуваат во Двојната црква во Сув Орах и Св. Параскева во Мургаш. Нешто слична била и некогашната црква Св. Ѓорѓи во Алгуња, но со два четвртести столбца и три аркадни премини, денес во темели, како и Св. Спас во Довезенце, која има три четвртести столба и четири аркадни премини.[399] Параклисот бил покриен со четворообличест свод, исто како Св. Ѓорѓи во Алгуња.



Св. Троица во Челопек, североисточна фасада
Church "The Holy Trinity" in Chelopek, north-east facade



Остатоци од камена олтарска преграда
Remains of the Stone altar screen

*Фрагменти од живопис* се видливи на западниот ѕид на наосот покрај влезот и во олтарската апсида, кој е мошне оштетен и не може да се каже ништо повеќе за иконографскиот репертоар, затоа што фреско-малтерот е целосно паднат, а ѕидовите се голи. Во олтарската апсида вообичаено се сликала Богородица Оранта, па и овде во издолжената и тесна апсида се назираат бледи контури од мафорионот на св. Богородица Оранта, што значи дека била насликана во цел раст, најверојатно во XVI или XVII век. Денеска, црквата е напуштена, во неа растат дрвја и дива флора. Потребна е конзервација на архитектурата и реконструкција на покривната конструкција, како би се заштитил овој мошне интересен средновековен споменик од целосно пропаѓање.

## СВ. ТРОИЦА ВО КАРАБИЧАНЕ

Селото Карабичане е оддалечено 14 км. северно од Куманово, десно од автопатот Скопје - Белград, во близина на селата Четирце и Табановце, кон граничниот премин со Р. Србија, спаѓа во општина Куманово.[400] Во ова село се регистрирани две постари цркви, едната посветена на Св. Троица во селото, веднаш до селските гробишта и школото, а втората во темели посветена на Св. Ѓорѓи, во подножјето на ридот *Кулица*, еден од последните огранoци на планината Руен. И двете цркви се со иста архитектонска диспозиција.[401] Од црквата Св. Ѓорѓи се сочувани само ѕидовите исклучиво од камен во висина од еден метар и целите се вкопани в земја, типично за црквите од турскиот период.

[398] Петковић В., 1950, 1249, сл. 1090;
[399] Крстиќ С, 2002, 116; Eadem, 2006, 69 - 71; Машниќ М.М., 2011a, 359;
[400] Панов М., 1998, 147; Трифуновски Ј., 1974, 23;
[401] Трифуновски Ј., 1974, 23 -24; Хаџи-Васиљевић Ј, 1909, 444; Петковић В., 1950, 143; Трифуовски споменува уште една црква посветена Св. Димитрија, над школото, сосема разурната, од која денеска нема ниту темели, бидејќи нивата била целосно разорана.

Св. Троица ја дели истата судбината со црквите во Кокино, Челопек и Степанце. Во науката се споменува како непозната, недоволно проучена и неистражена средновековна црква.[402] Сочувани се само ѕидовите без покривна конструкција. Западниот ѕид е целосно урнат, а недостасуваат делови од ѕидот на северната страна. Се работи за *еднокорабна градба* со правоаголна основа и тристрана апсида на исток. На западната страна има одвоен нартекс (урнат до половина), од наос. Главниот влез во црквата се наоѓал на јужната фасада на нартексот. Над влезот во наосот се наоѓа полукружна слепа ниша (лунета). Црквата веројатно имала полукружен свод, со покрив на две води. Ѕидана е од кршен камен со тесни тули без некој ред. Керамопластич-ната декорација е редуцирана, а се сретнува  на јужната и на источната фасада. Трите монофори на јужната фасада и една на апсидата се украсени со радијално поставени тесни тули на горниот дел, аналогни со апсидата на челопечката црква. Според техниката на градење, оваа црква треба да се вброи во редот на црквите од раниот поствизантиски период, чии аналогии треба да се бараат со охридските и костурските еднокорабни цркви од крајот на XIV и почеток на XV век. Инаку, црквата е напуштена, внатре растат дрвја и дива флора. Како во Челопек, и овде, досега не се правени никакви интервенции. Потребни се конзерваторски зафати и заштита на овој вреден средновековен споменик.



Св. Троица во Карабичане, источна фасада, XV/XVI век
The Holy Trinity in Karabichane, east facade, XV/XVI century



Фрагменти од фрески, апсида, XVI/XVII век
Fragments from frescoes, apse, XVI/ XVII century

*Живопис* речиси и нема, освен неколку фрагменти, избледени и непрепознатливи во олтарската апсида. Во централната конха се назира мошне избледената претстава на Богородица Оранта во цел раст со медалјон на градите во кој бил насликан малиот Христос, фланкирана со два архангели, кои овде воопшто не се препознаваат, аналогна со фреската во нартексот од манастирот Карпино во Орах (1592) и во олтарот на Св. Ѓорѓи (северен кораб) во Орах (XVI/XVII век). Долу под неа, имало по два архиереи во цел раст, а денес се гледа по еден, кои се поклонуваат на *Агнец Божји*, северно св. Василие Велики чија сигнатура единствено може да се прочита, а јужно не се чита сигнатурата, најверојатно се работи за св. Јован Златоуст. Тие во рацете држат отворени свитоци со текст на старословенски јазик. Сочувана е претставата на *Агнец Божји*, Христос - жртва како дете, кој лежи на чесна трпеза, над тесниот вертикален отвор во апсидата, помеѓу архиерерите. Во проскомидијалната конха е мошне оштетениот, допојасен неидентификуван лик, ѓаконот св. Стефан. На источниот ѕид на нартексот, над влезот во наосот, во лунетата е насликана биста, веројатно на Исус Христос, патрон на црквата, кој исто така е мошне оштетен. Овде се забележуваат два слоја на живопис. Имено, од паднатиот малтер над фризот на лунетата се гледаат фрагменти од постар слој на фрески, како и од двете страни на влезот, избледени и оштетени. Ова укажува на фактот дека оваа црква била обновена во раниот поствизантиски период, на што укажуваат трагите од византиската керамопластична декорација.

402 Петров К., 1954, 8, Т-II;

Оттука, може да се заклучи дека црквата Св. Троица во Карабичане датира од првата половина на XV век, додека живописот потекнува од крајот на XVI или почеток на XVII век, кога во Жеглигово постоела сликарска работилница со седиште во младонагоричкиот храм Св. Ѓорѓи Победоносец.

## СВ. ПЕТКА ВО ДЕЈЛОВЦЕ

Селото Дејловце се наоѓа во општина Старо Нагоричино, во средиштето на Козјачието, оддалечено 37 км. од Куманово. Се наоѓа десно од локалниот пат Драгоманце - Жегљане - Длабочица, а лево од магистралниот пат Куманово - Крива Паланка.[403] Јован Трифуновски ни соопштува дека монахињата Евдокија Дејановиќ (царица Теодора) ќерка на српскиот крал Стефан Дечански (1321 - 1331) и сестра на цар Душан (1345 - 1355), заедно со нејзиниот син Константин Драгаш му го потврдила селото Денковци (Дејловце) на манастирот Хилендар во 1355 година. Најверојатно тоа е истото место кое се споменува како селиште Денково кого го потврдил царот Стефан Душан како дар на севастократорот Дејан (деспот Дејановиќ) на црквата Св. Богородица во Архиљевица.[404] М. Пурковиќ претпоставува дека споменатите поими, се однесуваат на денешното кумановско село Дејловце.[405]

Во ова разбиено планинско село се наоѓа мала црквичка посветена на Св. Петка, под Чукарската маала, во пониските планински делови на Козјак, кои се спуштаат кон границата со атарот на селото Бајловце. Црквата на прв поглед не се забележува затоа што речиси целата е вкопана в земја и заличува на обична селска куќа, се препознава само по едноставниот железен крст на источната страна на покривот. Оваа е една од ретките цркви, која не се наоѓа до гробиштата, исто како што е и Св. Петка во Пезово.

Дејловската црква воопшто не е идентификувана, позната и проучена кај ниту еден од истражувачите. Таа е *мала еднокорабна градба* со правоаголна основа и полукружна апсида на исток. Градена е од необработени камења со различна големина, фугирани со кал. Според жителите од село Дејловце, камењата за изградба на црквата се донесувани од соседното село Бајловце, од локалитетот *Бајловско Високо* (Блаце), така што и последните поправки се вршени околу 1928/30 година.[406]

Црквата Св. Петка е покриена со двосливен покрив од ќерамиди. Во споредба со другите жеглиговски цркви од турскиот период, дејловската црква има најмали димензии, широка е 2,90 м., а долга 5 м. Висината на ѕидовите изнесува 2 м., а до забатот на покривот 3 м., додека дебелината на ѕидовите изнесува 65 см. До јужниот ѕид на црквата се наоѓа друг потпорен ѕид широк 40 см., а долг колку самата црква. Значи, дебелината на ѕидовите на првобитната црква изнесувала до 1 м. Северниот и источниот ѕид на црквата целосно се вкопани в земја, типично за црквите од турскиот период. Остатоците од ѕидовите на југоисточната и западната страна на црквата, говорат дека имала параклис на јужната, и одвоен нартекс на западната страна. Ова јасно зборува дека црквата имала поголеми размери. Според трагите од ѕидовите може да се заклучи дека имала иста архитектонска диспозиција како Св. Петка во Младо Нагоричино. Всушност, денешната црква претставува наос од некогашниот архитектонски комплекс на двојна градба, какви што среќаваме во Младо Нагоричино, Челопек и Мургаш.[407]

---

[403] Панов М., 1998, 94; Трифуновски Ј., 1974, 45;

[404] Трифуновски Ј., 1974, 112; Благојевић М. - Петковиќ С., 1989, 228, 230; За црквата Св. Богородица во Архиљевица постои дилема во науката, дали се работи за Богородичината црква - манастир Карпино во Сув Орах на патот кон соседното село Аљинце (Архиљевица), или пак се работи за друга црква посветена на св. Богородица кон Прешевскиот регион.

[405] Пурковић М., 1940, 58;

[406] При теренските истражувања на авторот во октомври 2005 година, податоците се земени од еден од најстарите жители во Дејловце, 92- годишниот Душан Илиевски, кој информираше за поправката и обновата на црквата. Имено, урнатата црква ја обновиле мајсторите градители, неговиот брат Тренчо Илиевски од Дејловце и Лазар од Бајловце;

[407] Бошковић Ђ, 1976, 149; Витларски Т., 1983, 111 ; Крстиќ С., 2002, 115; Eadem, 2006, 70;

На западната фасада се наоѓа главниот тесен и висок влез во црквата (60 x 174 см.). Црквата нема отвори, освен на западната страна над влезот, единствениот тесен правоаголен отвор кој кон внатрешноста трапезно се шири. Внатрешноста на црквата се состои од наос и олтарски простор. Подот е од камени плочи со неправилна форма. Првобитниот полукружен свод недостасува, денеска се гледа дрвена двосливна конструкција од греди која била изградена со последните интервенции на црквата, во XX век. Олтарскиот простор се состои од централна апсида и северна, проскомидијална конха. На северниот ѕид во олтарот на висина од 1,20 м. се наоѓа



Св. Петка во Дејловце, XVI/XVII век, југозападна фасада
St. Petka in Dejlovce, XVI/XVII century, south-west facade



Ентериер
Interior

мала квадратна ниша. Ѕидното сликарство не е сочувано, на места се гледаат камените ѕидови, а на места, сѐ уште е задржан малтерот варосан со бела боја.

Црквата има мал и низок иконостас што е сосема логично во поглед на големината на црквата, со северен влез и двери на средината, обични и ненасликани. На малиот иконостас се закачени репродукции од икони, од кои две се оригинални, а тоа се престолните икони, едната *Воскресение Христово*, северно од дверите, а другата, патронот на црквата, св. Петка, јужно од дверите, дарувана во 1930 година, аналогни со иконите од иконостасот на Св. Троица во Четирце (1936), Св. Никола во Дрен'к (1938), градишкиот манастир Св. Ѓорѓи (1937/38), и Св. Јован во Режановце (1949), па според стилско - ликовната анализа, нивен автор е Димитар Андонов - Папрадишки. Иако, мала и недостапна за посетителите, скриена во планинските ограноци на планината Козјак, црквата Св. Петка во Дејловце може да се вброи во редот на црквите од турскиот период градена во XVI или почеток на XVII век.

## СВ. БОГОРОДИЦА МИЛОСТИВА ВО СТУДЕНА БАРА

Студена Бара се наоѓа 19 км. јужно од Куманово, од десната страна на реката Пчиња.[408] Црквата посветена на Св. Богородица се наоѓа на јужниот дел на селото до селските гробишта, десно од локалниот пат Куманово - Пчиња - Студена Бара, кон овчеполскиот регион. Досега оваа црква никој не ја споменал, освен Јован Трифуновски во 1964 година, како црква од пчињското сливно подрачје.[409] За науката таа е сосема непозната, неидентификувана и неистражена црква. Се работи за мала *еднокорабна градба* со правоаголна основа и полукружна апсида на исток. По

[408] Панов М., 1998, 289 - 290;
[409] Трифуновски Ј., 1964, 54 -56;

својата архитектонска диспозиција е аналогна со црквата Св. Богородица во Пчиња, во нејзина непосредна близина, со Св. Никола во Бељаковце од 1606 година и со кратовските цркви Св. Никола во Шопско Рударе и Св. Ѓорѓи во Коњух од XVI век, со црквата Успение на Св. Богородица во Дивље, Скопско од 1603/04 година, Св. Никола во Трново, Кривопаланечко од 1605 година и со Св. Богородица во Крупиште, Штипско од 1625 година. Црквата е градена од необработен камен на места со тесан камен - тетрахит, додека на апсидата се забележуваат и тесни црвенкасти тули, денес малтерисана. Покриена е со двосливен покрив од ќерамиди, а апсидата со камени плочи. Северната фасада е речиси целосно вкопана в земја. Оваа црква нема отвори, освен еден вертикален засек на јужната, и два на источната фасада, на дното на апсидата и над апсидата. Исто како и кај другите цркви од Османлискиот период тесните вертикални отвори во вид на засеци од надвор, трапезно се шират во внатрешноста заради поголема светлост и се една од главните одлики на поствизантиските цркви градени од локалните мајстори, кои се придржувале според турските канони. Црквата е речиси без архитектонска декорација, освен слепата ниша во вид на турски лак, на западната фасада, северно од влезот. Видливи се ориентални, исламски влијанија какви што се забележуваат на турските џамии. Над влезот е насликан патро-



Св. Богородица Милостива во Студена Бара, XVI век
St. Mother of God Eleussa in Studena Bara, XVI century



Источна фасада
East facade

нот на црквата, Богородица Елеуса (Милостива) во 1952 година од долупотпишаниот зограф Јанчо. Од западната страна се наоѓа нартекс покриен со двосливен покрив, четири пати поголем од самата црква, со камени трпези, а од југ отворен трем на обични дрвени столбци покриен со лесонитски плочи, изградени во средината на XIX век, во преродбенскиот период. Инаку, црквата е под нивото на земјата, 0,60 см. Со две скали се влегува во наосот. Наосот е засведен со полукружен свод. Првобитниот под на црквата е од од правоаголни тули. Дебелината на ѕидовите изнесува од 85 до 90 см. На источниот ѕид во олтарот се наоѓа централна апсида и мала проскомидијална конха. Не е сочуван никаков запис за изградбата на оваа црква.

Според римската стела и остатоци од столбови со капители и сполии, кои се наоѓаат во отворениот, покриен нартекс на оваа црква, може да се заклучи дека на ова место имало постара црква од доцноримски период (VI век) на чии темели е изградена денешната црква Св. Богородица. Развојот на архитектурата претрпел промени и во доцновизантиски период што може да се види од фрагментарно сочуваните фази на градење со камен и тула, но врз основа на исламските елементи како значајни архитектонски обележја, оваа мала и навидум едноставна црква, претставува вреден споменик на културата и се вбројува во редот на кумановските цркви од поствизантиски период, така што може да се датира од XVI или почеток на XVII век, кога во кумановскиот крај постоела зголемена црковна градителска дејност.

Стариот **живопис** е доста оштетен, и го има само на одделни места. Поради стеснетиот простор на црквата, не биле насликани вообичаените празнични композиции во наосот и сцените со евхаристично и литургиско значење во олтарот, туку акцентот бил ставен на медалјоните,

честа појава во црквите од турскиот период. Па така, и овде, во темето на источниот ѕид во олтарскиот простор, во кружни медаљони се насликани попрсја на апостолите св. Петар и св. Павле, а нивниите пандани, апостолите и евангелистите св. Марко и св. Матеј, се насликани во темето на западниот ѕид на наосот. Во олтарската апсида е насликана Богородица Оранта, а во проскомидијалната конха, северно од апсидата, допојасие на Исус Христос. На јужниот ѕид во наосот, во првата зона, од исток кон запад се насликани фигури на светители во цел раст: св. Никола, св. Прохор Пчињски, српскиот крал Стефан Дечански, и св. Илија. Фигурата на српскиот



Стефан Дечански и св. Илија, јужен ѕид, наос
Stefan Dechanski and St. Elijah, south wall, nave



Богородица Милостива, над западен влез
Holy Virgin Eleussa, above west entrance, 1952

крал Стефан Дечански е идентична со иконата на платно од иконостасот на црквата Св. Петка во Руѓинце (1921), насликана од кумановскиот зограф Трајко Муфтински (1892 - 1963), во првата половина на XX век, кој работел и во другите преродбенски цркви од кумановскиот крај. На западниот ѕид во наосот, во првата зона, помеѓу влезот, како пандани, се насликани светите воини на коњ: *Св. Ѓорѓи ѓо убива змејоѿ (јужно),* и *Св. Димиѿрија ѓо убива буѓарскиоѿ цар Калојан (северно)*. На северниот ѕид од запад кон исток се насликани фигури на: архангел Михаил, св. Атанасиј, св. Василиј, и св. Јован. На сводот во наосот во кружен медаљон е насликан Христос Седржител,[410] а во олтарот Христос Старец на деновите - *Веѿхи Денми,* со зракест нимбус. Овде се забележува реставрација на одделни фрески, очевидно работени од раката на Муфтински, како што се фигурите на јужниот ѕид, Стефан Дечански и св. Илија, и двете композиции на западниот ѕид во наосот, *Св. Ѓорѓи* и *Св. Димиѿрија на коњ*.

Во 2008 година, старите фрески се покриени со нови, по иницијатива на местното население. Црквата долго време немала иконостас, а сега има нов, висок иконостас од дрво, со три реда на икони и мал крст на врвот со сликано *Расӣеӣие*, изработен во 2009 година, заедно со престолните икони и неколку празнични икони. На иконостасот, во првата зона се насликани допојасни престолни икони, од север кон југ: Богородица Елеуса (патрон), Богородица Одигитрија, царски двери со сликани Благовести, Исус Христос Вседржител и св. Јован Претеча, и неколку празнични икони во горните две зони со помали димензии од престолните, кои сé уште не се целосно изработени. Иконите и најновите фрески со фигури на светители и светителки во цел

[410] Крстиќ С., 2011, 20;

раст во првата зона, и ликови во медаљони, од 2008 и 2011 година, ги изработиле кумановските ликовни уметници, сопружниците Вера и Јован Тодоровски, кои ги работеле и престолните икони за манастирот Забел.[411] Сепак, црквата Св. Богородица Милостива во Студена Бара по својата архитектура спаѓа во групата на споменици од поствизантискиот период.

## СВ. БОГОРОДИЦА ВО ПЧИЊА

Селото Пчиња се наоѓа јужно во општината Куманово, 15 км. оддалечено од градот, во средното сливно подрачје на реката Пчиња, на локалниот пат Куманово - Пчиња.[412] Црквата Св. Богородица се наоѓа во средината на селото, лево од реката Пчиња и северно од селскиот мост, на една височинка, и преку повеќе бетонски скали се стигнува до црквата, во подножјето на



Св. Богородица во Пчиња северозападна фасада, XVI/XVII век
Holy Mother of God in Pchinja, north-east facade, XVI/XVII century

селските гробишта. Јован Трифуновски ја споменува како црква посветена на Раѓање на Богородица во селото Пчиња, кое припаѓа на селата од сливното подрачје на реката Пчиња. Прв, во науката, оваа црква ја споменува К. Петров како недоистражена, неидентификувана и непроучена средновековна црква.[413] Црквата Св. Богородица претставува мала еднокорабна градба со правоаголна основа и полукружна апсида на исток. Од северната, и делумно од источната фасада, се гледа дека е градена од кршен камен во комбинација со тесни тули вертикално и хоризонтално поставени, по целата површина, без некој ред и симетричност, а другите две фасади се малтерисани. Се гледа дека црквата во различни временски периоди доживувала промени. Според начинот на изградбата, оваа црква припаѓа на поствизантискиот период од XVI или XVII век.

---

[411] При теренски истражувања на авторот во јуни 2011 година, и податоците добиени од натписот на македонски јазик, кој се наоѓа на јужниот ѕид под прозорецот се дознава дека во 2008 година, од страна на местното население е извршено целосно реновирање на црквата, на архитектурата и на живописот. Имено, црквата е малтерисана комплетно од надвор и од внатре, така што денеска се покриени и онака малкуте стари фрески, кои беа мошне оштетени, а се насликани нови, во 2008 и 2011 година според нарачките на жителите од селото. Фотографиите од архитектурата и живописот во оваа монографија, се направени, исто така со теренските истражувања на авторот во 2006 година;

[412] Трифуновски Ј., 1964, 51; Панов М., 1998, 248;

[413] Петров К., 1954, 9, Т-III;

Поради местоположбата, има напукнувања по целата висина на источната фасада и затоа е потпрена со две трапезни контрафори ѕидани од камен, на северната и североисточната страна изградени во поствизантиски период. Последни доградби се направени во преродбенскиот период, во средината на XIX век, кога од западната страна е доградени покриен трем изѕидан од камења, а од јужната страна отворен дрвен трем со колонада од дрвени столбци (греди), на долниот крај заштитени со ниска дрвена ограда (тараби). Црквата е покриена со двосливен покрив од ќерамиди. Нема отвори, освен единствениот влез на западната страна и тесен вертикален засек на апсидата. Над западниот влез се наоѓа лунета, бело малтерисана. Недостасува фреската со ликот на патронот на црквата, посветена на *Мала Богородица*, односно *Раѓањето на св. Богородица.* Внатре, црквата е полукружно засведена. Дебелината на ѕидовите изнесува 100 см. Првобитниот под од камени плочи не е сочуван, денес е бетониран. Северниот и јужниот ѕид е разбиен со по една слепа полукружна ниша, поставени една наспроти друга, како што се сретнува во кокинскта



Престолни икони: Св. Никола, Св. Богородива, Исус Христос Вседржител и Јован Крстител, XIX век
Throne icons: iconostasis, St. Nicholas, Holi Virgin, Jesus Christ Omnipotent and John Baptist, XIX century

и мургашката црква. Источниот ѕид во олтарот е разбиен со централна апсида, северна мала проскомидијална конха, и јужна, ѓакониконска мала квадратна ниша. Во ѓакониконската ниша е сочувана сликана геометриска декорација со дијагонално вкрстени црни, црвени и жолти брановидни линии, како во Стрезовце, единствениот фрагмент од старото, поствизантиско сликарство од XVI или XVII век. Стариот *живопис* е целосно покриен одозгора со нов, кој според црковно - словенскиот натпис над западниот влез, е обновен во Преродбата, во 1869 година. Новото сликарството е речиси идентично со некогашните стари фрески во црквата во Студена Бара, денес малтерисани, и е мошне оштетено. Во олтарската апсида е насликана Богородица Оранта со Христос на градите и *Поклонението на Христос Агнец*, а во малата проскомидијална конха е насликан Христос жртва во *Деисисна варијанта.* Северно од конхата е насликан допојасно св. Спиридон. Во наосот, на северниот и јужниот ѕид се распоредени фигури на свети војници, допојасни старозаветни пророци, а на сводот, од запад кон исток се насликани: св. Јован Претеча, Исус Христос Седржител, и во олтарот, отецот св. Сава. Се работи за доста грубо сликарство, затоа треба итно да се отстрани и да се открие првобитното, кое за жал, денес е покриено.

Пчињската црква има нов иконостас изработен во периодот на Преродбата, истовремено со ѕидното сликарство. Се состои од три реда на икони и царски двери во плитка резба, кои потсетуваат на дверите од мургашката, довезенската и колицката црква. На дверите, во средината во овални медаљони се насликани минијатурни фигури на св. архангел Гаврил, на северното, и св. Богородица, на јужното крило, од дводелната композиција Благовести. На иконостасот, во првата зона се насликани допојасните престолни икони (50 x 80 см), од север кон југ: св. Никола, фиксирана на северниот ѕид, архангел Михаил на проскомидијалната врата (70 x 43 см.), св. Богородица Одигитрија, северно од дверите, па следува Христос Вседржител, и св. Јован Претеча на

ѓакониконската врата, јужно од дверите Во втората зона се насликани 13 минијатурни празнични икони (25 x 38 см.), главно на апостолите: св. Симеон, св. Филип, св. Вартоломеј, св. Тома, св. Лука, св. Јаков, Исус Христос, св. Марко, св. Петар, св. Павле, св. Матеј, св. Јован, и св. Андреј, а во третата шест празнични, исто така минијатурни икони (16 x 24 см.), групирани во две групи од по три икони, од север кон југ: Крштевање Христово, св. Илија (?), и Раѓање Христово, северно од Големиот крст, втората тројка: Вознесение Христово, Воскресение Христово, и *Св. Троица*, јужно од Крстот. Иконите од последната тројка се работени од истиот зограф, кој го работел живописот во Винце, во 1875 година. Останатите икони, на кои се забележува едно квалитетно сликарство во однос на фреските, ги изработил Хаџи - Костадин зограф од Велес во 1873/74 година, кој работел во повеќе кумановски цркви, Св. Никола во Куманово, Св. Никола во Винце, Св. Параскева во Мургаш и Св. Никола во Колицко.



Празнични икони, иконостас, детаљ, XIX век
Festive icons, iconostasis, detail, XIX century

Внимание привлекува една подвижна икона, закачена на северниот ѕид на наосот, блиску до иконостасот. Се работи за икона на Богородица со Христос, во цел раст, изработена во техниката масло на платно, со димензии 141 x 74 см.[414] Иконата е оштетена на горниот крај, кај лицето на Богородица, малку искината. Богородица е покриена со бела наметка на главата, облечена во долго црвено здолниште, покриено одозгора со темнозелен мафорион со видливи набори при спуштањето надолу и кај свитканите раце. Со десната рака го држи малиот Христос на градите, а во левата малку поспуштена рака, држи затворено евангелие. На долниот крај, се гледаат босите нозе на Богородица врз свитканото тело на една дебела змија со зелена боја и испружен јазик, смотана врз жолтеникаво подножје во вид на млада месечина (месечев срп), чии остри и свиткани краеви се свртени нагоре, потпрена врз земјина сфера. Месечината и змијата се симбол на Земјата, гревот и смртта. Малиот Христос е облечен во бел хитон, од кој ѕиркаат босите нозе, со главата потпрен до лицето на мајка му, а во десната рака држи долга, жолта бројаница која виси надолу. Инкарнатот на лицата е со светла розова боја, а површинита на позадината е чиста, решена со пастелна окер боја, на места со сиви нијанси. Овој тип на Богородица припаѓа на барокниот иконографски тип *Богородица Безгрешна* (Immaculata), кој настанал врз основа на учењето на Римокатоличката црква за нејзиното безгрешно зачнување (Immaculata Conceptio), формулиран под влијание на *Мариолошката побожност* уште во XII век. Особено е истакната во поново време, па таквото учење римскиот папа Пие IX го прогласил за догма во декември 1854 година, според кое Богородица е предодредена од почетокот на времињата да стане Мајка Божја, бидејќи за да стане Богородица, самата морала да биде ослободена од секаков грев и последица од *Прародниот грев*, што значи дека безгрешно е зачната. Слична икона со

[414] *Евидентирани кони ….*, 1987, 66;

Богородица Безгрешна, со малку поизменета варијанта се сретнува во црквата Св. Архангели во Сараево од Јанко Халкозовиќ (1760).[415]

Иконата Богородица Безгрешна, стилски припаѓа на *зрелиот барок од XVII век*, а потсетува на италијанското, фирентинско сликарството од високата ренесанса на XVI век, поточно на сликаната Мадона (Богородица) од Рафаело Санти во Сикстинската капела во Ватикан, а не е исклучено и влијанието на руското црковно сликарство. Ваквите Богородици со разубавено лице Димитар Андонов Папрадишки (1859 -1954) ги слика во третата фаза од неговото творештво (1897 -1920), а најблиски аналогии кај нас, има со иконата на Богородица од иконостасот на Св. Димитрија во Скопје (1897) и нешто подоцна во Св. Ѓорѓи Кратовски во Кратово (1925). Сликањето на разубавените ликови на Богородица е резултат на посетатата на Д. Андонов во Дрезден, престојот во Русија, како и запознавањето со сликарството на Урош Предиќ во Србија.[416] Оттука, со сигурност може да се каже дека во пчињската црква работеле троица зографи.

На црквата Св. Богородица во Пчиња и се потребни конзерваторски зафати на целиот објект, заштита на архитектурата, како и откривање на старите фрески со што можеби ќе се открие прецизно датирањето на овој вреден споменик на културата во Македонија, кој е претставник на два значајни периоди од областа на историјата на уметноста, поствизантискиот за архитектурата, и преродбенскиот за иконописот.

[415] http://www.rastko.rs/rastko-bl/umetnost/likovne/srakic-ikone/srakic-ikone_bih_e.html, fig. 84; http://www.mother-god.com/blessed-virgin-mary.html; Јовановић М З., 2005, 71 - 73, 497; Безгрешно зачната без човечко семе, Дева Марија е вон пропаѓање од самиот почеток на своето битисување јавувајќи се како ново суштество без грев, облечена во единствена светост. За Римокатолиците ваквото учење е засновано на Божјиот план во подготовките за спасението, што е знак за човечкиот род за спасение. Станува збор за единствен однос кој Дева Марија го има со Исус Христос, Бог - син, и која треба да биде што повеќе сообразна со нејзиниот син. Таа сообразност произлегува, како од нејзиното безгрешно зачнување, така и од нејзиното вознесение на небото, со телото. Иако Римокатоличката теологија ја наведува православната традиција (Јован Дамаскин, Герман Цариградски, Андреј Критски, Модест и Софрониј Ерусалимски), православната црква не ја прифатила оваа доктрина. Прифаќањето на барокната иконографија и различните предлошки на темата: *Безгрешно зачетие* се јавува во ново време во православното сликарство: Богородица стои на полумесечина (месечев срп) - протолкувана како симбол на Земјата, гревот и смртта, а понекогаш стои и на земјината сфера често обвиена со змија која ја гази, што е во склад со стихот од дванаесеттата глава на *Откровението на Јован Богослов*: Жена облечена во сонце и месечина, во раката држи крин, симбол на нејзината чистота, а под нејзините нозе змијата во челуста може да има јаболка, симбол на гревот на Адам и Ева, направен во Едемската градина;

[416] Николовски А., 1984, 93 - 98;

## IV. ЦРКВИ ОД ПРЕРОДБЕНСКИ ПЕРИОД (XIX И ПОЧЕТОК НА XX ВЕК)

Укинувањето на Охридската автокефална архиепископија во 1767 година е многу значајна за автономното население и влијае врз културниот живот во Македонија. Економските промени предизвикани од внатрешни и надворешни политички настани придонеле уметноста од овој период да тргне по поинакви патишта. Со распаѓањето на постоечките феудални односи и слабеење на турската власт, доаѓа до миграцијата од село в град и се создаваат услови за развој на градски населби, главно со македонско население. Постепено се формира млада граѓанска класа, се буди националната свест, која заедно со занаетчиите и трговците ќе влијае на културно - уметничкиот и просветен живот во тоа време. [417]

По укинување на Пеќската архиепископија во 1766 година, Скопската митрополија потпаднала под јурисдикција на Цариградската патријаршија. Во духовниот, како и во економскиот и просветниот живот, XIX век битно се разликувал од претходните периоди. Откако со Ѓилханскиот хатишериф потпишан на 3 ноември 1939 година од султанот Абдул Меџид (1839 - 1861) биле добиени дозволи за градба на цркви, за 30-тина години македонскиот народ го направил тоа што не го постигнал можеби ни за четири века пред тоа, кога се изградени соборните цркви скоро во сите македонски градови (Скопје, Куманово, Велес, Штип, Кратово, Крива Паланка, Битола, Прилеп, Струга, Тетово и др.), кои освен за верски потреби биле градени и за културно-просветна дејност.[418] Не само по градовите, се граделе цркви и по селата, ширум Македонија. Во кумановскиот крај се изградиле или обновиле цркви во Кокошиње, К'шање, Живење, Градиште, Бељаковце, Руѓинце, Никуљане, Орашац, Колицко, Винце и др. Тоа значи дека градежната дејност се одвивала во рамките на обновување и слободно ѕидање на нови цркви и станбени објекти по углед на средновековните примери.

Со создавањето на Егзархијата (бугарска црква), во февруари 1870 година, по потпишаните истилијами, Скопската епархија влегла во рамките на спомենатата црква. Градовите во Скопската епархија, меѓу кои и Куманово, биле изложени на црковно двовластие, но и на активности на странските црковни и национални пропаганди. Народот бил против грчките владици и во прво време еден дел ја подржувале Егзархијата бидејќи била словенска црква и требала да биде православна црква на бугарскиот и македонскиот народ, а еден дел за Патријаршистите (српската црква), така што останал рамнодушен, сé до 1873 година. Македонците брзо увиделе дека Егзархијата е туѓа, бугарска црковна институција, тоа особено ќе дојде до израз кога Егзархијата и Патријаршијата ќе поведат акција за поделба на македонските епархии. Во 1874 година во Скопје е назначен првиот егзархиски митрополит Доротеј, кој претходно бил патријаршиски митрополит во Ќустендил (Скопје и Врање), а егзархиски, бил Кирил. Во градот Куманово полни 27 години црквата Св. Никола била под егзархиска управа (1870 - 1897), а под патријаршиска била црквата Св. Троица во Куманово (1902 - 1912).

Прв митрополит, кој се судрил со српската и бугарската пропаганда бил скопскиот митрополит Теодосиј Гологанов (1846 - 1926), кој за митрополит на Скопската епархија бил назначен на 30 јули 1890 година. Во тоа време грчкиот митрополит Пајсие протестирал против доаѓањето на егзархискиот владика. Гологанов се залагал за осамостојување на Скопската епархија и ги направил првите чекори за возобновување на Охридската архиепископија, за своја македонска православна црква. Престојувал и во градот Куманово, на 26 октомври 1890 година и одржал богослужба во црквата Св. Никола во Куманово, на 7 ноември 1890 на денот на христијанскиот празник *Св. Арханѓел* (денес се слави на 21 ноември). Се обидел за изменување на егзархиските закони и се спротивставувал на ширењето на српската, грчката и бугарската пропаганда. Во тоа време во Куманово прв митрополитски намесник, епитроп и *владикин векил* бил иконом Димитрија (1794 - 1880), именуван од скопскиот митрополит Гаврил. Скопската епархија станала центар на борбите за македонската граѓанска класа, за црковни и национални права.[419]

---

[417] Матковски А., 1969, 295 - 296;
[418] Лапе Љ., 1969, 31 - 37;
[419] Хаџи Васиљевић Ј., 1909, 489 - 511; Стојановски А, 1969, 253 - 255; Богдановска З., 2002, 159 - 182;

За време на Првата и Втората светска војна, Скопската епархија се наоѓала под српска и бугарска црковна управа. По Втората светска војна на Вториот црковен собор во 1958 година била обновена Охридската архиепископија како Македонска православна црква (МПЦ) со седиште во Скопје, но која и понатаму останала во канонско единство со Српската православна црква, сé до 17 јули 1967 година, кога е возобновена автокефалноста на МПЦ. На 8 септември 1970 година со Одлука на Синодот на МПЦ, Кумановската парохија се одделува од Скопската епархија и влегува во состав на Полошко-кумановската, во која се наоѓа и ден денес.[420]



Св. Никола во Куманово - Стара црква, југоисточна фасада, 1851 година
St. Nicholas in Kumanovo - The Old church, south-east facade, year 1851

[420] Димевски С., 1989, 557 - 568; Тодоровски Ж, 2007, 72-74; Во февруари 1945 година, во Скопје се одржал Првиот црковно - народен собор, при што претставници од домородното македонско свештенство и верници - делегати од македонскиот народ, донеле одлуки за формирање на Иницијативен одбор за организирање на МПЦ. Во 1958 година во Охрид, од 4 до 6 октомври, се одржал Втор црковнонароден собор, на кој била донесена Одлука за обнова на Охридската архиепископија и создавање на МПЦ, кога бил избран и првиот архиепископ, поглаварот, г.г. Доситеј. На тој Собор бил донесен и Уставот на возобновената Охридска архиепископија како МПЦ, според кој градот Скопје станал седиште на МПЦ. И покрај издвојувањето во посебна македонска црква и понатаму останала во канонско единство со Српската православна црква. На 17 јули 1967 година, на Третиот црковен собор во Охрид е возобновена автокефалноста (независноста) на МПЦ во чиј состав влегувале 6 епархии. На 8 септемри во 1970 година со Одлука на Синодот на МПЦ, се додаваат уште две нови епархии: Дебарско - кичевска и Полошко - кумановска. Кумановската парохија се одделува од Скопската епархија и влегува во состав на Полошко - кумановската епархија, на чие чело се наоѓа владиката Кирил, во чија епархија влегуваат тетовските, гостиварските, кумановските, кратовските и кривопаланечките црковни парохии. Скопската епархија се одделува како посебна епархија. Така, денеска во МПЦ егзистираат 10 епархии: Скопска, Полошко-кумановска, Дебарско - кичевска, Брегалничка, Повардарска, Преспанско - пелагониска, Струмичка, и трите епархии во дијаспората: Европска, Американско - канадска и Австралиско - новозеландска;

Градителската уметност во Кумановско, добива поголем замав во 40 - тите и 50 -тите години, а особено во 80 - тите и 90 - тите години на XIX век. Црковната архитектура се менува радикално. Се градат големи, високи, широки и пространи христијански храмови од грижливо делкан камен, а фасадите добиваат профилација и скромен пластичен украс. Тоа се трокорабни базилики без куполи, ретко со една или повеќе, кај некои со нагласен трансепт (попречен кораб) при што се одбележува впишан крст. Карактеристично е што тоа се лажни базилики бидејќи столбовите и сводовите не се од камен, туку од дрво, премачкани со гипс во мермерен сјај, а после се декори-рани. Се користат искуства од новото европско градителство по углед на ренесансните и барокни примери. Градбата на овие цркви го означува новото време во развојот на архитек--турата во Македонија и се поврзува со преродбата во Македонија. За црковната архитектура од преродбенскиот период е карактеристично тоа што на западната, северната и јужната страна се појавуваат галерии на кат за жени, што порано не било случај. Источниот ѕид е нагласен со троделен исфрлен олтар, три апсиди од кои една е централна, северно од неа проскомидијална, а јужно ѓакониконска апсида. На западниот, јужниот и на северниот ѕид се наоѓа отворен трем со колонада од аркади. Камбанаријата не е одвоена од црквата и обично се наоѓа на западната страна, над нартексот. Куполите се декорирани, а што е карактеристично најчесто се лажни (слепи), ѕидовите се ретко масивни, а за нивно зацврстување се уфрлуваат железни или дрвени запреги за да го разбијат притисокот на бочните страни. На фасадите се наоѓаат барокни елементи во вид на венци како плетенки, комбинирани со релјефно изработени претстави на животни и луѓе, како и со слепи арки. Горните конструкции не се од тврд материјал, туку од дрво и малтер.[421]

Црковната архитертура од XIX век може да се третира како последна фаза на средновековната црковна архитектура во Македонија и воопшто на Балканот. Типичен претставник на преродбенскиот период во Куманово е црквата Св. Никола од 1851 година, во градот позната како Стара црква изградена од тајфата на Андреја Дамјанов (1813 - 1878) од Папрадиште, Велешко. Дамјанов изградил повеќе соборни цркви во Републикава и надвор од неа, во Р. Србија и Босна и Херцеговина. Тој се угледал на ренесансни и барокни примери како и на исламската архитектура, со извонредни познавања на конструктивни сложени процеси на изградба и смелост во проектирањето, што ќе му овозможи ослободување на стегите на традицијата и освојувањето на просторот, кој во својата предимензионираност ги оцртува границите на новоосвоениот простор на духот.[422] Преминот од приземни поствизантиски цркви вкопани в земја до монументални градби, претставува маркантен белег на силата на младата македонска граѓанска класа.

Внатрешната декорација на црквите се состоела од украсување на црквите со фрески, кои продолжуваат во духот на доцновизантиското сликарство. Новите движења во уметноста превземени од Европа, соседните земји и од Русија ќе бидат пренесени во Македонија со што ќе се збогати домашниот ликовен репертоар со нови ликовни идеи и содржини со теми инспирирани од животното секојдневие и фолклорот (Кокошиње, Живење и К'шање). Хуманизацијата и идеализација на ликовите, материјализација на предметите, интересот за решавање на просторот и волуменот во просторот се детерминанти кои ќе ги изведат од сакралната иконосфера.[423] Религиозни сцени со нагласена волуминозност се сретнуваат во Св. Атанасиј во Кокошиње, Св. Илија во Живење и во истоимените цркви Св. Никола во Винце и К'шање.

Анонимноста од средниот век целосно се напушта. И градителите и зографите и иконописците и копаничарите работат во тајфи (група мајстори) и ги испишуваат своите имиња како и имињата на семејството. Еден од најпознатите зографи и иконописци од тоа време е Димитар Крстев(иќ) - Дичо Зограф (1819 - 1872) од мијачкото село Тресонче, Дебарско. Тој создал своја Ерминија во 1844 година, ја превел од грчки јазик, и по неа сликале речиси сите зографи во XIX век. Оригиналната ерминија со димензии 16 x 23 см., составена од 194 листа се наоѓа во Музејот во Видин, Бугарија. Значајна новина во творештвото на XIX век, по углед на Дичовата ерминија, е сликањето на нови, невообичаени сцени од Новиот завет, кои се сретнуваат токму во Преродбата,

[421] Коцо Д., 1978, 5 - 7; Величковсли В., 2002, 189 - 190;
[422] Грчев К., 1998, 25 - 33;
[423] Величковски В., 2002, 192 - 193;

а тоа се сцените со *Катапетазма*, *Исповедување на светата тајна (Исповедање кај духовникот),* и *Коло на животот*, зографисувани од него и од неговите следбеници: неговиот син Аврам Дичов, потоа Јосиф Радев, Петар Николов, Димитар Андонов - Папрадишки, итн. Делото на Дичо Зограф е забележано во повеќе цркви во Македонија, Бугарија, Грција и Албанија.[424] Меѓу другото, иако во помала мера, творел и во кумановскиот крај, ги изработил престолните икони за црквите: Св. Никола во Куманово и за манастирот Забел во Никуљане (1857/58), заедно со неговите ученици и соработници, Вено Костов од Галичник, Јосиф Радев(иќ) од Лазарополе (1830 - 1910),[425] Зафир Василев(иќ) од Дебар, и Никола Михајлов од Крушево (старите фрески и неколку икони за Старата црква во Куманово, и престолните икони во жегљанската црква). Еден од позначајните зографи кој изработил престолни и празнични икони за иконостаси во повеќето ку-



Св. Троица во Куманово – Нова црква, 1902 година
Holy Trinity in Kumanovo, The New church, year 1902

мановски цркви од 1855 до 1875 година е Хаџи - Коста(дин) Крстев од Велес (две престолни икони од 1855 година за Св. Никола во Куманово) и престолните икони за црквите во Мургаш, Винце, Пчиња и Колицко од 1872/73 година), а ги изработил и фреските во Св. Никола во Колицко во 1872 година. Во втората половина на XIX и почетокот на XX век твореле браќата Атанас (Наце) и Петар Николови од Велес, на иконостасите во Св. Никола во Стрезовце (1893), Двојната црква во Сув Орах (1893), Св. Никола во Бељаковце (1901 година), во параклисот на Св. Петка во Пезово (само Петар, 1890 година), потоа на фреските во манастир Карпино (1892), Св. Ѓорѓи во Жегљане (1893), на дел од фреските во Стрезовце и Бељаковце (само Атанас, 1901 година). Иако ретко, се сретнува и името на Вено Илиев од родот Илиеви од Тресонче, кој се потпишал на по една икона

[424] Василиев А, 1965, 183; Балабанов д-р К., 1973, 10 - 17; Алексиев Е, 1997, 8 - 52; Грозданов 2007, *Нови прилози за културата и уметноста од XIX век во Западна Македонија*, op.cit. 432 - 446; Цветковски С., 2007, 218 - 219;
[425] Цветковски С., 2008, 28 - 51;

од иконостасите на Св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричино[426] и Св. Никола во Орашац. Сосема на крајот од XIX век, во 1898 година творел Јосиф Радев, на фреските во Св. Илија во Никуљане и Св. Петка во Пезово. Ги насликал сите икони за иконостасот во Св. Илија во Никуљане, неколку престолни и празнични икони за манастирот Карпино и Св. Петка во Пезово, како и една подвижна и двете икони на страничните врата од иконостасот на Св. Никола во Орашац. Во овој период творел и последниот македонски зограф Димитар Андонов (1859 - 1954) од Папрадиште, Велешко. Освен во Македонија (Скопје, Куманово, Крива Паланка, Кратово, Охрид, Дебар, Струга, Велес и др.) творел во Србија и Албанија. Во кумановскиот крај, во 1886 година работел фрески и икони за црквите: Св. Атанасиј во Кокошиње, Св. Илија во Живење и Св. Никола во К´шање, заедно со Петар Николов од Велес (1850 - 1921) од Рензовкиот род на градители, зографи и копаничари.[427]

Во ликовната уметност од XIX век првпат се појавува граѓанскиот портрет. До овој момент, интересот за профани мотиви е тенденција што се остварува во рамките на црковното сликарство. Портретите на видни граѓани, на напредни трговци, на познати револуционери и претставници на турската власт, на старите српски кралеви, цареви и кнезови, една цела плејада од ликови ќе застане пред историјата, со надеж дека ќе ја зачуваат вистинската слика на сопственото, неповторливо постоење. Сликањето на српските кралеви, цареви и кнезови, се поврзува со политичките прилики и релации на кнежевството Србија, а како образец на зографите им служела втората ерминија на Дичо Зограф, која ги содржела списите за *Старите српски кралеви и цареви,* позајмени од *Стематографијата* на Христифор Жефарович од 1741 година.[428] Во Кумановско, ги има застапено на фреските и иконите во црквите: Св. Никола во К'шање, манастирот Бељаковце, Св. Никола во Дрен'к, Св. Троица во Куманово и Св. Петка во Руѓинце.

Зографите на портретите пристапуваат посредно, преку туѓи ликовни искуства и влијанија, чии модели се најчесто преземени од европското сликарство. Што се однесува до интерпретацијата, често е на рамниште на провинциски вкус на нарачателите, сé до појавата на македонската современа уметност. Овие преодни моменти на напуштање на сакралната уметност, употребата на пејзажот и портретот и есенцијалните композиции во кои се отсликува стварноста се совпаѓаат со еден од најсудбоносните периоди во македонската историја кога културно-просветната дејност преминува во националноослободителна војна. Се чувствува академски реалистички приод кон сликарството со грижлива обработка на деталите, и со карактеристични црти на ликовите.[429]

Во XIX век акцентот паѓа на изработка на високи и репрезентативни иконостаси, кои стануваат најмонументалниот и најдекоративен објект на православната црква, целосно покриени со икони во четири до пет хоризонтални реда, со царски двери на дното и Голем крст со сликано Распетие на врвот, во длабока резба, што значи дека иконописот значително го потиснува живописот. Освен иконостаси, во длабока резба со позлата се изработуваат владичките престоли и амвоните од ореово дрво. Во Македонија најрепрезентативни иконостаси се изработени од најпознатите македонски копаничари од мијачката школа на Петре Филиповски - Гарката и браќата Марко и Макарие Фрчковски, кои во ажурната резба, со *сцените од Стар и Нов завет* внеле човечки фигури со елементи од народниот живот, домашна народна носија, растителни и животински претстави, со кои им дале една локална боја со особена привлечност.[430] Во кумановскиот крај најрепрезентативен е иконосатсот на Св. Никола во Куманово од шестата и седмата деценија на XIX век, дверите и крстот со драконите во резба со позлата, како и амвонот и владичкиот престол во резба, потоа царските двери во ажурна резба во Кокошиње, Живиње и

426 Василиев А., 1965, 226;
427 Николовски А., 1984,325 - 326; Василиев А., 1865, 154;
428 Чокревска - Филип Ј., 2009б, 108 - 109;
429 Алексиев Е., 1995, 174 - 204;
430 Ќорнаков Д., 1986 , 33; Личеноска З, 1960, 99 - 125; Лапе Љ., 1969, 40 - 42; Грозданов Ц., 1995, 191 - 208; Високата резба на иконостасите од споменатите копаничари се сретнува во манастирот Св. Јован Бигорски од 1830/40 година, во Св. Спас во Скопје од 1819/24 година и во Лесновскиот манастир од 1811/14 година ;

К'шање од 1886 година.[431] Во втората половина на XX век твори копаничарот Нестор Алексиев Мирчевски од Осој, Дебарско, потомец на Петре Филиповски - Гарката, кој ги изработил акротериите на врвот со Распетие Христово, дверите и владичкиот престол за кумановската црква Св. Никола, и дверите за црквата Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричино, од 1938/39 година.

Овие базилики од XIX век, не треба да бидат потценувани, туку напротив, и кај најруинираните цркви, битното, димензиите, просторноста и бараната сила, не е намалена. Тоа е елемент што најмногу треба да се проучува. Во него, и со него, можат да се видат многу невидени, нејасни работи, кои се мошне важни за психата на човекот од XIX век. Нивните вредности ќе го добијат своето место и ќе избијат на преден план во проучувањето на архитектурата во XIX век и ќе се постават во оној ред на наши споменици, кои неоправдано долго време биле запоставени.[432]



Св. Никола во Куманово, иконостас, XIX век
St. Nicholas in Kumanovo, iconostasis, XIX century

Во почетокот на XX век во Куманово, во т.н. Преоден период, твори еден од втемелувачите на профаното сликарство на македонската уметност и единствениот најдоследен следбеник на Димитар Андонов Папрадишки, Ѓорѓи Зографски (1871 - 1945) од Велес. Потекнува од Папрадишко - рензовскиот зографски род, 250 години подоцна, директен потомок од зографското семејство на Дамјан Јанкулов. Зографски се служел со Ерминијата од 1843 година на неговиот дедо Ѓорѓи Дамјанов. Првата заедничка работа со Д. А. Папрадишки ја започнал на иконостасот во црквата Св. Троица во Куршумлија, Србија (1902), а по две децении, и во Св. Ѓорѓи Кратовски во Кратово (1925).[433] Најверојатно, работел на дел од иконите од иконостасот за црквата Св.

[431] Андреиќ В, 2009, 77 - 87;
[432] Коцо Д., 1978, 7;
[433] Николовски А., 1984, 167; Ѓорѓи Зографски е роден 1871 година во Папрадиште, Велешко, од татко Јаков, мајстор градител, резбар и живописец. Се доселил во Велес во 1884 година. Зографскиот занает го учел од татко му. Повремено престојувал и живеел во Македонија, Србија, Русија и Бугарија. Успеал да ја

Троица во Куманово (1903). Во овој Преоден период мошне значајно е и творештвото на веќе споменатиот последен македонски зограф и прв современ сликар, Димитар Андонов Папрадишки. Тој ги изработил иконите за страничните врати на иконостасот (1908) и неколку подвижни икони (1937/38) за Св. Никола во Куманово, потоа фрески на сводот (1904), и икони за иконостасот (1903/08) на Св. Троица во Куманово, фреските на сводот и повеќето икони со дверите за иконостасот на Бељаковскиот манастир (1896/97 - 1901/02), а сам работел во повеќе цркви во Кумановско: ги изработил сите икони за иконостасот (1936) и единствената фреска во лунетата над влезот на западната фасада, со патронот на црквата (1939) во Св. Троица во Четирце,[434] сите икони за иконостасот (1936) и две фрески (1938) во Св. Никола во Дрен'к, сите икони во манастирот Градиште (1937/38), и Св. Јован Отсечен во Режановце (1949).[435]

Во средината на третата деценија на XX век, во Куманово се појавуваат уште две имиња во црковното сликарство. Едниот, исто така, еден од првите македонски современи сликари, Димитар Пандилов Аврамовски (1898 - 1963), и другиот, неговиот чичко Крсто Аврамов (1866 - 1939), син на Аврам Дичов (1840 - 1923), и внук на Дичо Зограф, кои работеле заедно икони за иконостасот на Св. Петка во Бедиње (1926).[436]

Во третата и четвртата деценија на XX век, твори првиот кумановски зограф и иконописец Трајко Муфтински (1892 - 1963), сé уште недоволно познат во науката. Главно, сликал икони за иконостаси, поретко фрески, портрети и фигури на ликови од христијанската религија за што говорат стотината дела, сопственост на Н.У. Музеј - Куманово.[437] Работел фрески и икони за повеќе иконостаси во кумановските цркви и тоа во периодот меѓу двете светски војни (Бељаковски манастир, Св. Богородица во Студена Бара, манастир Карпино, Св. Никола во Рамно, Св. Илија во Орашац, Св. Петка во Пезово и Св. Петка во Руѓинце, а работел и надвор од Републиката, во манастирот Прохор Пчињски, Р. Србија). Во седмата деценија на XX век, зографот Крсте. Р. Колоски од Скопје, работел фрески за двете кумановски цркви Св. Никола и Св. Троица (1968 -1972).

Голем број на цркви биле обновени или изградени во периодот *Меѓу двеѿе свеѿски војни*, кои нема да бидат разгледувани во овој монографски труд. Главно, тоа се еднокорабни цркви со издолжена правоаголна основа, со двосливен покрив без куполи, и камбанарија вградена над покривот од западната страна: Св. Петка во Бедиње (1925),[438] Св. Ѓорѓи во Куманово (1938), на десната страна од локалниот пат Куманово - Биљановце, наспроти градските гробишта, Св. Троица во Четирце (1939),[439] исти како и црквата изградена по Втората светска војна, Св. Јован во

---

создаде генеалогијата на Папрадишко - зографскиот род. Творел во Србија по нарачка на српските црковни власти (Нишката епархија) и едно време живеел во Ниш (1907 - 1912). Се вратил во Велес и таму живеел до крајот на животот. Втората фаза од творештвото (1913 - 1929) му е најплодна;

434 Василиев А., 1965, 207;

435 Николовски А., 1984, 42 - 105;

436 Димитровски В., 1993, 147; Пецов И, 2009, 48; Enciklopedija likovnih ..., MCMLIX (1959), 197; Василиев А., 1965, 189 - 190;

437 Атанасовски - Гарски Т., 1994, 129 - 131; Ликовните дела со религиозни теми се наоѓаат во ликовната збирка (во Уметничката галерија) на Н.У. Музеј - Куманово. Муфтински, гавно ги слика ликовите од христијанската религија, како старите српски кралеви и високи црковни достоинственици.;

438 Грчев К., 1998, 188, 192, сл. 5 - 6; Димитровски В., 1993, 147; Пецов И, 2009, 48; Црквата Св. Петка во Бедиње е изградена во 1925 година, а осветена во 1926 година. Истата година се изработени иконите за иконостасот од двајцата зографи Димитар Пандилов Аврамовски и неговиот чичко Крсто Аврамов, внук на Дичо зограф. Фреско-сликарството го изработил зографот и мозаичар Среќко Андоновски - Челик од Куманово, р. 1948 година, наставник во О.У. *Кочо Рацин* во Куманово, во 1992 година. Тој ги изработил и мозаиците во лунетите на јужната и западната фасада над влезот во 1992, 1993 и 2006 година.;

439 Грчев К., 1998, 188 - 193, сл. 7 - 8; Црквата Св. Троица во Четирце е изградена во 1939 година, чии некогашни бели фасади се целосно обоени со розова и темнорозова боја во означување на вертикалните и хоризонталните појаси на северната и јужната фасада, и малтерисување на внатрешните ѕидови, во 2011 година. Во мај и јуни 2012 година е живописана со нови фрески од фигурално сликарство на светители и светителки од христијанската религија, насликани во првата зона на наосот и олтарот, и бисти на маченици во медаљони во втората зона, од кумановските педагошки ликовни уметници, сопружниците Јован и Вера

Режановце (1956), и Св. Троица во Лопате (1940), Во групата еднокорабни безкуполни цркви со двосливен покрив, без вградена камбанарија на западната страна, односно со издвоена камбанарија спаѓаат: Св. Јован во Скачковце (1924), Св. Ѓорѓи Победоносец во Пелинце (1936),[440] Св. Димитрија во Бајловце (1938), Св. Мина во Проевце (1941), Св. Ѓорѓи во Коинце (1938), Св. Ѓорѓи во Арбанашко (1939/40) и Св. Јован во Длабочица (1939/40). Последните три цркви се со иста архитектонска диспозиција, градени од жолтеникав и сив кршен камен, сé уште немалтерисани однатре и од надвор, кои до ден денес не се целосно завршени, а немаат ниту иконостаси. Во овој период, треба да се споменат и куполните цркви со византиски влијанија: Св. Спас во Матејче (1939), триконхос со една купола, без живопис и иконостас, чија архитектонска диспозиција и основа е слична на манастирот Градиште (1868), и Вознесение (Св. Спас) во Романовце (1940) со развиен впишан крст во основата и со една октогонална купола.[441]

Во ова поглавје, ќе бидат третирани шеснаесет црковни споменици, од кои дванаесет се од XIX век (Св. Никола во Куманово, манастир Забел и Св. Илија во Никуљане, Градишки манастир, Бељаковски манастир, Св. Атанасиј во Кокошиње, Св. Илија во Живење, истоимените цркви Св. Никола во Винце, К'шање, Колицко и Орашац), и манастирот Св. Илија во Орашац, а четири до почетокот на третата деценија на XX век (Св. Троица во Куманово, Св. Петка во Руѓинце, и двете истоимени цркви Св. Никола во Дрен'к и Рамно).

## СВ. НИКОЛА ВО КУМАНОВО

Црквата Св. Никола во Куманово се наоѓа во центарот на градот, во некогашната Варош маала, и е подигната врз темели на постара и помала црква, која била повеќе од еден метар (со десет скали) под нивото на земјата. Започнала да се гради во 1847 година со дозвола од Високата



Св. Никола во Куманово, јужна фасада, 1851 година
St. Nicholas in Kumanovo, south facade, year 1852

Тодоровски. Иконите од иконостасот се изработени од Димитар Андонов Папрадишки во 1939 година. На 03 јуни 2012година, во очи празникот Св. Троица, црквата е осветена;
[440] Грчев К., 1998, 187, 190, сл. 1-2; Теренски истражувања на авторот во 2010/12 година;
[441] Ibid, 176 - 180, сл. 1 - 5, 239 - 243, сл. 1 - 5; Информациите се добиени од МПЦ, Полошко - кумановска епархија, од свештениците во црквата Св. Никола во Куманово;

Порта од Цариград.[442] Нејзин главен мајстор градител бил Андреја Дамјанов (1813 - 1878) од Папрадиште, Велешко, кој заедно со својата тајфа ја изградил во 1851 година. Во градот, оваа црква уште е позната и како Стара црква.

Зафатена од виорот на црковното двовластие во осмата деценија на XIX век, црквата Св. Никола во Куманово директно била изложена на туѓите пропаганди, така што наизменично секоја втора недела, во неа се изврѓувала богослужба, како од страна на бугарските егзархисти, така и од српските патријаршисти и грчките владици. Скопскиот митрополит Теодосиј Гологанов (1846 - 1926), на 25 јули 1890 година тргнал од Цариград и стигнал во Скопје на 30 јули. Бил по градовите низ Скопската епархија и секаде вршел измени по училиштата, т.е. ги менувал егзархиските наместници со домашни - Македонци, на што реагирале спроведувачите на трите пропаганди во Скопската епархија. Српскиот конзул Кариќ во Скопје и грчкиот Стурнази, дознавајќи ја маршутата на митрополитот Теодосиј, го натерале грчкиот митрополит Паисиј да оди во Куманово и таму да го наруши наизменичниот ред на богослужењето во црквата Св. Никола. Кумановските егзархисти се спротивставиле на ова, а митрополитот Паисиј ги обвинил пред скопскиот валија за бунт и со валиска дозвола ја натерал Кумановската патријаршиска црковно-училишна општина, од Портата да добие сопственост врз црквата Св. Никола. Преку Косовскиот вилает со седиште во Скопје, молбата била предадена на 17 октомври 1870 година. Без одговор на Портата валијата Ахмед Ејуб му наредил на кумановскиот кајмакам, да му забрани влегување во црквата на митрополитот Тедодосиј. На 26 октомври митрополитот Паисиј дошол во Куманово и служел богослужба во црквата, а на турската полиција и наредил да ги истера егзархиските попови и општинари од црковните канцеларии и повеќе да не ги пушта во црквата. Митрополитот Теодосиј Гологанов и покрај сите пречки одржал богослужба во кумановската црква, на 7 ноември 1890 на денот на христијанскиот празник *Св. Арханѓел Михаил*. Единствено во Куманово дошол во судир со српската пропаганда. Поради судирот меѓу егзархистите и патријаршистите, турските власти го вовеле поранешниот наизменичен ред во служењето богослужба на црквата од двете страни.[443] Полни 27 години црквата Св. Никола во Куманово главно била под егзархиска управа (1870 - 1897).[444] Речиси по две децении од Српско - турската војна од 1878 година, на 18 април 1897 година, целосно била предадена на Егзархијата.[445] Приврзаниците на Српската патријаршија во 1902 година изградиле друга црква на југозападниот крај од градот во Карап - маала, посветена на Св. Троица, денес позната како Нова црква.

Во тоа време во Куманово прв митрополитски наместник, епитроп и *владикин векил* бил иконом Димитрија Младеновиќ (1794 - 1880), именуван од скопскиот митрополит Гаврил. Иконом Димитрија е еден од главните ктитори на оваа соборна црква, потоа Крсто Путо и неговиот син Денко Крстиќ, првиот учител во Куманово, Рикановци, Шопкалинци, Борозанови, Стојан - Ангелинин, поп Нешо и Хаџи - Стојиљковиќ.[446] По Кумановската битка од 1912 година, овој соборен храм посветен на Св. Никола бил прогласен за српски, исто како и во Периодот помеѓу двете светски војни (1919 - 1940). За време на бугарската окупација во Втората светска војна (1941 - 1944), повторно е прогласен за бугарски. По завршувањето на Втората светска војна и ослободувањето на градот Куманово од фашистичкиот окупатор, на 11 ноември 1944 година, црквата Св. Никола, денес популарна како Стара црква, конечно припаднала на нашиот македонски народ, на кој отсекогаш му припаѓала.[447]

Црквата Св. Никола била изградена врз темели на помала црква, која била еден метар под нивото на земјата, и во неа се влегувало преку девет скали. Денес, таа претставува монументална, безкуполна *трокорабна* базилика со правоаголна основа и со три високи апсиди на исток. Централната највисока апсида е седмострана, а страничните малку пониски четиристрани, покри-

---

[442] Висока Порта е назив за тогашната Влада на Р.Турција;
[443] Димевски С., 1964, 109 - 142; Ibid, 1989, 565 - 567; Богдановска З., 2002, 168 - 170; Крстиќ С., 2012б, 4;
[444] Хаџи-Васиљевић Ј., 1901, 502-522 ; Масевски Д.- Арсовски М., 1996, 144 ; Тодоровски Ж, 2007, 72;
[445] Егзархијата претставува Бугарска православна црква, која во 1870 година е установена во Цариград.
[446] Хаџи-Васиљевић Ј., 1909, 46 - 47; Димевски С, 1989, 565 - 567; Масевски Д.- Арсовски М., 1996, 97 - 105; Богдановска З., 2002, 159 - 182; Крстиќ С, 2012б, 5-6;
[447] Тодоровски Ж, 2007, 72 - 74; Крстиќ С., 2012б, 6;

ени со турски ќерамиди. Црквата е градена од убаво обработени жолтеникави и сиви камени блокови, што може да се види од источната фасада, додека останатите три, денес се малтерисани со последните конзерваторски интервенции на архитектурата и покривната конструкција од 1994 до 1999 година од страна на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата. Од три страни на црквата се наоѓа отворен трем со колонада од аркади, а над нив во енетериерот на црквата е сместена Галерија на кат.[448] Така, од надвор се забележуваат три нивоа, од кои доминира централниот кораб, највисок, покриен со двосливен покрив од ќерамиди, додека второто ниво го претставуваат пониските страничните кораби покриени со едносливен покрив и третото најниско ниво, покривот над тремот. Северната и јужната фасада во долните партии под тремот е оживеана со по четири големи правоаголни отвори заштитени со железни транзени со растителни мотиви, а исто така и во горните зони со помали отвори. Оваа соборна кумановска црква по својата архитектонска диспозиција е аналогна со црквата Св. Пантелејмон во Велес од 1840 година и со Св. Богородица во Ново Село, Штипско од 1850 година, како и со Врањската иНиш-



Камбанарја, западна страна
Bell – tower, view from west



Источна фасада
East facade

ката соборна црква изградени од истиот мајстор градител.[449] Источната фасада е разбиена со четирилистни камени транзени во квадрат распоредени на сите три нивоа, какви што се сретнуваат на повеќе селски цркви и манастири во Никуљане, Бељаковце, Живење, Руѓинце и Градиште.

Црквата има три влеза, од западната, северната и јужната фасада. Над јужниот влез, кој најмногу функционира, под лунетата со патронот на црквата св. Никола Чудотворец, архиепископ Мирликиски, се наоѓа црковнословенски натпис за подигањето на црквата во 1851 година. Лунетата е порабена со полукружен венец потпрен врз минијатурни коринтски столбчиња на дното, фланкирана со конзоли од лавји попрсја. Малку погоре, источно од влезот, на ѓакониконот е врежана годината 1852, најверојатно времето кога на тој дел од јужната фасада биле насликани првобитните фрески, денес покриени. Над западниот влез во лунетата е насликан Исус Христос Вседржител, а покрај влезот се насликани светите архангели Михаил и Гаврил во цел раст. Троделниот украсен венец над западниот влез е еден од трите најукрасени релјефни венци со минијатурни фигури на архангел Гаврил и Михаил како чувари на храмот и две конзоли од лавовски глави на довратните пиластри, со човечки глави во нивните уста, симболичен приказ на

[448] Николовски З., 1989, 90 - 96; Крстиќ С., 2012б, 3 - 8;
[449] Грчев К., 1998, 32 - 33, сл.. 7, 9; Хаџи-Васиљевић Ј., 1909, 46; Крстиќ С., 2012б, 6-7;

пеколните маки на грешниците, сегмент на една од најдраматичните сцени од Страшниот суд.[450] Северно од влезот, над скалите за влез во камбанаријата се испишани повеќе имиња на дарители од 1861 година, исто така со црковнословенско писмо. Над северниот затворен влез, допојасно е насликана св. Богородица со Христос, исто така со полихромна релјефна декорација, конзоли со грифони, и дракони на врвот. Сите три лунети над трите влеза се украсени со богата архитектонска скулптурална декорација од зооморфни, флорални (палмети), антропоморфни и геометриски претстави. Аналогни се со релјефните фигури на архангел Гаврил и Михаил од западната фасада на Св. Богородица во Ново Село, Штипско (1850), со конзолите од животински глави на апсидата на Св. Јоаким Осоговски во Крива Паланка (1847/51) и со зооморфните претстави на српските цркви Св. Илија во Печењевац (1844) и Св. Апостоли во Туретовац (1845).[451]

На четирите агли од првото ниво, горе на трифориумот е изведена релјефна декорација со атрибутите на четирите евангелисти: на југозападниот агол фигура на лав (Марко); на северозападниот, ангел (Матеј); на југоисточниот орел (Јован); и на североисточниот, глава на теле (Лука).[452] Глави на овен со свиткани рогови во плиток рељеф ги красат аглите на ѓакониконот и проскомидијата. Декоративните решенија на фасадите имаат западно - европски елементи на барок и рококо, изведени во полихромија. Авторите на овие прекрасни скулптурални изведби на архитектурата со религиозни и митолошки претстави, збогатени со антропоморфни, зооморфни,



Полихромна камена декорација над западен влез
Decorative plastic of stone, above west entrance



Декорација над западен влез, преснимен цртеж
Decoration above west entrance, copy drawing

флорални и геометриски мотиви, се четворицата градежни мајстори од тајфата на Андреја Дамјанов, кој е еден од главните автори, заедно со другите троица членови од Рензовско-зографскиот род: Никола, Ѓорѓи и Коста, кои своите автопортрети (глави) изработени од боен камен, ги оставиле над четирите минијатурни столбчиња над западниот влез со најбогато украсен троделен венец (триптихон).

Трите апсиди и колонадата од покриениот трем биле украсени со полихромни хоризонтални венци од кафеава боја. На јужната фасада, на ѓакониконот, во горниот дел била насликана композиција со двајцата словенски просветители, св. Кирил и Методиј.[453] Над нив, во тимпанонот, под покривниот венец на ѓакониконот биле насликани бисти на троица светители во *Деисисна варијанта*, најверојатно Исус Христос, најгоре во средината, фланкиран со двајцата свети архангели, малку подолу, Михаил (лево) и Гаврил (десно). Денес овие сликани претстави се малтерисани. Октогоналната камбанарија е изѕидана над покриениот трем од западната страна, покриена со осмостран лимен покрив во форма на купола и крст на врвот, чии осум страни на тамбурот се разбиени со бифори. Со сигурност може да се каже дека изградбата на камбанаријата е завршена во 1935/36 година, во периодот *Меѓу двете светски војни*, пред почетокот на Втората светска војна.

[450] Хаџиева-Алексиевска Ј. - Касапова Е., 2001, 188; Крстиќ С., 2010а, 25 - 30, сл. 66 - 76; Eadem, 2012б, 6;
[451] Хаџиева - Алексиевска Ј. - Касапова Е., 2001, 88 - 89, 122 - 123, 171, 187 - 188;
[452] Николовски З., 1989, 95; Крстиќ С, 2010а, 29 , сл. 76;
[453] Хаџи-Васиљевић Ј., 1909, 46 - 47; Крстиќ С., 2012б, 3, сл. 1;

Ентериерот на црквата по должина има две колонади од по шест столбови, кои ги формираат трите кораби на храмот, од кои централниот доминантен кораб ги надвисува страничните, засведен со четири слепи куполи потпрени на пандантифи, додека страничните кораби се засведени со полукружен свод. Високите столбови во наосот и ниските столбчиња од колонадата во Галеријата на кат се со кружна основа премачкани со сјајна површина, со едноставни рамни четиристрани капители, освен на еден, североисточниот столб во наосот до иконостасот чиј капител е изработен во штуко - декорација со претстави од птици (орли) со раширени крилја на сите четири агли и вазна со цвеќе на северниот ехинус. Се гледа дека капителот не е целосно довршен. Галеријата на икони се наоѓа над покриениот трем на првиот кат, од три страни оградена со колонада од аркади на пониски столбчиња, а на вториот кат се наоѓа помала галерија само на западната страна од каде што се влегува во камбанаријата. Двете галерии се покриени со рамна дрвена таваница украсена во плитка резба од розети и геометриски форми. Подот на црквата е од мермерни плочки, кои на места формираат подни розети од разнобоен мермер. Ѕидовите се украсени со стари и нови фрески.[454]



Раѓање Христово, проскомидијална ниша, 1852
Birth of Christ, conch in the anaphora, year 1852



Раѓање на св. Никола, западана купола, 1852
Birth of St. Nicholas, west dome, year 1852

*Старите фрески* од 1852 година се распоредени во централниот кораб, на сводните површини и тоа во четирите слепи куполи. Светото Тројство е насликано во источната калота во олтарот, потоа кон запад, во наосот се редат: Исус Христос Пантократор со сцени од *Небеската литургија* и четирите евангелисти на пандантифите; св. Богородица Оранта со малиот Христос на градите, збогатена со ликови на творци од Богородичината химна "О, тебе радует се", каде одделни илустрации меѓусебно се разделени со фронтални фигури на ангели, а на пандантифите се насликани четири попрсја, на св. Јован Дамаскин, св. Андреј Критски, св. Теофан Песнотворец и св. Козма Поет. Во ѕидното сликарство од XIX век во Македонија се познати само уште два прмери од Богородичината химна и тоа со редуцирана варијанта, во западната калота на црквата Св. Богородица Каменско во Охрид од 1863, и во темето на куполата на манастирот Трескавец, од 1849 година, кои се разликуваат во повеќе аспекти, таму св. Богородица Оранта е насликана заедно со св. Троица.[455] Во западната, четврта калота, е насликан патронот на црквата, св. Никола. Под допојасниот лик на св. Никола во архиерејска одежда, во нискиот тамбур и на пандантифите се насликани четири сцени од неговиот животот, почнувајќи од *Раѓањето, Спасување на троица мажи од меч*, *Ракоположувањето во архиепископ,* и *Успение.*[456]

Од двете страни на централниот кораб во лачните травеи, под калотите, се насликани поодделно сцените од *Големите празници*. Така, на јужната страна, почнувајќи од олтарскиот

[454] Крстиќ С., 2012б, 9- 10;
[455] Тричковска Ј, 2007, 188; Eadem, 2008, 82 - 85;
[456] Крстиќ С., 2012б, 12;

простор се насликани сцените: *Благовести, Раѓање Христово, Крштевање Христово* и завршува со *Сретение* во западниот травеј. На северната страна, од запад кон исток, циклусот продолжува со *Влегување во Ерусалим, Распетие Христово, Воскресение Христово* и завршува со *Вознесение*, во олтарскиот простор. Со најновите истражувања на Јулија Тричковска, проблемот околу авторот на фреските е разрешен, и е утврдено дека се работи за зографот Никола Михајлов од Крушево, син на познатиот зограф Михаил Анагност од Самарина (Епир), учителот на Дичо зограф.[457] Старите фрески се присутни и во проскомидијалната конха со претставите на *Раѓање* (горе) и *Оплакување Христово* (долу), како и во лунетите над трите влеза на фасадите. Зографот Никола Михајлов го остварил својот најголем потфат во ѕидното сликарство, токму во оваа кумановска црква, каде ја изработил и иконата Исус Христос во цел раст со трнов венец на главата, а се сретнува и како автор на престолните икони во црквата Св. Ѓорѓи во Жегљане, продолжувајќи ја традицијата на тематско-иконографските модели на јужнобалканските храмови, интерпретатор на теми и модели од западноевропската барокна уметност со чувство за колорит, динамика и композициска складност.[458]



Богородица Оранта, олтарска апсида, 1969 година
The Holy Virgin Oran's, altar apse, year 1969



Воведение на Богородица, северен ѕид, наос
Presentation of the Holy Virgin, north wal, nave

Денешните *понови ѕидни слики* во олтарската апсида, на северниот и јужниот ѕид во наосот, се изработени по нарачка на верниците од 1969 до 1972 година, потпишани од зографот Крсте Р. Колоски, од Скопје, кој работел и во новата црква Св. Троица во Куманово (1968/70), како и во црквата Св. Димитрија во Скопје (1963/73).[459] Во олтарската апсида е насликана Богородица Ораннта со Христос во медаљон, фланкирана со два ангели и четворица архиереи под неа, од свевер кон југ: св. Јован Златоуст, св. Василиј Велики, св. Јаков брат Божји и св. Григориј Двоеслав, додека северно и јужно од апсидата се насликани по двајца евангелисти во цел раст, Матеј и Марко, Лука и Јован. На јужниот ѕид во наосот во првата зона се застапени фигури на светители и светителки во цел раст со нагласена волуминозност. Од исток кон запад се насликани фигурите на: св. Кирил и Методиј, св. Петочисленици (св. Горазд, св. Наум Охридски, св. Климент Охридски на престол, во средината, до него св. Сава Охридски и св. Аггеларij), и тројцата пустоножители: св. Прохор Пчињски, св. Јоаким Осоговски и св. Гаврил Лесновски. Фигуралното сликарство продолжува на северниот ѕид во првата зона и тоа од запад кон исток со трите светителки: св. Недела, св. Богородица со Христос в раце и св. Петка, потоа св. Алимпие Столпник, св. Кузман и Дамјан, св. Јован Крстител и св. Спиридон и Никола. Во втората зона од јужниот ѕид се насликани

457 Тричковска Ј., 2008, 82 - 85; Eadem, 2007, 187 - 188; Крстиќ С., 2012б, 14;
458 Тричковска Ј., 2008, 85; Крстиќ С., 2012б, 10 – 14;
459 Лакалиска С., 2000, 117 - 120; Пецов И., 2009, 44 - 52, сл 7; Крстиќ С., 2012б, 15 ;

сцените со *Големите празници* и тоа од запад кон исток со: *Раѓање Христово, Крштение, Преображение, Тајна вечера, Распетие Христово, Симнување од крст, Воскресение* и *Вознесение Христово*, а на северниот ѕид сцените од животот на св. Богородица, така што од запад кон исток, започнуваат со *Раѓање на св. Богородица*, *Воведение на малата Богородица во храм*, *Благовести*, *Сретение*, *Сошествие на св. Дух (Вознесение Христово)*, *Успение на св. Богородица*, *Покров на св. Богородица* и *Си(те) Свети*.[460]

Од применета уметност, црквата Св. Никола во Куманово поседува богат црковен мебел во длабока резба со ажурна техника. Посебно внимание привлекува високиот и репрезентативен иконостас изработен од ореово дрво во втората половина на XIX век, со Голем крст и дракони на врвот, како и царските двери во резба со позлата, потоа владичкиот престол, амвонот поставен на еден од столбовите од северната колонада, со растителна орнаментика и птици во релјеф, и целиванието со балдахин, исто така во резба. За изведбата на големиот иконостас, во 1856 година иконом Димитрија ја дарил иконата Богородица со Христос.[461] Не се знае кога точно бил изработен иконостасот, најверојатно во шестата или седмата деценија на XIX век, а одделни негови делови, како што се царските двери и акротеријата на врвот, Крстот со Распетието, висок 2,25 м., како и владичкиот престол се изработени во 1938/39 година од копаничарот Нестор Алексиев Мирчевски, од Осој, Дебарско, потомец на Петре Филипов(иќ)ски - Гарката од мијачката резбарска школа.[462] Првобитно, овие делови припаѓале на црквата Св. Константин и Елена од Скопје, но по земјотресот во 1963 година, која тогаш била урната, се донесени во оваа црква, а останатите делови во црквата Св. Апостол Петар и Павле во Јурумлери, Скопско.[463]

Иконостасот се состои од три хоризонтални реда на икони. Поголем дел од престолните и празнични икони се изработени од Дичо зограф во 1857 година, страничните врата и други празнични икони од Димитар Андонов - Папрадишки во 1908 година,[464] една престолна и неколку подвижни и празнични икони од Вено Костов од Галичник во 1869 година, и двете престолни икони, патронската икона св. Никола и св. Јован Претеча од Хаџи Коста(дин) Крстев од Велес (1855). Во првата зона се распоредени престолните икони, од север кон југ: *Св. Ѓорѓи го убива змејот*, архангел Михаил во цел раст, на проскомидијалната врата, св. Спиридон Чудотворец, св. Никола, патронот на црквата, прикажан допојасно како архиереј со круна на главата, св. Богородица со Христос, следат царските двери во богата резба со позлата, потоа Исус Христос Вседржител, св. Јован Претеча, *Вознесение на св. Илија*, архангел Гаврил на ѓакониконската врата и С*в. Димитрија го убива царот Калојан*.[465] Во втората зона се наоѓаат икони на светите апостоли, со димензии: 68 х 46 х 2,5 см. изработени во темперна техника од Дичо Зограф: Јован, Лука, Павле, Симеон Зилот, Вартоломеј, Матеј, Марко, Андреја Првозвани, Јаков, Петар, Тома, Харалампие, Јован Рилски и Атанасиј Александриски, а во третата празнични икони со димензии: 51 х 42 х 2 см., изработени најверојатно од Вено зограф (?): св. Антониј и Атанасиј, Богородица со Христос, Воведение на Богородица во храм, св. Параскева, Исус Христос, Вознесение на св. Илија, св. Теодор, св. Димитрија, св. Никола, св. Петар и Павле, и др.[466] На царските двери, кои речиси целите се во ажурна резба со претстави на птици, животни, херувими, гроздови и лисја, се наоѓаат и сликани овални медалјони во средината со *Благовести*, архангел Гаврил и св. Богородица, а на долниот крај по двајца архиереи во цел раст, врамени со столбчиња, северно св. Григориј и св. Јован Златоуст, а јужно св. Василиј Велики и св. Спиридон, насликани од Вено зограф. Аналогиите можат да се бараат со дверите на Св. Богородица во Ново Село, Штипско,

---

[460] Крстиќ С., 2012б, 15 – 17;
[461] Поповска - Коробар В. - Зисовска Ј., 2000, 6;
[462] Несторовски Б. - Несторовска Р., 2002.52; Мајката на Нестор, Елена е внука на Петре Филиповски - Гарката, ќерка на Стојана, која пак е ќерка на Јован Филипов(иќ)ски, роден брат на Петре Гарката. Ќорнаков Д., 2009а, 107, сл. 38;
[463] Несторовски Б. - Несторовска Р., 2002, 129 - 130; Крстиќ С., 2012б, 17 - 19;
[464] Николовски, А., 1984, 95;
[465] *Евидентирани икони* ., 1987, 82 - 89; Василиев А, 1965, 183; Цветковски С., 2007, 212 - 228, сл. 1, 3, 5;
[466] *Евидентирани икони* …., 1987, 62 - 89;

дело на мијачката резбарска школа.[467] На целиванието се наоѓа празничната допојасна икона на св. Никола, насликана исто така од Вено зограф. Во 1937/38 година, Д. А. Папарадишки насликал девет целивашни икони: св. Спиридон, св. Ѓорѓи, пророк Илија, св. Димитрија, две икони со св. Никола, св. Јован Претеча, Исус Христос, и св. Богородица со Христос (во темперна техника, гипсен грунд врз даска, со димензии 35 x 20 x 2 см.) со нагласена линија на цртежот и затемнет инкарнат, наспроти чисти колористички површини на облеката.[468]



Престолни икони, иконостас, детаљ, XIX век
Throne icons, iconostasis, detail, XIX century

На катот е сместена *Галерија на икони* со околу 80 експонати, отворена по повод 2000 години од христијанството, на 20 јануари 2001 година. Иконите главно потекнуваат од XIX век соберени од повеќе селски цркви во Кумановско. Најстари експонати се седумте празнични икони, дверите и крстот од првобитниот иконостас на Карпинскиот манастир од Сув Орах, од 1606 година, една икона на св. Кирил Александриски и претолниот крст од дрво релјефно изработен со сцените од *Големиѿе ӣразници*, порабен со сребрена рамка, од оваа кумановска црква, од XVIII век.[469] Освен икони, иако поретко, на поставката се изложени сребрени опкови од евангелија, дарохранилница, владичка митра, двери, метален крст врамен со сребрен филигран, и евангелија. Иконите се работени од повеќе зографи: Димитар Крстев -Дичо Зограф од Тресонче, Дебарско, Вено Костов од Галичник, Зафир Василев од Дебар (дарохранилница), Јосиф Радев од Лазарополе, Хаџи Костадин Крстев и Петар Николов од Велес, Димитар Андонов од Папрадиште, Велешко, Никола Михајлов од Крушево и др.[470]

Црквата Св. Никола во Куманово е типичен претставник на Преродбата во кумановскиот крај и воопшто, во Р. Македонија.

---

[467] Ќорнаков Д., 1986, 176, 21; Ќорнаков 2009а, 107, сл. 38; Крстиќ С., 2012б, 18 - 19;
[468] Николовски А., 1984, 104; *Евиденѿирани икони* …, 1987, 86 – 87;
[469] Таневски Б., 1989, 96 - 98; Поповска-Коробар В. - Зисовска Ј., 2000, 31, сл. 25; Крстиќ С., 2012б, 23;
[470] Коробар В. - Зисовска Ј., 2000, 4 - 54; Крстиќ С., 2012б, 24 – 25;

## СВ. АТАНАСИЈ ВО КОКОШИЊЕ

Селото Кокошиње се наоѓа лево од магистралниот пат Куманово - Свети Николе, оддалечено 25 км. од Куманово. Спаѓа во општина Куманово, а допира до општините Свети Николе и Кратово.[471] Во ова село, во Мачкинска маала се наоѓа единствената црква посветена на Св. Атанасиј. Во науката оваа црква е сосема непозната, неидентификувана и неистражена. Единствено, само ја споменал Хаџи - Васиљевиќ во 1901 година и дури подоцна Антоние Николовски, истражувајќи го живописот на Д. А. Папрадишки, во 1983/84 година.[472] За разлика од другите селски цркви, оваа црква не е гробјанска. Се работи за *ѿрокорабна ḡрадба* со правоаголна основа и полукружна апсида на исток. Апсидата е декорирана со плитки слепи, издолжени лунети кои на долниот крај се полукружни, а на горниот со тројни арки кои на врвот завршуваат во засек, типични исламски влијанија. Вакви лунети има пет, така што апсидата делува како петострана. Градена е од правилни камени блокови, денес малтерисана. Покриена е со двосливен покрив од ќерамиди, кој со пресечените триаголни тимпани од запад и исток делува како покрив на четири води. Западната, источната и јужната фасада се оживеани со камени транзени од плетерна орнаментика во квадрати.[473] Северната фасада нема отвори. Црквата има два влеза, од западната и од јужната страна. На западната фасада над влезот во лунетата е насликан патронот на црквата Св.



Св. Атанасиј во Кокошиње, 1842 година, југозападна фасада
St. Athanasius in Kokoshinje, year 1842, south - west facade



Источна фасада
East facade

Атанасиј во техника на мозаик од 2002 година, од Среќко Андоновски - Челик, кога се направени последните интервенции на архитектурата од страна на локалното население. Северно и јужно од лунетата се наоѓаат по три мали камени розети, изработени во плиток рељеф. Во камениот лак над западниот влез е врежана годината на обновата на црквата, 1842 што укажува на фактот дека оваа црква била градена во отоманскиот период најверојатно во XVII век за што сведочат ориенталните (турски и ерменски) елементи, сталактитните арки на апсидата и релјефните медалјони со фистонести венци врамени во рамка со исламски лак, како и камените транзени на отворите со геометриска плетерна орнаментика. Овде, доаѓа до мешање на ориенталните со западните барокни влијанија. Идентични медалјони во плиток рељеф се наоѓаат над аркадите од западниот

[471] Панов М., 1998, 154 ;
[472] Хаџи -Васиљевић Ј., 1901, 259; Николовски А., 1984, 325;
[473] Крстиќ С., 2010а, 29, сл. 79;

трем на црквата Св. Јован во Кратово од 1836 година.[474] Однатре, трите кораби се засведени со полукружен свод. Подот е од широки камени плочи, под нивото на земјата. Дебелината на ѕидовите изнесува 97 см. Горе, над четирите столбови во наосот се наоѓаат ромбовидни отвори, какви што се сретнуваат во црквата Св. Петка во Руѓинце. На западната страна има тесни дрвени скали, кои водат за малата галерија на кат, додадена во периодот на Преродбата, со обновување на црквата во 1842 година.

Речиси целиот простор на црквата е насликан со *фрески*. Застапени се сцени од *Големиīе ūразници*, свети војници и пустоножители, но и сцени од Стариот завет. Во сцените се присутни и луѓе од секојдневниот живот со елементи на народната носија, луѓе од ориенталниот свет со чалми на главата, една новина која се појавува во периодот на Преродбата во Македонија. Автори на ова ѕидно сликарство се зографите Димитар Андонов - Папрадишки и Петар Николов од Велес, кои ги оставиле своите потписи на црковнословенски јазик на северниот ѕид во наосот до иконостасот кај композицијата *Св. Ѓорѓи īо убива змејоū*, под копитата на задните нозе на коњот и во олтарската апсида, под Богородица Ширшаја Небеса (30 мај 1886). Како во К'шање, Живење и Винце, и овде сцените се сликани со нагласена *волуминозносū*. За разлика од другите цркви од овој период, овдека столбовите се целосно насликани со гроздови, лози и птици, кои го симбо-



Богородица Ширшаја Небес, олтарска апсида
Mother of God Wider then the Sky, altar apse



Св. Василиј Велики, олтарска апсида
St. Basil the Great, altar apse

лизираат рајот. Исто така се украсени и волутите под лаците одоздола, помеѓу столбовите со низа од квадрати во различни бои, зелена, црвена, портокалова и сина. Ваква низа од боени квадрати се забележува и над централната апсида во црквата Св. Никола во К'шање.

На источниот ѕид, во олтарската апсида, е насликана *Боīородица Ширшаја Небес*, со круна на главата, фланкирана со два херувими, а над неа се наоѓа *Деисисна комūозиција* на невообичаено место, која отсекогаш се сликала на северниот ѕид на наосот, до иконостасот. Идентична претстава, на исто место, се наоѓа и во црквата Св. Илија во Живење. Најгоре, над *Деисис,* во темето се насликани сцени од *Всјакое дихание*, сонце во средината, фланкирано со два ангели, слично како во олтарот на Св. Никола во Винце. Под Богородица Ширшаја Небеса се насликани четири допојасни архиереи со круни на главата облечени во раскошна архиерејска облека, од север кон југ: св. Василиј, св. Григориј, св. Јован и св. Никола. Овие фрески ги насликал Д. Андонов, и се аналогни со фреските во апсидата на црквата Св. Јоаким Осоговски во Крива Паланка,

[474] Хаџиева - Алексиевска Ј. - Касапова Е., 2001, 37; Крстиќ С., 2008, 149 - 150;

од 1885 година.[475] Северно и јужно од олтарската апсида се насликани фигури на светители од зографот Петар Николов, кој се потпишал во ѓакониконската конха, до фигурата на архиѓакон Стефан (20 јуни 1889). Над оваа конха е насликана старозаветната сцена *Св. Сава му ги предава десетте Божји заповеди на Мојсеј.* Во проскомидијалната конха е насликана полугола фигура во речиси цел раст, на *Исус Христос Жртвеник*, со трнов венец на главата и раце вкрс-тени на појасот, како стои во овален жртвеник, а нозете му се покриени со крв. Вакви сцени се сретнуваат во К'шање и Колицко. Северно од конхата е насликана цела фигура во фронтална поза на архангел Гаврил со копје в раце. Над оваа конха се насликани три старозаветни момчиња во цел раст, во огнени пламени јазици: Ананиј, Азариј и Мисаиј. На северниот ѕид во олтарот, во првата зона се насликани цели фигури на св. Архангел и св. Захариј со отворен свиток, во стоечки став свртени еден кон друг, а помеѓу нив се наоѓа олтар со путири и крстови, се работи за сцената *Светиот ангел го објавува на св. Захариј раѓањето на Јован Претеча*, од циклусот на празници со св. Јован Претеча, а над неа во втората зона е насликана старозаветната сцена *Аврамова жртва.* Како пандани на овие сцени, на јужниот ѕид во олтарот во првата зона е насликана сцената *Визија на св. Петар Александриски*, а во втората зона, сцена од Чудата Христови*, Христос го исцелува слепиот.* На северниот ѕид од централниот кораб, во олтарот, над столбовите е насликан пророк Осија во цел раст, опкружен со архитектонски објекти, пандан на пророк Варух, на спротивниот јужен ѕид.

На јужниот ѕид во наосот, од исток кон запад во првата зона е насликана сцената *Св. Димитрија на коњ го убива бугарскиот цар Калојан* (до иконостасот), пандан на св. Ѓорѓи од северниот ѕид, потоа продолжува со допојасни претстави на св. Никола, св. Харалампие и св. Трифун со трнорез во раката, градинарски атрибут.[476] Овој атрибут на св. Трифун се сретнува и во црквата Св. Никола во К'шање, а од постарото сликарство се сретнува во манастирот Карпино, од XVI век. Паѓа в очи присуството на сцени од секојдневниот живот на населението на ова поднебје, комбинирани со вообичаените христијански теми од Новиот завет. Во продолжение се наоѓа една интересна сцена, која засега не е насликана во ниту една кумановска црква, а е карактеристична за XIX век. Се работи за сцената *Исповедание,* како дел од иконографската тема: *Праведно и грешно исповедување.* Прикажана е една просторија, каде на левата страна духовникот е седнат на столица, со митра на главата облечен во архиерејска одежда со епитрахил украсен со крстови, кој држи отворено евангелие во едната рака. Зад него, на ѕидот е закачена икона на Исус Христос, со кандило, а пред него стои едно младо момче во народна носија, облечено во кратки чакшири опточени со гајтан, плетени волнени чорапи орнаментирани на долниот крај, клашнено елече и минтан, со двете раце скрстени на градите. Зад момчето, на десната страна седнати на една клупа, чекаат ред, мажи и жени од секојдневниот живот, облечени исто така во народна носија, во минтани, чакшири, кратки клашнени елеци, плетени чорапи и чалми на главата, а жените во антерии, забрадени со шамии во которска носија (Овчеполска), типична за локалното население. Во оваа толпа луѓе, зад нив стои ангелот хранител со тажен израз, а погоре има уште еден ангел со отворен свиток кој со прст покажува кон свештеното лице, духовникот. На средината, зад ангелот со свиток, има едно момче во народна носија, во заминување, а до него ѓавол со отворен свиток. Оваа сцена, која се сретнува под повеќе имиња: *Светата тајна*, *Чиста исповед*, *Целосна исповед*, *Алегорија на исповедување,* и *Исповедување кај духовникот*, зографите од XIX век ја преточиле во слика на исповедување, покајување или помирување. Тоа е чин кога верникот со исповедта ги признава гревовите пред Бога во присуство на свештеник кој служи како духовен водач и исповедник, и е овластен да побара прошка за верникот, како и да предложи казна. На македонските зографи како образец за сликање на *Светата исповед* им послужиле Ерминиите на Димитар Крстев(иќ) - Дичо зограф од Тресонче, од 1835 -1839 година и на Ѓорѓи Донев(иќ) од Гари, Дебарско, од 1885 година. Оваа иконографска тема најрано се сретнува во црквата Св. Лука во Рилскиот манастир, Р. Бугарија, во 1799 година

[475] Николовски А., 1984, 55;
[476] Габелиќ С., 2004, 119 - 120;

од самоковскиот зограф Христо Димитров.[477] Кај нас во Македонија, најблиски аналогии има со фреската на западниот ѕид во црквата Св. Никола во Теарце, Тетовско, од зографот Јаков Радев(иќ) од Лазарополе, од 60 - тите години на XIX век (каде што момчето е прикажано со мијачка народна носија, што не е случај во другите цркви), со фреската на јужниот ѕид во црквата Св. Никола во Ранковце, Кривопаланечко, од 1885 година, насликана од зографот Аврам Дичов од Тресонче, Дебарско, син на Дичо Зограф, и со фреската во црквата Св. Никола во Чаниште, Мариово, од 1882 година, изработена од зографи од крушевска тајфа. Вакви сцени, со изменета варијанта има насликано и во Рилскиот манастир во црквата Покров на Богородица од зографот Тома Вишанов, во 1811 година; во светогорскиот манастир Зограф во нартексот на црквата Св. Георги, од зографот Митрофан во 1817 година; на западната фасада во манастирот Јован Бигорски, во 1871 година, од зографот Василиј К. Гиновски; во нартексот на Св. Пантелејмон во Пантелеј, Кочанско, во 1872 година, од самоковскиот зограф Захариј Доспевски; во нартексот на Св. Ѓорѓи во Бањани, од 1847 година од Дичо Зограф; во Св. Димитрија во Битола, од 1839/46 година од Ѓорѓи Зограф и неговиот син Емануил од Селица, Костурско; во Св. Петка во Маловишта, Битолско, од 1858 година од зографите Константин и Димитар Атанасови од Магарево; во Св. Илија во Мелница, Велешко, од 1881, и во Св. Петка во Бешиште, Мариовско, од 1884 година, од Аврам Дичов, кој работел според образецот на неговиот татко; како и со книжните икони од Рилскиот манастир, а некои од нив биле дистрибуирани во Св. Архангел во Берово, од 1839/40 година, од архимандритот Хаџи Исаија.[478]

Во втората зона, од исток кон запад се насликани сцените: *Христовото исцелување на слепиот* (до иконостасот), *Преображение Христово* (во наосот) и *Вознесение на св. Илија*, на мошне голема површина, до сводот, каде св. Илија на огнена кочија се вознесува на небото, а долу е насликан пророк Есеј. До дрвените скали за Галеријата на кат, веднаш до јужниот влез, западно се насликани две цели фигури на: св. Онуфриј (на крајот од јужниот ѕид) и св. Петар (на почетокот од западниот ѕид), прикажани како старци со бела брада.

На западниот ѕид во нартексот, северно од влезот под Галеријата на кат, во првата зона се насликани две сцени поврзани со *Исповедувањето кај духовникот (*на јужниот ѕид), но, спротивно на христијанските верувања, каде луѓето не одат на исповедување кај свештени лица, туку кај бајачки и сотони. Во првата сцена е прикажано *Чародание* (Баење), со два ѓаволи (сотони) насликани како човечки фигури со опаш, крилја и рогови на главата, и две млади жени со две деца облечени во македонска народна носија, жените забрадени со шамии, во долги елеци - антерии и скутини, а машкото дете, со чалма на главата. Една од жените седи и држи чинија в раце, под чинијата стојат двете деца додека сотоната го изведува чинот на *Чародание*, а другата жена стои од десната страна на децата, со жолт ѓердан околу вратот. Се забележува грижата на зографот за деталите во сликарството. Веднаш до *Чародание*, следува втората композиција, *Исповедање кај сотоната* пред да одат во пеколот, составена од пет дела: *Сотоната удира печат*, *Поклонение на грешните, Патување кај бајачката*, *Расплаканиот Ангел Божји,* и *Блудниот син,* насликан на почетокот од северниот ѕид. И овде се присутни ѓаволите, впрегната двоколка со два вола, во која се возат две млади жени облечени во македонска народна носија и еден маж со чалма на главата, кои патуваат кон бајачката. Во продолжение на северниот ѕид продолжува петтиот дел од композицијата со еден цар, кој во левата рака држи цвет, а во десната гранка, качен на чуден коњ со четири гриви, со очи и рогови помеѓу нив, лавји нозе и задебелен опаш на врвот, на кој е поставена макета со ограден двор (симбол на *пропаѓањето на едно од четирите пагански царства*), а под него е претставата на *Блудниот син*, гол, како јава куче со рогови и човечки лик со брада (симбол на *Пеколот*). Ова се дидактички тематски единици кои го

[477] Чокревска - Филип Ј., 2009, 219 - 230; Според неколку *Дамаскини*, во Бугарија, од втората половина на XVIII век, постои препис од Јосиф Брадати кој сведочи за непочитувањето на верските норми кај христијаните, во кои се наведува дека не одат на исповедување, туку веруваат во бајачки. Според востановената иконографска тема од Дичовата ерминија, во горниот дел на сцената, до ѓаволот, треба да биде насликан светителот св. Андреј Ѓуродиви, кој држи отворен свиток и е во постојана борба со демоните, а познато е дека успеал еден грешен монах (сребројубец) да го натера да се исповеда и да се откаже од богатството.
[478] Ibid, 223 - 228; Čokrevska – Filip J., 2011, 431 - 440 , fig. 5, fig. 8 ;

најавуваат *Второто доаѓање на Христос* и *Страшниот суд,* односно *Пеколот.*[479] Северниот ѕид во нартексот, продолжува со сцените од пеколните маки на грешниците. На дванаесет поединечни сцени, во два реда од по шест квадратни полиња, е насликана една цела галерија на престапници од најразличен вид, измачувани со темни и вечни маки во пеколен оган. Всушност, тоа се претстави на голи машки фигури врзани за рацете или нозете со јаже или окови, мачени во пламени јазици: воденичари, земјоделци, разбојници, шпиуни, убијци, пиромани, предавници, блудници, волшебници, клеветници, измамници, прељубници, лажови, бајачи, итн. Овие сцени се ретки, и освен овде, ги нема насликано во ниту една друга кумановска црква. Ваква галерија од грешници во малку поизменета варијанта се сретнува на јужниот ѕид во црквата Св. Никола во Ранковце, Кривопаланечко, од 1885 година, изработена од Аврам Дичов, веднаш до *Исповедувањето кај духовникот.*[480] Во продолжение на овие сцени, од запад кон исток, во наосот се насликани дел од сцените на Големите празници: *Успение на св. Богородица, Вознесение Христо-*



Патување кај бајачката, западен ѕид, нартекс, детаљ
Traveling to the Sorcerer, west wall, narthex

*во* и *Св. Ѓорѓи на коњ го убива змејот* (до иконостасот), додека во втората зона се прикажани сцените: *Симнување од крст*, *Неверувањето на апостол Тома* и *Разговорот на Исус Христос со Самарјанката покрај бунарот*, а во третата зона над овие сцени се насликани *Распетие* и *Воскресение Христово.*

На катот, во централниот кораб се насликани новозаветни сцени од *Големите празници* и *Страдањата Христови.* На западниот ѕид е сцената *Св. Елисавета и младиот св. Јован се криjат во една пештера*, поради наредбата на цар Ирод за убивање на младенците. На јужниот ѕид во централниот кораб од исток кон запад, на сводот се насликани сцените: *Благовести, Раѓање Христово, Патување на тројцата кралеви, Гневот на цар Ирод,* и завршува на запад со *Убивање на младенците* (*Коледе*), односно колеж на новородените машки деца во Витлеем. На северниот ѕид на сводот, од запад кон исток се редат сцените: *Бегство во Египет, Обрезание Христово, Сретение,* и *Крштевање Христово* (во олтарот). На сводот, од исток кон запад во

[479] Петковић С., 1965, 77; - Ерминия, 1868, 219 - 220; После судењето на Христос, злите и немилосрдни демони ги фрлаат грешинците во подземен свет, во разни бездни, врзани со железни окови, каде што ги чека потполна темница, неразрешливо врзано јаже, тешки камени плочи околу вратот, шкрипење на заби, ги јадат неуморни црви, и незгаснат оган, за да се мачат вечно и да се казнуваат.
[480] Чокревска - Филип Ј., 2009, 227;

централниот кораб се насликани: отец св. Сава (Бог - татко) во олтарот, с*в. Дух* (гулаб) фланкиран со четири херувими (Бог - дух), Исус Христос Вседржител (Бог - син), во средината на наосот, Мајка Божја, со круна на главата, или Богородица Царица Небесна, во голем кружен облак, и завршува во темето на западната страна со *Будно око* (око во триаголна претстава, со зраци) и двајца допојасни ангели зад испишаната порака: *Величиѿе душа моја Госѿодна.* Значи, тука на сводот се насликани персонификациите на светото Тројство (Бог - татко, Бог - син, и Бог - дух). Сводовите и ѕидовите на катот во јужниот и северниот кораб се без фрески, и целосно малтерисани.

Во централниот кораб, на јужниот ѕид, над југоисточниот столб во медалјон е насликан апостолот св. Павле во овален медалјон, а кон сводот, се насликани двајца евангелисти, св. Јован со неговиот атрибут, орел, источно, а св. Марко, со лав, западно. Источно од св. Јован е насликан пророк Исаија. Како пандани на овие двајца евангелисти над североисточниот столб се насликани св. Лука со теле, и св. Матеј со ангел, а под нив, во медалјон, апостолот св. Петар. Западно од св. Матеј е насликан пророк Еремија. Во јужниот кораб, на северниот ѕид, над столбовите, се насликани старозаветни пророци во медалјони, од исток кон запад: Лот (во олтарот), потоа Христофор и Амос (во наосот). На јужниот ѕид, во источниот прозорец, од страните се насликани допојасија на пустоножителите, св. Јован Рилски на источна страна и св. Прохор Пчињски, на западна страна, додека на горната страна е насликано *Будноѿо око*. Во северниот кораб, на јужниот ѕид над лакот и столбовите, на сводот, од исток кон запад се насликани светите столпници: Симеон Столпник, Симеон Дивногорац и Данил Столпник.

Повеќето композиции ги насликал Петар Николов, а на Димитар Андонов - Папрадишки му припаѓаат композициите во апсидата, Богородица Ширшаја Небеса со архиереите под неа, св. Василиј Велики, св. Јован Златоуст, св. Никола и св. Григориј Богослов, *Деисис* над апсидата, и на северниот ѕид во олтарот, старозаветната сцена *Аврамова жрѿва* во втората зона, и под неа во првата зона, *Св. Арханѓел со св. Јосиф*; на северниот ѕид *Св. Ѓорѓи ѓо убива змејоѿ;* во централниот кораб на северната страна *Беѓсѿво во Еѓиѿеѿ;* на западниот ѕид на катот, *Св. Елисавеѿа и св. Јован,* и на сводот: отец св. Сава, св. Дух, Исус Христос Вседржител и св. Богородица со Христос; неколку фигури од *Обрезание Хрисѿово* на сводот во централниот кораб; и *Чародание,* на западниот ѕид на нартексот. [481]

Црквата Св. Атанасиј има висок дрвен иконостас со убави царски двери во резба со позлата (131 х 45 см.), од исто време со живописот (1886). Иконостасот се состои од три хоризонтални реда на икони со царски двери на дното, и Голем крст на врвот со сликано *Расѿеѿие*, како и дракони во подножјето на крстот. На иконостасот во првата зона, од север кон југ, се редат: архангел Михаил, во цел раст, на проскомидијалната врата (196 х 71 см.), допојасниот лик на патронот на црквата св. Атанасиј (93 х 60 см.), Богородица Одигитрија, лево од дверите, потоа Исус Христос Вседржител, св. Јован Претеча, и архангел Гаврил, во цел раст, на ѓакониконската врата, десно од дверите. Царските двери се во резба со позлата од растителни мотиви, птици и животни, најгоре се наоѓаат минијатурните фигури на св. Богородица (лево) и св. архангел Гаврил (десно) од дводелната композиција *Блаѓовесѿи*, засега единствени фигури изработени во резба со позлата во Кумановско. Фигурите на Богородица и архангел Гаврил се фланкирани со фигури на лав (лево) и елен (десно), и два орли на краевите, а под нив се наоѓаат дракони со змиско тело, од чии уста излегуваат разлистени гранки со лисја и цветови, кои продолжуваат кон врвот на дверите и завршуваат со орловски глави и клун, во грифони. На горниот крај дверите се порабени со пупки од кринов цвет, кои на северната страна недостасуваат. Недостасува и малиот крст на врвот од дверите. На средината од дверите има флорална декоратива низа, разиграна со претстави на два серафими (по еден на обете крила). Под нив, во хоризонтален фриз, ажурно се изработени четири птици (орли) со раширени крилја, симетрично распоредени, по две на обете крила. Најдолу, на дното од дверите се единствените насликани минијатурни фигури во цел раст, по една на обете крила, св. Василиј (лево), и св. Григориј (десно), во необични рамки кои на врвот завршуваат во исламски лак, одозгора заштитени со по две птици, исто така во резба со поз-

[481] Николовски А., 1984, 325;

лата.[482] Овие двери се едни од најубавите двери во резба, покрај дверите во црквите Св. Илија во Живење и Св. Никола во Куманово, од периодот на Преродбата во Р. Македонија. Најблиски аналогии наоѓаме со дверите во црквата Св. Јоаким Осоговски, дело на мијачката резбарска школа.[483] Над дверите се наоѓа икона на платно со претстава на Исус Христос Животоносен леб (Животодавец) или *Катапетазма* (109 x 92 см.), каде што Христос е насликан до под појас, во путир, фланкиран со по два херувими, облечен во бледопортокалов хитон, на ракавите и околу вратот порабен со златни траки, и сивкастосин химатион, кој со двете раце поткренати нагоре благословува, изработена од Д. А. Папрадишки, аналогна со подвижната икона во Св. Никола во Орашац, изработена од Јосиф Радев (1898).

Помеѓу престолните и празничните икони, епистилот е насликан со хоризонтална низа од винова лоза, а помеѓу иконите во горните зони доминира вертикално нагласена цветна орнаментика во повеќе бои. Празничните минијатурни икони (38 x 28 см.) на светите апостоли: Тома, Вартоломеј, Марко, Андреја, Лука, Павле, Петар, Матеј, Јован, Симеон, Јаков и Филип, потоа, Исус Христос, св. Богородица со Христос, св. Јован Претеча, св. Симеон Столпник, св. Атанасиј, св. Харалампиј, *Св. Троица*, св. Недела, св. Димитрија, св. Убрус, и *Воведение Богородичино*, се распоредни во втората (петнаесет), и во третата зона (седум). Иконите, исто како и живописот, се изработени од Димитрија (Диме) Андонов - Папрадишки во 1886 година, и од Петар Николов во 1889 година.[484]


Иконостас
Iconostasis


Св. Јован, престолна икона
St. John the Baptist, throne icon

Големиот крст, на врвот од иконостасот (166 x 164 см.) со речиси еднакви тролистни краци, е насликан со *Распетие Христово* и со атрибутите на евангелистите (ангел, теле, лав и орел) во краците. Крстот е украсен со релјефно изработени, позлатени палметни листови. Во подножјето на Крстот се наоѓаат два дракони, исто така со позлата, во огледална поза, со главите свртени кон ѕидовите, а помеѓу нив, во кружен медалјон е насликана мртовечка глава со вкрстени коски, симбол на победата на христијанството. Драконите, во устата држат правоаголни рипиди, насликани со минијатурни фигури на св. Богородица (лево) и св. Јован Богослов (десно). Лево и десно од драконите се наоѓаат акротерии во ажурна резба со флорални мотиви и со по една птица (орел), на краевите. Вакви акротерии се сретнуваат на иконостасот на црквата Св. Никола во

[482] Андреиќ В., 2009, 85, сл. 5;
[483] Ќорнаков, 1986, 234, сл. 20;
[484] *Евидентирани икони* …, 1987, 55 - 59;

Куманово. Освен иконостас, црквата поседува едноставен дрвен владички престол и низа од дрвени потпирачи за раце, наменети за верниците, на северниот и јужниот ѕид.

Особено внимание привлекува и една подвижна книжна, врамена графичка икона од непознат автор, со претстава на *Деисис* со свети архангели и војници (36,5 x 25,5). Во средината е прикажан *Христос Цар над цареви*, седнат на престол, фланкиран со св. Богородица (лево) и св. Јован Претеча (десно), зад Богородица се наоѓа архангел Гаврил, а зад св. Јован, архангел Михаил, зад нив свети воини, по еден од двете страни, Ѓорѓи и Димитрија, а на врвот Христос Старец на деновите (Бог - татко), под него св. Дух (гулаб), како дел од *Св. Тројство*. Вакви идентична графичка икона поседува прилепската музејска збирка, печатена во печатницата *Антонио Бартоли* во Венеција, која датира од средината на XIX век. Графички книжни икони се сретнуваат во манастирот Забел со циклус на серии од св. Богородица Одигитрија, мошне оштетена, и *Сите свети* во Св. Троица во Четирце, аналогна со иконата од прилепската музејска збирка (*Хор на Сите свети*) од 1844 година од Света Гора, од авторот Кирил монах[485]

Во целина гледано, овој христијански храм претставува вреден споменик на културата карактеристичен за два значајни периоди од развојот на историјата на уметноста во Македонија. Изградбата на оваа црква се врзува за отоманскиот период, за XVIII век, а нејзината обнова, доградбата на Галеријата на кат, ѕидното сликарство и иконописот се врзуваат исклучиво за периодот на Преродбата, како и повеќето цркви во Македонија во XIX век.

## СВ. НИКОЛА ВО К'ШАЊЕ

Селото К'шање се наоѓа на јужниот дел од општина Куманово, на левата страна од магистралниот пат Куманово - Свети Николе. Од градот Куманово е оддалечено 26 км. и гравитира кон Овчеполието.[486] Црквата Св. Никола се наоѓа до селските гробишта, во маалата Вилипови.[487] Спаѓа во групата споменици, кои се недоволно познати и истражени во науката. Таа е мала, но висока *еднокорабна градба* со шестострана апсида на исток. Градена е од обработени камени блокови со жолтеникава и загасито виолетова боја, во 1884 година. Годината на изградбата е врежана на еден камен на западната фасада. Црквата е покриена со двосливен покрив од ќерами-



Св. Никола во К'шање, поглед од југозапад, 1884 година
St. Nicholas in K'shanje, view from south - west, year 1884

485 Алексоска С., 2006, 33, кат. 27; 13 – 14, кат. 7 - 8; 22, кат. 16;
486 Панов М., 1998, 171;
487 Според информаторот Стамен Арсовски од К'шање, од 30 ноември 2010 година, роден 1932 година;

ди, кој на западната и источната страна е пресечен со триаголни тимпани и делува како четвросливен покрив, исто како црквата Св. Атанасиј во Кокошиње. Од јужната страна има отворен мошне едноставен трем, потпрен на дрвени греди, а од запад одвоен покриен нартекс. На западната фасада, над влезот во лунетата е насликан допојасно патронот на црквата Св. Никола, а над лунетата, под забатот се наоѓа камена транзена од геометриски форми. На јужната фасада има два правоаголни отвори одозгора украсени со камени арки и крст од тесни тули во средината на тимпаноните. Отворите се заштитени со железни транзени. Овде, на краевите на ѕидовите се сретнува и камена декорација од зооморфни и антропоморфни претстави.[488] Источната фасада е разбиена исто така со камена транзена од геометриски форми, над апсидата. На северната фасада е видлива камена декорација од шестолистна транзена на отворот на која недостасуваат два листа, а над неа камена арка чиј тимпанон е украсен со керамопластична декорација. Ваква идентична транзена се наоѓа на источната фасада, под забатот на црквата Св. Јован во Кратово.[489] Однатре, црквата е засведена со полукружен свод, а подот е од широки четвртести камени плочи, под нивото на земјата од 0,53 см. и преку две скали од јужниот влез се влегува во црквата.



Христос Жртвеник, проскомидијална ниша
Christ Sacrifice, anaphora’s conch



Фрески на јужен ѕид, олтар
Frescoes on the south wall, altar

*Ѕидното сликарство* потекнува од август 1888 година, од зографот Петар Николов, кој се потпишал во олтарската апсида. Главно, се насликани сцени од *Големите празници*, неколку *старозаветни сцени,* како и неколку фигури на светители и српски владетели. Во олтарската апсида е претставата на *Богородица Ширшаја Небес*, под неа четири литургичари, до појас, св. Василиј, св. Јован Златоуст, северно и св. Григориј и св. Атанасиј, јужно. Апсидалната конха е врамена со низа од боени квадрати во зелена, портокалова, сина и црвена боја, аналогна со црквата Св. Атанасиј во Кокошиње. Над Богородица Ширшаја Небеса е насликан *Агнец Божји,* каде Христос е претставен како дете - жртва, фланкиран со допојасните ликови на св. Петар и Исус Христос од композицијата *Визија на Петар Александриски,* а над *Агнецот*, најгоре во темето, е насликана *Св. Троица*. Во проскомидијалната конха е насликана фигура на полугол и млад, *Исус Христос Жртвеник*, кој стои во овален жртвеник, со трнов венец на главата, и раце вкрстени на градите, а меѓу нив држи копје. Најблиски аналогии има со фреската во Св. Никола

[488] Крстиќ С., 2010а, 29, сл. 80;
[489] Хаџиева-Алексиевска Ј. - Касапова Е., 2001, 44 - 46; Крстиќ С., 2008, 149;

во Колицко, со таа разлика што таму Христос стои во путир со вкрстени и врзани раце на појасот, изработена од Хаџи Костадин зограф од Велес во 1872 година. Типот на Исус Христос Жртвеник, со трнов венец на главата, и копје помеѓу вкрстените раце на појасот, или *Христос оди кон волно страдање*, се сретнува на иконата во црквата Св. Никола во Куманово, изработена од зографот Никола Михајлов од Крушево, во средината на XIX век, изложена во Галеријата на икони, со таа разлика што таму Христос е облечен во долг црвен химатион.[490] Ваквите претстави на Христос во олтарските ниши, се чести во Преродбата. Јужниот ѕид во олтарот е насликан со старозаветни сцени, во првата зона е насликано доподпојасието на *дедо Адам*, прикажан со бела брада и долга бела коса, врз прстен од сиви облаци, а над него, во втората зона кон сводот, сцената, *Мојсеј ги прима Десетте Божји заповеди,* од отецот св. Сава (Саваот).

На јужниот ѕид во наосот, од исток кон запад, во првата зона, е насликана сцената, *Св. Димитрија на коњ го убива бугарскиот цар Калојан*, а до неа, во втората зона, *Св. архангел Михаил со меч му ја одзема душата на богатиот*. Под нозете на архангел Михаил, на дното, во левиот агол се насликани допојасија на маж и жена во секојдневна народна носија, мажот со чалма на глава, насликан по хоризонтала, а жената забрадена со шамија, насликана вертикално, олицетворение на сиромавите, а десно од жената се наоѓа цела фигура на сотоната, симболично прикажана душата на богатиот, која му ја вади архангел Михаил. Над влезот, во втората зона е насликана фигура со натприродна големина на српскиот крал Милутин, во раскошна облека, со круна на главата. Сликањето на српските високи кралски достоинственици, е честа појава во црковните споменици во Македонија од XIX век, кои се поврзуваат со политичките прилики и релации со кнежевството Србија, но и како израз на барање на нарачателите. Како образец, на зографите им служела втората ерминија на Дичо зограф, која ги содржела списите за *Старите српски кралеви и цареви,* позајмени од *Стематографијата* на Христифор Жефарович од 1741 година.[491] Во третата зона на сводот, од исток кон запад се насликани: евангелист Лука со неговиот атрибут, теле, во голем овален медаљон, *Раѓање Христово*, *Патување на тројцата кралеви*, и вториот овален медаљон, со евангелистотот Јован и неговиот атрибут, *орел*, како пандани на другите дваица евангелисти, Матеј и Марко, на јужниот ѕид.

На западниот ѕид, во првата зона се насликани фигури во цел раст, исто така со натприродна големина, на српските просветители: св. Арсениј, св. Сава, и царот св. Симеон. Во третата зона, во темето се насликани две сцени: *Ангел Божји ги држи коњите,* јужно, и *Поклонение на мудреците* (северно). На северниот ѕид, од запад кон исток, се насликани фигури во цел раст со натприродна големина: праведниот кнез Милош Обилиќ со истакнати мустаќи свиткани нагоре, кнез Лазар, кој во левата рака ја држи неговата исечена глава, па сцената *Св. Ѓорѓи на коњ го убива змејот,* пандан на *Св. Димитрија го убива бугарскиот цар,* од спротивниот ѕид, и над неа помала фигура во цел раст, на св. Трифун со срп (неговиот земјоделски атрибут) во десната, и крст во левата рака, облечен во македонска, (которска) народна носија, карактеристична за Овчеполието.[492] Во третата зона на сводот се насликани сцените од *Големите празници: Обрезание Христово,* со евангелистот Матеј и неговиот атрибут ангел*,* во овален медаљон, *Крштевање Христово,* евангелистот Марко и неговиот атрибут лав*,* во овален медаљон, и во олтарот продолжува со сцената *Сретение Христово*. Под Сретение, во втората зона во олтарот е насликан Ангел со свиток в раце (*Всјакое дихание*) со пораката: *Да хвалите Господа.* На сводот, од запад кон исток, во големи кружни медаљони се насликани: Мајка Божја, со круна на главата и малиот Христос на градите во кружен медаљон; Христос Вседржител (Бог - татко) со св. Гулаб (Дух). во помал кружен медаљон на долниот крај (Бог - дух), во средината; и отец св. Сава (Бог - татко), во олтарот; што значи дека и на сводот биле насликани персонификациите на светото Тројство. Ова сликарство е слично на сликарството од Кокошиње, Живење[493] и Винце, со нагласена волуминозност на сликаните површини.

---

[490] Поповска - Коробар В. - Зисовска Ј., 2000, 29, сл. 10;
[491] Чокревска - Филип Ј., 2009б, 108 - 109;
[492] Габелиќ С., 2004, 119 - 120; За Преродбата е карактеристична појавата на одделни светители да бидат облечени во народна носија, обележје на етничката припадност на верниците во црквата.
[493] Николовски А,1984, 42-43;

Црквата Св. Никола има висок дрвен иконостас со двери во резба на дното, три реда на икони и Голем крст со сликано *Распетие* со дракони во подножјето на крстот. Иконостасот и иконите се изработени во 1886 година од Петар Николов, освен една престолна икона на платно со допојасна претстава на архиерејот св. Никола, патрон на црквата, од Димитар Андонов Папрадишки, кој се потпишал на неа, од 27 август 1886 година. Тоа значи дека Николов и Андонов работеле заедно во 1886 година истовремено во три цркви во кумановскиот крај, овде во К'шање, во Живење и во Кокошиње.[494] Во подножјето на иконостасот се наоѓаат четири правоаголни табли, насликани со вазни со цвеќе. Во првата зона се наоѓаат престолните икони, од север кон југ: на проскомидијалната врата се наоѓа патронска икона (73 x 50 см.) на св. Никола во архиерејска одежда, со митра на главата, аналогна со иконата од Св. Ѓорѓи во Станишор, кај Гњилане (1903),[495] до неа св. Богородица со Христос (Мајка Божја), северно од дверите, потоа следува Исус Христос Вседржител, и св. Јован Претеча, јужно од дверите, сите насликани до појас (64 x 40 см.). Престолните икони се одвоеви со интерколумнии, украсени со цветни мотиви, а над нив, во



Крштение, северен ѕид, наос
Crucifixion, north wall, nave



Иконостас
Iconostasis

полукружни арки се насликани претстави на херувими. Дверите во резба со позлата се во ажурна техника во горната половина, а во долната со длабока резба. со растителни мотиви, риби и птици. Најгоре, завршуваат во грифони од орловски глави со клун и змиско тело со кое се порабени дверите, а гроздовиот плод во нивните уста го колваат и орлите под нив, по еден од обете страни. На врвот, се наоѓа мал кружен медалјон со крст на врвот порабен со релјефно изработени палметни листови со позлата, насликан со допојасие на Саваот, со триаголен нимбус. На средината од дверите, во овални медалјони е насликана дводелната композиција *Благовести*, архангел Гаврил, северно, и св. Богородица, јужно, минијатурни фигури во цел раст.[496] Над дверите се наоѓа икона насликана на платно (108 x 90 см.), *Исус Христос Животоносен леб* (Животодавец), или *Катапетазма*, изработена од Петар Николов, каде Исус Христос е претставен до појас во путир, облечен во зелен хитон и црвен химатион, со круна на главата, како благословува со двете раце, фланкиран со светите архангели Гаврил и Михаил. Вакви икони од платно над дверите се насликани и во Св. Атанасиј во Кокошиње од Димитар Андонов (1886), и во манастирот Карпино во

[494] *Евидентирани икони* …, 1987, 79 – 82; Николовски А, 1984, 43;
[495] Николовски А., 1984, 82, сл. 11;
[496] Андреиќ В., 2009, 83, сл. 4;

Сув Орах, од Јосиф Радев (1898). Помеѓу престолните и празничните икони, епистилот е насликан со богата хоризонтална низа од винова лоза со зелени листови и гроздови во темно црвена и темно сина боја. Во втората и третата зона се наоѓаат минијатурни допојасни празнични икони (37 x 25 см.) на светите апостоли и евангелисти: Матеј, Вартоломеј, Марко, Павле, Јован, Тома, Лука, Јаков, Филип, Петар, Андреја, Симеон, и Јован, потоа Исус Христос, *Раѓање Христово*, *Воскресение Христово*, *Вознесение*, св. архангел Михаил, и св. Богородица со Христос, кои во третата зона се фланкирани со сликани претстави на петел. Петелот претставува амблем на Христос, како што се орелот и јагнето, и го симболизира Христовиот соларен симбол, светлоста и воскресението.[497] Овој христијански споменик на културата е типичен претставник на Преродбата во Р. Македонија, не само во поглед на архитектурата, туку и во поглед на ѕидното сликарство и иконописот.

## СВ. БОГОРОДИЦА ВО НИКУЉАНЕ - МАНАСТИР ЗАБЕЛ

Манастирската црква посветена на *Успение на Богородица* (Голема Богородица) е сместена во пошумена долина наречена Забел, по што и манастирот го добил името, а се наоѓа на тромеѓата помеѓу селата Старо Нагоричино, Челопек и Никуљане. Припаѓа во атартот на селото Никуљане, кое е оддалечено 13 км. од Куманово, а спаѓа во општината Старо Нагоричино во нејзиниот северозападен дел.[498] За оваа црква се врзува еден историски настан. Имено, од 1866 до 1891 година во манастирот служел попот Паун Стојиљковиќ, чиј гроб се наоѓа и денес во олтарот на оваа црква, заедно со уште двајца свештеници. Неговиот син, поп Димитрија поранешен старонагорички парох, го штител манастирот од наездата на бугарската пропаганда и од Арнаутите



Св. Богородица во Никуљане - Манастир Забел, југоисточна фасада, 1856 година (лево) и иконостас (десно)
Church Holy Mother of God in Nikuljane - Zabel Monastery, south - east facade, year 1856 (left) and iconostasis (right)

а воедно бил водач на Српското востание во 1878 година во Кумановската и Паланечката каза. Умрел во 1894 година како затвореник во Канли - кула во Солун поради познатото востание. По смртта на поп Паун, во 1891 година во манастирот служел неговиот внук, поп Анта Димитријевиќ, кој на 10 јуни 1893 година загинал од пушката на Арнаутите. По обновата, манастирот се стекнал со богат имот (шуми, лозја, жито итн.).[499]

Црквата претставува монументална, *трокорабна* висока градба со правоаголна основа, со една централна осмострана купола и мошне висока петострана апсида на исток. Забелскиот манастир заедно со Бељаковскиот и Градишкиот манастир, претставува редок тип на архитектонски решенија со една купола во кумановскиот крај, од преродбенскиот период. Започнала да

---

[497] Chevalier J. – Gheerbrant,A., 1989, 502 – 503;
[498] Панов М., 1998 , 209;
[499] Хаџи -Васиљевић Ј., 1896, 167 – 180; Idem, 1909, 466; Трайчев Г, 1933, 83;

се гради во 1852 година, а се завршила во 1856 година од убаво измазнети жолти камени блокови, како што се сретнуваат и на црквата Св. Петка во Руѓинце. Годината на изградбата се наоѓа испишана на куполата.[500] Покриена е со двосливен покрив од ќерамиди, кој е пресечен од западната и источната страна со мал триаголен тимпан, така што делува како четворосливен покрив. Оваа појава е присутна кај повеќе цркви од овој период: Св. Атанасиј во Кокошиње, Св. Никола во К'шање, Св. Петка во Руѓинце и Бељаковски манастир. Северната и јужната фасада се оживеани со полукружни отвори заштитени со железни транзени, а западната и источната, со по два бочни отвори во вид на четирилистни транзени во лунети, и со по една четирилистна транзена на средината во вид на розета, врамена со радијално наредени тесни тули.[501] Разиграноста на фасадите со четирилистни камени транзени се сретнува кај повеќе преродбенски цркви, како што се Св. Никола во Куманово, Св. Илија во Живење, Св. Петка во Руѓинце и Св. Ѓорѓи во Бељаковце. Октогоналната купола е оживеана со осум лачни отвори, градена од тула, одозгора покриена со турски ќерамиди. Црквата има три влеза, од западната, јужната и северната фасада, врамени со камени арки. Од северната фасада, поради местоположбата со шест скали се влегува во црквата, а од јужниот влез се влегува директно во олтарскиот простор. Над главниот западен влез, во лунетата е насликана понова допојасна фреска со ликот на патронот на црквата, Св. Богородица со Христос, изработена од младиот кумановски уметник Синиша Стефановски - Кашавелски, во 1999 година. По својата архитектонска диспозиција е аналогна со манастирската црква Св. Ѓорѓи во Бељаковце од 1894 година. Ентериерот на црквата е поделен на три кораби со по три четвртести столбови во два реда. Лаковите помеѓу столбовите се прицврстени со конструкција од греди, а во интерархиволтниот простор над столбовите се наоѓаат мали полукружни отвори, додека кај руѓинската црква се во вид на ромб. Единствената купола се потпира врз пандантифи на четирите столбови, а корабите се засведени со полукружен свод. Олтарскиот простор е разбиен со централна апсида, проскомидијална и ѓакониконска конха како и квадратни ниши. Подот во олтарот е од широки четвртести камени плочи, а во наосот е бетониран. И наосот, и олтарот се бело варосани и до ден денес, сé уште не се живописани, какви што се манастирската црква Св. Ѓорѓи во Градиште и руѓинската црква Св. Петка. По својата внатрешна архитектура е идентична со Бељаковскиот манастир (1894), Св. Димитрија во Страцин, Кратовско (1847) и подоцна обновената црква Св. Петка во Руѓинце (1921).

Внатрешната декорација на црквите во повеќето преродбенски цркви повеќе не се сведува на фреско-сликарството, туку се обрнува внимание на високите репрезентативни иконосатси од дрво, како најдекоративен објект во самата црква. Па, така и овде, сé уште нема живопис, ѕидовите се бело варосани, а не изостанува високиот репрезентативен *иконостас.* Иконостасот е со три реда на хоризонтални икони, табли со сликани вазни со цвеќе во подножјето, Голем крст на врвот со сликано *Распетие Христово,* врамен со релјефно изработени палметни листови во позлата, со орел на врвот од Крстот, и дракони во подножјето во плитка резба со позлата, а на дното, царските двери се целосно насликани. Иконите одозгора се украсени со тројни арки во кои има сликани херувими, а ги работеле Димитар Крстев - Дичо Зограф од Тресонче, Дебарско во 1857/58 година; Вено Костов од Галичник во 1873 година, и Зафир Василев од Дебар, во 1869 година.[502] Недостасуваат четирите престолни икони со димензии: 92 x 65 x 2,5 см., изработени од Дичо Зограф (Богородица Одигитрија, Исус Христос Вседржител, св. Јован Претеча и св. Никола), украдени во 2002 година. Денеска, овие икони се заменети со нови, изработени во 2009 година од ликовните уметници, сопружниците од Куманово, Вера и Јован Тодоровски.[503] Во втората зона се наоѓаат тринаесет икони на светите апостоли и евангелисти, со димензии: 49 x 33 см., и со централната празнична икона *Успение на св. Богородица* (75 x 39 см.), која се наоѓа над дверите,

---

500 Хаџи -Васиљевић Ј.,1909, 463;

501 Крстиќ С., 2010, 29, 85;

502 *Евидентирани икони* …… 1987, 93 - 97;

503 Информациите се добиени лично од авторите, Вера Тодоровска, педагошки работник во О.У. "Магдалена Антова" во Куманово, р. 1958 год. и Јован Тодоровски, педагошки работник во О.У. "Крсте Мисирков" во Куманово, р. 1951 година. Овие исти автори речиси истовремено ги изработиле новите фрески и икони во црквата Св. Богородица во Студена Бара (2008/09), и фреските во Св. Троица во Четирце (2012);

изработени од раката на Дичо. Од север кон југ, се редат: Филип, Јаков, Симон Зилот, Лука, Јован Богослов, Павле, Успение на Богородица, Петар, Матеј, Марко, Андреј, Вартоломеј и Тома. Во третата зона се наоѓаат шеснаесет минијатурни празнични икони со димензии: 30 х 24 см., изработени од раката на Вено: св. Петка и св. Недела, св. Троица, Благовести, Четириесет маченици, Сретение, Крштевање, Воскресение Христово, Вознесение Христово, Воведение во храм, Раѓање Христово, Влегување во Ерусалим, Тајна вечера, св Ѓорѓи, св. Антонин и Атанасиј, и Раѓање Богородичино (два пати). Вено Костов ги насликал фигурите во цел раст, на архангел Михаил (193 x 85 см.) на проскомидијалната, и воинот св. Димитрија, на ѓакониконската врата



Архангел Михаил, проскомидијална врата, детаљ
Archangel Michael, anaphora's door, detail



Благовести, двери, детаљ
Annunciation, royal doors, detail

(197 x 94 см.). Царските двери (138 x 41,5 см.) се насликани од Зафир Василев од Дебар, на горниот крај се старозаветните пророци и цареви, Давид и Соломон до појас, а на долниот, *Благовести,* минијатурни фигури на архангел Гаврил (лево) и св. Богородица (десно), во цел раст. На врвот од дверите во минијатурен кружен медалјон е насликано допојасие на Саваот.[504]

Во црквата се наоѓа и една подвижна, графичка книжна икона со св. Богородица Одигитрија (50 x 70 см.), која се состои од повеќе минијатурни икони на Богородица со малиот Христос во квадратни полиња, но е мошне оштетена, а централната претстава недостасува. Слична вакка икона на Богородица Одигитрија со апостоли и други светители, од непознат автор, се наоѓа во прилепската музејска збирка, која датира од втората половина на XVIII век, изработена во печатницата *Антонио Бартоли* во Венеција.[505] Овој манастир имал богат библиотечен фонд, а дел од нив денес сé уште се чува во дрвените ормани, што значи бил значаен книжевен центар во XIX век. Црквата поседува и владички престол од дрво. Црковните предмети биле донесени од Белград од страна на игуменот Ѓорѓе Цветановиќ - Војниклија.[506]

Забелскиот манастир е типичен претставник на Преродбата.

## СВ. ЃОРЃИ ВО ГРАДИШТЕ - МАНАСТИР ГРАДИШТЕ

Селото Градиште се наоѓа на југоисточниот дел од општината Куманово, оддалечено 24 км. од градот, десно од магистралниот пат Куманово - Свети Николе. Манастирската црква посветена на Св. Ѓорѓи е сместена во листопадна шума на врвот од Градишкиот рид.[507] Подигната е врз

[504] *Евидентирани икони*….., 1987, 93 – 97;
[505] Алексоска С., 13 - 14, 45 - 46;
[506] Хаџи-Васиљевић Ј., 1909, 463;
[507] Панов М., 1998, 84;

темели на стара разурната манастирска црква. Според ферман издаден од турскиот султан Абдул Азис (1861 - 1876) во Цариград од 1864 година, градишкиот манастир започнал да се гради во 1866 година за време на Мехмет Назиф - паша во Куманово и бил завршен во 1868 година. Црквата Св. Ѓорѓи била изложена на црковното двовластие во Македонија, од крајот на XIX и почеток на XX век. Така, сé до 1896 година припаѓала на патријаршистите, а после тоа била затворена сé до 1905 година, кога припаднала на егзархистите.[508]

Во архитектонски поглед, црквата претставува *триконхос* од збиен тип со една купола, како таква единствена во кумановскиот регион од периодот на Преродбата во Македонија. Манастирот бил граден од делкани камени блокови со употреба на тула. Фасадите се оживеани со хоризонтални разделни венци. Применет е византиски стил на градба со редуцирање на декорацијата. Трите конхи се разбиени со по една монофора. Големата октогонална купола е расчленета со осум монофори и е покриена со лим. Единствената камена декорација во плиток рељеф се наоѓа на западната фасада, над влезот, претстава на еден херувим и латински крст со врежана година на изградбата (1868), во сив гранит, северно од влезот. Има нартекс и нагласена



Св. Ѓорѓи во Градиште, 1868 година, западна фасада
St. George in Gradishte, year 1868, west façade



Влезна партија, западна фасада
Entrance, west facade

влезна партија со два масивни столба од запад од каде што се влегува преку пет скали, што значи дека е подигната над нивото на земјата поради местоположбата. Над порталот се наоѓа четирилистна камена транзена во кружна ниша, денес малтерисана. Вакви четирилистни камени транзени се карактеристични за црквите од одвој период и ги има на повеќе кумановски цркви: Св. Никола во Куманово, Св. Илија во Живење, Св. Петка во Руѓинце, манастир Забел во Никуљане и Бељаковски манастир. Однадвор, црквата е поправана во октомври 1978 година. Реновирање на ентериерот е извршено во 2001 година кога се малтерисани ѕидовите на трите конхи, а последни интервенции се изведени со малтерисувањето на надворешната архитектура во 2003 година, од страна на локални мајстори - градители. Аналогна е со црквата Св. Теодор Тирон во Српци,

[508] Хаџи-Васиљевић Ј., 1901, 467-468; Трайчев Г., 1933, 83 - 84; Грчев К., 1998, 170;

Прилепско (1929), Св. Богородица во Буково, Битолско (1927) и Св. Петка во Црниче, Скопско (1922), изградени подоцна во периодот помеѓу двете светски војни.[509]

Црквата сé уште не е живописана, освен една нова фреска од 2005 година, во источната конха со допојасна претстава на Богородица Оранта, по нарачка на едно семејство од Клечовце, кое сега живее во Скопје, изработена од ликовниот уметник Среќко Андоновски - Челик.[510] Некогаш имала стар иконостас, чии икони изработени во темперна техника од неидентификуван автор во XIX век, денеска се изложени во Галеријата на икони во црквата Св. Никола во Куманово. Се работи за иконите: *Св. Ѓорѓи īо убива змејоīи* (115 x 63 см.),[511] *Св. Димиīирија īо убива цароīи Калојан* (115 x 63 см.), Богородица со Христос (110 x 63 см.), царските двери со *Блаīовешīиение* (147 x 49 см.) и една икона од 1933 година, *Св. Троица* (83 x 50 см.). Дверите во резба од дрво со



Св. Ѓорѓи, икона, XIX век
St. George, icon, XIX century



Св. Богородица, икона XIX век
Holy Virgin, icon, XIX century



Св. Димитрија, икона XIX век
St. Demetrius, icon, XIX century

флорални мотиви и позлата се насликани на средината со фигури на архангел Гаврил и св. Богородица, најгоре во кружни медаљони се старозаветните пророци Давид и Соломон со отворени свитоци, а најдолу веројатно по двајца архиереи во елипсовидни полиња, на обете крила. Легендите се испишани со словенско писмо. Според стилските карактеристики, анонимниот зограф одговара на авторот на иконите од Довезенце.[512]

Денеска црквата има нов дрвен *иконосīиас* чии икони ги изработил Димитар Андонов - Папрадишки (1859 - 1954) во 1937/38 година.[513] Овој иконостас се разликува од другите по тоа што

[509] Грчев К., 1998, 138 - 139, сл. 12; 201, сл. 1 - 3; 154 - 155, сл. 1- 2;
[510] Информациите се добиени лично од авторот Среќко Андоновски - Челик, р. 1948 година, ликовен уметник од Куманово, кој пред две децении (околу 1992/93 година) ги изработил сите фрески во Св. Петка во Бедиње и фреско-мозаиците во лунетите на фасадите (1992/93 и 2006 г.) ;
[511] Поповска - Коробар В. - Зисовска Ј., 2000, 41. На иконата е претставен св. Ѓорѓи со двете негови чуда, спасувањето на принцезата од жртвувањето на змејот во градот Вирит, и спасувањето на момчето од островот Митилина;
[512] Ibid, , 41 - 43, сл. 49 -53;
[513] Николовски А., 1984, 118, 318;

е висок колку престолните икони, кои всушност претставуваат фигури во цел раст, како на проскомидијалната и ѓакониконската врата, што не е случај со другите иконостаси каде се претставени допојасни ликови на светители. Овде, фигурите од север кон југ се прикажани цели, во фронтална поза и стоечки став, започнуваат со: св. Ѓорѓи со копје в раце, патронот на црквата, до него св. Богородица со малиот Христос в раце, потоа следат царските двери, Исус Христос Вседржител и св. Јован Претеча. На дверите се насликани минијатурни фигури во горниот дел на двајца пророци Исаија и Јоил, а во долниот дел на архангел Гаврил (лево) и св. Богородица (десно) од дводелната композиција *Благовести*. Дверите се аналогни со дверите во црквата Св. Јован во Режановце, работени од истиот зограф во 1949 година.[514] Над дверите, се наоѓа св. Убрус, насликан со *Неракотворниот образ на Христос*, на црвено сатенско платно, а над него, најгоре на врвот од иконостасот под Големиот крст, во средината е насликана иконата *Тајна вечера*. Димитар А. Папрадишки ги насликал иконите за овој манастир во неговата петта фаза од творештвото (1930 - 1940). Се забележува стемнет инкарнат на ликовите наспроти чисти колористички површини на облеката во неговите сликарски постапки, нагласена линија на цртежот и декорацијата со делумно стилизирани исцртувања.[515] Ваков сличен иконостас е насликан и во црквата Св. Никола во Дрен'к (1936), и Св. Троица во Четирце (1936).[516]

Градишкиот манастир Св. Ѓорѓи се вбројува во редот на споменици на културата од Преродбата.

## СВ. ИЛИЈА ВО ЖИВЕЊЕ

Селото Живење се наоѓа на југоисточниот дел од општина Куманово, оддалечено 30 км. од градот и допира до општината Свети Николе.[517] Поради непристапниот терен на селото, десно од магистралниот пат Куманово - Свети Николе, до него се стигнува преку обиколниот локален пат Куманово - Пчиња - Вак'в - Винце - Сушица (Скопско) - Живење. Црквата посветена на Св. Илија се наоѓа во Долна маала, покрај селската чешма, на една височинка, до селските гробишта.



Св. Илија во Живиње, југоисточна фасада 1884/85 година
St. Elijah in Živinje, south – east facade, year 1884/85

[514] Ibid, 105, 330;
[515] Ibid, 104, 330;
[516] Ibid, 103; Василиев И., 1965, 207;
[517] Панов М., 1998, 124; Трифуновски Ј., 1974, 153;

Св. Илија е *трокорабна* безкуполна градба со правоаголна основа и тристрана апсида на исток. Градена е од убаво обликувани камени блокови, денес малтерисана во 1997 година, кога се правени последните интервенции.[518] Покриена е со двосливен покрив од ќерамиди. Црквата има два влеза, од западната и од јужната страна. Од западната страна има отворен дрвен трем и главен влез со лунета над него, во која нема фреска на патронот на црквата, св. Илија. Над лунетата се наоѓа четирилистна камена транзена. И северната и јужната фасада се оживеани со по три отвори од четирилистни камени транзени во лунети, какви што се сретнуваат на Забелскиот манастир во Никуљане, Бељаковскиот манастир и Св. Петка во Руѓинце. Трите страни на апсидата се украсени со длабоки полукружни ниши. Во средината на апсидата на дното се наоѓа тесен вертикален засек, а над неа полукружен отвор. На југоисточниот и североисточниот агол се забележува скулптурална релјефна декорација од камен на атрибутите на двајца евангелисти, фигура на лав и глава на теле какви што се сретнуваат и на други цркви од Преродбата, како што се Св. Никола во Куманово и Бељаковски манастир. Од западната страна недостасуваат другите два атрибути на евангелистите. Однатре, црквата е засведена со поширок централен и два бочни, сосема тесни полукружни сводови. Централниот свод го носат четири масивни кружни столбци поврзани поме-



Успение на св. Богородица, западен ѕид, наос
Assumption, west wall, nave

ѓу себе со лакови. Лаците во нартексот и кон олтарот се потесни, а во наосот пошироки. Олтарскиот простор е разигран со централна апсидална, проскомидијална и ѓакониконска конха, а на северниот ѕид има идентична конха и во иста висина со проскомидијалната. Подот е од широки камени плочи со неправилна форма и е под нивото на земјата 0,5 м., така што од западниот влез со три, а од јужниот со две скали (30 см.) се влегува во црквата. Според записот на зографите на северниот ѕид на наосот во црквата, може да се констатира дека црквата била изградена една или две години пред живописувањето, односно во 1884/85 година и се вбројува во редот на цркви од Преродбенскиот период од втората половина на XIX век.[519]

*Фреско - сликарството* го работеле двајца велешки зографи, Петар Николов и Димитар Андонов Папрадишки и го завршиле на 8 јули 1886 година. Своите потписи ги оставиле на северниот ѕид на наосот. Овие двајца зографи заедно работеле и во црквата Св. Атанасиј во Ко-

[518] Николовски А., 1984, 325
[519] Трифуновски Ј., 1974, 154;

кошиње во 1886/89 година и во Св. Димитрија во Крива Паланка во 1887 година.[520] Паѓа в очи сликањето на сцените и фигурите на светителите на големи површини, како што се забележува во црквата Св. Атанасиј во Кокошиње и во истоимените цркви Св. Никола во Винце и К'шање. Во олтарската апсида е насликана Богородица Ширшаја Небеса, а под неа се насликани четворица архиереи до појас, од север кон југ: св. Василиј, св. Јован Златоуст, св. Григориј и св. Никола. а над неа е невообичаената композиција *Деисис,* како во Кокошиње, која обично се слика на северниот ѕид, до иконостасот. Во ѓакониконската конха е насликан архиѓакон Стефан во цел раст, кој во десната рака држи модел на црква, а во левата кадилница, додека во проскомидијалната конха, Исус Христос Животодавец - *Кайайейазма*, до под појас, во путир, облечен во син хитон и црвен химатион, а со двете раце поткренати нагоре, благословува. Најблиски аналогии има со подвижната икона од Св. Никола во Орашац, изработена од Јосиф Радев Мажовски од Лазарополе, во 1898 година, и со платнените икони над дверите, во црквите во Кокошиње, манастир Карпино, и К'шање, од крајот на XIX век. Оваа несекојдневна иконографска претстава во Преродбата во Македонија, прв почнал да ја слика Дичо Зограф, кој изготвил своја ерминија, па од него ја презеле сите негови ученици и следбеници, кои твореле во XIX и првите децении на XX век.[521] Во втората зона, јужно од апсидата, над ѓакониконскта конха е насликан св. Петар, а северно Исус Христос млад, до под појас, со свиток во рацете, како дел од композицијата *Визија на Пейар Александриски.* На јужниот ѕид, во олтарот, горе е насликан пророк Малахија во цел раст, а наспроти него, на северниот ѕид, пророк Јоил, исто така, во цел раст.

На јужниот ѕид во наосот, од исток кон запад се насликани сцените: *Св. Димиѿрија ѓо убива буѓарскиоѿ цар Калојан*, пандан на *Св. Ѓорѓи ѓо убива змејоѿ,* на спротивниот северен ѕид, потоа следува *Преображение Христово*, па над влезот прекрасно насликан *херувим*, а над него сцената со *Вознесение на св. Илија*, патрон на црквата, каде се гледа огнената кочија како се вознесува во облаци, на горниот крај, а на долниот крај е прикажан пустножителот во пештерата, и завршува на запад со сцената, *Влеѓување во Ерусалим*, во првата зона, а над неа, во втората зона фигура на пустожителот св. Прохор Пчињски. Веднаш до него, во втората зона на западниот ѕид, во темето на јужниот кораб, е насликана фигура во цел раст, на пустожителот св. Гаврил Лесновски, а негов пандан, на северниот кораб е фигурата на свет воин, мошне оштетена, со штит во вид на човечка глава, веројатно, св. Теодор Тирон. На западниот ѕид во првата зона се насликани св. Константин и Елена, јужно од влезот и светите врачи Кузман и Дамјан, северно од влезот. Во централниот кораб, над западниот влез, во втората зона е насликана композицијата, *Успение на Богородица.* На северниот ѕид, во првата зона од запад кон исток се насликани сцените од *Големиѿе ѿразници*: *Крштевање, Воскресение* и *Вознесение Христово*, потоа следува композицијата *Св. Ѓорѓи на коњ со копје ѓо убива змејоѿ.* Во втората зона, високо горе, во северниот кораб е насликана фигура на пустожител, веројатно св. Јоаким Осоговски. Над столбовите, во централниот кораб на наосот, во просторот помеѓу лаковите на сите четири страни се насликани фигурите на евангелистите со нивните атрибути. Над југоис-точниот столб е насликан Матеј со неговиот атрибут *анѓел*, наспроти него, над североисточниот столб е насликан Јован, со *орел*, а другите двајца, над југозападниот столб Марко, со *лав,* и наспроти него Лука, со *ѿеле.* Во нартексот, во лаците помеѓу столбовите се насликани по три фигури на старозаветни пророци до под појас, а во лаците на наосот по четири медалјони, исто така на старозаветни пророци. Во југозападниот лак на нартексот, од исток кон запад се насликани: Јоад, Теодор и Езекиј, а во северозападниот: Малахиј, Авдиј и Михеј. Во југоисточниот лак на наосот од исток кон запад во медалјони се насликани: Данил, Јоил, Аргеј и Исаија, а на североисточниот: Софониј, Наум, Авакум и Варух. Во мошне тесните странични кораби, над југозападниот столб, на северната страна е насликан пророк Захарија во цел раст, а негов пандан, во северниот кораб, над северозападниот столб е веројатно четвртиот анахорет, пустожителот св. Јован Рилски. На сводот во олтарот е насликан отецот св. Сава во голем кружен медалјон, во наосот Исус Христос Вседржител и св. Илија, насликан до под појас.

---

520 Николовски А., 1984, 42 - 43; Асениев И., 1965, 207;

521 Цветковски С., 2008, 43, сл. 6; Чокревска - Филип Ј., 2009а, 99 -118; Eadem, 2009б, 129 -134;

Овде видно се разликува сликарството на едниот, од другиот зограф. Така, сликарството на Димитар Андонов - Папрадишки отскоквува од сликарството на Петар Николов, тоа е прикажано со еден рафиниран израз на ликовите, грижливост на деталите, се чувствува еден академски реализам.[522] Главно, тој ги насликал сцените во олтарската апсида со *Богородица Ширшаја Небеса (Поширока од Небото)* и архиереите под неа, св. Василиј Велики, св. Јован Златоуст, св. Григориј и св. Никола; на западниот ѕид св. Константин и Елена, и св. Кузман и Дамјан; на јужниот ѕид, во првата зона, *Влегување во Ерусалим*, *Преображение Христово* и *Св. Димитрија го убива царот Калојан;* и на северниот ѕид, *Воскресение Христово*. Другите фигури на пророци, свети воини, евангелисти и сводните фрески се дело на Петар Николов. Соработката на Петар Николов негативно се одразува врз квалитетот на живописот, доколку Димитар Андонов не врши дополнителни интервенции на фреските во централната апсидална конха. Групата на апостолите од композицијата *Влегување во Ерусалим* и *св. Константин и Елена*, ги носат одликите на живописот од источната страна на црквата Св. Јоаким Осоговски, со што јасно ги диференцираат сликарските можности на двајцата зографи. Интересно е да се спомене сликањето на светите војници Ѓорѓи и Димитрија на коњи, религиозен мотив во почетните и идните сликарски работи на Димитар Андонов. Идентичност на вакви пози се остварени во црквата Св. Илија во село Бусилци, Велешко, 1884 година, насликани со прилична доза на анатомска точност и покрај тврдиот цртеж и куклестиот изглед.[523]



Херувим, јужен ѕид, наос
Heruvim, south wall, nave



Двери во резба, детаљ
Royal doors, wood, carving, detail

Високиот дрвен иконостас има три реда на хоризонтални икони, Голем крст на врвот со сликано Распетие и дракони во подножјето на крстот, како и двери во резба со позлата, на дното. На дверите, во горната половина се прикажани растителни и животински претстави на елени и птици (орли) во ажурна резба, и сликани фигури на св. архангел Гаврил и св. Богородица од дводелната композиција *Благовести,* врамени во полукружни арки со минијатурни столбчиња, и под нив, попрсја на старозаветните пророци и цареви со круни, Давид и Соломон, во кружни медалјони, на долната половина од дверите.[524] На иконостасот, во првата зона се наоѓаат престолните икони (90 x 56 см.), од север кон југ: св. Илија, патрон на црквата, на проскомидијалната врата, Богородица Одигитрија, лево од дверите, па Исус Христос Вседржител и св. Јован Претеча, десно од дверите. Во втората зона се наоѓаат девет празнични икони (50 x 30 см.), и тоа: св. Никола, св. Петка, *Крштевање*, *Воскресение Христово*, *Св. Троица*, *Вознесение Христово*, *Рагање Христово*, св. Недела, и св. архангел Михаил. Во најгорната, трета зона се наоѓаат исто така, девет минијатурни икони (27 x 22 см.) на светите апостоли и евангелисти: Филип, Марко, Тома, Петар, Павле, Јован, Исус Христос, св. Јован Крстител и св. Богородица.[525] Повеќето икони се

[522] Николовски А., 1984, 42- 43;
[523] Ibid, 55;
[524] Андреиќ В., 2009, 79 - 82, сл. 1-3;
[525] *Евидентирани икони …*, 1987, 79 – 82;

изработени од Петар Николов, од исто време со живописот, во 1886/89 година.[526] Покрај иконостас, црквата поседува едноставен, дрвен владички престол со ногари, коишто на долниот крај завршуваат во вид на лавовски глави, изработен во 1900 година.

Црквата Св. Илија во Живење е типичен претставник на црквите од Преродбата како во поглед на архитектурата, така и во поглед на ѕидното сликарство.

## СВ. НИКОЛА ВО ОРАШАЦ

Селото Орашац се наоѓа југоисточно во општината Куманово, од левата страна на реката Пчиња, десно од магистралниот пат Куманово - Св. Николе. Од градот Куманово е оддалечено 14 км.[527] Во ова село се наоѓаат две постари цркви, едната посветена на Св. Никола, а втората манастирска, посветена на Св. Илија. Црквата посветена на Св. Никола е непозната, неидентификувана и непроучена, во науката. Прв и единствен, кој ја споменува оваа црква е д-р Ј. Трифуновски, во 1974 година.[528] Се наоѓа југоисточно од селото, на локалитетот *Калиш̄ш̄е*, до селските гробишта, скриена во подножјето на ридот и вкопана со својата североисточна страна в земја, што одвај се забележува. Таа е мала *еднокорабна ī̄радба* со полукружна апсида на исток. Градена е од кршен камен, покриена со двосливен покрив од ќерамиди. Од југозападната страна има отворен трем на колонада од дрвени столбови со аркади, доградени во преродбенскиот период, во петтата и шестата деценија на XIX век, каков што е случајот со црквата Св. Никола во Колицко и



Св. Никола во Орашац, јужна фасада, XVII/XIX век
St. Nicholas in Orashec, south facade, XVII/XIX century



Западна фасада
West facade

Св. Богородица во Пчиња. Според начинот на изградбата и местоположбата, оваа црква е доградена врз постара црква од времето на отоманскиот период во XVI или XVII век. Јужната фасада е разбиена со еден правоаголен отвор заштитен со железна транзена и два тесни вертикални засеци, кои кон внатрешноста трапезно се шират во правоаголни отвори, типично за црквите од турскиот период. Од северната страна нема отвори. На западната фасада се наоѓа главниот влез во црквата, а споредниот на јужната фасада, обата врамени во камени арки. Над јужниот влез се наоѓа слепа лунета со фреска на св. Никола, патрон на црквата, а над западниот, ликот на Исус Христос. И двете допојасни фрески се мошне оштетени. Внатре, црквата е засведена со полукружен свод. Во црквата се влегува од западниот влез, со три скали под нивото на земјата, околу 50 см. Дебелината на ѕидовите изнесува 80 см. Сочуван е првобитниот под од широки правоаголни и квадратни камени плочи.

[526] Василиев А., 1965, 207;
[527] Панов М., 1998, 220;
[528] Трифуновски Ј., 1974, 147;

Денес, црквата нема *живопис*, освен единствената фреска во олтарската апсида. Карактеристично е што во апсидата, наместо вообичаената претстава на Богородица Оранта е прикажан *Христос Велики Архиерej* со круна на главата, со двете раце кренати нагоре, до појас, доста оштетен, но е единствен ваков пример во кумановскиот регион и пошироко. Ваква сцена се сретнува во ѓакониконската ниша во Св. Никола во Вевчани, Струшко од 1879 година, изработена од Аврам Дичов, синот на Дичо Зограф.[529] Овде, симболично е претставен триумфот на Христос како праведен судија, по неговото Воскреснување. Фреската претставува преслика на постариот живопис од XVI или XVII век, а по сè изгледа ја насликал Јосиф Радев Мажовски во 1898 година, кој изработил и неколку икони за оваа црква. Ваквите претстави на *Христос Велики Архиерej* или *Цар над цареви*, се чести во охридските и скопските цркви од XVI и XVII век, како дел од *Деисисната композиција*, кога на овие простори се чувствуваат источни, руски влијанија.[530] Во проскомидијалната ниша е насликан *Исус Христос Жртвеник*, полугол, во цел раст, мошне оштетен, како што се сретнуваат во црквите во Кокошиње, Колицко, К'шање, и Винце (во последната со Деисисна варијанта) итн. Тука, во олтарската апсида особено внимание привлекува една секундарно вградена мермерна римска стела со латинско капитално писмо, која служи како хоризонтална подлога (чесна трпеза). Тоа говори дека оваа црква е градена врз темели на постара доцноантичка црква, која претрпела радикални промени во наредните векови, преку византискиот, поствизантискиот, сè до преродбенскиот период. Над апсидата се забележува квадратен отвор, кој кон надвор се стеснува, но е вкопан в земја. На северниот ѕид во олтарот има мала квадратна ниша, а на јужниот, неправилен трапезен отвор, којшто од надвор завршува во тесен вертикален засек, што одвај се забележува.

Од црковниот инвентар, црквата поседува висок дрвен *иконостас,* певница и владички престол од средината на XIX век. Иконостасот се состои од два реда на икони, двери на дното, и Голем крст на врвот, со сликано *Распетие*, кое во подножјето има два дракони во плитка резба со позлата, кои во устата држат овални рипиди со ликови на св. Богородица (лево) и св. Јован Богослов (десно). Во првата зона се наоѓаат престолните икони, од север кон југ: св. Никола, патрон на црквата, репродукција на врамена икона во стакло, на фиксираното крило од иконостасот на северниот ѕид (оригиналот недостасува); на проскомидијалната врата, архангел Михаил, во цел раст, со меч во десната и сфера во левата рака на која се испишани иницијалите на Исус Христос, допојасијата на св. Богородица Портарица, лево, и на Исус Христос Вседржител, десно од дверите, св. архиѓакон Стефан, на ѓакониконските врата, насликан во цел раст кој во левата рака држи модел на црква со една купола; и фиксираната икона на јужниот ѕид, допојасието на св. Јован Претеча. На иконата на Богородица Портарица, на долниот крај се наоѓаат пет допојасни светители, по еден на краевите и тројца на средината. Зад Богородица се наоѓаат фигури на св. Никола и св. Антоние и два ангели над нејзината круна. Иконата на Христос Вседржител од три страни е порабена со 12 минијатурни фигури, и тоа на аглите четирите евангелисти: Матеј, Лука, Марко и Јован со нивните атрибути, по четири допојасни свети апостоли, насликани во вертикална низа од квадрати: Петар, Симон, Тома и Варнава од левата, и Павле, Јаков, Филип и Андреј, од десната страна на централниот лик на Исус Христос. Долу, во средина помеѓу двата евангелисти Матеј и Јован се наоѓа допојасен лик на св. Модест и минијатурна икона на св. Богородица со Христос. Сите престолни икони се сместени во интерколумнии од тројни арки. На иконите од ѓакониконската, со св. Стефан, и проскомидијалната врата, со архангел Михаил, на долниот крај е испишана година 1898, што значи дека се изработени истата година од зографот Јосиф Радев(иќ) од Лазарополе (1830 - 1910), бидејќи идентична икона со архангел Михаил се наоѓа на проскомидијалната врата од Св. Илија во Никуљане, каде се потпишал зографот, со име и презиме. Што се однесува, пак, до двете престолни икони, Богородица Портарица и Исус Христос Вседржител, постојат податоци во Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, дека се изработени во 1840 година од неидентификуван автор.[531] Меѓутоа, најверојатно се

---

[529] Цветковски С., 2010, 276, сл. 16;

[530] Грозданов Ц., 1999, 28 - 54; Грозданов Ц., 2007, *Една варијанта на претставата на Христос Цар над Цареви и Христос Велик Архиерej во поствизантиската уметност*, op.cit., 359 - 376;

[531] *Евидентирани икони ...,* 1987 *а,*, 40;

работи за грешка во датирањето, наместо 1840, можно е да биде 1890 година, затоа што според стилско - ликовните особини со останатите престолни икони, и аналогиите со иконите од иконостасот во Никуљане, Пезово и манастирот Карпино, и овие икони најверојатно ги изработил Јосиф Радев, инспириран од творештвото на Дичо Зограф. Царските двери се целосно насликани, поделени во три хоризонтлни зони, Најгоре се минијатурните доподпојасни фигури на старозаветните пророци и цареви, Давид (десно) и Соломон (лево), под нив во средината вообичаената дводелна композиција *Благовести* со цели фигури на св. архангел Гаврил (лево), и св. Богородица, клекната на колена (десно), а најдолу светите архиереи во цел раст: Василиј и Атанасиј, на северното, и Григориј и Никола, на јужното крило. На врвот од дверите, во мал кружен медалјон е насликан Саваот, допојасно, со триаголен нимб. Како престолните икони, така и царските двери се дело на Јосиф Радев, аналогни со дверите во Св. Илија во Никуљане, и дверите од иконостасот во наосот на Св. Петка во Пезово.



Ентериер со иконостас
Interior with iconostasis



Ѓакон Стефан
Deacon Stefan

Во втората зона се наоѓаат седум помали празнични икони, и тоа од север кон југ: *Св. Ѓорѓи го убива змејот*, *Воскресение Христово, Раѓање Христово, Св. Димитрија на коњ, св. Константин и Елена*, св. *Антонин Велики и Атанасиј Александриски* (фигури во цел раст), и *Св. Троица.* Иконите, *Св. Ѓорѓи го убива змејот,* и *Св. Троица,* ги насликал Зафир зограф од Дебар во 1874 година, кој ги изработил дверите во манастирот Забел во 1869 година, а иконата *Св. Димитрија на коњ* ја насликал зографот Вено Илиев, кои се потпишале врз нив.

Заслужува внимание една подвижна врамена икона, која што се наоѓа во олтарот, со претстава на *Христос Животодавец - Катапетазма* (со димензии: 76 х 88 см.), каде Исус Христос е прикажан допојасно, облечен во сив хитон и црвен химатион, во повисок путир, кој со двете раце полукренати нагоре благословува, а путирот е опкружен со четири херувими по два од обете страни на долниот крај. Оваа иконографска претстава започнала да се слика во Преродбата по примерот на Дичовата ерминија,[532] кој сам ја создал, и меѓу првите започнал да ја слика во црквите, додека неговите ученици и следбеници ја прифатиле и ја применувале на платнени икони

[532] Оригиналната Дичова ерминија денеска се наоѓа во Музејот во Видин, Бугарија; Чокревска - Филип Ј., 2009 б, 119 - 139, сл. 2;

како наддверија, како што се сретнуваат во црквите во Кокошиње, К'шање и манастир Карпино, но и на ѕидното сликарство, во проскомидијалната ниша, како што е случај со црквата Св. Илија во Живење. Од иконата со *Катапетазма*, изработена од Јосиф Радев може да се забележи дека авторот бил инспириран од творештвото на Дичо Зограф, дури и работел во негов манир, која речиси е идентичната со иконата од црквата Св. Никола во Селце, Струшко, од 1853 година, изработена од раката на Дичо. Јосиф Радев Мажовски (1830 - 1910) изработил слична икона за иконостасот на црквата Св. Архангел Михаил во Ташмаруништа, Струшко од 1870 година.[533] Оттука може да се заклучи дека иконите ги работеле повеќе зографи, а од нив најповеќе икони насликал Јосиф Радев од Лазарополе, еден од учениците и следбениците на Дичо, кој ги насликал фреските и сите икони од иконостасот за црквата Св. Илија во Никуљане, неколку икони за иконостасот во Карпинскиот манастир, и за иконостасот во наосот на Св. Петка во Пезово, во 1898 година.

Во отсуство на запис за изградбата на оваа црква, на прв поглед е претставник на црквите од Преродбата во Македонија од средината на XIX век, кога се се појавуваат тремови со колонада од аркади, и се обрнува внимание на иконостасот. Меѓутоа, овој сакрален објект е единствен и редок по својата архитектура во кумановскиот крај, и како таков, е мошне значаен за развојот на два значајни периоди од историјата на уметноста во Македонија, на Средниот (поствизантиски период) кога е изграден, и на Новиот век, кога е доградени. За жал, не се преземени никакви превентивни мерки за негова заштита и денеска се наоѓа во лоша состојба, тремот со колонада од аркади се распаѓа, на кој се видливи траги од влага и оштетени греди и трски на покривната конструкција.

## СВ. НИКОЛА ВО КОЛИЦКО

Селото Колицко е оддалечено 22 км. од Куманово, десно од магистралниот пат Куманово - Свети Николе.[534] Црквата посветена на Св. Никола се наоѓа во Алексовска маала и не е гробјанска црква. Според д-р Ј. Трифуновски била обновена во 1870 година кога е изграден и тремот со колонада од тесни дрвени столбци (греди) од југозападната страна, и камбанарија од јужната страна.[535] Во 1901 година црквата ја обновил локалниот мајстор Арсо Гелев, кој се потпишал на јужниот ѕид под прозорецот. До 2001 година, црквата била непозната, недоволно истражена и неидентификувана во науката, кога од страна на РЗЗСК и Музејот од Куманово била извршена целосна конзервација на архитектурата и живописот. Последни интервенции се направени во 2004 година од локалното население кога изградиле нов покриен трем со колонада од аркади, бело варосан, на југозападната страна заграден со железна ограда.

Таа е мала *еднокорабна градба* со правоаголна основа и тристрана апсида на исток. Градена е од кршен камен со жолтеникава и сива боја. Покриена е со двосливен покрив од ќерамиди, а апсидата со тросливен покрив, исто така од ќерамиди. Дебелината на ѕидовите изнесува 80 см., а кај западниот влез 90 см. На западната фасада се наоѓа мала слепа ниша над влезот, во кој е насликана минијатурна фигура на св. Никола, патронот на црквата. Црквата има само еден квадратен прозорски отвор на јужната фасада, кој однатре трапезно се шири во вертикално нагласен правоаголник; правоаголен отвор над апсидата, и сосема мал вертикален засек на дното на апсидата, на источната фасада. Однатре е засведена со полукружен свод, и е сочуван првобитниот под од неправилни камени плочи. Олтарската апсида е разбиена со централна апсидална и северна проскомидијална конха. Наосот од олтарот е одделен со дрвен иконостас. Според

[533] Цветковски С., 2008, 43, сл. 6. Idem, 2010, 29, сл. 5; Чокревска - Филип Ј., 2009а, 99 -118; Eadem, 2009б, 129 - 134; Иконите со Катапетазма се изработувале и на платно, обично над дверите, како што е случај со Св. Никола во К'шање и манастирот Карпино. Подоцнежните зографи ја прифатиле оваа иконо-графска претстава и воопшто ерминијата на Дичо, меѓу првите неговиот син Аврам Дичов и неговите следбеници: Јосиф Радев, Вено Костов, Костадин Крстев, Петар Николов, Димитар Андонов - Папрадишки и др., кои работеле на повеќе цркви во Македонија, Србија, Бугарија, Грција и Албанија;

[534] Панов М., 1998, 155;

[535] Трифуновски Ј., 1974, 152;

архитектонските обележја, може да се заклучи дека колицката црква била изградена во поствизантискиот период, во втората половина на XVI или почетокот на XVII век.

Внатре во црквата, во наосот, фрагментарно во олтарот и на сводот, е сочуван новиот *живопис* од XIX век. Според записот на западниот ѕид, северно од влезот, живописот бил завршен на 5 август во 1872 година. Во олтарската апсида е претставено допојасието на *Богородица Ширшаја Небеса* (Поширока од Небото), *Мајка Божја* со малиот Христос на градите во кружен медаљон, а во проскомидијалната конха е прикажан *Исус Христос Жртвеник*, полугол како стои во путир, со раце скрстени и врзани на појасот и со трнов венец на главата. Вакви слични сцени се насликани во К'шање и Кокошиње. На јужниот ѕид, во наосот, од запад кон исток, се насликани фигури на светители во цел раст: пророкот св. Илија, царицата св. Екатерина, со круна на главата, и св. Параскева, па сцената: *Св. Димитрија на коњ го убива бугарскиот цар Калојан.* На западниот ѕид се насликани три сцени од *Големите празници: Преображение* (јужно), *Воскресение* (најгоре) и *Вознесение Христово* (северно од влезот). На северниот ѕид, од запад кон исток, како пандан на св. Димитрија, од јужниот ѕид, е насликан *Св. Ѓорѓи на коњ го убива змејот*, па кон исток се редат фронтално поставените фигури на: св. Харалампие, св. Атанасие Александриски и св. Никола. На сводот, од исток кон запад во кружни медаљони се насликани: св. Дух (гулаб), во олтарот, и Христос Вседржител (Бог - татко), во наосот. Недостасува Христос Емануил (Бог - син) како дел од светото Тројство, на западната страна од наосот. Целиот свод е обоен со светло-



Св. Никола во Колицко, северозападна фасада, XVII / XIX век
St. Nicholas in Kolicko, nortth - west facade, XVII / XIX century



Североисточна фасада
North - east facade

сина боја и бели ѕвездички, кои го симболизираат небото. Во целина гледано, новото сликарство го работел вешт зограф, чие име недостасува, во кое се чувствуваат источнохристијански, руски влијанија со нагласена волуминозност на сликаните површини, што се карактеристични за повеќето цркви од преродбенскиот период во Република Македонија. Но, според аналогиите со иконите во кумановските цркви, како и фреските во Св. Димитрија (1855) и Св. Пантелејмон во Велес (1868), слободно може да се каже дека и фреските во оваа црква ги изработил велешкиот зограф Хаџи Коста(дин) Крстев, син на познатиот зограф Крсте од Велес.[536]

Црквата *Св. Никола* во Колицко има висок дрвен иконостас со три реда на икони и табли во подножјето насликани со дрвја. На средината се наоѓаат царски двери, коишто потсетуваат на дверите во мургашката и довезенската црква од новиот иконостас од XIX век. Дверите се во плитка резба а во овални медаљони се насликани минијатурни фигури од дводелната композиција *Благовести*, св. Богородица (десно) и св. архангел Гаврил (лево). Двете крила на дверите, на врвот завршуваат во грифони, орловски глави со змиско тело, кои колваат гроздови со клунот. На врвот од иконостасот се наоѓа Голем крст, чие сликарство со *Распетие Христово* е оштетено, а во подножјето се наоѓаат дракони, релјефно изработени, со позлата. Недостасува орел на

[536] Василев А, 1965, 267; Балабанов К. д-р., 1970, 11 – 13;

врвот на Крстот, и рипидите со минијатурните фигури на св. Богородица и св. Јован Богослов, во устата на драконите. Во првата зона се наоѓаат престолни икони: св. Никола, патрон на црквата, во цел раст на проскомидијалната врата (70 x 35 см.), допојасните икони (45 x 72 см.) на св. Богородица со Христос, Исус Христос Вседржител, св. Јован Претеча, и св. Симеон Столпник, во цел раст, на јужната ѓакониконска врата (70 x 35 см.).[537] Во втората зона се наоѓаат девет, празнични икони, главно, на светите апостоли, со помали димензии (25 x 32 см.), и тоа од север кон југ: Тома, Вартоломеј, Марко, Матеј, Исус Христос, Павле, Јован. Филип, и Лука, а во третата четири



Св. Димитрија го убива царот Калојан, јужен ѕид, наос
St. Demetrius killing tsar Kalojan, south wall, nave



Празнични икони, иконостас, детаљ
Festive icons, iconostasis, detail

икони на апостоли, со истите димензии: Петар, Симон, Јаков и Андреј. Сите икони, како и живописот се изработени од споменатиот зограф Хаџи - Косте од Велес во 1873 година, кој работел икони и за други кумановски цркви, во Св. Параскева во Мургаш (1872),[538] Св. Никола во Куманово (1855), Св. Богородица во Пчиња (1872/73) и Св. Никола во Винце (1872/73).[539]

Св. Никола во Колицко, исто како и Св. Никола во Орашац припаѓа на два значајни периоди од историјата на уметноста во Македонија, според архитектурата на средновековен поствизантиски, а според ѕидното сликарство и иконописот, на новиот преродбенски период.

## СВ. НИКОЛА ВО ВИНЦЕ

Селото Винце се наоѓа на крајниот јужен дел на територијата на Општина Куманово, на локалниот пат Куманово - Пчиња - Вак'в - Винце, во овчеполската област. Од градот Куманово е оддалечено 26 км.[540] Црквата Св. Никола, како и орашачката црква, е недоволно позната и истражена во науката. Прв ја споменал д-р Ј. Хаџи-Васиљевиќ во 1909 година, потоа д-р В. Петковиќ во 1950 година, како стара црква посветена на Св. Ѓорѓи, а подоцна д-р Ј. Трифуновски во 1964

[537] Оригиналните икони на проскомидијалната и ѓакониконската врата, се изложени во Галеријата на икони во Куманово, а на нивно место се изработени копии од НКЦ од Скопје, 1995/96 година.
[538] Поповска- Коробар В. - Зисовска Ј., 2000, 52 – 53; Крстиќ С., 2002, 120 - 122, сл. 11 - 16; Василев А, 1965, 267; Балабанов К., 1970, 11 - 13;
[539] *Евиденширани икони* …, 1987, 77 - 79;
[540] Панов М., 1998, 54;

година, како нова црква Св. Никола, изградена врз постар храм, во пчињското сливно подрачје.[541] Оттука, јасно се гледа дека порано оваа црква била посветена на Св. Ѓорѓи, а од втората половина на XX век и денес, кај локалното население е позната под името Св. Никола. Таа се наоѓа на крајот од селото, лево од асфалтниот пат, до селските гробишта, на една височинка покрај старата чешма изградена од *шурско* време. Поради местоположбата, до црквата се качува преку скали од југозападната страна и се влегува во широк отворен нартекс на западната страна.

Црквата Св. Никола претставува мала, *еднокорабна ḡрадба* со правоаголна основа и полукружна апсида на исток. Заради местоположбата и заштита од уривање, апсидата е потпрена од северната и од јужната страна со ѕидани потпорни камени столбови - контрафори, така што делува како да има трапезна форма. Покриена е со двосливен покрив од турски ќерамиди. Градена е од камен, подоцна малтерисана. Западната фасада е разбиена со влез на дното, лунета над влезот со допојасна претстава на патронот на црквата, св. Никола, и најгоре, под забатот е украсена со широк истурен полукружен лак - архиволта. Северната фасада е потпрена со три кон-



Св. Никола во Винце, западна (лево) и источна фасада (десно), XVII / XIX век
St. Nicholas in Vince, west (left) and east facade (right), XVII / XIX century



Царски двери
Royal doors

трафори, ѕидани од камен. Црквата речиси нема отвори, освен на западната фасада во тимпанонот, и на источната, над апсидата, тесни правоаголни отвори вертикално нагласени, заштитени со железни транзени. Внатре црквата е засведена со полукружен свод. Олтарскиот простор е оживеан со централна апсида, проскомидијална конха, и мала полукружна ниша на севрниот ѕид. Изградена е за време на османлискиот, а обновена во преродбенскиот период во 1846 година, според ктиторскиот запис над западниот влез во црквата. Последни интервенции на архитектурата се направени на 15 април 1978 година од локалното население, кога е малтерисана.

Од ктиторскиот натпис на црковнословенски јазик на западниот ѕид, се гледа дека *живойисош* е обновен во 1875 година. Се работи за интересен сликарски ансамбл во олтарскиот простор, со сцени од *Всјакое дихание*. Прикажани се ѕвездите и небото проследени со фигури на ангели во свечена облека, а во средината *Сонцешо* и *Месечинаша*, симбол на светлината и темнината, аналогни со сликарството во олтарот на Св. Атанасиј во Кокошиње. Под нив е *Хрисшос - жршва*, легнат на чесна трпеза, фланкиран со св. Василиј Велики, десно, и св. Јован Златоуст, лево. Под овие сцени, во апсидата е насликана Богородица со малиот Христос во скут, како царица со круна

[541] Хаџи-Васиљевић Ј., 1909, 447, Петковић В., 1950, 57; Трифуновски Ј., 1964, 60;

на главата, седната на трон. Во проскомидијалната конха е насликан Исус Христос Животодавец, полугол, во цел раст, прикажан во *Деисисна варијанта*, св. Богородица (лево) и Јован Крстител (десно), како што се сретнува и во Св. Богородица во Пчиња. На северниот ѕид е насликан светиот великомаченик Евтимиј со свиток во рацете, а на јужниот, пророк *Мојсеј со таблиците за десетте Божји заповеди*.

Северниот и јужниот ѕид на наосот се насликани од неколку сцени со нагласена волуминозност на сликаните површини, што е карактеристично за сликарството од Преродбата. Вакви сцени се сретнуваат и во црквите Св. Илија во Живење, Св. Атанасиј во Кокошиње, и Св. Никола во К'шање. На јужниот ѕид, од исток кон запад, во првата зона е насликан *Св. Димитрија Мироточив на коњ*, потоа следува сцената со *Раѓањето Христово* од *Големите празници*. Во втората зона на јужниот ѕид од страните, кон сводот се насликани евнагелистите со нивните атрибути, св. Јован со орел, и св. Лука со теле, а помеѓу нив, во средината, старозаветната сцена *Исак го благословува праведниот Јаков*. На северниот ѕид, во првата зона е насликана сцената,



Фрески на источен ѕид, олтар
Frescoes in the east facade, altar



Праведен Јаков, јужен ѕид, наос
Righteous Jacob, south wall, nave

*Св. Ѓорѓи го убива змејот*, а во втората зона кон сводот, старозаветната сцена, *Аврамова жртва,* фланкирана со другите двајца евангелисти, од запад св. Матеј со ангел, и од исток св. Марко со лав. На сводот во големи кружни медалјони се насликани, Бог - татко (Христос Старец на деновите) во олтарот, Бог - син (Христос Седржител), во средината на наосот, и Мајка Божја со малиот Христос на градите во медалјон, на западната страна.

Не се знае точно, кој ги насликал овие фрески, и не е откриен никаков запис за идентитетот на овој зограф. Идентификацијата на зографот е отежната, бидејќи сé уште не е откриен никаков запис, или пак каде што обично зографите ги оставаат своите потписи, ѕидната површина е оштетена, а малтерот паднат. Без оглед на тоа, што сé уште не е познат авторот на ѕидните фрески, се работи за едно сликарство типично за Преродбата, сцени со нагласена волуминозност, и покрај збиениот и намален простор за сликање. Особено внимание привлекува сцената со *Раѓањето Христово*, која е аналогна со истата икона од младонагоричкиот храм Св. Ѓорѓи Победоносец, изработена од Вено зограф, во 1868 година, а според стилско - ликовните особености на дел од празничните икони од иконостасот на црквата Св. Богородица во Пчиња, може да се каже дека се работи за ист зограф.[542]

[542] Со оглед на тоа што во Св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричино и Св. Никола во Орашац работел уште еден зограф Вено, не може да се каже со сигурност дали се работи за Вено Костов, или Вено Илиев ;

Црквата поседува нов дрвен и висок *иконостас* со Крст на врвот, три реда на икони и двери во резба на дното. На северното крило од иконостасот фиксирано на северниот ѕид е престолната икона со допојасието на патронот на црквата, св. Никола, потоа иконата на проскомидијалната врата *Св. архангел Михаил со меч му ја вади душата на богатиот,* во цел раст, лево од дверите е иконата на св. Богородица Одигитрија, а десно Христос Вседржител и св. Јован Претеча, на ѓакониконските врата, па продолжува со иконата *Вознесение Христово,* фиксирана на јужното крило од иконостасот, на јужниот ѕид. Во втората и третата зона се наоѓаат минијатурни празнични икони (20 х 30 см.), главно, свети апостоли и евангелисти, архиереи и воини: Филип, Марко, Лука, Андреја, Јован, Петар, Павле, Исус Христос, Симеон, Јаков, Вартоломеј, Матеј, Тома, потоа, св. Димитрија, св. Ѓорѓи, св. Стилијан, св. Даниел, С*в. Троица*, *Раѓање Христово*, *Воскресение*, *Вознесение Христово*, св. Трифун, св. Харалампие, и св. Никола (два пати). Речиси сите престолни икони, освен една (на проскомидијалната врата), и повеќето празнични икони на апостолите во втората и третата зона се изработени од велешкиот зограф Хаџи Коста(дин) Крстев, во 1873 година, кој се потпишал на нив, а кој ги изработил и престолните икони за црквите во Колицко, Пчиња и Мургаш, како и фреските во Колицко.[543] Дверите во плитка резба со растителни мотиви се насликани со минијатурни фигури на св. Богородица и св. архангел Гаврил од дводелната композиција *Благовести* во овални медаљони, на средината, потоа со по еден мал кружен медаљон на горниот крај, на обете крила, со попрсја на старозаветните пророци и цареви Давид (лево) и Соломон (десно), а на долниот крај, издолжени полукружни арки во кои се насликани двајца архиереи, по еден на обете крила, св. Василиј (лево) и св. Григориј (десно), во цел раст. На врвот на дверите се наоѓа кружен медаљон со попрсје на Христос Вседржител. Вториот зограф, кој го изработил фреско-сликарството, неколкуте празнични икони и сликаните претстави на царските двери„ сé уште не е идентификуван. Дали се работи за Вено зограф, кој работел во кумановскта црква Св. Никола во 1873 година, или пак Вено Илиев кој се сретнува на иконите во Младо Нагоричино, Св. Богородица во Пчиња и Св. Никола во Орашац, допрва треба да се истражи.[544]

Хронолошки, црквата Св. Никола во Винце, може да се смести во групата цркви градени за време на Османлискиот период во XVII век, обновена и живописана во преродбенскиот период во XIX век.

## СВ. ИЛИЈА ВО НИКУЉАНЕ

Селото Никуљане се наоѓа северозападно во општината Старо Нагоричино, на локалниот пат Куманово - Никуљане. Од градот Куманово е оддалечено 13 км.[545] Овде се наоѓаат две цркви, едната посветена на Св. Богородица, позната како манастир Забел, и втората гробјанска, посветена на Св. Илија. Црквата Св. Илија е недоволно позната и проучена црква во науката. Прв ја споменал Ј. Хаџи - Васиљевиќ во 1901 година, како разурната црква во 1897 година.[546] Таа претставува мала *еднокорабна градба* со мошне тесна и издолжена правоаголна основа и полукружна апсида на исток. Градена е од необработен камен, за време на Османлискиот период, а обновена во почеток на XX век. Покриена е со двосливен покрив од ќерамиди. Оваа црква е една од најтесните и највисоки мали цркви во кумановскиот крај. Има два тесни влеза со камена арка, на западната, и на јужната фасада. На западната фасада над влезот има слепа лунета, а над неа кружен медаљон, во кој е испишана годината на малтерисувањето, 1973, кога последен пат е поправана и бело варосана, а над него крст во рељеф. На јужниот ѕид има пет слепи лунети, а во шестата (втора од исток кон запад) има еден отвор заштитен со железна транзена од растителни мотиви. Северниот ѕид нема отвори, освен две слепи лунети. Над апсидата, на исток, има транзена

---

[543] Василев А, 1965, 267; Балабанов К., 1970, 11 - 13; Крстиќ С, 2002, 126; *Евидентирани икони* , 1987, 73 – 77;
[544] Василев А, 1965, 204, 226; Асен Василиев споменува уште едно слично име, Велко Илиев од Тресонче, Дебарско, од родот Илиевци;
[545] Панов М., 1998, 209;
[546] Хаџи-Васиљевић Ј., 1901, 443; Петковић В., 1950, 225; Трифуновски Ј., 1974, 17 - 21; Велев И., 1990, 92;

во вид на крст со еднакви краци и крукче во средината, сместена во полукружна слепа ниша. Забатот од западната и источната страна е декориран со по една релјефна претстава на гулаб од камен и со два реда на коси скалести венци од агли на тула под покривот. Вака скалесто редени (тестерести) тули во повеќе низи се сретнуваат на црквите од византискиот период како што се старонагоричкиот и матејачкиот храм, под покривните конструкции, потоа на исламските сакрал-



Св. Илија во Никуљане, северозападна фасада, 1897 година
St. Elijah in Nikuljane, north – west facade, year 1897



Југоисточна фасада
South - east facade

ни објекти, венецот под покривот на Татар Синан - беговата џамија во Куманово од 1520/32 година, како и на минарињата, поточно на шерефето на џамијата во Никуштак и Дл'га, изградени во првата половина на XIX век. Однатре, црквата е полукружно засведена. Подот е од неправилни камени плочи. Има само еден поширок полукружен отвор на јужниот ѕид, додека во олтарската апсида, на дното помал паравоаголен отвор, кој на горниот крај завршува во тројна арка, која потсетува на арката од западниот влез однатре, во црквата Св. Спас во Довезенце. Горе над



Мајка Божја, олтарска апсида
Mother of God, altar apse



Св. Никола, јужен ѕид, наос
St. Nicholas, south wall, nave

апсидата има уште еден отвор, кој однадвор завршува во камена транзена во вид на крст. Видливи се турски елементи во архитектурата. Од црковниот инвентар се сретнува висок дрвен иконостас, два камени постаменти и камена певница.

Ѕидовите на оваа црква се бело варосани, и само на места е сочуван дел од *живописот*. Се работи за фигурално сликарство и отсуство на наративни сцени од христијанската религија. Еден

дел од живописот е насликан во олтарската апсида, а друг дел во наосот на северниот и јужниот ѕид, до иконостасот. Во олтарската апсида е насликана допојасно Богородица Ширшаја Небес, Мајка Божја со малиот Христос во кружен медалјон, фланкирана со светите пророци и цареви Давид и Соломон, во цел раст, со свитоци в раце, а под неа се шест архиереи, по тројца од двете страни на отворот: св. Василиј, св. Григориј и св. Јован, лево, и св. Никола, св. Атанасиј и св. Спиридон, десно од прозорецот, исто така во цел раст, како дел од *Процесијата на архиереите*. На јужниот ѕид во наосот, горе е насликан св. Никола, а под него св. Димитрија, двајцата до под појас. Наспроти нив, на северниот ѕид, од запад кон исток се насликани св. Атанасиј, допојасно, св. Параскева и св. Јован Претеча во цел раст. Живописот го насликал зографот Јосиф Радев(иќ) Мажовски (1830 - 1910) од Лазарополе, Дебарско, како и сите икони од високиот и тесен дрвен иконостас, на 27 август 1898 година, кој се потпишал на проскомидијалната врата под ликот на архангел Михаил и на празничната патронска икона над дверите, *Вознесение на св. Илија*. Иконостасот е тесен и висок со Голем крст на врвот со сликано *Распетие Христово* и дракони во подножјето, кои во устата држт насликани минијатурни фигури на св. Богородица и св. Јован




Богородица Портарица и Христос Вседржител престолни икони
Mother of God and Christ Omnipotent, throne icons



Св. Илија, празнична икона
St. Elijah, festive icon

Богослов. На дното од иконостасот се наоѓаат царски двери целосно исликани. Најгоре се насликани допојасијата на царевите Соломон и Давид, во средината дводелната композиција *Благовести* со архангел Гаврил и св. Богородица, а под нив четири минијатурни фигури на архиереи по двајца на секое крило: св. Василиј и св. Григориј на северното крило, св. Јован Златоуст и св. Сава Српски со круни на главите, на јужното крило. Во првата зона се насликани престолни икони, на проскомидијалната врата архангел Михаил во цел раст, идентична со црквата Св. Никола во Орашац, до него св. Богородица Портарица и Исус Христос Вседржител. Во втората и третата зона се наоѓаат помали икони на светите апостоли и евангелисти. Во втората зона од север кон југ се распоредени: Лука, Матеј, Петар, Симон, Јаков и Филип, а во третата зона: Тома, Вартоломеј, Андреј, Јован, Павле и Марко. Празничната икона на патронот на црквата, со поголеми димензии, *Вознесение на св. Илија* се наоѓа на средината од иконостасот, помеѓу втората и третата зона. Една икона со допојасието на св. Илија (28 x 20 см.) се наоѓа на постојаната поставка во Галеријата на икони во Куманово.[547] Јосиф Радев работел икони во повеќе кумановски цркви како што се: манастирот Карпино, Св. Петка во Пезово и Св. Никола во Орашац. По својата архитектонска диспозиција, црквата спаѓа во групата споменици од поствизантиски период, а според живописот и иконописот од периодот на Преродбата.

[547] Поповска - Коробар В. - Зисовска Ј., 2000, 46;

## СВ. ЃОРЃИ ВО БЕЉАКОВЦЕ - БЕЉАКОВСКИ МАНАСТИР

Бељаковскиот манастир посветен на Св. Ѓорѓи е оддалечен 4 км. од селото, сместен помеѓу околните ридови на меѓата помеѓу селата Бељаковце, Довезенце, Мургаш и Коњух.[548] Црквата Св. Ѓорѓи претставува една од поретките монументални *трокорабни градби* од преродбенскиот период, со една централна, октогонална купола оживеана со монофори и полукружна апсида на исток, аналогна со манастирот Забел во Никуљане. Апсидата е разбиена со шест пиластри, така што делува како седмострана. Според камената табла - потсетник што се наоѓа од западната страна на црквата, овој манастир бил изграден во XIV век, па бил разурнат во 1689 година од татарските Хорди, за да на крајот повторно е изграден во 1894 година. Граден е од тесан сивкаст



Св. Ѓорѓи во Бељаковце - Бељаковски манастир, 1894 година
Church "St. George" in Beljakovce - Beljakovce Monastery, year 1894

и окер камен "корнишор" за кој најмногу се зазел локалниот мајстор Стојан Стоилковиќ - Рале.[549] Покриен е со двосливен покрив од ќерамиди, кој над источната и западната фасада е пресечен со триаголен тимпан така што делува како четворосливен покрив што веќе се сретнуваат како такви во овој период, на Забелскиот манастир во Никуљане и на црквите во Руѓинце, Живење, К'шање и Кокошиње. Инаку, на средината од црквата над попречниот кораб - трансептот, се наоѓа второ ниво на двосливна покривна конструкција од ќерамиди каде што се издига октогонална купола покриена со лим. Фасадите, иако во помала мера, се украсени со декоративна камена пластика, а по вертикала се разиграни со издолжени тесни пиластри со стилизирани капители на врвот, високи колку самата црква и правоаголни отвори во полукружни арки заштитени со железни транзени. Црквата има три влеза, на западната, јужната и северната фасада во камени арки. Северната фасада нема отвори, освен еден правоаголен прозорец на трансептот, горе на второто ниво и на дното, влезот во олтарскиот простор. Прозорските отвори на западната и источната фасада се покриени со четирилистни камени транзени, какви што се сретнуваат на манастирските цркви во Никуљане и Градиште, и на црквите во Руѓинце, Живење и Св. Никола во Куманово. На аглите под покривната конструкција, освен на североисточниот, се изработени

[548] Хаџи-Васиљевић Ј., 1901, 439; Петковић В., 1950, 20; Трифуновски Ј., 1974, 186;
[549] Ibid, 468; Зироевић О., 1984, 202; Велев И., 1990, 72; Трайчев Г, 1933, 84;

зооморфни фигури во рељеф од жолтеникав камен (лав, теле и јагне), атрибути на двајцата евангелисти Марко и Лука, и на Христос. На западната фасада до влезот, како конзоли над пиластрите се претаставени лавовски глави со минијатурни човечки фигури во нивните уста.[550] Според остатоци од црвени пигменти, овие глави биле боени, но со текот на времето бојата паднала. Вакви претстави се сретнуваат на западниот влез на црквата Св. Никола во Куманово, што значи дека се присутни западноевропски барокни влијанија. Над влезот во лунетата се наоѓа мозаик со патронот на црквата, *Св. Ѓорѓи го убива змејот* и над отворот, северно од западниот влез, попрсје на св. Петка во лак, исто така во мозаична техника, изработени во најново време, во 2004 година од кумановскиот мозаичар Ѓорѓи Цветковски - Арап, кој се потпишал долу, под патронот на црквата.

Ентериерот на црквата е поделен на три кораби во два реда со по три кружни столбови. Централниот и страничните кораби помеѓу себе се поврзани со конструктивен систем од греди по должина и по широчина. Засведена е со полукружни сводови. Олтарскиот простор се состои од централна апсида, ѓакониконска и проскомидијална конха. Подот на црквата е од пошироки и потесни камени четвртести плочи.



Западна фасада
West facade



Фрески во купола
Frescoes in the dome

За разлика од другите преродбенски цркви, кои сé уште немаат *фреско-живопис*, во оваа црква се забележуваат две фази на ѕидното сликарство, постаро и малку помладо. Постарото сликарство потекнува од самиот крај на XIX век или почеток на XX век, а помладото од четвртата деценија на XX век. Старото сликарство се сретнува во олтарскиот простор, поточно во ѓакониконската и проскомидијалната конха, како и во куполата. Во ѓакониконската конха е насликан св. Стефан во цел раст со кадилница во левата, и крст во десната рака, а во проскомидијалната конха, допојасието на Исус Христос кој благословува со десната рака, фланкиран со два херувими. Во куполата е насликан Христос Пантократор, речиси идентичен на оној од проскомидијалната конха, под него се светители во цел раст со сцени од *Божествената литургија*, како во една од куполите на манастирот Св. Јоаким Осоговски, а на пандантифите се насликани четирите евангелисти со нивните атрибути (Марко, Матеј, Јован и Лука). Во тамбурот на куполата, помеѓу монофорите се насликани цели фигури на старозаветни пророци и цареви фронтално поставени, со свитоци в раце. Под нив, се насликани исто така, бисти на старозаветни пророци во кружни медаљони, а на источната страна помеѓу медаљоните е насликан *Христовиот убрус*. Според стилско - ликовните карактеристики, овие фрески се дело на Димитар Андонов - Папрадишки

[550] Крстиќ С., 2010а, 29, сл. 77 - 78;

(1859 - 1954), од неговата трета фаза на творештвото (1897 - 1920), која се развивала по углед на руското и српското сликарство.[551] Се претпоставува дека овој фреско - живопис, Андонов го работел околу 1897/98 година, кога бил член во Епархискиот совет за црковните градби во регионот на Куманово, Кратово и Крива Паланка (1890 - 1912), и во тоа време ги изработил иконите и живописот во Св. Троица во Куманово (1903/04). Се работи за едно убаво сликарство од руски тип, со естетски движења и сразмерност на фигурите, грижлива обработка на деталите на облеката и ликовите, со еден ненаметлив колорит од темноцрвена, сина, сива, загасито жолта и бледозелена боја.

Поновото сликарство е распоредено во олтарската апсида и на ѕидовите во наосот, а потекнува од 1937 година, од зографот и иконописец од Куманово, Трајко Муфтински (1892 - 1963), кој се потпишал на фреската со сцена од патронот на црквата, над западниот влез.[552]



Судењето на св. Ѓорѓи, западен ѕид, наос, 1937 година
Judgment of St. George, west wall, nave, year 1937



Мајка Ангелина, северен ѕид
Mother Angelina, north wall, nave

Муфтински главно работел икони за иконостаси, но се занимавал и со фреско - живопис, како што е случај со оваа манастирска црква. Во олтарската апсида се насликани цели фигури свртени малку во профил кон поклонувањето на *Агнец Божји,* кој овде недостасува, како дел од композицијата *Процесија на архиереите*, од север кон југ: св. Никола Чудотворец, св. Јован Златоуст, св. Спиридон и св. Сава Српски. Во горните зони, сводот во олтарот е насликан со сина боја збогатен со темносини и темноцрвени ѕвезди, симбол на небото. Во долните партии на наосот се насликани фигури на српски владетели, архиереи, пустожители и светителки, а во горните и на сводовите нема фрески. Лаковите се насликани со богата флорална и геометриска декорација, а сводовите на централниот и бочните кораби се обоени со сина боја и темносини ѕвезди, исто како во олтарската апсида. На јужниот ѕид, од исток кон запад се насликани фигурите во цел раст: св. Григориј Богослов, св. Прохор Пчињски, св. Арсениј прв српски патријарх, крал Милутин, и св. Петка. На северниот ѕид, од запад кон исток се насликани фигурите на: св. Мајка Ангелина, српскиот крал Стефан Дечански со модел на црква в раце, св. Антониј Велики, св. Гаврил Лесновски, и св. Василиј Велики. Над секоја фигура е застапена флорална орнаментика и српскиот симбол на двоглав бел орел со круна на главата. Над западниот влез, во втората зона е насликана фреска од циклусот на патронот на црквата, *Судењето и мачењето на св. Ѓорѓи,* дар

[551] Николовски А., 1984, 93 - 98;
[552] Атанасовски -Гарски Т., 1994, 129 - 131;

од Ана, мајката на зографот Муфтински. За стилот на Муфтински се карактеристични драматичните црти во обработката на светите ликови, со изразена девијација на веѓите, кој очигледно бил инспириран од комненското византиско сликарство, поточно од анонимниот нерешки зограф од XII век. Во сликањето на српските просветители и кралеви се инспирирал од творештвото на Димитар Андонов - Папрадишки и Ѓорѓи Зографски. Се работи за фигурално сликарство без наративни композиции, во натприродна големина.

Од применетата уметност покрај дрвениот владички престол, едноставната дрвена певница и целиванието, манастирот поседува висок и широк репрезентативен иконостас со три реда на икони, Голем крст на врвот со сликано *Расйейие Хрисйово* и орел релјефно изработен на горниот крај, а во подножјето овални рипиди со минијатурни ликови на св. Богородица (северно) и св. Јован Богослов (јужно), како и сликани царски двери, на дното. Царските двери на горниот крај завршуваат во орловски глави со гроздови во клуновите, релјефно изработени со позлата, а



Иконостас, престолни икони, детаљ
Iconostasis, throne icons, detail



Св. Богородица, престолна икона
Holy Virgin, throne icon

над нив е насликан св. Саваот (Бог - татко) со триаголен нимбус, во минијатурен овален медаљон и мал крст со еднакви краци на врвот. На горниот крај дверите се насликани со попрсја на двајца евангелисти во кружни медаљони, Матеј (лево) и Јован (десно), а на долниот, Марко (лево) и Лука (десно), додека во средината се насликани фигурите на св. архангел Гаврил (лево) и св. Богородица (десно) во овални медаљони од дводелната композиција *Блаīовесӣи*. Ликовите на евангелистите во долниот дел, се аналогни со иконата на св. евангелист Марко од иконостасот од црквата Вознесение Христово во Рлевци, Велешко (1927), изработена од Димитар Андонов - Папрадишки.[553] Престолните икони во првата зона претставуваат цели фигури вертикално нагласени, исто како во Градишкиот манастир и Св. Никола во Дрен'к, а во горните зони на краевите на иконостасот се забележуваат икони во кружни медаљони, и празнични икони хоризонтално поставени на средината од иконостасот. Сликањето икони во медаљони е одлика на Димитар Андонов, како и на минијатурни мрдаљони со апостоли какви што се сретнуваат на царските двери. Нив Пападрадишки ги насликал во црквите Св. Никола во Гњилане (1901) и Св. Илија во Горна Драгуша (1902).[554] И овде се претставени неколку српски владетели, заедно со вообича-

[553] Николовски А., 1984, 152, Т. IV;
[554] Ibid, 96;

ените ликови на светители и пророци од христијанската религија. Во првата зона се прикажани фигури во цел раст, српскиот архиепископ св. Сава, св. архангел Михаил (на проскомидијалната врата), св. Ѓорѓи со копје и меч, св. Богородица со Христос седната на трон, Исус Христос Вседржител, св. Јован Крстител, *Св. Ѓорѓи го убива змејот* (на ѓакониконската врата), *Раѓање на св. Богородица,* и завршува со фиксираната икона на северниот ѕид, св. Никола Чудотворец. Иконата на св. Никола е аналогна со фреската на јужниот ѕид на наосот од Св. Илија во Бусилци, Велешко (1884), изработена исто така од Д. А. Папрадишки.[555] Во втората зона, на краевите од иконостасот, во кружни медаљони се насликани кнез Лазар, северно, и цар Урош, јужно. Помеѓу нив од север кон југ, се редат иконите на двете двојки: крал Стефан Дечански и св. Прохор Пчињски (северно), св. Симеон Мироточив и св. Димитрија Мироточив (јужно). Во средината се наоѓа хоризонтално поставена икона со композицијата *Тајна вечера*, над неа, во третата зона е насликана иконата *Воскресение Христово,* фланкирана со два пророка во кружни медаљони Исаија, северно, и Еремија, јужно. Најгоре, над *Воскресението*, е *Оплакување Христово (Смртта на Христос)* под Големиот дрвен крст на врвот од иконостасот. Иконите се доста солидно насликани, со разубавени ликови и грижлива обработка на деталите на облеката, со жолти до окер ореоли, главно со темносина, сива и темнозелена позадина, која јасно го истакнува доминантниот лик на светецот во преден план. Според аналогиите и стилско - ликовните особености, поголем дел од иконите како и царските двери се дело на зографот Димитар Андонов - Папрадишки, изработени најверојатно во исто време со живописот, од крајот на XIX (1897/98), или почеток на XX век (1901/02).

На една од престолните икони, под нозете на св. Јован Претеча, се наоѓа српски запис - *Браћа Дичићи,* потоа во продолжение на мало растојание, *Зографски.* Сличен запис се сретнува на престолната икона од иконостасот на црквата Св. Петка во Бедиње од 1926 година, под нозете на св. архангел Михаил, *Зограф К. и Д. Дичићи,* за што со сигурност се знае дека се работи за Крсто Аврамов Дичоски (1866 - 1939), син на Аврам Дичов (1840 - 1923), и за неговиот внук од брат, Димитар Пандилов Аврамовски (1898 - 1963), правнук на Дичо зограф.[556] Дали овие дваица зографи работеле и во Бељаковскиот манастир, не се знае прецизно, бидејќи потпишаните браќа Дичиќи можно е да се дарители, а не зографи. Што се однесува, пак, до презимето Зографски се отвора прашањето дали Ѓорѓи Зографски работел икони за овој манастир во исто време со Папрадишки или независно еден од друг, или, пак, му помагал на Андонов во творењето. Во секој случај Бељаковскиот манастир е предизвик за историчарите на уметноста во понатамошните истржувања, со што ќе се комплетира целосната слика за иконописот на овој мошне значаен споменик.

Поради вертикалното напукнување на западниот ѕид од јужната страна, потребна е итна конзерваторска заштита на архитектурата, од страна на надлежните републички институции, како би се сочувал овој вреден споменик на културата, типичен за Преродбата.

## СВ. ПЕТКА ВО РУЃИНЦЕ

Селото Руѓинце се наоѓа 17,5 км. од Куманово, од десната страна на Крива Река, источно од Клечовце на магистралниот пат Куманово - Крива Паланка и допира до општината Кратово.[557] Веднаш до магистралниот пат, од левата страна, на потезот Грамада се наоѓа монументална црква посветена на Св. Петка. Во науката оваа црква се споменува како недоистражена, неидентификувана и непроучена средновековна црква.[558] Според Ј. Хаџи - Васиљевиќ и В. Петковиќ,

[555] Ibid, 75, сл. 3;
[556] Димитровски В., 1993, 147; Пецов И, 2009, 48; Enciklopedija likovnih ..., MCMLIX (1959), 197; Василиев А., 1965, 189 - 190;
[557] Панов М., 1998, 262; Петковић В., 1950, 289; Петковиќ наведува дека ова село било дарувано од цар Душан во 1355 година на севастократорот Дејан, на црквата Св. Богородица во Архиљевица, Прешевско;
[558] Петров К., 1954, 8, Т-II ;

оваа црква во 1897 година била мала, во урнатини, и целата била живописана, а подоцна Ј. Трифуновски ја споменува како обновена црква во 1921 година.[559]

Денес, црквата Св. Петка во Руѓинце претставува монументална безкуполна, *трокорабна* градба со деветстрана апсида на исток. Градена е од тесан жолтеникав камен, додека од 1894 година е сочувана чесната трпеза во олтарот, чија година е врежана на камениот крст под трпезата. Покриена е со двосливен покрив од ќерамиди пресечен од исток и запад со триаголни тимпани така што делува како четворосливен покрив, како кај Св. Атанасиј во Кокошиње, Св. Никола во К'шање, Забелски и Бељаковски манастир, а апсидата е покриена со првобитните камени плочи. Од југозападната страна црквата има покриен трем со ќерамиди, кој се потпира на камени столбови, и според својата архитектура, има најблиски аналогии со црквата Св. Димитрија во Страцин, Кратовско, од 1847 година.[560] Главниот влез се наоѓа на западната фасада, а во лунетата над влезот е насликана фигура на св. Параскева во цел раст, патрон на црквата, од кумановскиот зограф Трајко Муфтински, во 1921 година. Од двете страни на лунетата, долу има конзоли од две лавовски глави релјефно изработени од камен. На јужната фасада има два влеза, едниот помал за влез во олтарот подигнат еден метар од нивото на земјата, на источната страна и



Св. Петка во Руѓинце, западна фасада, XIX / XX век
St. Petka in Rugjince, west facade, XIX/ XX century



Св. Петка, западна фасада
St. Petka, west facade

другиот кон запад, украсен на горниот крај со два релјефно изработени камени орли покрај слепата лунета. Сите три влеза се врамени во камени арки. Фасадите се разиграни со отвори кои завршуваат во четирилистни камени транзени какви што се сретнуваат на повеќе цркви од Преродбата во кумановскиот крај: Св. Никола во Куманово, манастирот Забел во Никуљане, Св. Илија во Живење, Бељаковскиот и Градишкиот манастир. Видлива е декоративна камена пластика од антропоморфни и зооморни релјефни претстави на фасадите, до влезовите и на аглите под покривот.[561] Вакви животински претстави се забележуваат на црквата Св. Никола во Куманово и на Бељаковскиот манастир. Овие декоративни решенија имаат западноевропски елементи на барок и рококо. Црквата е изградена во 1921 година, по нејзиното уривање во 1897 година. Последни интервенции се правени во 1998 година, кога е реновирана покривната конструкција и е бетониран подот.

Со две скали од западниот влез се влегува во црквата, што значи дека новиот бетонски под е под нивото на земјата, околу 30 см. Внатрешноста на црквата е поделена на три кораби, со по два реда од четири четвртести столбови. Централниот поширок, и страничните потесни кораби, се засведени со полукружни сводови. Лациите помеѓу столбовите и корабите се прицврстени со конструкција од греди во горниот дел. Инаку, таа не била никогаш живописана, целата е бело варосана. Во најново време, на северниот ѕид до иконостасот е насликана фигура во цел раст на

---

[559] Хаџи -Васиљевић Ј., 1901, 442; Петковић В., 1950, 289; Трифуновски Ј., 1974, 137;
[560] Крстиќ С., 2012, 61 - 64, сл. 1 и 2;
[561] Крстиќ С., 2010а, 29 - 32, сл. 81 - 84;

патронот на црквата, св. Петка во 2006 година од кумановскиот ликовен уметник Срећко Андоновски - Челик, кој во последно време работи во мозаична техника и тоа во лунетите на фасадите, како што се во Кокошиње, Орашац, Режановце, Бедиње и др. Олтарскиот простор е оживеан со централна олтарска апсида, проскомидијална и ѓаконикониконска конха. По својата внатрешна архитектонска диспозиција е аналогна со манастирските цркви Св. Богородица или Забелски манастир во Никуљане од 1856 година и Бељаковски манастир од 1894 година, со таа разлика што последниот е живописан. Црквата поседува мошне висок и едноставен *иконостас,* изработен во првите две и пол децении на XX век. На иконостасот се насликани светители и српски владетели. Првата зона е насликана со икони во цел раст. На проскомидијалната врата е насликан архангел Михаил, потоа кон југ се редат: св. Никола, св. Параскева, св. Богородица со Христос, Христос Вседржител, св. Јован Претеча, крал Стефан Дечански, и на ѓакониконските врата - св. Ѓорѓи. Паѓа в очи престолната икона на платно, фигура во цел раст на српскиот крал Стефан Дечански, идентична со фреската на јужниот ѕид на црквата Св. Богородица во Студена Бара, изработена од



Ентериер со иконостас, XX век
Interior with iconostasis, XX century



Стефан Дечански
Stefan Dechanski

истиот зограф. Очигледно е дека Муфтински се инспирирал од Ѓорѓи Зографски, кој истата фреска ја насликал на јужниот ѕид во наосот на црквата Вознесение Христово во Рлевци, Велешко (1927).[562] Во втората зона е насликан кнез Лазар до појас, потоа св. Сава, св. Прохор Пчињски, св. Симеон и св. Димитрија, во цел раст. Над дверите, во втората зона е насликана *Тајна вечера*, а над неа, на врвот *Св. Тројсшво*. Во горните зони, се насликани двајца евангелисти во осмоаголни медаљони, по еден на северната и јужната страна, на кои не им се читаат сигнатурите. На врвот се наоѓа едноставен крст со сликано *Расйешие* и дракони во подножјето. Дверите се насликани со минијатурни фигури на архангел Гаврил и св. Богородица во правоаголни рамки од дводелната композиција *Блаīовесши*, а над нив, и под нив се насликани по двајца евангелисти во кружни медаљони, Јован и Марко, Матеј и Лука. Сите икони за иконостасот заедно со дверите ги насликал кумановскиот зограф Трајко Муфтински (1892 - 1963), и тоа во третата деценија на XX век. веднаш по обновата на црквата, во 1921/22 година. Може да се каже дека овде Муфтински ги започнал своите почетоци во иконописното творештво. Тој е еден од првите кумановски зографи,

[562] Николовски А, 1984, 352;

кој твори во третата и четвртата деценија на XX век во повеќе селски цркви, и ги насликал целосно иконостасите во Св. Никола во Рамно и манастирот Св. Илија во Орашац, како и неколку икони за манастирот Карпино (1920), Св. Петка во Пезово (1938) и манастирот Прохор Пчињски, на македонско - српската граница во близина на Пелинце, Кумановско. Црквата Св. Петка во Руѓинце се вбројува во редот на црквите од Преродбата.

## СВ. НИКОЛА ВО ДРЕН'К

Селото Дрен'к се наоѓа од левата страна на магистралниот пат Куманово - Крива Паланка, сместено во карпест предел, во општината Старо Нагоричино и допира до општината Ранковце, Кривопаланечко. Од градот Куманово е оддалечено 37 км.[563] На местото *Црквиште*, во маалата Село, на остатоци од стара црква е изградена денешната црква, посветена на Св. Никола. Во науката е непозната, неидентификувана и непроучена средновековна црква. [564]

По својата архитектонска диспозиција црквата претставува *еднокорабна градба* со правоаголна основа и необична правоаголна апсида на исток градена по углед на поствизантиските цркви. Започнала да се гради во 1897 година од убаво обликувани правоаголни блокови со сивкаста и жолтеникава боја, карактеристични за овој регион и била завршена дури во 1922 година.[565] Покриена е со двосливен покрив од ќерамиди, кој на западната и источната страна е пресечен со триаголен тимпан и делува како четворосливен покрив, што е случај со повеќе цркви од Преродбата во кумановскиот крај, како што се Св. Атанасиј во Кокошиње, Св. Никола во



Св. Никола во Дрен'к, југоисточна фасада, XIX / XX век
St. Nicholas in Dren'k, south – east facade, XIX / XX century



Мајка Божја, олтарска апсида
Mother of God, altar apse

К'шање, Св. Илија во Орашац, Забелски манастир во Никуљане, Св. Петка во Руѓинце и Бељаковски манастир. Црквата има два влеза, главниот западен и јужниот спореден влез на западниот крај кој е подигнат над нивото на земјата и со една скала се влегува во неа. Северната и јужната фасада се расчленети со три вертикални истурени тесни ленти од камен во висина до покривот и ги делат фасадите на два дела со што и даваат декоративен изглед, оживеани со три полукружни отвори на јужната и еден на северната фасада, украсени со фриз од камења на горниот крај, какви што се сретнуваат и на манастирската црква Св. Илија во Орашац. На западната фасада, над влезот украсен исто така со фриз од камења се наоѓа слепа лунета со оштетена фреска на

[563] Панов М, 1988, 115;
[564] Петров К., 1954, 8, Т - II; Хаџи-Васиљевић Ј., 274; Велев И., 1990, 129;
[565] Николовски А., 1984, 330;

патронот на црквата, св. Никола, а над лунетата, под забатот се наоѓа кружна камена транзена со геометриска декорација. На источната фасада, особено внимание привлекува апсидата со необична правоаголна форма, која на висина од 1 метар има заоблени краеви, со тесен вертикален засек на челната страна, покриена со рамен покрив од камена плоча. Над апсидата се наоѓа уште една кружна камена транзена со геометриска декорација во квадратно поле.

Ентериерот на црквата се состои од наос и олтарски простор. Има само две *фрески*. Во олтарската апсида е насликан голем кружен медалјон со претстава на Богородица - Мајка Божја, насликана до под појас, на сина позадина, и на јужниот ѕид во олтарот фигура на српскиот крал Стефан Дечански, насликан исто така до под појас, врамен во правоаголна рамка со сина и окер позадина. Ликот на кралот е работен со грижливост на деталите, посебно круната и облеката. Овие две фрески, ги насликал Димитар Андонов - Папрадишки во 1938 година, како прилог на семејството на Герасим Анѓеловиќ.[566] До ден денес, црквата сé уште не е целосно живописана. Освен овие две фрески, Папрадишки ги насликал сите икони на новиот дрвен и висок *иконосӣас* во 1936 година, со два реда на икони, двери на дното, Голем крст на врвот со сликано Распетие и дракони во подножјето, кои во устата ги држат минијатурните фигури на св. Марија (лево) и св. Јован Богослов (десно), насликани во овални медалјони. На јужниот крај од космитисот се насликани *Десеӣӣе Божји заӣоведи* на парче дрво, а на северниот затворено евангелие и путир, исто така изработени од дрво. Во првата зона се насликани цели фигури на престолните икони

 

Тајна вечера (лево) и Воскресение Христово (десно), празнични икони, иконостас
The Lasr Supper (left) and Resurrection (right), festive icons, iconostasis

(100 x 50 см.): архангел Михаил на проскомидијалната врата, св. Никола, св. Богородица со Христос, северно од дверите, потоа Христос Вседржител, св. Јован Претеча и св. Стефан, на ѓакониконската врата, јужно од дверите, аналогни со иконостасот во манастирот Градиште (1937/38) и со Св. Троица во Четирце (1936). На дверите се насликани минијатурни фигури со архангел Гаврил, на северното крило, и св. Богородица клекната на колена до една маса, на јужното крило. Дверите се аналогни со Св. Јован Отсечен во Режановце од 1949 година, работени од истиот зограф. Во втората зона се наоѓаат 12 минијатурни икони на светите апостоли (36 x 21 см.), по шест на северната и јужната страна од централната икона *Тајна вечера* (36,5 x 68,5 см.): Филип, Вартоломеј, Јован, Андреј, Петар, Симон, Матеј, Павле, Марко, Јаков, Тома и Исус Христос. Во третата зона има само една икона под крстот, над иконата со Тајна вечера, *Воскресение Христово* (52 x 50 см.).[567] Двете фрески и иконите се сликани во петтата, последна фаза од творештвото на Папрадишки (1930 - 1940), со нагласена линија на цртежот и декорацијата, стемнет инкарнат наспроти чистите, колористички површини на облеката, и делумно стилизирани исцртувања, како во Градишкиот манастир.[568]

[566] Николовски А., 1984, 330;
[567] Ibid, 330; *Евиденӣирани икони …*, 1987, 191 - 194;
[568] Николовски А., 1984, 104;

Црквата Св. Никола во Дрен'к по својата архитектура и иконопис, припаѓа на црквите од Преродбата, од крај на XIX и почеток на XX век.

## МАНАСТИР СВ. ИЛИЈА ВО ОРАШАЦ

Манастирската црква Св. Илија во Орашац се наоѓа на 14 км. од Куманово, од левата страна на едно мало возвишение наречено *Манастириште*, веднаш до магистралниот пат Куманово - Свети Николе.[569] Јован Хаџи - Васиљевиќ, го посетил овој манастир во почетокот на XX век, и по кажување на локалното население бил урнат околу 1860/62 година. Според народното предание, последен пат овој манастир го обновил Младен Милошевиќ, 15 години по уривањето, околу 1876/78 година.[570] Од урнатиот манастир Св. Илија, останале само ѕидовите и една мермерна плоча покрај нив, која веројатно служела за олтарска трпеза. Црквата била целосно пропадната и одвај се забележувал живописот. Во науката оваа црква се споменува како неидентификувана, непозна-



Манастир Св. Илија во Орашац, северозападна фасада XIX век
Monastery “St. Elijah” in Orashec, north - west facade XIX century



Бог - татко, свод
God the Father, the vault

та и непроучена средновековна црква.[571] Неколку пати доѕидувана врз стари темели, манастирската црква Св. Илија се наоѓа на 2 км. источно од селото на локалитетот *Голем Рид* покрај манастирската чешма, и манастирските згради од западната страна, изградени кон крајот на XIX век, а обновени во XX век. Црквата претставува *еднокорабна градба* со правоаголна основа и полукружна апсида на исток. Покриена е со двосливен покрив од ќерамиди, кој на источната и западната страна е пресечен со триаголен тимпан така што делува како четирисливен покрив што е честа појава на преродбенските цркви какви што се во Кокошиње, К'шање, Руѓинце, Дрен'к, и

[569] Панов М., 1984, Трифуновски Ј., 1974, 147;

[570] Хаџи -Васиљевић Ј., 1901, 471 - 472; Трифуновски Ј., 1974, 147; Х. Васиљевиќ пишува дека до пред 40-тина години (околу 1860 година) овој манастир бил сосема непознат, само се познавале ѕидовите на манастирската црква во која се наоѓала една мраморна плоча која служела за олтарска трпеза (престол). Црквата целосно била падната така што живописот одвај се забележувал. По 15 години, за изградбата на овој манастир, се зазел Младен Милошевиќ од селото Орашац, на кого, според народното предание св. Илија му се јавил на сон и му рекол да го обнови неговиот храм, така што овој пронашол негова икона на која одвај се забележувал ликот на светецот и просел за милостина да ја изгради црквата. Со првата собрана помош во близина на Манастириштето изградил лековит кладенец каде доаѓале луѓе од сите околни краишта: Кумановско, Кратовско, Штипско и Скопско. Од народот се собрал голем приход така што Младен со тие пари ги подигнал манастирските згради со осум одделенија во кои спаѓаат и оние за живот најпотребен во манастирот, како и црквата. Според Ј. Трифуновски, манастирот бил изграден во Првата светска војна (1914/18); Трајчев Г, 1933, 87;

[571] Петров К., 1954, 8, Т- II; Велев И., 1990, 93;

манастирските цркви Св. Богородица (Забел) во Никуљане и Св. Ѓорѓи во Бељаковце. Црквата има два влеза врамени со полукружни камени арки, главниот, на западната, и споредниот, на јужната фасада. Над главниот западен влез се наоѓа лунета со мозаик на патронот на црквата св. Илија, изработен во 2001 година од кумановскиот ликовен уметник Среќко Андоновски - Челик, кој се потпишал под мозаикот. Овој ист автор ги изработил мозаиците во лунетите на фасадите на црквите во Кокошиње (2002), Бедиње (1992/93 и 2006), Режановце (1994) и Св. Ѓорѓи во Куманово (1994). Над лунетата со мозаична техника, се наоѓа необична камена транзена со отвори во вид на две симетрични полукружни конхи, односно како отворено зрно од грав. Јужната фасада е оживеана со три полукружни отвори, источната со еден тесен правоаголен отвор на апсидата и еден поголем квадратен отвор над апсидата, а северната фасада со два полукружни отвори. На југозападната страна од црквата се наоѓа камбанарија на шест бетонски столба покриена со лим, изградена во исто време со манастирските згради, во втората половина на XX век.


Ентериер со иконостас, XX век
Interior with iconostasis, XX century


Св. Илија
St. Elijah


Св. Сава Српски
St. Sabba of Serbia

Ентериерот на црквата е засведен со полукружен свод. На малтерисаните ѕидови *нема фрески*, освен еден медаљон на сводот со претстава на Бог - отец, со триаголен нимбус, изработена од кумановскиот зограф Трајко Муфтински. Црквата има едноставен дрвен *иконостас* со два реда на икони, царски двери и Крст на врвот со сликано *Распетие Христово.* Големиот крст на врвот од иконостасот, на долниот крај е фланкиран со две едноставни фигури на стилизирани дракони од дрво, без декорација и резба. На дверите се насликани цели фигури од *Благовести*, архангел Гаврил на северното, и св. Богородица, на јужното. Најгоре над сликаните претстави на дверите се наоѓа мала ажурна резба со флорални мотиви, а на врвот минијатурен овален медаљон, насликан со Бог - татко и мал крст над него. Во првата зона се насликани престолните икони, и тоа од север кон југ: св. Никола во цел раст, на проскомидијалната врата; пророкот св. Илија до под појас, патронот на црквата; до него Богородица Одигитрија; потоа Исус Христос Вседржител; св. Јован Крстител, до под појас, на ѓакониконската врата; и сосема јужно, на крајот св. Сава Српски, во цел раст. Во втората зона се насликани девет празнични икони: евангелистот св. Марко, *Воскресение Христово, Раѓање Христово, Крштевање Христово, Тајна вечера* - на средината, евангелистот св. Јован, евангелистот св. Матеј, св. Симеон Мироточив и евангелистот св. Лука, сите до под појас. Не само единствената фреска, туку Муфтински ги изработил и сите икони за овој иконостас, како во црквите во Руѓинце и Рамно, а дел од икони изработил за манастирот Карпино и Св. Петка во Пезово. Најверојатно иконите се работени околу 1938/39 година, во исто време со неколку икони од иконостасот во наосот на Св. Петка во Пезово.

Во оваа црква како и во повеќето цркви без фреско - живопис, главната улога ја зазема иконостасот, а припаѓа на црквите од Преродбата, од втората половина на XIX и почетокот на XX век.

## СВ. НИКОЛА ВО РАМНО

Селото Рамно се наоѓа во општината Старо Нагоричино во средиштето на козјачката област, оддалечено 38 км. од Куманово,[572] лево од локалниот пат Драгоманце - Жегљане - Длабочица, зад археолошкиот локалитет *Татиќев Камен* во Кокино, кој високо се издига над селото Арбанашко и Рамно. Оваа црква е непозната, неидентификувана и непроучена во науката, единствено ја споменува Ј. Трифуновски во 1974 година, како што е случај со дејловската, пезовската,



Св. Никола во Рамно, XIX/XX век, североисточна фасада
St. Nicholas in Ramno, XIX/XX century, north facade

пчињската и студенобарската црква. Црквата посветена на Св. Никола се наоѓа во средина на селскиот атар, во маалата Гезаци, на благо возвишение до селските гробишта. Таа е мала *еднокорабна* градба со правоаголна основа и правоаголна апсида на исток, вертикално нагласена. На апсидата сé уште е зачуван поголем дел од првобитниот покрив со камени плочи, што најверојатно ги имало и на покривот на самата црква. Оваа црква е градена во првите децении на XX век, веднаш по Првата светска војна, по примерот на постарите цркви од XVI и XVII век, чија правоаголна апсида е аналогна со црквите во Кокино, Мургаш и Довезенце. Градена е од необработен сивкаст камен, па малтерисана. Покриена е со двосливен покрив од ќерамиди, со мали триаголни тимпани над забатот од западната и источна страна, така што црквата делува како да има четворосливен покрив, исто како и кај Св. Дух во Добрача и повеќето горе споменати преродбенски цркви. Североисточната фасада е вкопана в земја. Црквата има два влеза, главниот тесен и висок на западната, и споредниот, помал влез на јужната фасада. Инаку, нема отвори, освен еден мал отвор на јужниот ѕид заштитен со железни транзени и еден тесен вертикален засек на апсидата. На западната фасада, над влезот се наоѓа голем кружен медалјон со крст од четири еднакви краци, релјефно изработен. Ова е единствената декорација на црквата, најверојатно,

[572] Панов М., 1998, 254;

изработена од камен, па малерисана во поново време, кога била доградувана. Според локалното население, последни интервенции на црквата биле направени околу 1997/98 година.[573]

Однатре, црквата е малтерисана, засведена со полукружен свод. Малтерот на сводот е паднат и се гледа полукружната сводна конструкција од тесни и долги даски. Подот е од земја. На источниот ѕид се наоѓа олтарската апсида со необична трапезна форма на врвот. Во апсидата се наоѓа квадратен отвор, кој трапезно се стеснува кон надворешната страна во вид на тесен вертикален засек. Северно од неа има проскомидијална конха, а јужно и под неа, две длабоки квадратни ниши. На северниот ѕид во олтарскиот простор има уште една мала длабока правоаголна ниша хоризонтално нагласена.



Иконостас, XX век
Iconostasis, XX century

Црквата Св. Никола во Рамно нема живопис. Наосот, од олтарскиот простор е поделен со нов дрвен и сликан иконостас. *Иконостасот* се состои од три реда на икони, со царски двери на средината. Во првата зона, од север кон југ се насликани допојасни фигури на: св. Никола Чудотворец, патрон на црквата, на сверната проскомидијална врата, до него св. Богородица Одигитрија, царските двери на средината, насликани со цели фигури од *Благовести*, св. Богородица (јужно) и архангел Гаврил (северно), Христос Вседржител, и св. Јован Крстител. Во втората зона се насликани: св Симеон, св. Атанасиј, евангелистите св. Лука и св. Јован, северно од дверите, а јужно, евангелистите св. Матеј и св. Марко, св. Спиридон Чудотворец и св. Сава Српски, сите до под појас. Во средина над дверите се насликани композициите: *Тајна вечера,* и над неа на врвот, во третата зона *Св. Тројство*. Лево и десно од оваа композиција се наоѓаат минијатурни фигури на Богородица и Јован Богослов. Иконите и царските двери ги насликал Трајко Муфтински (1892 - 1963) во првите децении на XX век, околу 1924/25 година,  еден од првите зографи и иконописци од Куманово, кој работел во повеќе жеглиговски цркви на фреско-живописот и на иконостасите во Републикава, во Р. Србија, и на Косово и Метохија. Целосно изработени икони за иконостаси,

[573] Трифуновски Ј., 1974, 105; Според истражувањата на авторот  во 2006 година и информациите од локалното население;

освен овде, изработил и за црквите Св. Петка во Руѓинце и манастирската црква Св. Илија во Орашац.

Гледано во целина, овој значаен христијански објект со одредени исламски влијанија во архитектурата, ги следел примерите од поствизантиските жеглиговски цркви, а иконостасот е карактеристичен за периодот на Преодбата. Денеска црквата е мошне запуштена, со напукнати ѕидови и на места оштетена, особено покривната сводна конструкција, што во секој момент може да се урне, протечува и штетно делува врз новиот сликан иконостас, кој е доста зафатен со оштетување и напукнување на бојата. Состојбата е загрижувачка, потребни се итни конзерваторски зафати на архитектурата и на иконите од иконостасот.

## СВ. ТРОИЦА ВО КУМАНОВО

Црквата Св. Троица во Куманово, кај кумановците уште е позната и како Нова црква. Се наоѓа во строгиот центар на градот во Карап - маала. И оваа црква, како и Св. Никола (Стара црква) во Куманово, директно е поврзана со развојот на настаните во Куманово и воопшто во Републиката, со црковното двовластие помеѓу егзархиската и патријаршиската црква од крајот на XIX век.[574] Имено, со потпаѓањето на Св. Никола под егзархиска црковна управа во 1897 година, на патријаршистите не им било дозволено да вршат служба во истата црква, за што тие побарале дозвола за градба на нова црква од Високата Порта во Цариград. Со ферманот донесен од султанот Абдул Хамид II (1876 -1909), на 12 мај 1898 година приврзаниците на патријаршиската црква започнале да градат нова црква и училиште во Куманово, при што била формирана



Св. Троица во Куманово, 1902 година
Holy Trinity in Kumanovo, year 1902



Северна фасада
North facade

нова комисија составена од: Наил - бег, Хусеин - паша, аѓутант на султанот и Серфет - Беј како началник на верата. После многу несогласувања, планот за изградбата на црквата бил одреден зад еден ан, помеѓу ромски куќи што било прифатено од страна на патријаршистите. Претходниот план за изградба го посочувал просторот кај днешното О.У. "Крсте Мисирков", но не бил прифатен од егзархистите, па се создале големи мешаници и судири, каде зеле учество и жените, при што загинала бремената егзархиска учителка Екатерина Симитчиева, сопруга на бугарскиот учител Авксентие Иванов, од ударите на жандармериските кундаци. На 12 декември 1899 година, митрополитот Фирмилијан ја известил српската влада дека црковниот спор во Куманово бил решен, а таа, за да ги интензивира работите околу изградбата на црквата, нарачала изготвен план

[574] Хаџи - Васиљевић Ј., 1909, 489; Димевски С., 1964, 137 - 142 ; Idem, 1989, 565 - 567; Богдановска З., 2002, 174 - 180;

за црквата во Русија, кој потоа бил испратен во Цариград на одобрение. Изградбата му била доверена на градежниот мајстор Михајло Ѓорѓевиќ - Дебарец, син на инженерот Јосиф Михајловиќ, подоцнежен градоначалник на скопската општина. Еден од главните ктитори бил српскиот крал Александар Обреновиќ (1893 - 1903) последен од лозата на Обреновиќ во тогашното Кралство Србија, со неговта сопруга, кралицата Драга, потоа Таса Стањевски, Марија Ѓуровица - Грнчарка, трговецот Тасо Цивковиќ, семејствата Серчевски и Дамњанови, и митрополитот Фирмилијан.[575] Осветувањето на темелите било извршено на вториот ден од *Духови*, на кое биле поканети скопскиот митрополит Фирмилијан, валијата на косовскиот вилает Ахмед Ејуб - паша, српскиот конзул Михајло Куртовиќ, рускиот конзул Виктор Машков и грчкиот конзул во Скопје, местни кајмаками, кадијата и други турски чиновници. Така, црквата започнала да се гради во 1899 година, била изградена во 1902, а осветена на 21 септември 1903 година на празникот *Мала Богородица* од скопскиот митрополит Фирмилијан.[576]



Мозаик со св. Богоросица, западна фасада
Mosaic with Holy Virgin, west facade



Тордирани пиластри, западен влез
Semi-pillars on each side, west entrance

Св. Троица во Куманово претставува монументална, петкуполна *трокорабна градба* со впишан крст во основата и тристрана апсида на исток. Централниот кораб е поиздолжен кон запад, и кон исток. Централната поголема, и четирите помали, странични октогонални куполи, се покриени со лим и разиграни со по осум монофори поврзани помеѓу себе со колонети, кои потсетуваат на руските цркви. Бочните фасади се оживеани со монофори, бифори и квадрифори во широки архиволти.[577] До западниот влез, на двете страни се наоѓаат по два бели пиластри тордирани на врвот. Тордираните пиластри имаат источни влијанија од XI век, какви што се сретнуваат на јужниот портал од нартексот на Кумурдо, во Грузија.[578] Над влезот во полукружен лак е насликана фреска со патронот на црквата, *Св. Тројство*, над која се наоѓа истурен двосливен покрив на порталот. Над порталот, во средина на фасадата се наоѓа голем кружен

[575] http://mk.wikipedia.org/wiki/Александар_Обреновић; Александар Обреновиќ е роден во Белград 1876 година. Бил крал на Србија и последен српски владетел од династијата Обреновиќ. Во 1889 година неговиот татко Милан I Обреновиќ, абдицирал во негова корист. Александар тогаш имал 12 години, а во негово име владеел Наместнички совет на чело со Јован Ристиќ. Во 1893 г. Александар извршил државен удар, се прогласил за полнолетен и го суспендирал Уставот. По склучувањето брак со Драга Машин, разведена од еден српски офицер, го изгубил својот углед и бил политички изолиран во својата држава. На 11 јуни 1903 бил убиен заедно со жена му во Стариот двор во Белград и фрлени низ прозорец, како резултат на воен заговор; За ктиторите на црквата дознаваме од *Летописот* на црквата Св. Троица во Куманово, 1970 (во ракопис, на македонски јазик) од кумановскиот свештеник, прота ставрофор Стојко Спасовски, стр. 52 - 54, отстапена од свештеникот Томе Младеновски ;
[576] Хаџи-Васиљевић Ј., 1909, 50; Масевски Д. - Арсовски М., 1996, 97 - 105; Николовски З., 2003, 857;
[577] Грчев К., 1998, 50 - 56, сл. 1 - 8; Хаџи-Васиљевић Ј., 1901, 48 - 52;
[578] Бошковић Ђ, 1976, 71, сл. 111;

медаљон со Богородица Одигитрија изработен во мозаична техника од ликовниот уметник Тане Атанасовски - Гарски (1938 - 2006) од Куманово, во 1987 година. Освен главниот влез, црквата има и два споредни влеза на јужната фасада, едниот на средината на наосот, а другиот на источниот дел во олтарот. Најблиски аналогии според архитектонската диспозиција има со црквата Св. Архангел Михаил во Скопје, изградена подоцна, во 1932/34 година, со таа разлика што таа има само една централна купола и полукружна апсида на исток. Во 1968/70 година, црквата Св. Троица била реновирана од страна на свештениците, прота ставрофор Стојко Спасовски и Чедомир Поповски, како и дарителите: Андон, Пано, Вучко и Иван.[579] Последни интервенции на архитектурата се правени во 1989 година, кога е малтерисана со розова и бела боја, која и дава декоративен изглед на црквата заедно со монофорите, бифорите и квадрифорите.[580]

Ентериерот на црквата е поделен со по два лажни масивни кружни столбови со мермерен сјај, со капители во штуко - декорација со геометриски мотиви, во два реда, кои го делат наосот на три кораби. Централната купола е потпрена на пандантифи, а четирите странични куполи на аглите врз лажен тамбур. Од западната страна се наоѓа мала галерија на кат за црковен хор, каде за време на верските празници се пеат црковни песни. Подот е од порцелански квадратни плочки во сива, црна и нечиста бела боја, кои формират мноштво триаголници и правоаголници.



Св. Троица, свод, 1904 година
Holy Trinity, altar, year 1904



Св. Ѓорѓи и св. Димитрија, источен ѕид, наос
St. George and St. Demetrius, east facade, nave

***Стариот живопис***, иако е застапен многу малку, е насликан во централната купола и на делови од сводот во олтарската апсида, во 1904 година, како донаторство на ратарскиот еснаф, потпишан на западната аркада под куполата. Во куполата се распознава Христос Пантократор, доста оштетен, под него *Небеска литургија* и фигури во цел раст во тамбурот помеѓу монофорите, а на пандантифите, четирите евангелисти со атрибутите, североисточно - Матеј со ангел, северозападно - Лука со теле, југоисточно - Јован со орел, и југозападно - Марко со лав. Во источниот лак од централниот кораб, под куполата се насликани по две цели фигури на пророците св. Исаија и св. Езекија, и третиот св. Јона на средината, во кружен медаљон.

Во горните партии, над иконостасот, во лакот помеѓу олтарот и наосот, од западната страна, е насликана централната сцена со патронот на црквата, *Св. Тројство*. Северно и јужно од неа се насликани две сцени од Чудата Христови: *Христос оди по морето* (северно) и *Христос му се заканува на ветрот и морето* (јужно), каде што Христос е прикажан во еден чамец со испружени раце како му пркоси на ветрот и морето.[581] На источниот ѕид во олтарот, над апсидата во темето е насликана едноделна композиција *Благовести*, а во проскомидијалната конха допо-

[579] Летопис на свештеникот Стојко Спасовски, 1970, стр. 56;
[580] Грчев К., 1998, 50; Масевски Д. - Арсовски М., 1996, 144; Николовски З., 2003, 857 - 858; Масевски Д., 2006, 85;
[581] *Ерминія*, 1868, 187 – 190; Николовски А., 1984, 62 - 63;

јасието на Исус Христос Пантократор, аналоген со фреската од Бељаковскиот манастир и Св. Петар и Павле во Горно Лисиче (1918) изработена од Д. А. Папрадишки.[582] На сводот во олтарот, на средината е насликана сцена со *Христос Старец на деновите* (Бог - татко) и *св. Дух* (бел гулаб со раширени крилја) под неговите нозе, врз сфера. Јужно од неа, е сцената *Мојсеј ги прима десетте Божји заповеди,* а северно, *Великиот совет на Ангелите.*

Старите фрески од 1904 година се сретнуваат и на источниот ѕид на носот, кој е во улога на олтарска преграда и заедно со високиот дрвен иконостас го дели наосот од олтарот. Најдолу во првата зона, веднаш до иконостасот, како пандани се насликани двајца свети воини во цел раст, фронтално поставени, со копје во едната и штит во другата рака. Иако сигнатурите не им се сочувани, сепак се работи за св. Ѓорѓи (северно) и св. Димитрија (јужно), кои обично се сликаат во пар. Над св. Димитрија, во втората зона е насликана композицијата *Четириесет севастополски маченици*, а најгоре во третата зона св. Сава Српски (?), архиерej во цел раст. Над св. Ѓорѓи, северно од иконостасот, во втората зона е насликана царската двојка, св. Константин и Елена, како двајцата го држат Чесниот крст помеѓу нив, а најгоре во третата зона, фигура на св. Спиридон. Се работи за едно прекрасно сликарство, естетски издржано, со пропорционалност и симетричност на ликовите и употреба на пастелни бои. Затемнетите сликани површини на високите сводни партии на црквата го отежнуваат откривањето на ликовниот ракопис на авторот. Во



Покров на св. Богородица, северен ѕид, наос, 1968/70 година
Shroud of Holy Mother of God, north wall, nave, year 1968/70



Св. Кирил и Методиј, јужен ѕид, наос
Sts. Ciryl and Metodius, south wall, nave

недостаток на податоци, а според високите, рафинирани сликарски можности, живописот потсеќа на сликарството од централната купола во манастирот Св. Јоаким Осоговски во Крива Паланка (1885), и по сé изгледа дека авторот на овие фрески е зографот Димитар Андонов - Папрадишки, чие творештво од петте негови фази, припаѓа на третата фаза (1897 - 1920),[583] а годината на живописот - 1904, е испишана на истурениот западен лак под куполата.

*Новиот живопис* е досликан во 1968/70 година, во долните партии на наосот од зографот Крсте Р. Колоски од Скопје, потпишан на северниот ѕид на наосот, под нозете на архангел Гаврил, кој работел и во Св. Никола во Куманово (1969/72) и Св. Димитрија во Скопје (1963/73).[584] Насликани се фигури на светители и светителки, пустоножители и свети врачи во цел раст во првата зона на наосот, со нагласена волуминозност, исто како и во Старата црква. Во горните партии на ѕидовите сé уште нема живопис. На јужниот ѕид од исток кон запад се насликани: св. Спиридон и св. Атанасиј, св. Јован Крстител, св. Кирил и Методиј, св. Климент и Наум, св. архан-

[582] Николовски А., 1984, 115;
[583] Ibid, 93 - 98;
[584] Лакалиска С, 2000, 117 - 119;

гел Михаил, св. Прохор Пчињски и св. Јоаким Осоговски. На западниот ѕид, од југ кон север, низата од фигури продолжува со св. Јован Рилски, св. Гаврил Лесновски, св. Ѓорѓи Кратовски во пламени јазици од половината надолу, јужно од влезот, а северно од влезот се редат фигурите на св. Недела, св. Трифун и св. Пантелејмон. На северниот ѕид, од запад кон исток се насликани фигурите на: св. Кузман, св. Дамјан, св. Петка, св. архангел Гаврил, композицијата *Покров на св. Богородица*, св. Никола, св. Игнатиј Богоносец и завршува со *Св. Троица*, до олтарската преграда. На источниот ѕид северно од иконостасот е насликана композицијата *Св. Богородица со малиот Христос в раце и св. Ана*, а јужно од иконостасот св. Василиј Велики и св. Јован Златоуст, во цел раст.

Од *Летописот* на свештеникот Стојко Спасовски се дознава дека високиот и репрезентативен иконостас бил изработен во Цариград, за 1.500 турски лири, по нарачка на кралицата Драга, сопруга на српскиот крал Александар Обреновиќ.[585] **Иконостасот** има три реда на икони и царски двери на дното, а е идентичен со иконостасот во Св. Петка во Бедиње. Престолните икони се насликани во цел раст, од север кон југ: св. Сава, на проскомидијалната врата, св. Богородица со Христос на престол, потоа Исус Христос Вседржител, исто така на престол, и св. Јоаникиј, на ѓакониконската врата. Во втората зона се наоѓаат помали икони со претстави од *Големите празници,* по две икони во четири правоаголни касети, вертикално нагласени, и со една поголема


Ентериер со иконостас, 1903 година
Interior with iconostasis, year 1903


Тајна вечера, празнична икона, иконостас
The Last Supper, festive icon, iconostasis

хоризонтално поставена икона, на средината. Така, од југ кон север се редат: најверојатно, српската царица Милица (?) и кнез Лазар или крал Александар (?), во стоечки фронтален став, облечен во парадна униформа, *Раѓање* и *Воскресение Христово*, *Тајна вечера* - во средината, потоа, *Преображение* и *Влегување во Ерусалим,* и на крајот, *Вознесение Христово,* и фигури на *Четири свештени лица* (?), фронтално поставени во цел раст, без сигнатура. Во третата зона се наоѓаат поголеми икони, по две фигури во цел раст на српски кралеви и светители, од страните на иконостасот, од север кон југ: св. Никола и св. Стефан Првовенчани со раскошна облека и круна на главата, а јужно, еден висок црковен достоинственик, можеби св. Симеон (?), покрај него се гледа круна на перниче, и св. Јован Крстител, со копје в рака, додека во средината на врвот од иконостасот, се наоѓа претставата на патронот на црквата - *Св. Троица*.[586] Сите икони се врамени во стакло, со тројни дрвени арки на врвот, така што е тешко да се идентификуваат, поради рефлексијата. Дверите се насликани со по две минијатурни попрсја на горниот и долниот крај во кружни медалјони (најверојатно четирите евангелисти), и во средината со *Благовести,* минија-

[585] *Летопис* на црквата Св. Троица во Куманово, од свештеникот Стојко Спасовски, 1970, стр. 56;
[586] Николовски З., 2003, 855 - 859;

турни фигури во цел раст на св. архангел Гаврил, северно, и св. Богородица, јужно, кои сé уште немаат сигнатури, а по начинот на изработката, се идентични со дверите од Св. Петка, во Бедиње.

За иконата со ликот на кнез Лазар или крал Александар (еден од главните ктитори на оваа црква), можно е дека е дело на Ѓорѓи Зографски, кој има изработено нешто слична фреска на крал Александар Невски од црквата Вознесение Христово во Рлевци, Велешко (1927) година.[587] Иконата *Тајна вечера, пак,* е аналогна со иконата од црквата Св. Архангел Михаил во Балајинац, кај Прокупље, Р. Србија (1907), изработена од Ѓорѓи Зографски.[588] Од композицијата *Тајна вечера*, може да се забележи дека авторот се инспирирал од италијанското сликарство, од високата ренесанса на XVI век, поточно од фирентинскиот сликар Леонардо да Винчи, кој ја насликал фреската во Санта Марија дела Грација во Милано. И кај другите икони се чувствува влијание од високата ренесанса, како што е престолната икона на св. Богородица со Христос, која потсеќа на Мадона (Богородица) од Сикстинската капела во Ватикан (1515), изработена од Рафаело Санти, еден од првите троица најголеми уметници од тоа време.[589] Двете централни престолни икони со св. Богородица и Исус Христос Вседржител се дело на Димитар Андонов, кој изработил слични икони за Св. Ѓорѓи Кратовски и иконата на Богородица Безгрешна за пчињеката црква Св. Богородица. Освен ликовите од христијанската религија, се насликани старите српски кралеви и високи црковни достоинственици. Се забележува богата орнаментика на архиерејската облека кај св. Сава, св. Јоаникиј и св. Стефан Првовенчани, со бесценети камења и бисери. Не се знае прецизно кој ги изработил ликовите на српските свештеници, дали Папрадишки или Зографски. Ликот на српскиот архиепископ св. Сава насликан со круна на главата, е насликан во Бељаковскиот манастир од Папрадишки, но во поизменета варијанта, а истата икона од црквата Св. Ѓорѓи Кратовски во Кратово (1925) е идентична со фреската на јужниот ѕид во наосот на црквата Вознесение Христово во Рлевци, Велешко (1927), изработени од Ѓорѓи Зографски, исто така со поинаков ликовен израз.[590] За ликот на св. Сава, насликан со неговите одличја, набедреникот и лоросот, крстот и панагијата, Ѓорѓи Зографски се служел од литографијата на Анастас Јовановиќ, од истата композиција.[591] Со оглед на тоа што кај Папрадишки се сретнуваат повеќе фази во неговото творештво и едно време го менува неговиот сликарски израз, можно е дека овие две икони се негово дело.

И покрај тоа што е отежната идентификацијата на иконописците, поради врамените икони во стакло кои предизвикуваат рефлексија и височината на иконостасот, не е можно да се забележат нивните потписи, но според аналогиите и стилско-ликовните особености, може да се каже дека поголем број од иконите за иконостасот ги изработил Д. А. Папрадишки, а можно е да му помагал и Ѓорѓи Зографски (1871 - 1945) од Велес, кои заедно работеле во црквите: Св. Троица во Куршумлија (1902) и Св. Никола во Горна Драгуша (1903) во Србија, како и повторно по две децении, на иконостасот во Св. Ѓорѓи Кратовски во Кратово (1925). Од автобиографските белешки во ракопис на Д. Андонов, објавени кај Антоние Николовски во 1984 година, се дознава дека како член на Епархискиот совет за изградба на црковни градби бил ангажиран во Куманово, Кратово и Крива Паланка од 1890 до 1912 година.[592] Ако се земе в предвид дека Д. А. Папрадишки ја изработил иконата на св. Прохор Пчињски (120 x 64 см.), во 1908 година, денес изложена во Галеријата на икони во црквата Св. Никола во Куманово,[593] тогаш со сигурност може да се каже дека тој работел на иконите во оваа црква. Освен споменатата икона, на постојаната поставка, се наоѓа исто така уште една празнична икона, на св. *Богородица Извор на Животот,* изработена од

---

[587] Николовски А., 1984, 352;
[588] Ibid, 1984, 227;
[589] Ibid, 188; Величковски В., 2002, 65;
[590] Николовски А., 1984, 344; Благодарност до колешката Елица Никова, кустос историчар на уметност од Музејот во Велес, која ми овозможи преку фото - документација од црквите во Рлевци, Бањица и Еловец, Велешко, да направам аналогии со кумановските цркви;
[591] Idem, 182;
[592] Ibid, 378;
[593] *Евидентирани икони …* 1987, 102;

Дичо Зограф во 1860 година.[594] Како резултат на нарачките од тогашното Српско кнежевство и српската црковна власт може да се заклучи дека иконостасот и дел од иконите биле изработени во 1903 година, кога црквата била осветена, а дел во 1908 година, кога Папрадишки творел и за Св. Никола во Куманово. А дали двајцата зографи работеле во исто или различно време, допрва треба да се истражи. Едно е сигурно, Ѓорѓи Зографски му помагал на Папарадишки во неговите обемни зафати.

Оваа црква, според хронолошката припадност и одредени архитектонски елементи е последна во групата цркви од Преродбата, а прва од редот на современата црковна архитектура во Куманово и воопшто во Република Македонија, од самиот почеток на XX век. Таа е фантастичен спој на западните византиските петкуполни градби чии фасади се разиграни со монофори, бифори и квадрифори, од една страна, комбинирана со источнохристијански елементи (руски и грузиски), што може да се забележи во начинот на покриените куполи и појавата на тордирани пиластри, од друга страна.

[594] Поповска - Коробар В. - Зисовска Ј., 2000, 32;

## V. SUMMARY

## ECCLESIASTICAL MONUMENTS IN KUMANOVO AREA

Kumanovo area or known as medieval Žegligovo is one of the richest regions with cultural and historical monuments in R. of Macedonia. Unfortunately, many of them are still insufficiently acknowledged and scientifically unexplored. Over forty registered Christian sacral buildings could be followed through various historical periods, beginning with the Late Antique period (VI century), throughout the medieval - Byzantium period (from XI till the end of XIV century) and the Ottoman period (from XV to XVIII century) until the new Revival period (XIX and XX century). Seven churches among them are declared as cultural monuments: "St. George" in Staro Nagorichino, "St. Petka" and "St. George" in Mlado Nagorichino, "Monastery Karpino" in Suv Orah, "Monastery Matejche", "Double Church" in Suv Orah and "St. Nicholas" in Kumanovo. Apart from the valuable architecture and fresco painting in the medieval art of Žegligovo, important places take also iconography and carving.

The development and the expansion of the Christianity contributed to building of the sacral constructions especially after the proclamation of Christianity as a state religion by the Edict of Milan issued in 313 AD by the emperor Constantine I. Churches were built for the needs of the believers and Dioceses were formed in that way the former Kumanovo area which was consisting part of Dardania became part of Mitropolia Skupi and in the VI century part of Justiniana Prima. After the foundation of Samuils country in 976 the Diocese of Skopje whose consisting part was also Kumanovo area become part of the Ohrid Archbishopric and stayed under its jurisdiction untill XII century, when it become part of the Church of Trnovo (Bulgaria) during the Second Bulgarian Empire (1185/87). In 1207 the Sebastokrator Strez returned the Diocese of Skopje to Ohrid Archbishopric. Monarchs of the Serbian ruling dynasty Nemanjic took the power in Macedonia; the first one of them was King Stefan Urosh II Milutin (1282-1321) who concluded peace with Byzantium in 1299 and gain the whole Macedonia as a dowry of Simonis, daughter of Emperor Andronicus II Palaiologos (1282 - 1328) it resulted in falling of the Diocease of Skopje, influenced by the Serbian Church.

The name of the village Kumanovo as a part of Žegligovo (present day Kumanovo area) is mentioned for the first time the Charter of Dechani from 1330 during the reign of the king Stefan Uros III (1321- 1331), son of Milutin, who gave the land of Zegligovo, that was in his possession, as a present to the Dechani Monastery (situated in present day Kosovo). In XIV century the greatest conquests were made by Tsar Dushan (1331-1355). The Diocese of Skopje was under the Serbian governing and church authority until 1395, under the Patriarchate of Pec till the Ottoman expansion at this territory. In 1766 the Patriarchate of Pec was abolished and the Diocese of Skopje fell under the Patriarch of Constantinople, but with the formation of the Exarchate in 1870 it was exposed to ecclesiastic diarchy between the Serbian and Bulgarian church.

During the World War I Serbian occupation was replaced by Bulgarian. After the end of the World War I in 1918 and until the beginning of the World War II in 1941 the Diocese of Skopje remained under the Serbian Orthodox Church. During the war it was again under the influence of the Exarchate. In February 1945 the First Public Council was conveyed and a decision was brought for formation of An Initiative Board for organising MOC (Macedonian Orthodox Church). From 4 to 6 October, 1958 in Ohrid on the Second Public Council was brought the decision for re-establishment of the Ohrid Archbishopric and creation of MOC and the first archbishop was chosen His Beatitude Archbishop Dositej. The Constitution of the renewed Ohrid Archbishopric as MOC was brought then, and Skopje became the seat of the MOC. Although the Macedonian Church was separated, it still remained as canon unanimity with the Serbian Orthodox Church (SOC). On July 17, 1967 at the Third Council in Ohrid was resurrected the autocephaly (independency) of MOC with six dioceses. On September 8, 1970 according to the Decision of the Synod of MOC, the Parish of Kumanovo became part of the Parish of Polog and Kumanovo, which previously had been part of the Diocese of Skopje. Today, MOC has ten dioceses and three of them are in the Diaspora. Apart from the conditions in which Macedonian Church was influenced by foreign propaganda, in different historical periods the specific church architecture with unique insignia was developed.

Archaeological researches in Kumanovo area discovered remains of Christian basilicas and parts of architecture decorative plastics from Antic period, from II to IV century in the village of Lopate (Drezga locality), Matejche (Ribnik locality), Klechovce (loc. Crkvishte), Karabichane (loc. Kulica), Bajlovce (loc. Visoko) and (loc. Kostoperska Karpa) in the village of Mlado Nagorichino where many churches existed and it is not a coincidence that it has been also called the Holy Mountain.

In the medieval Byzantium period, from XI to XIV century in Kumanovo area has been registered six Byzantium churches, three of them in Dumanovce are almost completely ruined in almost the same situation is "St. George" in the village of Matejche. The most valuable art work regarding the architecture rich with ceramic and plastic decoration, but also regarding the wall painting are found in the churches "St. George" in Staro Nagorichino with two building layers, XI and XIV century, painted by the famous Thessalonian Zografs Mihajlo

and Eftihij and the Monastery “Matejche” from XIV century, painted by Jovan Teorijanos. Their ktitors were the Serbian Kings Milutin and Dushan.

In the Post Byzantine period (XV - XVIII century) the churches were built exclusively out of stone, with smaller dimensions, resembling the village houses with double-sloped roof imperceptible from the outside because of the strict Ottoman canons. In this case the ktitors were the peasants and monks. Typical examples of churches from this period are: “St. George the Victorious” and “St. Petka” in Mlado Nagorichane , eponymous churches “St. Nicolas” in Strezovce and Beljakovce, “St. George” in Zegljane, The Double Church and Karpino Monastery in Orah, “The Holy Spirit” in Dobracha, “The Holy Saviour” in Dovezence, “St. Paraskeva” in Murgash, “St. Petka” in Pezovo, “St. Mother of God” in Studena Bara, “The Holy Trinity Church” Chelopek and Karabichane, half ruined churches “St. George” in Kokino and Stepance, etc.

The period of Rebirth in Macedonia begins with rising of the public awareness of the middle class at the beginning of the XIX century. This also includes Kumanovo area. In this period Cathedral monumental churches were built from nicely-shaped stone blocks, with phony vaults or without them, with porches at the arches on each side. One of the most famous craftsman constructor in Macedonia, Andreja Damjanov, (1813 - 1878) from Papradishte, Veles, together with his team, built the church “St. Nicolas” in Kumanovo in 1851. Similarly, such churches were built in villages or the old ones were rebuilt: “St. Athanasius” in Kokoshinje, “St. Elijah” in Živenje, “St. Nicolas” in Orashec, “St. Nicolas” in K’shanje, “Zabel Monastery” in Nikuljane, “St. Petka“ in Rugjince, Beljakovce Monastery, Gradishte Monastery, etc. In these churches more attention was paid to the iconostasis. Some of them have not been painted until the present day. The most important icon painters in this period were: Dimitar Krstev - Dicho from Tresonche in the vicinity of Debar (1819-1873), Veno Kostov from Galichnik, Josif Radev from the village of Lazaropole, Hadzi Kostadin and Petar Nikolov from Veles, Dimitar Andonov from Papradishte (1859-1954) in the vicinity of Veles, who worked on the iconography as well. “St. Athanasius” in Kokoshinje, “St. Elijah” in Živenje, “St. Nicolas” in K’shanje, icons from iconostasis Beljakovce Monastery, Gradishte Monastery (1938/39), and the lunette above the entrance of the “Holy Trinity Church” in Chetirce (1939). From Kumanovo area significant icon painter was Trajko Muftinski (1892 - 1963) who was creating in XX century. He painted the fresco in the Beljakovce Monastery in 1937 some of the fresco in Studena Bara, the iconostasis in Ramno (1920/25), Karpino Monastery in Orah (1920), in the church “St. Petka” in Rudjince, “St. Elijah” in Orashec, as well as in the Monastery “Prohor Pchinjski” etc. Typical representative of modern church architecture is the “Holy Trinity Church” in Kumanovo from 1903 built following the manner of Byzantine churches with vaults.

## ECCLESIASTICAL MONUMENTS IN KUMANOVO AREA IN BYZANTIUM PERIOD ( XI - XIV CENTURY)

### CHURCH “ST. GEORGE” IN STARO NAGORICHINO

Monumental triple arc construction with five domes and embossed cross on a square base. The domes are eight-sided. One of them is central and bigger, the other four are smaller and lateral. The apse in the lower part is semicircular, and in the upper part is five-sided. According to the Old Slavic inscription on a stone above the main west entrance it was built in 1313 by Serbian King Milutin (1282-1321) over the walls of an old church dated from XI century built by the Byzantine Emperor Roman IV Diogen (1067-1071). Today, there are still remains from the primary temple, the exonarthex on the west side and the pilasters on the south wall. The facades in the upper zones and the domes are ornamented with ceramic and pictorial decoration from bricks, exhilarated with single-arched, double - arched and three-mullioned windows. In the inside is preserved the primary low stone altar screen from XI century. From the old fresco painting from XI century is preserved only one small fragment in the lower zone of the north wall of the nave, it is firm enough. The existing fresco painting derive from 1316/18 made by the Zografs Mihailo Astrapa and Eutihie, during the abbot Venijamin that could be seen on the Old Slavic inscription on the narthex, southwards of the west entrance. At the nave walls there are sequences of the “Passion of the Christ”, “Christ’s miracles and parables” and the “Passions of St. George”, in the anaphora there are scenes of St. Mother of God, in the sacristy St. Nicholas and the Calendar scenes on the vault of the narthex. At the north wall of the narthex is painted the ktitor composition of the King Milutin with a model of the church in his hands and his wife, the Queen Simonida. Portrays of St. George and the Holy Virgin Pelagonitissa are the only fresco icons in the Republic of Macedonia painted on a stone at the alter screen. The pressmarks are inscribed in Old Greek letter.

### CHURCH "ASSUMPTION" IN MATEJCJE - MATEJCHE MONASTERY

Monumental triple arc construction with five domes and embossed cross on a square base. The central dome is twelve -sided, the lateral are eight-sided, revived with a single-arched windows. The alter apse is five - sided from the outside decorated with shallow furrowed semicircular brick niches, northwards and southwards from it there are small semicircular chapels. The facades are refreshed with ceramic and pictorial decorations from lesene, pilasters, single-arches, double-arched windows and rosettes. The Monastery was built in 1346/48 during the reign of Tsar Dushan, (1345-1355). The Monastery was an important literature centre in XV century. It was also called Monastery of *Žegligovo*. Important writers created literature works there: monk Gerasim, Vladislav Gramatic, Isaiah Domestic and Kiril Pejchinović. The fresco painting is largely damaged. It dates back from the middle of XIV century, after the monastery had been built. It was fresco painted from the craftsman Jovan Teorijanos, 1348/50, who had worked on the narthex floor in the church St. Sofia in Ohrid. The preserved scenes are from the live of St. Mother of God and Christ, the Akathist to St. Mother of God, Acts of the Apostles, St. Archangel's miracles, Legends of John the Baptist and Solitary Antoine, disposed on the nave walls. On the south wall of the nave is the ktitors composition of the Tsarina Elena and her son Urosh and Tsar Dushan. In the narthex, at the west wall as counterparts are painted the Jesse tree and the family tree of Nemanjic dynasty. The pressmarks are inscribed in Old Slavic and Old Greek letter. Last interventions have been done in 2003.

### CHURCH "ST. GEORGE" IN MATEJCHE

It is small single - arc church, without any domes with square base and three-sided apse on the East. Built out of simple cliffy stone, some brick rows without symmetry at all with loose brace made of lime mortar. It is covered with sliding tile roof and the vault had probably been semicircular. There is visible decoration made of bricks, on the frieze of the lunette on the west wall and on the gaps above the lunette - round rosette and on the east wall cross like one above the apse. It belongs to the group of Late Byzantium monuments dating from approximately 1370. The church has been destroyed and damaged several times, especially after the events in 2001. The last interventions were made in 2006 by the National Conservatory Centre in Skopje. Almost half of the fresco painting is preserved but it is much destroyed. According to the inscriptions written in Old Slavic language the painting structure was determined. The fresco painting is disposed on each wall, except on the north one where nothing has been preserved. In the alter space the Holy Archpriests, on the south wall Deisis composition and figures of the holy soldiers in the first zone, above them sequence of medallions on the chest of the holy martyrs and soldiers, and in the upper zone are disposes scenes of the Great Feasts, on the west wall (the holy medicine men) Ss. Cosma and Damian and the usual composition The Ascension of Holy Mother, above the entrance. The fresco painting dates back to XIV century inspired by the Palaiologos classicism, whose analogy can be found in churches in Ohrid and Kostur from the end of XIV century.

### CHURCH "HOLY MOTHER OF GOD" IN DUMANOVCE

Solely remains of the narthex wall and the base of the nave as well as the alter apse are preserved. According to the remains can be concluded that it was three arc building with square base and semi circular apse with only one dome or without any at all. The narthex of the church is separated from the nave. It was built out of tooled stone with horizontal and vertical narrow bricks without perceptible symmetry. There are also remains of stone alter screen and bases of pillars. It is analogous to the church "Holy Trinity" in Chelopek and belongs to the group of Late Byzantium churches from the end of XIV century.

## ECCLESIASTICAL MONUMENTS IN KUMANOVO AREA IN POST BYZANTIUM (OTTOMAN) PERIOD (XV – XVIII CENTURY)

### CHURCH "ST. GEORGE THE VICTORIOUS" IN MLADO NAGORICHINO

It is three - arc basilica with developed, inscribed cross in its base. On the west side there is wide separated whitewashed narthex, which has never been fresco-painted, and on the east side there is three sided apse. The church was built of long stone yellowish blocks. The facades are decorated with single arch and

double arch windows with rich decorative plastic made of stone and bricks, especially the west and south facade are exuberant by the Saracen arch. With shallow relief are made geometrical and animal impressions with oriental Armenian influences. Last interventions ob the architecture are made this year (2009). This church belongs to the group of the most important monuments of the Ottoman period, 15th and 16th century. From the conservation of the fresco painting, undertaken in 2008, it is obvious that the church follows the programme of the sanctuary from Staro Nagorichino: the liturgical scenes in the altar apse, scenes of the life of St. Nicolas in the anaphora, scenes of St. Mother of God in the sacristy, and in the nave scenes of the Great Feasts, the Passion of Christ, and scenes of the life of St. George. It probably dates back to 16th and 17th century. The new fresco painting from 19th century is only disposed in the blind dome and its tambour in the central arc of the nave, with the face of the Christ Almighty and the Divine Liturgy. The church has large and tall representative iconostasis from the year 1872. The icons have been made by the Zografs Veno Kostov from Galichnik, Zafir Vasilev from Debar and Josif Radev from Lazaropole in the year 1868.

### KARPINO MONASTERY - CHURCH “PRESENTATION OF THE HOLY VIRGIN” IN SUV ORAH

Single arc construction without a dome and with lengthen rectangular base which ends up in split triple conch on the east, it is unique by its architectural plan in the Kumanovo region and widely. It was built of large stone blocks combined with smaller amorphous stones, before the year 1592. It was covered with new tile roof sliding from both sides. On the west side there is wooden porch build during the rebirth period. The interior of the church is divided in two parts alongside: nave and narthex vaulted with semi circular vault. The north and the south walls f the narthex are broken into two wide dead end arks and protuberant pilasters between them. The three conches from the outside end up in rectangle apses vertically emphasised, decorated with shallow lunettes. In 16th, 17th, and 18th century the Monastery was one of the most significant literature centres in the region. The church was renewed in 1892. Last interventions on the architecture and the roof constructions were made in 1987. The old frescoes were covered with new ones. Today, only the figure of the Virgin Orans is preserved in the conch on the narthex west wall, southwards from the entrance. Fragments of the previous iconostasis are also preserved: seven holiday icons, gates and cross with fishes in the bottom below the cross, with gilding carve, which today are exhibited in the Icon Gallery in the church St. Nicholas in Kumanovo, as one of the oldest exponents from 1606. The new frescos were made by three Zografs, the brothers Petar and Atanas Nikolovi from Veles and their teacher Stefan from Kochani, in 1899. In the north conch there is painting of the Ascension of the Christ, in the south – the Transfiguration, and in the altar apse half length painting of the Virgin Orans - the Mother of God. On the walls are disposed paintings of the Great Feasts, and on the vault from the west to the east in medallions are painted: the Holy Mother Wider than the Sky, Christ Almighty and Dove (Holy Spirit). The icons of the new iconostasis were made by the Zografs Josif Radev from Lazaropole in 1893 and Trajko Muftinski (1892-1963) from Kumanovo in 1920. Conservation of the old frescos is anticipated for the year 2009.

### DOUBLE CHURCH IN ORAH - ST. GEORGE AND ST. NICHOLAS

It is double arc construction with rectangle base and two three - sided apses on the east side, unique example not only in Kumanovo region but also in R. of Macedonia and maybe widely, on Balkan. The original roof has been preserved on two ducts made of wide stone plates. It was built of stone blocks at the end of 16th century. The facade on the west side is decorated with shallow conches and niches with indentation at the top – Turkish elements. The interior is divided with two wide and short arch aisles, alongside. Both naves are semi - circular vaulted. The north and the south walls, of the whole architectural ensemble, are divided with three blind archivolts and two pilasters (semi-pillars) between them. The last interventions of the architecture and the roof constructions were made in 2007. The fresco painting in the St. Georges part (the North arc) dated from 16th and 17th century, and is much damaged, but on the vault and the north wall is almost completely lost. Scenes of the Passion of the Christ are disposed there, at the end flanked with Seraphiim six -winged creatures (presentation of the Old Testament). In the altar apse is in full length size, the Christ Ubrus (kerchief) and the Annunciation. On the west wall in the first zone are painted Tsar Konstantin and his mother Tsarina Elena, above the entrance scenes of Christ before Pilate, and on the top, the patron of the church, St. George killing the Dragon. On the arch aisles, between the two churches, in the vaults there are five waist- lengths paintings of saints in medallions. The conservation of the fresco paintings is planned for 2009. In the part of St. Nicholas (the South arc) are painted scenes of the Great Feasts, waist-length paintings of martyrs and emperors in a string of medallions, full length paintings of the holy martyrs, the Ascension of Holy Mother and the Transfiguration of Christ above the west entrance, and the patron in one of the blind archivolts at the south wall. In the altar apse is painted waist - length the Virgin Orans, the Ubrus of Christ, God`s Hand and the Christ - a tile or Keramion,

unique such example of painting in Kumanovo region. It was substantially painted in at the end of 16th and the beginning of 17th century and restorated in 1877 by Michael Petrov from Kratovo. On the vault, from west side towards the east side: Christ the Angel of the Great Council, Christ Emmanuel (young), Christ Omnipotent, Christ Almighty, and Christ the Old Man of the Days. On the new iconostasis are preserved the royal gates from the original iconostasis with wattle ornamentation in the shallow engraving from 16th century. The painted figures of Annunciation are newer, roughly painted by Petar Nikolov, who had also painted the icons for the both iconostasis.

## CHURCH “ST. NICHOLAS” IN STREZOVCE

Three arc church with semi circular apse. The predominant central arc is vaulted with semi circular vault and the two lower lateral arcs with four sided vault. It was built of rough stone, covered with tile sliding roof. At the west side there is uncovered narthex wide and twice the size of the church, rebuild later. The primary narthex was covered, which is obvious by the remains of the vault on the west wall of the church. Although a little bit, still is noticeable the stone decoration in shallow relief on the west, south and east facade with Armenian and Turkish influences. The church was built in 1606. The last interventions of the architecture and the fresco painting were made from 1994 to 1999. According to the inscription above the entrance door of the nave, the church was fresco painted in 1606 during the time of patriarch Jovan and the bishop Makarie. In the altar apse there is the Communion of the Apostles and the Holy Mother on the Throne, below there is liturgical service of the archpriests. On the west wall there is the Ascension of the Holy Mother, figures of the Holy Soldiers on the pillars and lights below the vaults and on the walls. Fragments of geometrical ornaments and frieze made of palmettos on the south wall and on the windows. The new fresco painting in the upper parts towards the vault of the central arc was made by Zograf Atanas Nikolov from Veles in 1901, who also worked in Beljakovce. The church has high and wide iconostasis from 1893, whose icons were made by the brothers Petar and Atanas (Nace) Nikolovi from Veles.

## CHURCH “ST. NICHOLAS” (“ST. PETKA”) IN BELJAKOVCE

It is small single arc building with rectangle base and semicircular apse on the east. On the west side recently has been built covered narthex, double the size of the church, today it is half ruined. The church was built of rough stone, with shaped stone blocks, at the beginning 17th century at about 1606. There is a lunette above the entrance on the west side, and double-arched window on the south side. It is covered with double sloped tile roof, and inside is vaulted with semicircular vault. It was plastered at the beginning of 20th century. According to two Old Slavic inscriptions, the church has older fresco painting from 1606 and newer on the vault from 1901, made by the Zograf Atanas Nikolov from Veles. In the altar apse is painted the Virgin Orans in full length with little Christ on her chest, flanked with two archangels at both sides, and above it the Assumption of Christ with Christ`s Ubrus. The archangel Gabriel in the two - piece composition of the Annunciation reminds of Kurbin painting from 12th century. In the nave`s lower zone are painted the holy warriors in their full length, Deisis on the north wall and the Ascension of the Mother of God on the west wall. In the second zone are medallions with prophets from the Old Testament, and the third zone is without fresco painting due to the fallen plaster. There is stone altar screen, and on the upper end rebuild wooden iconostasis with throne icons and those of the five apostles in the second zone. Jesus Christ throne icon was painted in a stone by Atanas Nikolov which is identical with the fresco on the vault.

## CHURCH “ST. PARASKEVE” IN MURGASH

- Крстиќ С., 2012а, Црквата Св. Димитрија во Страцин, Гласник бр. 7, Музеј на град Кратово, Кратово;
- Крстиќ С., 2012б, Соборен храм "Св. Никола во Куманово" Куманово, (каталог);
- Крстиќ С., 2012в, *Црквата Св. Петка во Пезово*, Музејски гласник, бр. 10, Н.У. Музеј - Куманово, Куманово;
- Крстиќ С., 2012г, *Двојна црква во Сув Орах /Св. Ѓорѓи и Св. Никола/*, Зборник на трудови, бр. 16, Н.У Завод - Музеј - Битола, Битола;
- Лакалиска С., 2000, *Христијанските споменици на културата во Скопје и Скопско*, Скопје;
- Лакалиска С., 2002, *Религиозен ликовен мотив "Св. Тројство",* Музејски гласник 7 - 9, Народен музеј - Куманово, Куманово;
- Лапе Љ., 1969, *Почетоци на Преродбата /Уметност/* Историја на македонскиот народ, кн. втора, ИНИ, Скопје;
- Лилчиќ В., 2001, *Moesia Superior, Архитектонска камена пластика во регионите на Куманово и Скопје*, Македонскиот камен за боговите, христијаните и за живот по животот, I том, Скопје;
- Лилчиќ В., 2002, *Дарданија/Куманово*, Македонскиот камен за боговите, христијаните и за живот по животот, II том, Македонска цивилизација, Скопје;
- Личеноска З., 1960, *Македонска црковна резба во XVIII век и XIX век*, ГЕМ 1, Скопје;
- Лапе Љ., 1969, *Нови реформи во Турција и нивната примена во Македонија (29 - 34); Почетоци на Преродбата (35 - 42);* Историја на македонскиот народ (ИНИ), кн. II., Скопје;
- Љубинковић - Ћоровић М. - Љубинковић Р., 1950, *Црква у Доњој Каменици*, Старинар, н.с. књ. I, САН, Београд;
- Марковић М., 2004, *Уметничка делатност Михаила и Евтихија / Садашња знања, спорна питања и правци будућих истраживања*, Зборник Народног музеја - Београд, XVII/2, Београд;
- Масевски - Д. - Арсовски М., 1996, Куманово, Куманово;
- Масевски - Д. - Арсовски М., 2003, Куманово, Куманово
- Масевски Д., 2006, Витражите на Куманово, Куманово;
- Матковски А, 1969, Турската власт во Македонија (XV – XVIII век), Историја на македонскиот народ (ИНИ), кн. прва., Скопје;
- Машниќ, М.М., 2006, *Три иконописни целини од стариот иконостас на манастирската црква Воведение на Богородица - Карпино, кај Орах, Кумановско*, ЗБОРНИК /Средновековна уметност/ 5, Музеј на Македонија, Скопје;
- Машниќ М.М., 2006а, *Црквата Св. Никола во Шопско Рударе*, Културно наследство, 30 - 31, 2004 - 2005, Скопје;
- Машниќ М.М., 2007, *Ѕидното сликарство на црквата Св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричане*, ЗБОРНИК /Средновековна уметност/ 6, Музеј на Македонија, Скопје;
- Машниќ М.М., 2007а, Манастир Ореоец, Скопје;
- Машниќ М.М., 2008, *Св. Ѓорѓи Победоносец во с. Младо Нагоричино, Св. Никола / Св. Ѓорѓи во с. Орах* и *Св. Никола во с. Стрезовце кај Куманово*, Христијански споменици, Македонск културно наследство, Скопје;
- Машниќ М.М., 2009, *Три примероци на царски двери од Кратовско-кумановски крај/ 3. Царските двери од иконостасот на јужниот кораб на Двојната црква Св. Никола/Св. Ѓорѓи во с. Орах, Кумановско*, PATRIMONIUM. MK, 3-4, 5-6 /2008 - 2009/, НКЦ, Скопје;
- Машниќ М.М., 2009а, *Црквата Св. Никола во селото Трново кај Крива Паланка*, PATRIMONIUM. MK, 3-4, 5-6 /2008 - 2009/, НКЦ, Скопје;
- Машниќ М.М., 2010, *Ѕидното сликарство од Карпинскиот манастир Воведение на Богородица*

*и неговите тематско - иконографски особености*, PATRIMONIUM. MK, 7-8, НКЦ, Скопје;
- Машниќ М.М., 2011, *Икони од самоковски зограф на новиот иконостас од Карпинскиот манастир Воведение на Богородица*, PATRIMONIUM. MK, 9/2011, НКЦ, Скопје ;
- Машниќ М.М., 2011а, *Црквата Св. Никола/Св. Ѓорѓи во во с. Орах кај Куманово*, На траговима Војислава Ј. Ђурића, САНУ/Одељење историјских наука. Књига CXXXV, Научни скупови, књ. 33/, и МАНУ/Научни собири/, Београд ;
- Машнић, М.М., 2012, *Зидно сликарство Цркве Св. Ђорђа Победоносца у Младом Нагоричину,* Зборник Матице српске за ликовне уметности, бр. 40, Нови Сад ;
- Микулчиќ И., 1982, Старо Скопје со околните тврдини, Скопје;
- Микулчиќ И., 1999, Антички градови во Македонија, кн. 8, МАНУ - Скопје ;
- Миљковиќ, П. - Пепек, 1967, Делото на зографите Михаило и Евтихиј, Скопје;
- Миљковиќ П. - Пепек, 1979, *За некои градителски и сликарски проблеми на црквата во Курбиново*, Ликовна уметност, бр. 4 - 5 (1978 - 1979), Скопје ;
- Минчева К.. - Ангелов С., 2007, Църкви и манастири от Югозападна България през XV - XVII век, (каталог), София ;
- Мирковиќ М., 1960, *За станицата Lamud ...* , Жива антика, Скопје;
- Митревски Н., 2009, Фрескоживописот во Пелагонија/од средината на XV до крајот на XVII век / МАНУ, Фондација Трифун Костовски, Скопје;
- Михајловски Ј., 1991, Манастир Св. Јоаким Осоговски, Крива Паланка ;
- Михајловски В, 2010, Куманово низ векови, Куманово;
- Несторовски Б. - Несторовска Р., 2002, Нестор Алексиев Мирчевски /Резбар/ Скопје;
- Николиќ - Новаковиќ Ј., 1993, *Илустрација на Акатисот на Богородица во црквата Воведение Богородично (Св. Спас) во Кучевиште*, Културно наследство, 16/1989, Скопје;
- Николовски А., 1984, *Македонските зографи од крајот на XIX век и почетокот на XX век, Андонов, Зографски и Ванѓеловиќ,* Скопје;
- Николовски А., - Ќорнаков Д., - Балабанов д-р К., 1971, *Споменици на културата во СР Македонија*, Скопје;
- Николовски З., 1994, *Споменици на митраизмот во Кумановско*, Музејски гласник бр. 1, Народен музеј - Куманово, Куманово ;
- Николовски З., 1989, *Црквата "Св. Никола" во Куманово,* Беседа, бр. 45 - 46, Куманово;
- Николовски З., 1997, Водич низ лапидаримут (каталог), Народен музеј - Куманово, Куманово ;
- Николовски З., 1999, *Statio Lamud ..... Дрезга, некропола од римскиот период*, (каталог), Народен музеј Куманово, Куманово;
- Николовски м-р З., 2002, *Прилог за убикација на станицата Визиана кај с. Клечовце*, Музејски гласник 7 - 9, Народен музеј - Куманово, Куманово;
- Николовски м-р З., 2003, *Црквата "Св. Троица" во Куманово*, Корени, 6, Куманово;
- Николовски З., 2008, *Кратово и Кратовско во светлината на археолошките истражувања*, Гласник бр. 4/2007, Музеј на град Кратово, Кратово;
- Николовски З., 2008а, Црквиште - Рамниште, с. Клечовце, Кумановско, MACEDONIAE ACTA ARCHAEOLOGICA, бр. 18, Скопје ;
- Окуњев Л.Н., 1929, *Црква Св. Ђорђа у Старом Нагоричину*, Гласник скопског научног друштва (ГСНД) V, Скопље;
- Окуњев Л.Н., 1930, *Црква Св. Богородица - Матеич,* Грађа за историју српске уметности, 2, ГСНД, VII - VIII, Скопље;
- Острогорски Г., 1969, Историја Византије, Београд;
- Панов д-р Б., 1969, *Населување на Словените на Балканскиот полуостров*, Историја на македонскиот народ, кн. прва, ИНИ, Скопје;
- Панов М., 1998, Енциклопедија на селата во Република Македонија, Тетово;
- Петковић, В. - Поповић П., 1933, Старо Нагоричино - Псача - Калеnић, Београд;
- Петковић, В., 1950, *Преглед црковних споменика кроз повесницу српскога народа*, Београд;
- Петковић С., 1965, Зидно сликарство на подручју Пећке патријаршије 1557 - 1614, МС, Нови Сад;
- Петров К., 1954, *Прилог кон средновековната археолошка карта*, GLASNIK, изданија на музејско-конзерваторско друштво на НР Македонија, Скопје;

- Петров д-р К., 1963, *Декоративна пластика на споменициите од XIV век во Македонија*, Годишен зборник на Филозофски факултет во Скопје, кн. 15, Скопје;
- Петрова Е., 1990, *Дрезга - Куманово во светлината на новите проучувања на северно-македонскиот простор*, МАА 11, Скопје;
- Петрушевска Д., 1969, *Македонија под римско владеење*, Историја на македонскиот народ, кн. прва, ИНИ, Скопје;
- Пецов м-р И., 2009, *Зографската дејност од времето на Јован Митрополит до крајот на XX век - Згаснатата традиција и нејзиното продолжение*, Музејски гласник, бр. 10, Н.У.Музеј - Куманово, Куманово;
- Поп Антов Ѓ., - Велев И., - Јакимовска Тошиќ М., 1997, Скрипторски центри во средновековна Македонија, Скопје;
- Поповска - Коробар В., - Зисовска Ј., 2000, Икони од Кумановско во црквата Св. Никола во Куманово, Куманово (каталог);
- Поповска - Коробар В., 2007, *Сведоштвата за Христовата двојна природа од живописот од нарексот во Св. Богородица Слимничка*, ЗБОРНИК /Средновековна уметност/ 6, Музеј на Македонија, Скопје;
- Пурковић М., 1940, *Попис села у Средњевековној Србији*, Годишњак Филозофског факултета, књ. VI, Скопље ;
- Радовановић В., 1928, *Нагоричино (Старо и Младо),* Народна енциклопедија СХС, књ. 3, Загреб;
- Радојчић С., 1996, Портрети српских владара у средњем веку, Београд;
- Расолкоска - Николовска З., 1995, *Ктиторскиот портрет во ѕидното сликарство во Македонија*, Цивилизации на почвата на Македонија, кн. 2, МАНУ, Скопје;
- Расолкоска - Николовска З., 1980, *Иконостас Карпинског манастира*, Зборник за ликовне уметности, 16, МС, Нови Сад;
- Расолкоска - Николовска З., 2003, *Творештвото на сликарот Онуфриј Аргитис во Македонија*, Зборник за средновековна уметност, бр. 3, Музеј на Македонија, Скопје;
- Серафимова А., 1999, *Прилог кон проучувањата на една сликарска работилница од 30-тите на XVII век*, Културно наследство, 24 -25/1997-98, Скопје;
- Серафимова, А., 2004, *Семиотичка анализа и поствизантиски паралели на Страшниот суд во кучевишките Свети Арханѓели*, Културно наследство, 28 - 29 / 2002 - 2003, Скопје;
- Серафимова А., 2005, Кучевишки манастир Св. Архангели, Скопје ;
- Сньгаров И., 1932, Историь на Охридската архиепископия - патриjаршия, София ;
- Спасовски С., 1970, Летопис на црквата Св. Троица во Куманово 1850 - 1970, Куманово (во ракопис) ;
- Споменица српског православног храма Свете Богородице у Скопљу, 1835 - 1935, 1935, Скопље ;
- Станић Р., 1982, Црква Св. Петке у Трнави код Рашке, Сооппштења XIV, Републички завод за заштиту споменика културе СР. Србије, Београд ;
- Stankovska M, 2004, *Les nouvelles inscriptions provenant de la Mesie Superieure*, Жива Антика /Antiquite Vivante/, Année 54, 1 - 2 год., Skopje - Скопје ;
- Стојановски д-р А., 1969, *Турска власт во Македонија, XV – XVIII век*, Историја на македонскиот народ, кн. Прва (ИНИ), Скопје;
- Суботиќ Г., 1980, *Охридска сликарска школа од XV век*, Охрид;
- Таневски Б, 1988, *Црква Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричане,* Беседа бр. 43 - 44, Куманово;
- Таневски Б, 1989, *Престолен крст од црквата Св. Никола во Куманово*, Беседа, бр. 45 - 46, Куманово;
- Todic B., 1994, Anapeson Iconographie et signification du theme Bizantion, XLIV, Bruxelle ;
- Тодић Б., 1993, Старо Нагоричино, Београд;
- Томовски Т., 1969, *Византиска власт во Македонија*, Историја на македонскиот народ, кн. прва, ИНИ, Скопје;
- Томовски К., 2006, *Творечкиот опус на прото - мајсторот Андреја Дамјанов (1813 - 1878)*, Архитектура на почвата на Македонија, кн. 14, МАНУ, Скопје;
- Тодоровски Ж., 2007, *Соборен храм Свети Никола - Куманово*, Куманово;

- Трайчевъ Г., 1933, Манастирите вь Македония, София;
- Трифуновски д-р Ј., 1964, *Села у доњем сливу Пчиње,* Сеоска насеља Скопске кот-лине/, пети део, Скопје;
- Трифуновски д-р Ј., 1974, *Кумановска облаСт*, Куманово;
- Тричковска Ј., 2007, *КуПолниоТ живоПис од XIX век во манасТироТ Трескавец,* ЗБОРНИК /Средновековна уметност/ 6, Музеј на Македонија, Скопје;
- Тричковска Ј., 2008, *Св. Никола - Куманово*, Христијански споменици, Македонско културно наследство, Скопје, 82 - 85;
- Турски документи за историјата на македонскиот народ, 1980, Опширни пописни дефтери од XVI век за Ќустендилскиот санџак, том V, кн. II, Архив на Македонија - Скопје, Скопје;
- Ќорнаков Д., 1986, Творештвото на мијачките резбари на Балканот од крајот на XVIII - XIX век, Прилеп;
- Ќорнаков Д., 2009, Македонски манастири, Скопје;
- Ќорнаков Д., 2009а, Македонска резба, Скопје;
- Урошевић А., 1949, Куманово, Београд;
- Филипова С., 1996, Архитектонска декоративна скулптура во Македонија, 5 - 6 и 11 - 12 век, Скопје - Мелбурн;
- Филипова С., 2001, *КулТоТ на св. Ѓорѓи и ПолиТичкаТа ситуација во РеПублика Македонија во средниоТ век*, Македонско наследство, бр. 16, Скопје;
- Филипова С., 2006, Рановизантиските капители во Република Македонија, Скопје;
- Хаџи - Васиљевић д-р Ј., 1896, *МанасТир Забел у Кумановском округу, По Кумановској и СкоП-љанској околини,* Часопис Братство XIII, Београд;
- Хаџи - Васиљевић д-р Ј., 1894, Остаци старих српских цркава у Кумановској Кривој Реци, Годишњица Николе Чупића, XIV, Београд;
- Хаџи - Васиљевић д-р Ј., 1901, Нагоричке цркве, Гласник Православне цркве, Београд;
- Хаџи - Васиљевић, д-р Ј., 1909, *Кумановска облаСт,* Јужна стара Србија, књ. прва, Београд;
- Хаџиева - Алексиевска Ј. - Касапова, Е., 2001, Архитект Андреја Дамјанов, Скопје;
- Цветковски С., 1996, *За кТиТорскаТа комПозиција во МаТејче*, Годишен зборник на Ф.Ф. на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", Скопје;
- Цветковски, С., 2006, *ЦркваТа Св. Ѓорѓија во МаТејче*, Зборник за средновековна уметност 5, Музеј на Македонија, Скопје;
- Цветковски С., 2007, *ИкониТе на Дичо зограф во црквата Св. Ѓорѓи во с. Белица, Кичевско*, ЗБОРНИК /Средновековна уметност/, 6, Музеј на Македонија, Скопје,
- Цветковски С., 2008, *ПорТреТи визанТијских и срПских владара у манасТиру Трескавцу*, ZOGRAF, L.A., 31, 2006 - 2007, Београд;
- Цветковски С., 2008 а, *ИконоПисоТ на зографиТе Јосиф и Јаков Радеви во СТрушко од вТораТа Половина на XIX век*, Културно наследство 34, Скопје;
- Цветковски С., 2010, Живописот на Дичо зограф и Аврам Дичов, Струга;
- Cultural Heritage in South - East Europe, 2004, KUMANOVO REGION, 1. Village od Mlado Nagoricino, Church of St. Gjorgji the Victorious, 2. Village of Orah, Church of St. Gjorgi and St. Nikola, 3. Village of Staro Nagoricino, Church of St. Gjorgi, MACEDONIA (Former Yugoslav Republic of), Series - N° 4, UNESCO, Paris - Venice;
- Chevalier J., - Gheerbrant A., 1989, Rječnik simbola, Zagreb ;
- Чокревска - Филип Ј., 2009, Пробивот на темата *Праведно и грешно исПоведање* во сликарството во Македонија, PATRIMONIUM. MK, 3-4, 5-6 /2008 - 2009/, НКЦ, Скопје;
- Чокревска - Филип Ј., 2009а, *ЗографиТе Радеви Мажовски од ЛазароПоле,* МАНУ, Прилози, одделенија за општествени науки, XI.1, Скопје ;
- Чокревска - Филип Ј., 2009б, *ЗографиТе Радеви Мажовски од ЛазароПоле /СТилско - ликовни и иконографски одлики/* МАНУ, Прилози, одделенија за општествени науки, XI. 2, Скопје ;
- Čokrevska – Filip J., 2011, The emerge of the iconographic theme just and wrongful confession in Macedonian painting, На траговима Војислава Ј. Ђурића, САНУ/Одељење историјских наука. Књига CXXXV, Научни скупови, књ. 33/, и МАНУ/Научни собири/, Београд ;
- Шупут, М., 1984, Српска архитектура у доба турске власти 1459 - 1690, САНУ, Београд;

## X. ТОЛКОВЕН РЕЧНИК

**абакус -** горен дел на класичен капител, четвртеста плоча која го покрива капителот на столбот, кој ги поврзува архитектонските елементи со архитрав или со лаците на столбовите на кои се потпира.

**Агнец Божји** или **Мелисмос** (грч.) **-** Христос - јагне Божјо, византиските зографи го сликале во литургиска практика како јагне, леб или дете на светиот жртвеник, кој означува Христос жртва, на кого му се поклонуваат архиереите.

**ажур** - шупликава техника во резба од дрво или метал.

**акантус -** декоративен елемент на коринтскиот капител, со големи бодликави и свиткани лисја, медитеранско растение.

**акатист -** пофална песна во чест на Богородица и Христос, и светителите, која се пее стоејќи.

**акротерија** - горен дел, врв од зграда, растение или животно како украс на слемето - најголемата греда во средината на покривот, на некоја градба.

**амвон -** повисоко место - проповедалница во старохристијанските цркви каде се држеле проповеди и се читале делови од литургиски текстови.

**антропоморфен -** претстава на лик на човек во сликарството и скулптурата.

**апостол -** еден од првите ученици на Христос (ги имало 12); богослужбена книга во православната црква што ги содржи посланијата и делата на апостолите; гласник, проповедник, пионер; ревносен застапник на некоја идеја.

**апсида -** полукружна (калотеста) или полигонална структура издадена на источната фасада на црквата, во олтарот.

**арабеска -** муслиманска декоративна шара составена од извиени линии, вкрстени или испреплетени со стилизирани лисја или цветови.

**арка -** лак.

**аркада -** систем од лакови поврзани со столбови.

**архиволта -** широко лачно поле, лак.

**архиѓакон -** прв меѓу ѓаконите кој му служи на архиепископот.

**архиереј -** највисок свештенички чин.

**архимандрит** - старешина на манастир, највисок свештено - монашки чин до владиката во православната црква.

**архистратиг** - војсководец на небеската војска.

**архитрав** или **епистил -** хоризонтална камена греда (архитектонски елемент) кој почива на два столбци или пиластри во античките градби. Долен дел на ентаблатурата која лежи на абакусот.

**база -** подлога, подножје, темел, битен архитектонски елемент.

**балдахин -** покривач “небо” на четири столба над олтарот, престолот или креветот.

**барељеф** - плитка резба.

**барок -** стил, епоха во историјата на уметноста од крајот на XVI, XVII век и првата половина на XVIII век, со претеран декоративен раскош; средишниот простор на христијанските сакрални градби нагласен со купола, со контраст на светло и темно, со декоративно поставени архитектонски елементи, низи од столбови, ѕидовите украсени со скулптури, штуко - декорација во кривулести и немирни форми, со илузионистички сликани призори кои тежнеат кон бесконечен простор. Потекнува од португалскиот збор barruco - неправилен бисер.

**бифора -** двоен прозорец прерграден со столбче (колонета) во средината на монументалните градби (романика и готика).

**валија -** царски намесник, турски воено - административен старешина на една област.

**волута -** спирално свиен пластичен дел карактеристичен за јонскиот капител, кој особено често се служел во барокот.

**грифон -** фантастично митолошко, крилесто животно со тело на лав или змија и глава на орел, кој се прикажувал во антиката и подоцна во ренесансата.

**двери -** дводелни врата на средината на иконостасот, за влез во олтарскиот простор на христијанските цркви.
**деисис -** моление, иконографско посредување на св. Богородица и св. Јован Крстител, пред Исус Христос, во име на верниците, како дел од сцената на Страшниот суд.
**декорација -** севкупно сликарство, скулптура и архитектонски елементи, кои ги разубавуваат и ги красат градбите.
**декоративна пластика -** вајарска работа која служи за украс на отворени и затворени простории; заеднички назив за скулпторски дела од декоративен (украсен) карактер.
**демон -** натприродно суштество, сотона, ѓавол, зол дух, зла коб, бунтовник, непријател.
**дракон -** митолошко крилесто змиско животно, змеј, ала, ламја.
**ѓаконикон** или **сакристија -** јужна просторија во олтарот на христијанските цркви за чување на црковен инвентар и свештенички одежди при вршење на богослужбата.
**евангелие -** опис на животот, работата и страдањето на Исус Христос; Нов завет или објавување на спасението; радосна вест, добар глас во христијанското учење кој го прикажува Христос како Месија, спасител на човечкиот род.
**евангелист -** опишувач на животот, работата и страдањето на Христос, четири еван-гелисти: Марко, Матеј, Лука и Јован, канонски евангелисти кои црквата ги признава како автентични и верни, за разлика од апокрифните, оние кои црквата не ги признава како автентични.
**евхаристија -** причест со леб и вино, во христијанската религија Христос ги причестува апостолите со леб и вино.
**ексонартекс -** надворешно предворје пред влезот во базиликата (храмот).
**ентериер -** внатрешност на зградата, куќата, собите, воопшто слика што ја прикажува внатрешноста.
**епископ -** архиереј, раководител на одреден црковно - административен центар.
**епистил -** хоризонтална греда помеѓу престолните и празничните икони на иконостасот, или помеѓу лаковите во сакралните градби.
**епитрахил -** тесна и долга ткаенина украсена со крстови што се носи околу вратот и се спушта на градите под главната горна одежда (стихара) на архиереите во православната црква.
**епитроп -** доверител, намесник, надзорник, управник на имот.
**еромонах -** монах кој може да врши и богослужба.
**есхатолошки -** посмртен, задгробен живот.
**ехинус** - во архитектурата рамен прстенест украсен елемент (перниче) помеѓу столбот - абакусот на дорскиот или јонскиот капител.
**живопис** (фреско - сликарство) **-** техника на ѕидно сликарство со боја која брзо се нанесува на свеж малтер, растворена во вода.
**забат** или **тимпанон -** триаголен дел во грчкото градителство, а може да биде и полукружен дел, обично под покривната конструкција.
**ѕидно сликарство -** види живопис.
**зооморфен -** претстава на лик на животно во сликарството и скулптурата.
**икона -** почитувана реликвија на светите ликови во христијанските цркви.
**иконографија -** наука која ги анализира и проучува постапките и ликовите насликани на иконите, религиозни сцени од Стариот и Новиот завет.
**иконостас -** преграда помеѓу олтарскиот простор и просторот за верници (наосот). Во раниот среден век се граделе камени прегради а подоцна дрвени и високи иконотаси со три до четири реда хоризонтални икони.
**икос -** тема, песна.
**импост** - дел помеѓу столбот и сводот.
**инкарнација -** појава на божество во човечки облик; овоплотување, олицетворение.
**инкрустација -** украсување на градежни површини со вметнување на делови од материјал со различна боја и текстура.
**интарзија -** создавање на цртеж или шара со вметнување на парче од дрво во разни бои и квалитет, може да биде и со метал, седеф или слонова коска вметнато во дрвена подлога.

**интерколумнија** - растојание помеѓу две столбчиња (на иконостасите и др.).
**ирмологион -** богослужбена книга во која се собрани ирмосите, збирка ирмоси; познавање и пеење на црковните песни - ирмоси.
**истилијами -** (плебисцит) изјаснување на народот за припадност на егзархиската или патријаршиската црковна управа (за време на црковното двовластие), од крај на XIX век.
**кадилак -** област, делокруг на кадија (судија).
**кајмакам** - окружен началник (за време на турската власт).
**калота -** дел од сферна површина, четвртина или половина, обично во олтарската апсида или сводна конструкција на куполата.
**капител -** горен дел на столбот, непосреден носител на архитравот, односно лакот.
**касаба -** (турски збор) гратче, паланка.
**катапетазма** (Христос Животодавец) **-** Христос прикажан до појас во путир, облечен во хитон и химатион, кој со двете раце благословува.
**католикон -** главна манастирска црква.
**квадрифора -** прозорец составен од четири отвори поделен со три колонети на монументалните градби.
**кирјакодромион -** недела, богослужбен запис, ракопис.
**кима -** орнамент во вид на јајцест јазик употребуван во античката архитектура на камените греди и јонските капители.
**колонада -** низа од столбови поврзана со архитрав или лакови, најчесто во форма на отворен трем.
**колонета -** мало преградно столбче кое се употребува на прозорците на фасадите и ги дели на два, три или четири дела (бифори, трифори итн.)
**конзола -** во архитектурата од ѕидот издадена пократка камена греда и служи како носач на столбот, лакот, корнизот, скулптурата и сл.
**кондак -** кратка песна во чест на некој светец во православната црква.
**контрафора -** ѕидана структура (потпорен ѕидан столб), која ја зацврстува градбата распоредувајќи ја тежината на сводот однадвор.
**конха -** архитектонска форма на полукружен лист.
**кораб** или **брод -** старохристијански симбол за црква, наос, просторот за верници од главниот влез до олтарот, одвоен со столбови од страничните кораби.
**космитис -** камена греда (архитрав) на олтарската преграда над иконите, која лежи врз пиластрите на постарите цркви или под Големиот крст на поновите високи иконостаси.
**криптограм -** тајно писмо, иницијалите на Исус Христос и знакот на победата (ника), напишани помеѓу краците на крстот на довратниците во христијанските цркви.
**ктитор -** дарител, нарачател.
**купола** или **кубе -** во архитектурата кај монументалните градби издигнат покрив т.н. тамбур со кружен или полигонален облик кој во горниот дел завршува со сферна форма, а на врвот со мала кула т.н. лантерна.
**лабарум** - рипида на долг стап, што ја носат шестокрилните серафими.
**лак -** еден од главните конструктивни, а воедно и украсни елементи во градителството кој поврзува два столба и го носи таванот, сводот, катот итн.
**лезена -** плитко ѕидан издаден дел во форма на пиластер што ги расчленува и оживува ѕидните површини.
**лорос -** архиерејски жезол.
**лунета -** полукружна плитка ниша со камена рамка, обично над вратата и на ѕидовите.
**мандилион** - света риза (крпа), со Христов неракотворен лик (Христов убрус).
**мандорла -** ореол во форма на бадем кој ја опкружува целата фигура на Христос или Богородица.
**маниакион** - торквес, метален околувратник.
**мафорион** - долга наметка поткитена со реси, што ја носат светителките, покриени од главата надолу.

**меандер -** антички орнамент кој се состои од аглести и кружи линии кои правоаголно се прекршуваат или свиткуваат непрекинато повторувајќи го истиот мотив. Називот потекнува од кривулестата река Меандар во Фригија (Мала Азија).
**мено** - прозорско стебло кај двојните и тројните прозорци.
**медаљон -** кружна или овална слика, со скапоцена и уметнички изработена рамка.
**менолог -** календарски сцени со претстави на маченичка смрт или друг вид комеморација на многу светители славени во одреден ден или месец од годината.
**мимбер -** скала од десна страна на влезот во џамијата, инспирирана од христијанските амвони.
**минаре -** висока кула покрај исламската џамија од каде муезинот ги повикува верниците на молитва.
**минеј -** месечник, во православните цркви книга која се употребува за богослужба и содржи сé што се пее за празниците распоредени по месеци.
**митар -** цариник.
**митра** - владичка круна.
**митреум** - светилиште посветено на персискиот бог на сонцето, Митра.
**михраб -** вдлабната ниша со богата геометриска декорација во исламските џамии која ја означува Кибла секогаш поставена во правец на светиот град Мека кон која муслиманите се свртуваат при молитвата (олтарник во христијанските цркви).
**монофора -** тесен вертикален прозорец со полукружен лак на врвот, кој се сретнува на монументалните (романички, готички и византиски) градби.
**мозаик -** слика или друг украс на ѕид или на под, изработени од разнобојни стаклени, мермерни, пластични, камени и друг вид парчиња.
**наос -** храм, кораб; главен и средишен простор на црквата во кој стојат верниците и се читаат светите книги.
**нартекс** или **припрата -** внатрешно предворје на влезот во базиликата.
**нафора -** парче осветен леб што им се дава на верниците по богослужбата во православните цркви, а го претставува телото на Христос.
**нахија -** околија, округ, во турската административна поделба.
**нимбус**, **ореол**, **аура, глорија** или **глориола -** светол круг околу главата на светителскиот лик, знак на светост.
**Одигитрија -** тип на допојасна Богородица со малиот Христос седнат во скут, икона која обично стои во првиот ред од престолните икони на иконостасот, северно од царските двери, во христијанските православни цркви.
**октоих -** осмогласник, богослужбена книга наменета за пеачите, што содржи променливи делови од богослужението во седмичните денови, содржи 8 гласа, напеви поделени во 2 книги по 4 гласа, првогласник и петогласник.
**окулус(а) -** кружен отвор, обично на челните фасади на монументалните (романички, готички и византиски) градби.
**олтар** или **ара -** простор во црквата каде што се врши главниот дел од богослужбата (во православните цркви одвоен со иконостас), кој секогаш се наоѓа на источната страна, а кај паганските, служел за принесување на жртви.
**олтарска преграда** или **иконостас -** тенка дрвена или ѕидана преграда која во Средниот век во црквите го одделувала свештенството од верниците.
**омофор -** дел од архиерејската одежда, долга и поширока трака што се носи преку рамото и без неа не може да се врши литургиска служба во православните цркви.
**Оранта** - молителка; лик на Богородица со кренати раце за молитва, често на градите го носи младиот Христос во кружен медаљон, а обично се слика во калотата на олтарската апсида или на сводните површини, во христијанските православни цркви.
**орнамент -** цртан, сликан или пластичен украс во кој одредениот мотив се повторува, односно варира.
**паганизам -** незнабоштво, многубоштво (грчко - римски антички божества).
**палмета -** орнамент во вид на стилизирани палмини лисја во пластични и сликани форми.

**панагија -** мала икона на Христос или Богородица што архиерејот ја носи на градите заедно со крстот.
**пандан -** уметнички предмет што се става заради симетрија покрај друг сличен уметнички предмет; фигуративно, она што е слично, еднакво.
**пандантифи -** сферни триаголници под конструкцијата на тамбурот на куполата.
**Пантократор** - еден од основните типови на изобразување на Исус Христос, кој со едната рака благословува а во другата држи евангелие, словенски - Вседржител.
**парабола -** поучна приказна со преносно значење, на пример Христовата приказна за сејачот и семето, за блудниот син итн.
**параклис -** мала капела, црквичка; покриен трем во црквата обично од јужната страна; припрата.
**парапет -** полна ограда од дрвени или камени четвртести плочи, преграда, заслон.
**патена -** свет жртвеник, чесна трпеза во олтарот на која лежи Христос - жртва како дете.
**патрон -** во средниот век основач на црква или задолжбина; господар газда, бранител на домот; светец како заштитник на домот или семејството.
**пиластер -** полустолб, вертикален архитектонски елемент кој се потпира на ѕидот, има декоративна улога и служи за оживување на фасадите.
**пластика** - скулптура, извајан лик во уметноста; ликовна уметност која се изразува со обликување на волуменот (полн или делумно) поврзана за површината (рељеф) изработена во разни материјали (камен, керамика, гипс итн.) и разни техники.
**плетер -** орнамент во форма на плетенка.
**поменик -** зборник на имиња на владетели, црковни великодостојници, монаси и световни личности, покојни и живи, кои се споменуваат при богослужбата.
**попрсје -** глава на човек, биста.
**портал -** монументален влез на градби врамен со сложени рељефи или архитектонски обработен.
**Портарица** - икона со допојасие на Богородица и малиот Христос, која се наоѓа на иконостасот покрај светата порта (дверите), во христијанските православни цркви.
**празнична икона -** икона со претстава на одреден настан или личност од црковната истоија, поставена во горните зони на иконостасот или одделно на сталак заради целивање при празнување.
**престолна икона** - икона поставена во прв ред на иконостасот.
**проскомидија** или **протезис -** северна просторија во олтарот на христијанските цркви за служење нафора, осветување на дарови во храна (леб и вино) за причестување.
**псалм -** секоја од вкупно 150 проучени песни што му се препишуваат на староеврејскиот цар Давид; религиозна песна во која се слави Бог, химна;
**псалтир -** богослужбена книга од која се читаат и пеат псалми во православната црква**.**
**путир** - сад, чаша за пиење, во црквите сребрена или златна чаша на висока нога со кружно дно, служи за причестување на верниците со вино.
**рипида -** дел од црковните предмети во православната црква, метална или дрвена плоча најчесто со кружна форма и долга мотка, на која е насликан лик на ангел со крила, ладала кои ги нишаат ѓаконите над путирот против мушички во сцената со Агнец Божји.
**розета -** голем кружен прозор со зракесто распоредени сегменти со примарна деко-ративна улога на фасадите на црквата. Обично се наоѓа над порталот, понекогаш на краевите на трансептот, типични за романичките и готичките градби.
**рококо -** стил на европската уметност (Франција) во XVIII век, кој се развил од барокот, за време на Филип Орлеански и Луј XV, со богато свиткани форми и претерани украси на градбите или мебелот, а потекнува од фр. збор rocaille - школка.
**ротонда -** градба со кружна основа, кружна црква.
**сакос -** горна облека што ја носи епископ, вид везена туника.
**сакристија -** види ѓаконикон.
**санџак -** покраина, област што Турците им ја давале на своите војсководци на управување, управа над помала област.

**свиток** или **ротулус -** свиткана хартија со текст, насликани текстови со старословенско или старогрчко писмо кои ги држат в раце светителите во христијанските цркви.
**свод -** сферна покривна површина, закосена таваница.
**серафим -** старозаветна претстава на шесткрилно сушество со човечка глава.
**сигнатура -** потпис со сопствена рака, знак, обележје.
**сијание -** божествена светлина, зракест ореол.
**синагога -** еврејска базилика.
**синаксар -** православна црковна книга која содржи кратки биографии на светители наредени по календарски датуми.
**скиптар** или **жезло** - стап на царевите или боговите, богато декориран на горниот крај, симбол на заштита.
**сотерологија -** христијанско учење за спасение на луѓето од гревот; учење за Христос како спасител и искупител на човештвото.
**сотона -** види демон.
**сполија** - фрагменти од порано употребен материјал или обработен камен во нова градба.
**стихара -** дел од облеката на свештениците во православната црква, долго и широко здолниште слично на долга кошула, главна горна архиерејска одежда.
**тамбур -** ѕид со кружна или повеќестрана форма што ја носи куполата.
**тетраморфон -** старозаветна претства на четирите евангелисти во вид на шестокрилно суштество со ореол околу главата на ангел (Марко), со две нозе, кое во двете раце држи евангелие на градите. Меѓу двете крилја над главата се слика орел (Јован), кај десното крило на плеќите - лав (Марко), а кај левото до плеќите, вол (Лука).
**тимпанон -** види забат.
**типик -** црковен устав во православните цркви; како треба да се врши богослужба преку годината; правилник за животот на монасите во манастирите.
**торквез - (**маниакион), метален околувратник на светите воини, огрлица.
**транзена -** архитектонски продупчен елемент од камена плоча, кој се користи како заштита на прозорските отвори или на порталите и има декоративна улога, мрежа, решетка.
**трансепт -** попречен кораб кој го сече главниот кораб кај христијанските градби.
**травеј -** дел од внатрешниот простор во црковните градби подолжно одреден со аркади во ѕидот, а попречно со лаци од сводот.
**трибилон -** преграден ѕид во христијанските градби, кој на средината е отворен за премин со висока тројна аркада поврзана со два столба, арките поврзани со дрвен епистил, обично помеѓу нартексот и наосот (пр. во ексонартексот на Св. Софија и нартексот на манастир Матејче од XIV век).
**триконхос -** тип на црква чија основа има облик на три конхи.
**трифора -** троен прозорец поделен со две колонети, на монументалните градби (романика, готика).
**трифориум -** свод од три страни на градбата кој лежи врз колонада од аркади.
**тромпи -** полукружен испад на венец под кружната основа на сводот (куполата) која преминува во квадрат, опфатен помеѓу пандантифите.
**убрус -** риза (крпа) со неракотворен образ (лик) на Христос, или Мандилион.
**фарисеј -** член на религиозна политичка странка кај Евреите од II век п.н.е. кој проповедал строго исповедување на Мојсиевиот закон каде имало многу притворувања, лицемер, човек кој се пре-права, "одвоен".
**фасада -** предна надворешна страна на градбата.
**ферман** - писмена наредба од султанот, царска дозвола, заповед, указ.
**филигран** - фина изработка од златна или сребрена жица, мрежест вез.
**фреска -** голема слика работена со водени бои на свеж малтер.
**фреско - сликарство** (живопис) **-** техника на ѕидно сликарство со боја која брзо се нанесува на свеж малтер, растворена во вода.

**фриз -** хоризонтален појас, кој во грчките храмови се наоѓал помеѓу архитравните греди и забатот, украсен со рељеф или насликан.
**фунералии** - погребен спровод.
**хатишериф -** султанов указ од 1939 година со кој им се дадени права на христијаните во Турската империја.
**херувим -** старозаветна претстава на двокрилно суштество со глава на дете.
**хетимасија -** сцена со св. Дух (гулаб) во светлосен круг што го држат серафими и ангели на Приуготовен престол.
**хитон -** кратка бела, безракавна ленена или волнена облека кај старите Грци.
**хламида** - плашт, наметка.
**Христос Ветхи Денми** - претстава на стар Христос со бела брада, коса и мустаќи, Христос старец на деновите, Бог - татко.
**Христос Емануил -** допојасна претстава на млад Христос, често со крилја, кој обично се слика на сводните површини во христијанските православни цркви, Бог - син.
**Христос Ќерамида** или **Керамион -** втиснат лик на Христос на тула или ќерамида без да биде нацртан со рака.
**целивание** - црковен инвентар во православните цркви изработен од ореово дрво, во вид на правоаголно подножје вертикално нагласен, на кое се наоѓа празничната икона на црквата, која ја бакнуваат верниците, со наклон (балдахин) на горниот крај, обично изработен во резба.
**чесна трпеза -** во олтарот симболизира трпеза на која се одржала Тајна вечера, потоа Христов гроб и престол на кој Христос ќе седне како Страшен судуја за време на неговото Второ доаѓање па така црквата се претвора во судска дворана - трибунал, каде можеле да влезат само свештениците.
**чифлик** - полски имот кој го обработува феудалниот господар или чифчиите.
**чифчии** - земјоделци.
**џамија -** градби во кои, муслиманите ги извршуваат своите верски обреди. Во почетокот на исламот имале градителска намена, тука се одвивале политички рас-прави, судење, собири, преговори, а понекогаш служеле и како збегови.
**шерефе -** мал кружен балкон на минарето, од каде оџата ги повикува на молитва исламските верници.
**Ширшаја Небеса** - лик на Богородица со двете раце кренати високо нагоре, која вообичаено се слика во олтарската апсида; Богородица Поширока од Небото.
**штуко -** смеса од гипс, здробен мермер и варовник, која во течна состојба лесно се обликува и бргу зацврстува. Се применува при изработка на пластични украси и рељефи (на столбови, таваници и др.), во ренесанса, барок и рококо.



**Славица КРСТИЌ** - Родена на 24 ноември 1958 година. Во родното Куманово завршува основно и средно образование (гимназија). На 9 мај 1983 година, дипломира на Филозофскиот факултет при универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје, група: Историја на уметност со археологија. Од 1 април 1985 година, полни 27 години работи во Националната установа МУЗЕЈ во Куманово, каде се наоѓа и ден денес. Од февруари 2008 година се стекнува со највисокото музејско звање, советник документатор. Совесно ги извршува своите работни задачи од областа на целокупната музејска докуменација, а од 2004 година паралелно со музејската документација, се занимава со теренски истражувања од областа на историјата на уметноста, поточно со средновековните христијански и исламски сакрални споменици на културата во кумановскиот регион.

Плод на теренските истражувања се четирите изложби на тема:
1. *Христијански сакрални градби во кумановскиот регион,* од XI до почеток на XXI век (ноември, 2007); 2. *Архитектонска декоративна пластика на христијанските и исламските сакрални градби во Кумановско од IV до крајот на XIX век* ( декември 2009 - февруари 2010); 3. *Исламска сакрална архитектура од Османлиски период во Кумановско* (24 ноември - 23 декември 2010); и 4. Средновековни фрески во Кумановско од XVI – XVII век (9 декември 2011 - 26 март 2012). За сите нив има отпечатен каталог со колор фотографии.

Добитник и лауреат е на престижната награда на Македонскиот национален совет на музејските работници - ICOM (18 Мај - Меѓународен ден на музеите) за најдобар музејски проект на годината во Р.М. (2009) на тема: "*Архитектонска декоративна пластика на христијанските и исламските сакрални градби во Кумановско од IV до крајот на XIX век",* доделена во 2010 год.

Од областа на издавачката дејност има објавено неколку куси извештаи:
- 1994, *Историското богатство во музејот од периодот на Национално-револуционерното движење*, Музејски гласник, бр. 1, Народен музеј - Куманово, Куманово;
- 1998, *Низ античката збирка*, Музејски гласник бр. 2 - 4, Народен музеј - Куманово, Куманово;
- 1999, *Регистар на археолошкиот музејски материјал*, Музејски гласник, бр. 5 - 6, Народен музеј - Куманово, Куманово;
- 2003, *Гробјанска црква Св. Параскева во Мургаш, Кумановско*, Музејски гласник, бр. 7 - 9, Народен музеј - Куманово, Куманово;
- 2006, *Црквата Св. Спас во Довезенце*, Македонско наследство бр. 28, Скопје;
- 2008, *Црквата Св. Јован во Кратово*, Музејски гласник, бр. 4, Општинска установа Музеј на град Кратово, Кратово;
- 2009, *Црквата Св. Никола во Бељаковце*, Музејски гласник, бр. 10, Н. У. Музеј - Куманово, Куманово;
- 2009, *Св. Никола во Стрезовце*, Македонско наследство, бр. 34 - 35, Скопје;
- 2010, *Манастир Карпино*, Македонско наследство, бр. 36 - 37, Скопје;
- 2011, *Црквата Св. Димитрија во Страцин*, Музејски гласник, бр. 7, ОУ. Музеј на град Кратово,
- 2011, *Архитектонска декоративна пластика на сакралните градби во Кумановско (IV – XIX век) - По повод наградата "18 мај Меѓународен ден на музеите" за најдобар музејски проект за 2009 година*, КОРЕНИ, бр. 37 – 38, Куманово;
- 2012, *Св. Ѓорѓи во Жегљане*, Македонско наследство, бр. 38 - 39, Скопје (во печат);
- 2012, Соборен храм "Св. Никола" во Куманово, Куманово (каталог);
- 2012, *Црквата Св. Петка во Пезово*, Музејски гласник, бр. 11, Н.У. Музеј - Куманово, Куманово;
- 2012, *Двојна црква во Сув Орах, Кумановско*, Зборник на трудови, бр. 16, Завод и музеј - Битола, Битола, и
- 2012, Црковни споменици во Кумановско, Штип, прво поголемо научно монографско издание.

**Издавач:**

Национална установа МУЗЕЈ - Куманово
Ул. “Доне Божинов” бр. 24 - Куманово

E-mail: muzejkumanovo@yahoo.com
Телефон: +389 (0)31 / 422 - 495
Тел. факс + 389 (0)31 / 416 - 716

**Компјутерска подготовка и коректура:**
Славица Крстиќ

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

726.5(497.721)*02/19*

КРСТИЌ, Славица
Црковни споменици во Кумановско / Славица Крстиќ ; [ превод на англиски јазик: Наташа Максимовска, Марина Крстиќ (легенди); фотографии: Славица Крстиќ, Слободан Зафировски, Мирослав Петковски]. - Куманово : Н.У. Музеј, 2012. - стр : 320 ; илустр.. ; 30 см.

Фусноти кон текстот. - Summary: Ecclesiastical monuments in Kumanovo area. - Библиографија: стр. 305 - 310, Толковен речник: стр. 311 - 317.

ISBN 978 – 9989 - 2737 - 2 - 8

а) Сакрални објекти – Кумановско - 2 - 20 в.
COBISS. MK - ID 80362250

Монографијата е финансирана од страна на Министерството за култура на Р. Македонија - Скопје